РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1359

Скопје, 1 септември 2026 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1359 ОД 1 СЕПТЕМВРИ 2026 ГОДИНА

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Анализа на развојот на иновативните финансиски екосистеми: тенденција и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија** од **м-р Методија Мирчев**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....6-12

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хематологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Светлана Крстевска Балканов**).....13-39
2. Реферат за избор на три наставници во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област педијатрија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Силвана Наунова Тимовска, доц. д-р Данило Нонкуловски, доц. д-р Александра Јовановска**).....40-97
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пулмологија со фтизиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Анѓела Дебрешлиоска**).....98-116
4. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и нефрологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Никола Ѓорѓиевски, в. н. сор. д-р Владимир Пушевски**).....117-184
5. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**насл. доц. д-р Саветка Паљошковска Јорданова, насл. доц. д-р Саша Ќаева Анастасова, ас. д-р Ивица Бојовски, насл. доц. д-р Жан Зимбаков**).....185-278
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп** од **д-р Сања Латкоска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....279-293
7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконструктивна интервенција на гради** од **д-р Алберт Леши**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....295-304
8. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Елена Станчева Давидовска**).....305
9. **Приговор** од науч. сов. д-р Катерина Касапинова на Извештајот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија, на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1358, од 15 август 2026 година.....306-308
10. **Одговор** од Рецензентската комисија на Приговорот поднесен од н. сов. д-р Катерина Касапинова, во врска со Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-

научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здрвствена нега и трауматологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1358 од 15.8.2026 година.....309

11. **Приговор** од д-р Славче Тодоровски, застапуван преку полномошник адвокат Блаже Крчински од Скопје, на објавениот Реферат за избор на 7 асистенти во наставно-научната област Интерна медицина, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1358 од 15.8.2026 година.....310-313
12. **Одговор** од Рецензентската комисија на Приговорот поднесен од д-р Славче Тодоровски, на објавениот Реферат за избор на 7 асистенти во наставно-научната област Интерна медицина, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1358 од 15.8.2026 година.....314-315

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Договор за осигурување во позитивноправните прописи и практиката** од **м-р Дритан Даути,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....316-323

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторска дисертација **Синтеза, карактеризација и електрокаталитички својства на перовскити со општа формула $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu)** од **м-р Бесарта Челику Рамадани**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....324-331

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на моделот и својствата на материјалите врз драпирањето облека** од **м-р Ружица Стевковска Стојановска**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.....332-341
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Електролитичка синтеза на јаглеродни наноструктури во растопени соли: оптимизација и примена** од **м-р Момоза (Иса) Ковачи Аземи**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.....342-346
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Милица Аризанова**).....347
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ѓорѓија Тасевски, Анче Георгиева, Марко Иванов, Јордан Алуловски, Катерина Атанасова Здравевска**).....348

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Техники базирани на длабоко учење за мониторирање на квалитетот на електричната енергија и управување со енергијата во енергетските заедници** од **м-р Александра Златкова**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....349-366
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Модел за проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила со blockchain-базиран доказ за полнење** од **м-р Нецибе Сејфули-Рамадани**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....367-378

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**м-р Ана Тодоровска**).....379-383

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Христијан Јовановски, Христијан Смоковски, Ванчо Здравевски**).....384
2. Известување и Одлука, во врска со рецензијата за оцена на докторската дисертација на **м-р Мартин Андоновски**.....385-386

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Биослични лекови во Косово: клиничка примена, здравствено-економско влијание и препораки за регулаторни политики** од **Веса Халими**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје.....387-395

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Рецензија на ракописот **Словенечко-македонски речник** од **проф. д-р Лидија Аризанковска** и **м-р Моника Трпковска**.....396-399
2. Рецензија на ракописот **Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа** од авторките **Анета Дучевска** и **Мира Беќар**.....400-404
3. Рецензија на ракописот **Речник на методички термини од наставата по македонски јазик** од **проф. д-р Гордана Алексова**.....405-417
4. Рецензија на ракописот **Фразеолошката слика на смртта: лингвокултуролошка и концептуална анализа** од авторите **проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева** и **проф. д-р Ѓоко Николовски**.....418-421
5. Рецензија на ракописот **Терминолошки речник од областа на фразеологијата** од авторките **проф. д-р Катерина Велјановска** и **проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева**.....422-430

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на едно лице во сите наставно-научни звања во научното подрачје општествени науки, научно поле: економија и бизнис, научна област: менаџмент и бизнис, на Економски институт во Скопје (**д-р Теа Јосимовска**).....431-449
2. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област друго (институционална и регулаторна економија), на Економскиот институт во Скопје (**м-р Христина Балканов**).....450-456

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Етничкиот наспроти националниот идентитет кај Албанците во Република Северна Македонија** од **м-р Џелал Незири**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.....457-462

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ИНОВАТИВНИТЕ ФИНАНСИСКИ ЕКОСИСТЕМИ: ТЕНДЕНЦИЈА И ПЕРСПЕКТИВИ НА КОНВЕРГЕНЦИЈА НА БИЗНИС-МОДЕЛИТЕ НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКАТА, ОСИГУРИТЕЛНАТА И БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МЕТОДИЈА МИРЧЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.6.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Методија Мирчев со наслов: „Анализа на развојот на иновативните финансиски екосистеми: тенденција и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија“, во состав: проф. д-р Виолета Цветкоска (претседател), проф. д-р Игор Ивановски (ментор), проф. д-р Леонид Наков (член), проф. д-р Драган Тевдовски (член) и проф. д-р Предраг Трпески (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Методија Мирчев, со наслов: „Анализа на развојот на иновативните финансиски екосистеми: тенденција и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија “, содржи вкупно 174 страници, од кои 7 страници се библиографија (171 релевантна изворно користена библиографска домашна и странска единица).

Трудот е структуриран во **6 поглавја**, со вклучени вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува адекватно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Содржината на трудот е:

Вовед

1. Анализа на тековната состојба на телекомуникацискатa индустрија и трансформативните интерни и екстерни фактори критични за идните промени, раст и развој
2. Анализа на современатa осигурителна индустрија и влијанието на факторите на трансформација и промени
3. Анализа на еволуција на промените и дефинирањето на современатa банкарска индустрија
4. Квалитативно и квантитативно истражување на тенденциите и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија-модел на отворена иновација

Заклучни согледувања

Во **воведот** на трудот, кандидатот ги дефинира и ги поставува генералните и партикуларни постулати и предметот на истражувањето. Конкретно, кандидатот врши базична идентификација, анализа и презентација на значењето, важноста и влијанието на конвергентните бизнис-модели на

телекомуникациската, осигурителната и банкарската индустрија, односно го поставува докторскиот труд како основа за анализа на процесот за генерирање на иновативни производи и услуги кои треба да овозможат додадена вредност за корисниците и да придонесат за зголемување на вредноста на овие конвергентни партнерства. Во воведот, кандидатот врши и детална елаборација на структурата, методологијата и начинот на презентација на докторското истражување, и воедно ги дефинира и ги поставува научноистражувачките цели, хипотези и концентрирано го претставува оригинерниот фокус за генерирање на авторски и автохтоно заклучоци и партикуларен иновативен и конвергентен бизнис-модел.

Во поглавјето **Анализа на тековната состојба на телекомуникациската индустрија и трансформативните интерни и екстерни фактори критични за идните промени, раст и развој,** кандидатот врши обемна и детална анализа и пресек на сите фундаментални и напредни аспекти на еволуцијата, трансформацијата и идните тенденции на телекомуникациската индустрија. Особено е значајно што се нуди длабинска анализа на критичните фактори кои влијаат на нарушување на традиционалните бизнис-модели, како предуслов за промени во индустријата, воедно фокусирајќи се на моделот на отворена иновација генерички, но и апликативно во контекст на тековните трендови во телекомуникациската индустрија. Во таа смисла, партикуларно се адресираат и промените во однесувањето на корисниците, но и интеракциите со останатите финансиски индустрии. Кандидатот ги анализира и можните сценарија за идните промени и развој на телекомуникациската индустрија, дополнително дефинирајќи ги влијанијата на конкурентското окружување и регулаторните режими, во контекст на забрзаната технолошка и бизнис-трансформација.

Целта на поглавјето **Анализа на современата осигурителна индустрија и влијанието на факторите на трансформација и промени** е консеквентно и детално да спроведе анализа на промените во осигурителната индустрија, сецирана во сегментите на неживотното и животното осигурување и реосигурување. Анализата, покрај опфатот на засебните и уникатните елементи на осигурутелната индустрија, се однесува и на технолошко-информационата трансформација која е во релација со останатите индустрии, пред сè со ИТ и телекомуникациската, со што започнува да ги поставува сопствените наоди и истражувачки позиции, базирани на најдобрите практики и авторски видувања за позитивните аспекти на конвергенција помеѓу индустриите, остварени преку иновативните бизнис-модели. Во тој контекст, кандидатот го елаборира дистинктивното влијание на InsurTech моделите и иновациите во процесот на креирање на нови производи и услуги како резултат на промените на барањата, очекувањата и однесувањето на корисниците, поврзувајќи го истото и со моделот на отворена иновација.

Во поглавјето **Анализа на еволуција на промените и дефинирањето на современата банкарска индустрија** продолжува поставената методолошка анализа, конкретно за холистичките промени во банкарската индустрија и начините на конвергенција со останатите две дефинирани индустрии. Посебен фокус, кандидатот става на еволуцијата и развојот на дигиталната трансформација, појавата на FinTech моделите, како и на партикуларните фактори на промени во релација со корисниците, на корпоративно како и индивидуално ниво. Конкретно, покрај партикуларната анализа на банкарската индустрија, тој се концентрира на конкретната синергија и нејзина конвергентност со телекомуникациската индустрија.

Најважното поглавје во трудот, дефинирано како **Квалитативно и квантитативно истражување на тенденциите и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникациската, осигурителната**

и банкарската индустрија – модел на отворена иновација, претставува фундаментот на истражувањето, негово методолошко заокружување и нуди високо значајни, автохтони и апликативни наоди и заклучоци. Претставената методологија во трудот се базира на квантитативно и квалитативно истражување. Првото се базира на анализа на примарни податоци, односно 3992 записи и 27 променливи, за корисници и нивни параметри во рамки на функционалниот конвергентен бизнис-модел на телекомуникациски оператор и осигурителна компанија за неживот во националната економија, за периодот од ноември 2022 до октомври 2025 година. Со користење на моделите на дескриптивната статистика, EDA-анализата, логистичката регресија, Random Forest анализата, линеарната регресија и Kmeans кластер анализата, кандидатот ги анализира сите аспекти во однесувањето на корисниците, како основа за наоди клучни за менаџерските одлуки и функционирањето на бизнис-моделот. Квалитативното истражување ги потенцира ставовите, очекувањата и проекциите на топ менаџментот во трите индустрии во националната економија, преку структурирани прашања во интервју – прашалник, спроведено во последниот квартал на 2024 година, на примерок од 60 испитаници.

Кандидатот, во ова поглавје, детално ја презентира анализата, и следствено на тоа, врши високо квалитетна евалуација и нуди бројни и прецизни препораки и наоди.

Заклучокот, како последно поглавје, ги сумира наодите од докторскиот труд, предложува насоки за можни идни истражувања, како и дава високо профилирани препораки за носителите на одлуки во трите индустрии.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е идентификација, дефинирање и холистичка и партикуларна анализа на новите конвергентни бизнис-модели помеѓу телекомуникациската индустрија и оператори и ентитети од финансискиот сектор поточно банките и осигурителните компании во релација со моделот на отворена иновација.

Предметот на истражувањето е цврсто поврзан со важноста на идентификувањето и евалуацијата на придобивките од воспоставување на нови бизнис-модели и во корелација со тековното и идно нарушување на синџирите на вредноста, но и од силните бихевиористички промени на корисниците.

Покрај анализата на потребата за стратегиска конвергенција и создавање на иновативни екосистеми помеѓу трите индустрии, кандидатот го поставува како предмет и цел и анализата на апликацијата на моделот на отворена иновација во трите индустрии, генерирање и понуда на авторски заклучоци за очекуваните позитивни влијанија на конвергентните и иновативни бизнис-модели за одделниот и интегриран раст и развој на индустриите.

Предметот на истражувањето е базиран на оригинерното и прво квантитативно и квалитативно истражување од таков тип за националната економија, базирано на емпириски примарни податоци од процесот на воведување на конкретен иновативен и конвергентен бизнис-модел, производ и услуга помеѓу националната телекомуникациска и осигурителна индустрија. Врз основа на тоа, кандидатот ја остварува својата научноистражувачка мисија и нуди емпириски базирани и теоретско фундирани заклучоци за идниот развој на екосистем и иновативни конверегентни бизнис-модели како критично важни за развој на индустриите, како и за потребите на корисниците.

Во корелација со предметот на докторската дисертација, кандидатот ја поставува општата хипотеза на истражувањето која претпоставува дека

креирањето и имплементацијата на конвергентни бизнис-модели, во рамки на бизнис-екосистеми, доведуваат до позитивни конкурентски предности за одделните индустрии, односно дека воведувањето на моделот на отворена иновација во бизнис-моделите на трите индустрии овозможува иновативно однесување, раст и развој на индустриите и понуда на иновативни производи за корисниците.

Кандидатот деривира и посебни хипотези, односно проверува дали телекомуникацискатa индустрија трпи сериозен конкурентен притисок и екстерно влијание од нарушувачите заради кои е потребно да се интегрира во и со другите индустрии како предуслов за инвестициска атрактивност и конкурентност, следено со анализата како осигурителната индустрија се менува како резултат на информационите технологии и бихевиористичките промени на корисниците, како што тестира дали банкарската индустрија како централен дел на финансискиот систем нужно мора се приспособи на потребата од иновативни услуги од останатите наведени индустрии и конечно, истражува дали постои и колкаво е очекуваното позитивно влијание и побарувачка за интегрирани производи на националниот осигурителен и телекомуникациски пазар.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е поставено како комбинирана квалитативно-квантитативна анализа на тенденциите и перспективите за конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија. Во дефинирањето на методолошкиот пристап, кандидатот се води од заклучокот дека во постојната литература не постои истражување кое ги обединува трите услужни сектори и носечкиот столб на аналитиката, предиктивната аналитика. Конкретно, врз основа на примарните и параметарски поставени податоци за однесувањето на корисниците во постојниот конвергентен бизнис-модел помеѓу телекомуникациски оператор и осигурителна компанија за неживот на националниот пазар, кандидатот ги имплементира и адекватно ги комбинира дескриптивната статистика, EDA-анализата, логистичката регресија, Random Forest анализата, линеарната регресија и Kmeans кластер анализата. Проширениот сет на податоци на ниво на клиенти од телекомуникациски оператор содржат информации за активирање на услуги, тарифна структура, статус на корисник, број на линии, период на користење, канал на аквизиција, град/регион и индикатори (flags) за осигурителни и услуги со додадена вредност. Во анализата, кандидатот применува временски пристап кој овозможува прецизна идентификација на однесувањето на корисниците во текот на нивниот животен циклус. Наместо сите корисници да се анализираат во ист временски момент, тој го анализира секој корисник во период од 365 дена од датумот на активирање на услугата. На тој начин, кандидатот создава единствен временски хоризонт за сите набљудувани единици, што овозможува споредливост на резултатите и поголема аналитичка прецизност. Од методолошки аспект, ова придонесува за поголема валидност и доверливост на резултатите, бидејќи зависната променлива е дефинирана врз основа на еднакви услови за сите набљудувани случаи. На тој начин, добиените модели пообјективно ги идентификуваат

факторите кои влијаат врз задржувањето и деактивацијата на корисниците, овозможувајќи поквалитетна интерпретација на резултатите и посигурна основа за носење бизнис-одлуки за промени во постојниот и генерирање на нови конвергентни бизнис-модели.

Во контекст на квантитативното истражување, кандидатот спроведува и дополнително квалитативно истражување, преку моделот на интервју – прашалник. Конкретно, кандидатот ги евалуира ставовите и очекувањата на топ менаџментот во телекомуникациската, осигурителната и банкарската индустрија, на примерок од 60 испитаници за можностите, перспективите и лимитирачките фактори за креирање на конвергентен бизнис-модел и генерирање и понуда на иновативни производи со централна позиција на телекомуникацискиот оператор.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Квантитативните резултати дефинираат дека конвергенцијата има најсилен ефект кога создава корисничка вграденост и ја намалува флуктуацијата, односно одливот на корисниците (churn) во конкретниот бизнис-модел и индустрии. Иако резултатите генерираат засебни наоди и препораки за одделните три индустрии, идентификувани се и генерички заклучоци кои имаат важност за нив, а во контекст и на очекувањата на менаџерите во сите три индустрии. Истражувањето потврдува дека во националната економија, телекомуникацискиите оператори имаат најсилна почетна позиција за иницирање на конвергентни модели, базирана на голема клиентска база, дигитални канали, системи за наплата и развиена комуникациска инфраструктура. Ваквите модели нудат можности за осигурителните компании преку проширување на достапноста на производите и за развој на интегрирани осигурителни производи и услуги, додека, пак, банките можат да создадат додадена вредност преку предностите на телекомуникациската инфраструктура за мобилни плаќања, дигитални финансиски услуги и интегрирани модели за лојалност и ретенција на корисниците. Истражувањето ја дефинира и важноста на довербата, во корелација со технологијата, односно разбирањето на корисниците за вредноста на конвергентната понуда, проследена со јасни и прецизни правила за управување, и заштита на податоците и правата на корисниците. Резултатите од квантитативното истражување ги потенцира и емпириските наоди значајни и за процесите на креирање на нови производи и услуги, ценовната политика, животниот циклус на бизнис-моделите, организациското управување во моделот на отворена иновација, корисничката поддршка и влијанието на регулаторните и супервизорски режими.

Дополнето со анализата на топ менаџерските наоди и очекувања, истражувањето го потенцира потенцијалот на националната економија за конвергентни модели. Во таа смисла, кандидатот ја дефинира како адекватна постепената конвергенција, првично како модел на платежни и функционалности за лојалност, следена со финансиски услуги поврзани со уреди и претплати, за да се креираат одржливи и подлабоки модели на дигитални финансиски екосистеми во повисоката фаза.

Високо значење во анализата на резултатите има дистинкцијата помеѓу предиктивна точност и менаџерска употребливост. Кандидатот потенцира дека моделот не треба да се гледа само како статистичка алатка што произведува AUC-вредност, туку како систем за приоритизација на менаџерски интервенции. Од научна перспектива, резултатите покажуваат дека конвергенцијата може да се постави, да се следи и да се имплементира преку мерливи индикатори.

Оцена на трудот

Докторскиот труд на кандидатот м-р Методија Мирчев, со наслов: „Анализа на развојот на иновативните финансиски екосистеми: тенденција и перспективи на конвергенција на бизнис моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија“, претставува високо значаен академски, научен и емпириски придонес во разбирањето, генерирањето, евалуацијата и влијанието на конвергентните бизнис-модели, базирани на моделот на отворена иновација. Истражувањето, кое е прво од ваков карактер, базирано на примарни податоци од првиот подлабок конвергентен бизнис-модел во националната економија, дефинира и нуди важни и применливи наоди и препораки за понатамошно креирање на нови иновативни модели, како и посериозни и одржливи екосистеми во домашната економија, примарно во анализираните три индустрии.

Согласно со законските прописи, дисертацијата беше поднесена во Системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови при Министерството за образование и наука (plagijati.mon.gov.mk), на 21.8.2026. Согласно со извештајот од системот, добиен на 25.8.2026, дисертацијата е оригинално дело, односно нема индиции на плагијаризам, бидејќи извештајот покажа 1,8 % совпаѓање со други документи.

Работната верзија на докторскиот труд на кандидатот м-р Методија Мирчев, со наслов: „Анализа на развојот на иновативните финансиски екосистеми: тенденција и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникацискатa, осигурителната и банкарската индустрија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги има објавено следните рецензирани научни трудови:

1. Metodija Mirchev, Violeta Cvetkoska, Igor Ivanovski - Analyses of the convergent Telco-insurance business model: managerial perspectives in North Macedonia (https://www.symopis2025.fon.bg.ac.rs/index.php?page=publications)
2. Metodija Mircev, Violeta Cvetkoska, Igor Ivanovski - Smart Synergies: Open Innovation and Predictive Models in the Telecom-Insurance Ecosystem (https://ceciis.foi.hr/sites/default/files/ProceedingsCECIIS2025.pdf)

Заклучок и предлог

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Методија Мирчев изработил труд со значајна научна и апликативна вредност, кој ги задоволува високите нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторски труд. Оттаму, Комисијата има особена чест да му предложи на

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработен докторски труд на кандидатот м-р Методија Мирчев, под наслов: „Анализа на развојот на иновативните финансиски екосистеми: тенденција и перспективи на конвергенција на бизнис-моделите на телекомуникациската, осигурителната и банкарската индустрија“;
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 27.8.2026

Комисија

Проф. д-р Виолета Цветкоска (претседател), с.р.
Проф. д-р Игор Ивановски (ментор), с.р.
Проф. д-р Леонид Наков (член), с.р.
Проф. д-р Драган Тевдовски (член), с.р.
Проф. д-р Предраг Трпески (член), с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, ГЕРИЈАТРИЈА, КЛИНИЧКО-БОЛНИЧКА И ОПШТА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И ХЕМАТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 17.7.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хематологија, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-4630/12, донесена на 6.8.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, проф. д-р Злате Стојаноски, проф. д-р Александра Пивкова Велјановска, проф. д-р Андон Чибишев и проф. д-р Билјана Герасимовска Китановска.

Како членови на Рецензентската комисија, по извршениот преглед на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: вонр. проф. д-р Светлана Крстевска Балканов**.**

Д-р Светлана Крстевска Балканов, виш научен соработник

1. **Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Светлана Крстевска Балканов е родена на 4.8.1973 година, во Струмица. Средното образование го завршила во Струмица како одличен ученик. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала во 1998 година, со просечен успех 8,20.

Од 3.5.2000 година е вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија. Специјализацијата по интерна медицина ја започнала во 2001 година, а ја завршила на 1.3.2005 година. Супспецијализацијата по хематологија ја завршила на 7.6.2018 година.

2. **Научноистражувачка дејност**

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои ги завршила со просечен успех 9,98. Во април 2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Реакција на трансплантатот против клетките на примателот (ГВХД) – евалуација на прогностички фактори во превенција и тераписка стратегија при алогени трансплантации на хематопоетски матични клетки кај малигни хематолошки заболувања“, под менторство на проф. д-р Никола Силјановски од Универзитетската клиника за хематологија.

Докторската дисертација ја пријавила во учебната 2012/2013 година на Медицинскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Александар Стојановиќ. Дисертацијата на тема: „Алгоритам на дијагноза, третман и прогноза на мултипен миелом во новата ера на терапевтици“ ја одбранила во март 2016 година пред Комисија во состав: проф. д-р Александар Стојановиќ, проф. д-р Лидија Чевреска, проф. д-р Борче Георгиевски, проф. д-р Александар Димовски и проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област интерна медицина и хематологија.

Во учебната 2009/2010 година била избрана во звањето асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, на Катедрата за интерна медицина и хематологија. На 15.12.2016 година била избрана во звањето насловен доцент, на 15.12.2021 година во звањето насловен вонреден професор, на 1.3.2023 година во звањето виш научен соработник, а на 1.9.2024 година во звањето вонреден професор.

3. Научни, стручни, педагошки и други оставрувања на кандидатката

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет – Скопје, Катедра за интерна медицина, кандидатката изведува практична настава (вежби) за студентите по медицина, стоматологија, фармација и на Високата школа за средномедицински кадар, по предметите Интерна медицина и Клиничко испитување. Исто така, изведува практична настава (вежби) на прв циклус студии за студенти од студиската програма за медицински лабораториски аналитичари, како и теоретска настава на втор циклус студии во рамките на студиските програми на Медицинскиот факултет во Скопје.

Од 2016 година одржува предавања од областа на хематологијата во рамките на специјализацијата по интерна медицина. Воедно, едукатор е на специјализанти по интерна медицина и ментор на кандидати на специјализација од областа на хематологијата.

Од 2024 година, како вонреден професор, активно е вклучена во наставата на прв и трет циклус студии на Медицинскиот факултет при УКИМ, на Катедрата за интерна медицина – хематологија.

Вонр. проф. д-р Светлана Крстевска Балканов е акредитиран ментор на специјализација по интерна медицина и едукатор на специјализанти по интерна медицина, а од 2024 година е акредитиран ментор на докторски студии по предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Учествува во изготвувањето на бројни рецензии за избор во наставно-научни звања. Член е на комисии за одбрана на дипломски трудови на тригодишните стручни студии за техничари и медицински сестри, како и на комисии за полагање специјалистички испити по хематологија и интерна медицина.

Во периодот од последниот избор, д-р Светлана Крстевска Балканов има објавено бројни научни трудови и апстракти презентирани на домашни и меѓународни конференции и конгреси, како и оригинални резултати објавени во научни списанија. Била поканет предавач на повеќе секциски и пленарни предавања во рамките на лекарски здруженија, стручни состаноци, конференции и стручни работилници, како и на студентски конгреси. Учествувала во бројни меѓународни академии и студии за клиничко испитување.

Автор е на монографиите „Акутни леукемии – водич за клиничари“ и „Мултипен миелом“, коавтор е на поглавје во рецензираниот учебник „Интерна медицина“, како и на учебникот „Интерна медицина, инфектологија и дерматовенерологија“ за тригодишните стручни студии. Главен рецензент е на учебникот „Трансфузиологија“ на Медицинскиот факултет при УКИМ.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Крстевска Балканов е активно вклучена во стручно-апликативната дејност на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија. Од 2009 година е раководител на Кабинетот за ултрасонографска дијностика на абдомен при Клиниката за хематологија. Од 2017 година е раководител на Амбулантно-поликлиничкото одделение со специјалистичко-консултативна дејност на Клиниката.

Стручно усовршување во странство остварила преку повеќе студиски престои во Германија, САД, Турција, Хрватска и Србија. Добитник е на истражувачки грант за учество на годишниот состанок на Американското здружение за хематоонкологија во Хјустон, САД, со поддршка од MD Anderson Cancer Center (10 – 15.9.2019 година). Остварила и едномесечен стручен престој во болницата „Флоренс Најтингејл“. Посетувала курсеви за трансплантација на хематопоетски матични клетки во Улм, Германија, во јуни 2008 година, и во Барселона, во септември 2022 година.

Д-р Светлана Крстевска Балканов е член на повеќе национални стручни здруженија и меѓународни здруженија на хематолози. Била член на организациските одбори на сите четири конгреси на Здружението за хематологија на РСМ со меѓународно учество, одржани во Скопје, во 2012, 2017, 2023 и во 2025 година, како и член на организациски одбори на повеќе меѓународни работилници.

Активно е вклучена во работата на повеќе стручни комисии и работни групи на Клиниката. Од 2024 година е член на Посебната комисија за доделување на звањето примариус при Министерството за здравство, како и член на Националниот комитет за хемофилија и други вродени нарушувања на системот за коагулација при Министерството за здравство.

Во 2019 година е добитник на Плакета од Македонското лекарско друштво (МЛД). Во 2020 година добила Благодарница од Лекарската комора на РСМ за особен придонес и ангажираност во справувањето со пандемијата предизвикана од коронавирусот (COVID-19). Во 2021 година, како коавтор на учебното помагало „Интерна медицина“, добитник е на наградата „Гоце Делчев“.

Во 2017 година, д-р Светлана Крстевска Балканов добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета меѓу студентите на Медицинскиот факултет.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Светлана Крстевска Балканов, во 2017 година, добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета меѓу студентите на Медицинскиот факултет.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Светлана Ристо Крстевска Балканов
Институција: Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија – Скопје
Научна област: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,21.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,98.**	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **интерна медицина**, поле: **хематологија**, подрачје: **хематологија**.	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **3.1.1 Прв труд** 1. Назив на научното списание: Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2. Назив на електронската база на списанија: Sciendo, Google scholars 3. Наслов на трудот: Allogeneic stem cell transplantation in the treatment for transfusion-dependent thalassemia: center experience 4. Година на објава: Open Access Maced J Med Sci. **2024** Dec 15; 12(4):532-535 https://doi.org/10.3889/oamjms.2024.11994	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **3.2.1 Втор труд** 1. Назив на научното списание: Academic Medical Journal 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): North Macedonia, Slovenia, Greece, Germany, Austria, Norway, UK, Italy, USA, Turkey 3. Наслов на трудот: A retrospective analysis of patients diagnosed with acute lymphoblastic leukemia over four consecutive years at the University Clinic for Hematology, Skopje, North Macedonia 4. Година на објава: Acad Med J **2026**;6(1):79-87 https://doi.org/10.53582/emcnrj45 **3.2.2 Трет труд** 1. Назив на научното списание: Academic Medical Journal 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): North Macedonia, Slovenia, Greece, Germany, Austria, Norway, UK, Italy, USA, Turkey 3. Наслов на трудот: Challenging post-transplant course and multiorgan complications in FLT3-positive acute myeloid leukemia 4. Година на објава: Acad Med J **2026**;6(2):131-138 https://doi.org/10.53582/1kedyf46 **3.2.3 Четврт труд** 1. Назив на научното списание: Academic Medical Journal 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): North Macedonia, Slovenia, Greece, Germany, Austria, Norway, UK, Italy, USA, Turkey Наслов на трудот: Chronic non-infective osteomyelitis of ythe left clavicle in a 12-year-old boy: a case study Година на објава: Acad Med J **2026**;6(1):147-154 https://doi.org/10.53582/4c20gv46 **3.2.4 Петти труд** 1. Назив на научното списание: Academic Medical Journal 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): North Macedonia, Slovenia, Greece, Germany, Austria, Norway, UK, Italy, USA, Turkey	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3. Наслов на трудот: Distinct subgroup of patients with unmutated IGHV1-69 chronic lymphocytic leukemia affected with COVID-19 infection - single center experience 4. Година на објава: Acad Med J **2025**;5(1):18-27 https://doi.org/10.53582/AMJ255118t **3.2.5 Шести труд** 1. Назив на научното списание: Journal of Morphological Sciences 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): North Macedonia, Bosnia and Herzcgovina, Bulgaria, Croatia, Serbia, Montenegro, Ukraine,USA 3. Наслов на трудот: Transplantation for mantle cell lumphoma: is it right treatment option for patients? Case report 4. Година на објава: JMS **2025**; Vol8 (2):237-240 5. *DOI: https://doi.org/10.55302/JMS2582237kb*	да
4	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник** Наслов на книга: учебник **Интерна медицина, инфектологија и дерматовенерологија за тригодишни стручни студии** Издавач: УКИМ, Медицински факултет – Скопје, Катедра за интерна медицина, Република Северна Македонија **ISBN** - 978-608-4840-83-1**COBISS.MK-ID** – 59339525 Година на објава: 2023 **Стручни монографии:** - Автор на монографија: Акутни леукемии – водич за клиничари ISBN 9710-7010-77723-0-0 Година на објава: 2021 - Автор на монографија: Мултипен миелом ISBN 978-608-66723-1—7 Година на објава: 2023	да
5	Претходен избор во наставно-научно звање **Насловен вонреден професор,** датум и број на Билтен: **15.12.2021, број 1251** **Виш научен соработник,** датум и број на Билтен: **1.3.2023, број 1279** **Вонреден професор,** датум и број на Билтен: **1.9.2024, број 1313**	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ирина Пановска-Ставридис, с.р.
Проф. д-р Злате Стојаноски, с.р.
Проф. д-р Александра Пивкова-Велјановска, с.р.
Проф. д-р Андон Чибишев, с.р.
Проф. д-р Билјана Герасимовска Китановска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Светлана Ристо Крстевска Балканов
Институција: Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија – Скопје
Научна област: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1	**Одржување настава**	**2,8**
1.1	**Одржување на настава прв циклус студии, 2024 – 2026 (4 семестри):** Интерна медицина, Клиничко испитување, дентална медицина, Тригодишни стручни студии медицински сестри, акушерки, инженери по медицинско лабораториска дијагностика	2,4
1.2	Предавање за специјализанти по интерна медицина (од 2021 до 2024 год.), 8 семестри x 0,05	0,4
2	**Одржување вежби**	**21,66**
2.1	**Одржување вежби од прв циклус студии (Општа медицина – интерна медицина)**	
	2021 год. (1 вежба x 3 часа= 3 часа x 0,03 x 2 семестри)	0,18
	2022 год. (5 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестар)	0,9
	2023 год. (5 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестар)	0,9
	2024 год.(5 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестар)	0,9
2.2	**Одржување вежби од прв циклус студии (Општа медицина – интерна пропедевтика)**	
	2021 год. (1 вежба x 3 часа= 3 часа x 0,03 x 2 семестри)	0,18
	2022 год. (3 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестар)	0,54
	2023 год. (3 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестар)	0,54
	2024 год. (3 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестар)	0,54
2.3	**Одржување вежби од прв циклус студии (Општа медицина – семејна медицина)**	
	2021 – 2022 год. (1 вежба x 3 часа= 3 часа x 0,03 x 4 семестри)	0,36
	2023 год. (1 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестри)	0,18
	2024 год. (1 вежби x 3 часа x 0,03 x 2 семестри)	0,18
2.4	**Одржување вежби од прв циклус студии (Општа медицина – интерна медицина клиничка пракса – ментор** *2021 – 2024 год. (4 години =8 семестри x 5 дена x7 часа x 0,03)*	8,4
2.5	**Одржување вежби од прв циклус студии (Стоматологија – интерна медицина)**	
	2021 – 2024 год. (2 вежби x 2 часа = 12 часа x 0,03 x 8 семестри)	2,88
2.6	**Одржување вежби од прв циклус студии (Медицински сестри)**	

Ред. број	Назив на активноста	Поени
	2021 – 2024 год. (1 вежба х 3 часа х 0,03х 8 семестри)	0,72
2.7	**Одржување вежби од прв циклус студии (Геријатрија)** *2021 – 2024 год. (1 вежба х 5 часа х 0,03 х 8 семестри)*	1,2
2.8	**Одржување вежби од прв циклус студии (Палијативна нега)** *2021 – 2024 год. (1 вежба х 3 часа х 0,03 х 8 семестри)*	0,72
2.9	**Одржување вежби од прв циклус студии (Физиотерапевти)** *2021 – 2024 год. (1 вежба х 3 часа х 0,03 х 8 семестри)*	0,72
2.10	**Одржување вежби од прв циклус студии (Ургентна медицина)** *2021 – 2024 год. (1 вежба х 3 часа х 0,03 х 8 семестри)*	0,72
2.11	**Одржување вежби од прв циклус студии на тригодишни стручни студии по медицинско лабораториска дијагностика 2021 – 2024** Редовни студенти: *2021 год. (1 вежба х 3 часа х 2 семестри х 0,03)* *2022 год. (1 вежба х 3 часа х 1 семестар х 0,03)* *2023 год. (1 вежба х 3 часа х 1 семестар х 0,03)* *2024 год. (1 вежба х 3 часа х 1 семестар х 0,03)* Вонредни студенти: *2021 год. (1 вежба х 3 часа х 2 семсестри х 0,03)* *2022 год. (1 вежба х 3 часа х 1 семестар х 0,03)* *2023 год .(1 вежба х 3 часа х 1 семестар х 0,03)* *2024 год .(1 вежба х 3 часа х 1 семестар х 0,03)*	 0,18 0,09 0,09 0,09 0,18 0,09 0,09 0,09
3	**Едукатор на специјализација** (39 специјализанти во период од 2021 – 2026 год. Вкупно 123 месеци) 20,5 семестри х 15 недели х 7 часа х 0,08	**172,2**
4	Едукатор при подготовка и спроведување на обуки поврзани со стекнување и проверка на стекнатите практични вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, при Медицински симулациски центар – Скопје	**1**
5	Ментор на специјализација (4 специјализанти во период 2022 – 2026 год. Вкупно 82 месеци) 82 х 4 х 0,08=26,24	**26,24**
6	**Консултации со студенти (од 2021 до 2026 год.), 12 семестри х 0,002 х 100 (студенти)**	**2,4**
7	**Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика (од 2021 до 2026 год.), по 6 студенти во семестар 6 х 0,2 х 12 семестри**	**14,4**
8	**Научно популарна книга** Водичи за дијагноза и лекување на Б и Т-лимфопролиферативни заболувања. Издавач: Здружение за хематологија на РСМ, ISBN 987-9989-37-038-0, COBISS.MK-ID59040517, коавтор	**6**

Ред. број	Назив на активноста	Поени
9	**Стручна монографија** 1. Автор на монографија „Акутни леукемии – водич за клиничари“ ISBN 9710-7010-77723-0-0	6
10	**Стручна монографија** 1. Автор на монографија „Мултипен миелом“ ISBN 978-608-66723-1—7	6
11	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник** 1. Учебно помагало за медицински сестри Интерна медицина, поглавје: Инфектологија и дерматовенерологија за тригодишни стручни студии – Моноклонални плазма клеточни заболувања. Катедра за интерна медицина, УКИМ, Медицински факултет – Скопје (коавтор)	6
	Вкупно	264,7

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.бр.	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во меѓународни проекти**	**13 x 5 = 65**
1.1	Study ATB200-03 Bosna. A Phase 3 Double-Blind Randomized Study to Assess the Efficacy and Safety of Intravenous ATB200 Co-Administered with Oral AT2221 in Adult Subjects with Late-Onset Pompe Disease Compared with Algulcosidase Alfa/Placebo during the years 2019 – 2021	5
1.2	Comparative, Randomised, Single-Dose, Crossover Bioavailability Study of Valsartan / Indapamide Mr 160 mg / 1.5 mg Formulations in healthy volunteers under Fasting conditions, CRO Study Code: LNI-268-21, Sponsor Study code:21-702	5
1.3	Comparative, Randomised, Single-Dose, Crossover Bioavailability Study of Valsartan / Indapamide Mr 160 mg / 1.5 mg Formulations in healthy volunteers under Fed conditions, CRO Study Code: LNI-269-21, Sponsor Study code:21-714	5
1.4	Comparative, Randomised, Single-Dose, Crossover Bioavailability Study of Pomalidomide 4 mg Formulations in healthy volunteers under Fasting conditions, CRO Study Code: MOP-28-21, Sponsor Study code:22-725	5
1.5	Comparative, Randomised, Two-Treatment, Three Sequence, Three Period, Single Oral Dose, Semi-Replicate, Crossover Bioavailability Study of Telmisartan / Indapamide Sr 80 mg / 1.5 mg Formulations in healthy volunteers under Fasting conditions, CRO Study Code: LNI-209-22, Sponsor Study code:21-744	5
1.6	A Single-Dose, Randomized, Open-Label, Two-Way Crossover, Pilot, Comparative Bioavailability Study of Ramipril 5 mg Tablets in Healthy Adult Volunteers under Fasting Conditions, CRO Study Code: MAR-161-23, Sponsor Study code:b2-21-MARt	5
1.7	Clinical Trial: An open label, Multicenter, Phase ½ Trial of GEN3014 (HexBody-CD38) in relapsed or Refractory Multiple Myeloma and Other Hematologic Malignancies	5

1.8	Comparative, Randomised, Crossover Bioavailability Study in healthy volunteers, with full replicate single-dose treatments of two Dabigatran 150 mg Formulation, under fasting conditions and multiple day pre-treatmnet with a Proton Pump Inhibitor (PPI), Sponsor Study code:19-649; CRO Study Code: BAD-191-19	5
1.9	Single dose, Comparative, Bioavailability Study of two formulations of Ranolazine 750 mg Prolonged-Release tablets under fasting conditions Sponsor Study code:19-654; CRO Study Code: NAR-261-19	5
7/71	М. Отљански, И. Богевска, Т. Коњановски, Д. Петковски, О. Бушљетиќ, Ж. Зимбаков. АКУТНА ДИСЕКЦИЈА НА АОРТА (ТИП СТАНФОРД Б) – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. Symposium with international participation “Highlights in Cardiovascular Diseasies” 04 – 06 November, 2022, abrstact book, pg Skopje, North Macedonia	1
7/72	A. Chelikjikj, I. Mitevska, Zh. Petrovski, E. GruevaNastevska, E. Kandikj, Zh. Zimbakov. PATENT FORAMEN OVALE AND THROMBOPHILIA – A PARADOXAL COMBINATION OF THROMBOTIC EVENTS. Symposium with international participation “Highlights in Cardiovascular Diseasies” 04 – 06 November, 2022, abrstact book, pg Skopje, North Macedonia	1
7/73	N. Manev, D. Kitanoski, I. Spiroski, H. Pejkov, A. Georgiev, O. Bushljetikj, Z. Zimbakov. DISTAL TRANSRADIAL APPROACH IN HIGH RISC PATIENT PRESENTED WITH STEMI. Symposium with international participation “Highlights in Cardiovascular Diseasies” 04 – 06 November, 2022, abrstact book, pg Skopje, North Macedonia	1
7/74	J. Nestorovska, D. Kitanoski, D. PetkoskaSpirova, I. Zdravkovski, I. Spiroski, J. Kostov, H. Pejkov, **Z. Zimbakov** THROMBUS ASPIRATION WITH PERCUTANEOUS CORONARY INTERVENTION (PCI) IN ST SEGMENT ELEVATION MYOCARDIAL INFARCTION (STEMI) – WHEN? Symposium with international participation “Highlights in Cardiovascular Diseasies” 04 – 06 November, 2022, abrstact book, pg Skopje, North Macedonia	1
8. Учество на научни проекти и студии		
8/1	A Research Study to Look at How Ziltivekimab Works Compared to Placebo in People With Heart Failure and Inflammation (HERMES) – Clinical Trial, Cov ID NCT05636176 истражувач, 2018	5
8/2	“ABILITY Diabetes Global (ABILITY)”, Study Chair: Roxana Mehran, Mount Sinai Heart, ClinicalTrials. gov Identifier: NCT04236609 – истражувач, 2022	5
8/3	“Evaluation of the 3 – in – 1 Neuroguard System for Carotid Artery Stenosis (PERFORMANCE), ClinicalTrials. gov Identifier: NCT04142541 – истражувач, 2018 – 2020	5
8/4	“Colchicine and Spironolactone in Patients With MI/SYNERGY Stent Registry (CLEAR SYNERGY), Canadian Institutes of Helath Research (CIHR), BSC, ClinicalTrials. gov Identifier: NCT03048825 – истражувач, 2018	5

8/5	“Road – world Study of a Dual – layer Micromesh Stent in Elective Treatment of Carotid Artery Stenosis (ROADSAVER)”, ClinicalTrials. gov Identifier: NCT03504228 – истражувач, 2018	5
8/6	“Management of Hight Bleeding Risk Patients Post Bioresorbable Polymer Coated Stent Implantation With an Abbreviated Versus Prolonged DAPT Regimen (MASTER DAPT)” ClinicalTrials. gov Identifier: NCT03023020 – истражувач 2017 – 21	5
8/7	“Distal Versus Conventional RADIAL Access for Coronary Angiography and Intervention”, ClinicalTrials. gov Identifier NCT04171570 – истражувач, 2019	5
8/8	ACVC – EAPCI EORP NSTEMI Registry of the European Society of Cardiology – истражувач, 2023	5
8/9	Терапевтска ефикасност, безбедност и профилактички ефекти на телмисартан во однос на валсартан кај пациенти со блага и умерена артериска хипертензија (Зентива Фарма, Одлука бр. 03 – 1475/4 од 28.3.2019 – истражувач	3
	вкупно	278, 87

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството – интерна медицина 2 Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството – кардиологија 1	2 + 1
2	**Воведување нова лабораториска/клиничка метода во областа на медицинските науки и здравството**	
2/1	Првпат во институцијата воведена метода – перкутано затворање на ПФО со оклудер (дел од тимот)	1
3	Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството – учесник (collaborator)	
3/1	Nadarajah R, Ludman P, Laroche C, Appelman Y, Brugaletta S, Budaj A, Bueno H, Huber K, Kunadian V, Leonardi S, Lettino M, Milasinovic D, Gale CP; Presentation, care, and outcomes of patients with NSTEMI according to World Bank country income classification: the ACVC – EAPCI EORP NSTEMI Registry of the European Society of Cardiology. NSTEMI investigator group. Eur Heart J Qual Care Clin Outcomes. 2023 Sep 12; 9(6): 552 – 563. (collaborator)	1
3/2	Bayes – Genis A, Krljanac G, Zdravković M, Ašanin M, Stojšić – Milosavljević A, Radovanović S, Kovačević TP, Selaković A, Milinković I, Polovina M, Glavaš D, Srbinovska E, Bulatović N, Miličić D, Čikeš M, Babić Z, Šikić J, Kušljugić Z, Hudić LD, Arfsten H, Meems LMG, Metra M, Rosano G, Seferović PM; Young Investigators of the Peptide for Life Initiative. The 'peptide for life' initiative in the emergency department study. ESC Heart Fail. 2024 Apr; 11(2): 672 – 680.	1
3/3	Nadarajah R, Ludman P, Appelman Y, Brugaletta S, Budaj A, Bueno H, Huber K, Kunadian V, Leonardi S, Lettino M, Milasinovic D, Gale CP; NSTEMI Investigators. Cohort profile:	1

	the ESC EURObservational Research Programme Non – ST – segment elevation myocardial infraction (NSTEMI) Registry. Eur Heart J Qual Care Clin Outcomes. 2022 Dec 13; 9(1): 8 – 15.	
6	**Дејности од поширок интерес**	
6/1	Стручен престој SanktGertrauden – Krakenhaus, Berlin, 2019	0, 5
6/2	Стручен престој во КЦ Љубљана – 2022	0.5
6/3	Награда од струкова организација, Благодарница за ангажман за Covid-19 од Лекарска комора на Македонија	1
6/4	Медицински директор на ЈЗУ Универзитетска кл. за кардиологија, Скопје, мандат 2018 – октомври 2023	6
6/5	Раководител на Одделение за срцева слабост, хипертензија и КВ превенција, ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија, Скопје, 2023 – 2026	3
6/6	Член на организациски одбор на симпозиум: Новини кај акутен коронарен синдром, 4 – 5.9 2018, Скопје, Македонија	1
6/7	Член на организациски одбор на 6. Македонски кардиолошки конгрес, 3 – 6 октомври 2019, Охрид	1
6/8	Член на научен одбор – симпозиум: Организација на национална мрежа за третман на акутен срцев удар во Република Северна Македонија, 2020	1
6/9	Член на Македонското здружение на кардиолози	0.3
6/10	Член на Европското кардиолошко здружение	0, 3
6/11	Член на Европската асоцијација за интервентна кардиологија	0, 3
	вкупно	**14.9**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	263, 70
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	278, 87
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	7
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**14,9**
Вкупно	564, 47

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Маријан Бошевски, с.р.
Доц. д-р Билјана Зафировска Талеска, с.р.
В. н. сор. д-р Ирена Митевска, с.р.
Проф. д-р Дафина Николова, с.р.
Проф. д-р Павлина Џекова Видимлиски, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на насл. доц. д-р Саветка Паљошковска Јорданова, насл. доц. д-р Саша Ќаева Анастасова, ас. д-р Ивица Бојовски и насл. доц. д-р Жан Зимбаков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека насл. доц. д-р Саветка Паљошковска Јорданова, насл. доц. д-р Саша Ќаева Анастасова, ас. д-р Ивица Бојовски и насл. доц. д-р Жан Зимбаков, поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето научен соработник по предметите од научните области интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, насл. доц. д-р Саветка Паљошковска Јорданова да биде избрана во звањето научен соработник по предметите од научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Маријан Бошевски, с.р.
Доц. д-р Билјана Зафировска Талеска, с.р.
В. н. сор. д-р Ирена Митевска, с.р.
Проф. д-р Дафина Николова, с.р.
Проф. д-р Павлина Џекова Видимлиски, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,ХРОНИЧНА ОПСТРУКТИВНА БЕЛОДРОБНА БОЛЕСТ, СИЛИКОЗА И ХРОНИЧНА ОПСТРУКТИВНА БЕЛОДРОБНА БОЛЕСТ СО СИЛИКОЗА КАЈ РУДАРИ ОД ПОДЗЕМЕН КОП“ ОД Д-Р САЊА ЛАТКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата XXXIII редовна седница одржана на 6.8.2026 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина донесе Одлука за формирање на Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Сања Латкоска со наслов: „Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп“, во состав: проф. д-р Драган Мијакоски (претседател), проф. д-р Јордан Минов (ментор), проф. д-р Сашо Столески (член), проф. д-р Дејан Мираковски (член) и проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј
АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатката д-р Сања Латкоска, со наслов: ,,Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп“, содржи 138 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред, големина на букви 12, 147 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги. Трудот има апстракт на македонски и англиски јазик и е структуриран во девет поглавја, и тоа: вовед, цели и хипотеза на истражувањето, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок, предлог мерки и препораки, литература и прилог. Во текстот има 28 табели, 38 графици и една слика, а деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен, така и од клинички и јавноздравствен аспект. Начинот на презентирање е концизен, јасен и лесно разбирлив.

Насловот на докторската дисертација е јасен, репрезентативен и концизен, и во целост одговара на содржината и предметот на докторската дисертација.

Првото поглавје од докторската дисертација претставува **Вовед**, во кој се претставени најважните елементи за изложеноста на рударите од подземен коп на прашина што содржи слободен силициум диоксид и неговите можни штетни ефекти врз респираторното здравје на изложените работници.

Силициумот по кислородот е најзастапен елемент во составот на Земјината кора, а силициум диоксидот е неговото најчесто соединение. Силициум диоксидот се создава од силициумот и кислородот во услови на висока топлина и притисок, може да биде природен и синтетички, а во природата се сретнува во кристална и аморфна форма.

Кварцот, кристобалитот и тридимитот се форми на кристалниот силициум диоксид што се сретнуваат во природата, а најчеста од нив е кварцот. Најважни индустриски материјали кои содржат кварц се песокот, чакалот и гранитот. Гранитот содржи околу 30 % чист силициум диоксид, чакалот околу 40 %, а песокот е скоро чист

силициум диоксид. Синтетски форми на кристалниот силициум диоксид се: кеатит, силициум диоксид W, порозил и др. Слободниот силициум диоксид што се наоѓа во прашината што се ослободува при користење на материјалите што содржат кристален силициум диоксид може да има изразено штетно дејство врз белите дробови. Прашината што се ослободува од формите на аморфниот силициум диоксид што се сретнуваат во природата, како и формите на синтетскиот аморфен силициум диоксид има помалку изразено токсично дејство врз белите дробови.

Професионалната изложеност на прашина што содржи слободен силициум диоксид е примарен егзоген фактор во настанувањето на одредени белодробни болести поради неговото токсично, иритативно, канцерогено и имуномодулаторно дејство. Концентрацијата на слободниот силициум диоксид во прашината што се инхалира во тек на работата, како и карактеристиките на инхалираната прашина и времетраењето на изложеноста се во корелација со зачестеноста и степенот на тежина на белодробното оштетување. Од друга страна, во настанувањето на белодробното оштетување голема улога имаат и индивидуалните (ендогените) карактеристики на изложените работници, какви што се: вродените и стекнатите абнормалности на мукоцилијарниот клиренс во дишните патишта, претходните респираторни инфекции и др. Милиони работници во светот, како и илјадници работници кај нас, на своите работни места се изложени на прашина што содржи слободен силициум диоксид. Највисок ризик за нарушувања на респираторното здравје поради изложеноста на прашината што содржи слободен силициум диоксид има кај рударите во рудниците за јаглен и метали, градежните работници и работниците во производството на градежни материјали, работниците во изградба на патишта и тунели, работниците во производство на керамика, порцелан и стакло, земјоделците, леарските работници и др.

Инхалацијата на прашина што содржи слободен силициум диоксид во доволно големи количини, што се јавува во услови на професионална изложеност, кај изложените работници може да доведе до настанување на силикоза, хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ) и белодробен карцином или некоја комбинација од овие болести. Сите овие болести се наоѓаат на Листата на пофесионални болести на Меѓународната организација на трудот – МОТ (International Labour Organization – ILO), како и во националните листи на професионални болести. Дополнително, професионалната изложеност на слободен силициум диоксид е поврзана и со зголемен ризик за настанување на системски автоимуни болести, како на пример ревматоиден артрит, системски лупус, прогресивна системска склероза и др.

Силикозата е фиброгена пневмокониоза предизвикана од токсичното дејство на слободниот силициум диоксид што се карактеризира со инфламација и нодуларна фиброза во белодробниот паренхим и интерстициум. Силикозата била најчестата професионална болест на белите дробови во светот во втората половина од XIX и првата половина од XX век со висока стапка на онеспособеност и смртност, особено кај рударите од рудниците за јаглен и метали. Со спроведувањето на адекватни превентивни мерки и активности (законска регулација на нивото на изложеност на прашина што содржи слободен силициум диоксид, примена на лични заштитни средства, редовни периодични прегледи на изложените работници и др.) зачестеноста на силикозата, како и нејзиниот степен на тежина, се значајно намалени во Европа, Северна Америка и Австралија, но оваа болест сè уште има значајно место во професионалната белодробна патологија.

Намалувањето на нивото на изложеност на работното место на прашина што содржи слободен силициум диоксид во развиените земји во последниот век резултира со значајно намалување на морбидитетот и морталитетот од силикоза. Од друга страна, професионалната изложеност на прашина што содржи слободен силициум диоксид и понатаму претставува голем проблем за професионалната патологија со оглед на нејзината улога во настанувањето на ХОББ и белодробниот карцином, едни од најчестите хронични незаразни болести и најважните јавноздравствени проблеми на современиот свет.

Резултатите од неколку истражувања укажуваат дека долготрајната професионална изложеност на слободен силициум диоксид може да доведе до развој на хроничен бронхит, емфизем и/или болести на малите дишни патишта во отсуство на радиолошки потврдена силикоза, односно дека настанувањето на ХОББ (silica-induced chronic obstructive pulmonary disease – silica-induced COPD) можат да го предизвикаат концентрации на слободен силициум диоксид што не доведуваат до појава на силикоза. Дополнително, чадот од цигарите го потенцира ефектот на слободниот силициум диоксид врз дишното стебло, како и онеспособеноста и смртноста од ХОББ. Настанувањето на ХОББ кај работниците изложени на слободен силициум диоксид зависи од интензитетот и времетраењето на изложеноста, како и од нивните индивидуални карактеристики (генетски фактори, изложеност на тутунски чад, претходни респираторни инфекции и др.). Во поглед на интензитетот на изложеноста, резултатите од истражувањата укажуваат дека кумулативната изложеност на слободен силициум диоксид во просечни концентрации од 0,1 до 0,2 мг/м^3 може да доведе до појава на ХОББ без настанување на придружна силикоза, односно за небезбедна граница во однос на настанувањето на ХОББ се смета професионалнат изложеност на слободен силициум диоксид во концентрации повисоки од 0,1 mg/m^3.

Карциномот на белите дробови е најчеста малигна неоплазма кај машкиот и една од најчестите малигни неоплазми кај женскиот пол во последниве децении. Тераписките можности сè уште не се големи, па петгодишно преживување се сретнува кај мал процент од болните со дијагностициран белодробен карцином. Фактори на ризик за настанување на карцином на белите дробови се изложеноста на тутунски чад, радон, азбест, полициклични јаглеводороди и др. Според извештаите на Меѓународната агенција за истражување на ракот (International Agency for Research of Cancer - IARC), слободниот силициум диоксид (кварц) е докажан хуман канцероген за рак на белите дробови согласно резултатите од клиничко-епидемиолошките и експерименталните истражувања на анимален модел.

Болестите предизвикани од професионалната изложеност на слободен силициум диоксид, како и другите професионални блести, се потенцијално превентабилни доколку се спроведуваат адекватни превентивни мерки за заштита на здравјето на изложените работници. Превенцијата базирана врз инженерска контрола на изложеноста на слободен силициум диоксид на работното место, примена на заштитна респираторна опрема, изведување на редовните периодични медицински прегледи и законска регулација има примарна важност во намалувањето на морбидитетот, инвалидноста и морталитетот предизвикани од овие болести.

Рударството е една од најважните стопански дејности, а рударите значаен сегмент од вкупната работничка популација во многу земји во светот. Во тек на своите работни активности рударите се изложени на повеќе професионални штетности и опасности при што една од најважните од нив е изложеноста на минерална прашина што содржи слободен силициум диоксид, потентен агенс што, како што е претходно наведено, може да доведе до различни нарушувања на здравјето кај изложените работници. Нарушувањата на здравјето кај работниците во рударството не се многу истражувани во нашата држава. Податоците за зачестеноста и карактеристиките на овие ентитети се оскудни, а се неопходни за подобрување на мерките и активностите за заштита на респираторното здравје на работниците во рударскиот сектор. Сите овие елементи, како и повеќегодишната работа на кандидатката со работници од оваа област, го дефинираат **мотивот за истражувањето** и неговите научни, стручни и апликативни аспекти.

Во **второто поглавје** од докторската дисертација, презентирани се целите и **хипотезата на истражувањето**.

Главна цел на истражувањето е да се одредат и споредат зачестеноста и карактеристиките на ХОББ, силикозата и ХОББ со силикоза кај рудари од подземен коп со стаж на актуелното работно место помал и поголем од 15 години. Специфични цели

на истражувањето се: да се одреди зачестеноста на респираторните симптоми и на нарушувањата на оснвните спирометриски параметри кај двете групи испитаници и нивната поврзаност со степенот и траењето на изложеноста (должината на работниот стаж и кумулативната изложеност на слободен силициум диоксид) и други варијабли од интерес (возраст, пушачки статус, степен на изложеност на тутунскиот чад, индекс на телесна маса и придружни болести), да се одредат зачестеноста и степенот на тежина на ХОББ, силикозата и ХОББ со силикоза кај двете групи испитаници и нивната поврзаност со степенот и траењето на изложеноста и другите варијабли од интерес, да се спореди зачестеноста на вонбелодробните коморбидитети кај двете групи испитаници со ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза и нивната поврзаност со степенот и траењето на изложеноста, да се одреди предиктивната улога на варијаблите од интерес за настанување на ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза кај рударите од подземниот коп и да се предложат мерки и препораки за одржување на респираторното здравје кај рударите од подземниот коп согласно добиените резултати.

Хипотеза на истражувањето е дека зачестеноста на ХОББ е повисока од зачестеноста на силикозата во двете групи испитаници, а болеста е статистички значајно поврзана со должината на работниот стаж, кумулативаната изложеност, пушењето и степенот на изложеност на тутунски чад.

Третото поглавје ги прикажува **материјалот и методите**, односно во него систематски се претставени компонентите на методологијата на истражувањето.

Научноистражувачкиот проект од типот на аналитичка студија на пресек е изведен во ПЗУ Поликлиника „Медика“, Скопје, овластена здравствена установа од областа на медицина на трудот, во рамки на периодичните превентивни медицински прегледи на работниците во рудник за олово и цинк во периодот јуни 2024 - јуни 2025 год. согласно Правилникот за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените од 2010 год., односно Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените од 2013 год.

Примерокот на истражувањето се состои од 320 рудари (ракувачи со електрохидраулични дупчалки) од машки пол со просечна возраст 40,39±9,31 години вработени како рудари во рудник за олово и цинк со подземен коп со просечен работен стаж од 14,55±7,25 години. Во истражувањето се вклучени сите рудари од подземниот коп со работен стаж поголем од една година, поделени во две групи: испитаници со работен стаж на актуелното работно место помал или поголем од 15 години. Вклучувачки критериуми за влез во актуелното истражување се: рудари во подземниот коп на рудникот со стаж на актуелното работно место поголем од една година и непостоење контраиндикации за изведување спирометрија и бронходилататорен тест. Исклучувачки критериуми за влез во студијата се: работа надвор од подземниот коп, работници од други работни места во подземниот коп, рудари со стаж на актуелното работно место помал од една година и контраиндикации за изведување спирометрија и бронходилататорен тест (хемоптизи, вредности на крвниот притисок повисоки од 180/100 мм Hg, нестабилен кардиоваскуларен статус, ингвинални и вентрална хернија, акутна инфективна болест и др.).

Во истражувањето се применети актуелните препораки на Националниот водич на Австралија за докторите кои што ги проценуваат работниците изложени на прашина што содржи слободен силициум диоксид, како и на Европското респираторно здружение (European Respiratory Society – ERS) за изведување на епидемиолошки истражувања за ХОББ и Референтната група за силикоза на Торакалното здружение на Австралија и Нов Зеланд. Истражувањето се состои од мерења на концентрациите на респирабилна прашина и слободен силициум диоксид во воздухот од работната средина

на испитаниците и од пополнување прашалник, спирометрија и нативна радиографија на градниот кош врз основа на што се поставува дијагноза на ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза.

Мерењата во подземниот коп се извршени од Лабораторијата АМБИКОН од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет “Гоце Делчев” – Штип. Вршени се мерења на просечната 8-часовна изложеност на респирабилна прашина во mg/m³ и на содржината на слободен силициум диоксид mg/m³ на 10 мерни места во подземниот коп. Според Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени при ризици од хемиски супстанци од 2010 год., граничните вредности на просечната 8-часовна изложеност на респирабилна прашина во воздухот во работната средина изнесуваат 0,45 mg/m³ за респирабилната прашина, односно 0,1 mg/m³ за слободниот силициум диоксид. Проценката на кумулативната изложеност на слободен силициум диоксид во mg/m³ е пресметана во според формулата: (фракција на респирабилната прашина во mg/m³) x (фракција на слободен силициум диоксид во mg/m³) x (број на години на изложеност).

Прашалникот за карактеристиките на испитаниците е направен според моделот на стандардизираните прашалници за детекција на ХОББ и силикоза применети во неколку слични истражувања од оваа област, а се состои од 31 прашање поделени во четири дела. Првиот дел се состои од прашања за возраста на испитаниците, местото на живеење, нивните телесни карактеристики и присуството на хронични болести дијагностицирани од доктор кај нив и кај нивните роднини од прво колено. Во вториот дел од прашалникот се прашањата поврзани со работата и работното место на испитаниците, односно за нивната работна позиција во подземниот коп и организацијата на работата, вкупниот работен стаж, работниот стаж на актуелното работно место, примената на лични заштитни средства во тек на работата и изведувањето на превентивните медицински прегледи. Третиот дел од прашалникот содржи прашања за пушачкиот статус на испитаниците. Класификацијата на пушачкиот статус е направена врз база на препораките на СЗО за дефинирање на пушачкиот статус. Кај активните и поранешните пушачи барани се податоци за должината на пушачкиот стаж и дневниот број на испушени цигари од чиј производ е пресметан годишниот број испушени кутии цигари (pack-years smoked). Во четвртиот дел од прашалникот се прашањата за постоењето на респираторни симптоми во последните 12 месеци: кашлица, кашлица со искашлување, недостаток на воздух (диспнеа), свирење во градите и стегање во градите. Диспнеата е класифицирана во четири стадиуми според класификацијата на Модифицираната скала за диспнеа на Британскиот медицински истражувачки совет (British Medical Research Council – mMRC).

Спирометриските испитувања се изведени во ПЗУ Поликлиника “Медика”, Скопје, а вклучуваат мерење на форсираниот витален капацитет (forced vital capacity - FVC) и форсираниот експираторен волумен во првата секунда (forced expiratory volume in 1 second - FEV1) со одредување на односот FEV1/FVC. Спирометриските мерења се изведени на спирометар Ganshorn SanoScope LF8 (Ganshorn Medizin Electronic GmbH, Germany) според актуелните препораки на ERS и American Thoracic Society (ATS). При уреден спирометриски наод вредностите на FEV1 и FVC се повисоки од 80% од нивните вредности предвидени за испитуваното лице, вредноста на односот FEV1/FVC е повисока од 0,70 (70 %). Бронходилататорниот тест (БДТ) е изведен според актуелните препораки на ERS и ATS кај испитаниците кај кои на нативниот (пребронходилататорниот) спирограм е регистрирана вредност на односот FEV1/FVC пониска од 0,70. Според актуелните препораки на неведените водичи, постбронходилататорната вредност на односот FEV1/FVC пониска од 0,70 укажува на перзистентно ограничување на воздушниот проток низ дишните патишта.

Нативен постеро-антериорен рендгенграм на градниот кош е направен кај сите испитаници во ЈЗУ Општа болница Кочани. Секој технички прифатлив рендгенграм е независно анализиран од двајца специјалисти по медицина на трудот од стручниот тим

на ПЗУ Поликлиника „Медика“, Скопје, со утврдување на комплементарноста на нивните наоди. Анализата и споредувањето на наодите од рендгенграмите со рендгенграмите од стандардниот дигитален сет на МОТ (скала од 12 супкатегории) се изведени според препораките на Водичот за примена на МОТ-овата меѓународна радиолошка класификација на пневмокониозите (Guidelines for the use of the ILO International Classification of Radiographs of Pneumoconioses) од 2022 год. Анализата на рендгенграмите се состои од детекција и опис на паренхимните абнормалности (опацитети или засенчувања), плевралните абнормалности и вонбелодробните промени.

Карактеристичниот радиолошки наод кај хроничната лесна (некомплицирана) силикоза се состои од наод на опацитети кои што генерално се униформни и регуларни според нивниот облик, големина и густина, а во некои случаи можат да бидат калцифицирани. Според големината, опацитетите се класифицираат на p, q и r форма, а според густината (профузијата) тие се класифицираат на скала од 4 основни категории (0 до 3). Хиларните и медијастиналните лимфни жлезди можат да бидат зголемени, а калцификати со облик на лушпа од јајце во нив можат да се видат во случаите на калцифицирани опацитети во белодробниот паренхим. Промени со поголеми димензии се сретнуваат при тешката форма на хронична силикоза (комплицирана силикоза). Се работи за округли или овални јазли со пречник поголем од 10 mm (A, B и C) најчесто локализирани во горните партии на белите дробови, обично придружени со помали опацитети. Освен паренхимните абнормалности, на нативните графии можат да се видат промени на плеврата (плеврални плаки, облитериран костофреничен агол и дифузно задебелување на плеврата), како и вонбелодробни промени (атеросклеротични промени на аортата, хронично белодробно срце и др.).

Дијагнозата на ХОББ е утврдена според присуството на симптоми кај испитаниците кај кои што спирометриски е докажано перзистентно намалување на воздушниот проток низ дишните патишта, односно кај кои што постбронходилататорна вредност на односот FEV1/FVC е пониска од 0,70. Според степенот на тежина на спирометриското нарушување, испитаниците со ХОББ се класифицирани во четири групи: лесна ХОББ или GOLD 1 (вредност на FEV1 еднаква или повисока од 80% од предвидената вредност за испитуваното лице), средно тешка ХОББ или GOLD 2 (вредност на FEV1 од 50 до 80% од предвидената вредност), тешка ХОББ или GOLD 3 (вредност на FEV1 од 30 до 50 % од предвидената вредност) и многу тешка ХОББ или GOLD 4 (вредност на FEV1 пониска од 30% од предвидената вредност) според препораките на ERS и ATS.

Дијагнозата на силикозата е утврдена според присуството на карактеристичните радиолошки промени независно од тоа дали испитаникот имал или немал респираторни симптоми во последните 12 месеци. Класификацијата на лесната и тешката форма на хроничната силикоза е направена врз база на критериумите наведени во Водичот за примена на МОТ-овата меѓународна радиолошка класификација на пневмокониозите.

Дијагнозата на ХОББ со силикоза е утврдена според критериумите за дијагноза и класификација на двата одделни ентитети.

За анализа на добиените податоци од истражувањето е користен SPSS software package, version 26.0 for Windows (SPSS, Chicago, IL, USA). Квалитативните варијабли се обработени со коефициент на односи, пропорции и стапки, а квантитативните со мерките на централна тенденција. Pearson Chi square test и Fisher Feeman Halton exact test се користени за утврдување на поврзаноста меѓу одредени атрибутивни дихотомни белези. Факторите на ризик се квантифицирани преку користење на однос на веројатности (Odd ratio – OR) и интервалите на доверба - confidence interval (CI). Правилноста на дистрибуцијата на квантитативните серии е утврдувана со Shapiro-Wilk W тестот. Параметарска (Pearson correlation coefficient) односно непараметарска

корелационата анализа (Spearman Rank correlation) е користена за утврдување на поврзаноста помеѓу нумеричките варијабли. За меѓугрупна споредба на два или повеќе нумерички параметри со правилна дистрибуција е користен Independent t-test / One Way ANOVA test, а кај неправилна дистрибуција Mann Whitney U test/ Kruskal-Wallis H test. Логистичка регресиона анализа е применета за утврдување на независните значајни предиктори за настанување на ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза. За утврдување на статистичка значајност се користи ниво на сигнификантност од p<0,05.

Резултатите од истражувањето се прикажани во **четвртото поглавје,** во осум потточки.

Просечната возраст на испитаниците во целиот примерок изнесува 40,39±9,31 години (ранг 21 – 59 години), а просечната вредност на вкупниот работен стаж 17,54±8,15 години (ранг 1 – 38 години). Просечната должина на работен стаж во подземен коп за целиот примерок изнесува 14,55±7,25 години (ранг 1 – 30 години). Просечен работен стаж во подземен коп еднаков или помал од 15 години имаат 140 (43,57%) испитаници од целиот примерок. Просечната должина на работен стаж кај овие испитаници изнесува 7,57±4,29 години (ранг 1 – 15 години). Просечен работен стаж поголем од 15 години имаат 180 (56,43 %) испитаници од целиот примерок, а просечната должина на работен стаж кај овие испитаници изнесува 19,95±3,45 години (ранг 16 - 30 години).

Зачестеноста на една или повеќе хронични вонбелодробни болести изнесува 22,81 %, а најчести придружна хронични вонбелодробни болести се лумбалниот синдром (10,94 %) и артериската хипертензија (8,12 %). Во однос на пушачкиот статус, кај испитаниците од целиот примерок најбројни се поранешните пушачи (50,78 %), по што следат активните пушачи (26,96 %) и непушачите (22,26 %). Кај испитаниците со работен стаж во подземниот коп еднаков или помал од 15 години доминираат активните пушачи, додека кај испитаниците со работен стаж поголем од 15 години почести се поранешните пушачи. Според годишниот број на испушени кутии цигари кај активните пушачи и поранешните пушачи од целиот примерок испитаници во категоријата на слаби пушачи припаѓаат 46,78 %, умерени пушачи – 40,34 %, а тешки пушачи – 12,88 %. Зачестеноста на слаби пушачи е статистички значајно повисока кај испитаниците со работен стаж во подземниот коп еднаков или помал од 15 години, додека зачестеноста на умерени и тешки пушачи е статистички значајно повисока кај испитаниците со работен стаж поголем од 15 години.

Просечната вредност 8-часовна изложеност на респирабилна прашина изнесува 1,26 mg/m^3 (ранг 0,88 - 1,67 mg/m^3), а просечната 8-часовна изложеност на слободен силициум диоксид 0,019 mg/m^3 (ранг 0,005 - 0,042 mg/m^3). Просечната кумулативна изложеност на слободен силициум диоксид кај испитаниците од целиот примерок изнесува 0,11±0,06 mg/m^3 (ранг 0,01/ 0,27 mg/m^3). Просечната кумулативна изложеност на слободен силициум диоксид кај рударите со работен стаж еднаков или помал од 15 години изнесува 0,06±0,03 mg/m^3 (ранг 0,01 - 0,17 mg/m^3), а кај рударите со работен стаж поголем од 15 години 0,15±0,04 mg/m^3 (ранг 0,08 - 0,27 mg/m^3) (p=0,00001).

Зачестеноста на вкупните респираторни симптоми во целиот примерок изнесува 27,27% и таа е статистички значајно повисока кај испитаниците со работен стаж поголем од 15 години во споредба со испитаниците со помал работен стаж (36.11% *vs.* 15,83%, p=0,00001). Регистрирана е статистички значајна поврзаност на вкупните респираторни симптоми со должината на работниот стаж (p=0,00001) и кумулативната експозиција на слободен силициум диоксид (p=0,00001). Зачестеноста на сите одделни респираторни симптоми е повисока кај испитаниците со работен стаж поголем од 15 години во споредба со испитаниците со помал работен стаж, но разликата не е статистички значајна.

Просечните вредности на FVC и FEV1 кај испитаниците со работен стаж на актуелното работно место поголем од 15 години се статистички значајно пониски во споредба со нивните просечни вредности кај испитаниците со помал работен стаж (103,35±9,01% *vs.* 97,97±9,94 %, p=0,00003, односно 97,06±11,32% *vs.* 90,84±14,15%, p=0,00003), додека просечните вредности на односот FEV1/ FVC кај испитаниците од двете групи се слични (93,60±8,12% *vs.* 91,75±13,95%, p=0,2708). Пребронходилататорни вредности на односот FEV1/ FVC пониски од 0,70 се регистрирани кај 9,37 % од испитаниците од целиот примерок. Регистрирана е статистички значајна негативна корелација помеѓу вредностите на сите основни спирометриски параметри и должината на работниот стаж на актуелното работно место, кумулативната експозиција на слободен силициум диоксид, активното пушење и годишниот број испушени кутии цигари.

Зачестеноста на испитаници со детектирана ХОББ во целиот примерок изнесува 8,12%. Зачестеноста на болеста кај испитаниците со работен стаж на актуелното работно место поголема од 15 години е околу пет пати повисока во споредба со нејзината зачестеност кај испитаниците со помал работен стаж (84,62 %, односно 15,38 % од сите испитаници со ХОББ). Просечната кумулативна експозиција кај испитаниците со детектирана ХОББ изнесува 0,16 mg/m³. Сите регистрирани случаи на ХОББ во двете групи според степенот на тежина се класифицирани како лесна ХОББ. Регистрирана е статистички значајна поврзаност на ХОББ со должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, годишниот број на испушени кутии цигари и присуството на хронични вонбелодробни болести. Со униваријантната логистичка регресиона анализа согледано е дека веројатноста за појава на ХОББ сигнификантно се зголемува со возраста, должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, годишниот број испушени кутии цигари и присуството на хронични вонбелодробни болести (коморбидитети). Со мултипла логистичка регресиона анализа како независни статистички значајни предиктори за појавата на ХОББ потврдени се степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид (p=0,032) и годишниот број испушени кутии цигари (p=0,00001).

Зачестеноста на испитаници со детектирана силикоза во целиот примерок изнесува 4,37 % и таа е околу шест пати повисока кај испитаниците со работен стаж на актуелното работно место поголема од 15 години (85,71 %, односно 14,29 % од сите испитаници со силикоза). Просечната кумулативна експозиција кај испитаниците со детектирана силикоза изнесува 0,20 mg/m³. Сите регистрирани случаи на силикоза во двете групи според степенот на тежина се класифицирани како силикоза 1/1, р/р. Регистрирана е статистички значајна поврзаност на силикозата со должината на работниот стаж и степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Со униваријантната логистичка регресиона анализа согледано е дека веројатноста за појава на силикоза сигнификантно се зголемува со возраста, должината на работниот стаж и степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Со мултипла логистичка регресиона анализа како независен статистички значаен предиктор за појавата на силикоза регистриран е степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид (p=0,00001).

Зачестеноста на испитаници кај коишто е детектирана здружена појава на ХОББ и силикоза изнесува 1,25 %. Сите случаи на ХОББ со силикоза се регистрирани во групата испитаници со работен стаж на актуелното работно место поголем од 15 години со просечна кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид од 0,22 mg/m³. Регистрирана е статистички значајна поврзаност на здружената појава на ХОББ и силикоза со должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид и присуството на хронична вонбелодробна болест. Со

универијантната логистичка регресиона анализа согледано е дека веројатноста за појава на ХОББ со силикоза сигнификантно се зголемува со возраста и степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Со мултипла логистичка регресиона анализа како независни статистички значаен предиктор за здружената појава на ХОББ и силикоза регистриран е степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид (p=0,015).

Петтото поглавје на докторската дисертација е **Дискусија**. Кандидатката во ова поглавје концизно и јасно ги коментира резултатите од сопственото истражување и ги споредува добиените резултати со достапните податоци од домашната и меѓународната стручна и научна литература.

Во истражувањето од тип на аналитичка студија на пресек вклучени се 320 рудари од подземен коп од рудник за олово и цинк поделени во две групи според должината на работниот стаж на актуелното работно место, односно а испитаници со работен стаж помал или еднаков од 15 години и поголем од 15 години. Просечната вредност на индексот на телесна маса на испитаниците која што укажува на натхранетост, како и зачестеноста на хроничните белодробни болести, се слични на тие регистрирани во повеќе истражувања изведени кај нас на различни сегменти од работничката популација. Добиениот резултат дека скоро 80% од испитаниците пушат или некогаш пушеле, исто така, е сличен на резултатите добиени во истражувањата изведени кај нас за високата зачестеност на пушењето кај работниците од различни професии.

Вредностите на мерењата на 8-часовната изложеност на слободен силициум диоксид од сите мерни места се пониски од 0,1 mg/m^3. Просечната вредност на пресметаната кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид е околу два и пол пати поголема кај испитаниците со должина на работниот стаж поголема од 15 години во споредба со испитаниците со помал работен стаж. Актуелната препорака на Европската Комисија (ЕК), прифатена од нашата легислатива (Правилник за минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени при ризици од хемиски супстанци), донесена после екстензивни консултации со социјалните партнери е граничната вредност за 8-часовната изложеност на слободен силициум диоксид да изнесува 0,1 mg/m^3 Граничната вредност за 8-часовната изложеност на слободен силициум диоксид препорачана од Администрацијата за безбедност и здравје при работа при Владата на САД (Occupational Safety and Health at Work Administration - OSHA) е пониска и изнесува 0,05 mg/m^3 (50 microgr/m^3), а, при измерени вредности на 8-часовната изложеност на слободен силициум диоксид повисоки од 0,025 mg/m^3 (25 microgr/m^3) потребни се дополнителни инженерски контроли во рудниците и здравствен надзор над изложените работници. Од друга страна, резултатите од неколку истражувања укажуваат дека граничните вредности на 8-часовната изложеност на слободен силициум диоксид ниту од 0,05 mg/m^3, ниту од 0,1 mg/m^3, не обезбедуваат задовилителна заштита од белодробно оштетување на изложените работници, односно дека не постои граница што се смета за безбедна, па секоја редукција на експозицијата го намалува ризикот за нарушување на респираторното здравје.

Повисоката зачестеност на респираторните симптоми во последните 12 месеци кај испитаниците со работен стаж поголем од 15 години е регистрирано во повеќе домашни и меѓународни истражувања на ефектите на минералната прашина врз респираторното здравје на изложените работници. Поврзаноста на времетраењето и степенот на изложеност на минерална прашина со намалените

вредности на функционалните белодробни параметри, исто така, е регистрирано во повеќе домашни и меѓународни истражувања.

Резултатите од ова истражување ја потврдуваат ефикасноста на преземените превентивни мерки и активности во поглед на ефектите на прашината што содржи слободен силициум диоксид врз појавата на силикоза, но, од друга страна, укажуваат дека релативно ниските концентрации на слободен силициум диоксид можат да доведат до појава на ХОББ без настанување на силикоза. ХОББ е детектирана кај околу 8% од испитаниците со регистрирана статистички значајна поврзаност со должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, годишниот број на испушени кутии цигари и присуството на хронични вонбелодробни болести. Резултатите од истражувањата укажуваат дека кумулативната изложеност на слободен силициум диоксид во просечни концентрации од 0,1 до 0,2 mg/m^3 може да доведе до појава на ХОББ без настанување на силикоза, односно за небезбедна граница во однос на настанувањето на ХОББ се смета професионалнат изложеност на слободен силициум диоксид во концентрации повисоки од 0,1 mg/m^3. Во поглед на времетраењето на изложеноста, не постои одредена временска рамка, но според експертите од оваа област настанувањето на ХОББ кај работниците изложени на слободен силициум диоксид се поврзува со кумулативна изложеност во наведените концентрации во период што не е пократок од 15 години. Зачестеноста на силикозата е околу два пати пониска од зачестеноста на ХОББ со статистички значајна поврзаност со должината на работниот стаж и степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, додека зачестеноста на ХОББ со силикоза изнесува околу 1% со статистички значајна поврзаност со должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид и присуството на хронична вонбелодробна болест Просечната кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид кај испитаниците со силикоза е повисока од таа кај испитаниците со ХОББ што ги потврдува резултатите од истражувања од оваа област на експериментани животни според кои први промени на белите дробови при долготрајна експозиција на слободен силициум диоксид се емфизематозните промени по што следи појавата на силикоточните нодули.

Во **шестото поглавје**, врз основа на добиените резултати и нивната анализа, кандидатката ги формулира **заклучоците** од истражувањето. Резултатите од истражувањето укажуваат дека пресметаната просечна кумулативна експозиција укажува на изложеност на релативно ниски концентрации на слободен силициум диоксид и таа кај испитаниците со работен стаж на актуелното работно место поголем од 15 години е два и пол пати повисока во споредба со просечната кумулативна експозиција кај испитаниците со помал работен стаж. Еден или повеќе респираторни симптоми се регитрирани кај околу една третина од испитаниците со нивна статистички значајна поврзаност со должината на работниот стаж и кумулативната експозиција на слободен силициум диоксид, а кај просечните вредности на основните спирометриски параметри постои статисички значајна негативна корелација со должината на работниот стаж, кумулативната експозиција на слободен силициум диоксид и годишниот број испушени кутии цигари. Зачестеноста на испитаници со детектирана ХОББ во целиот примерок изнесува околу 8% и таа кај испитаниците со работен стаж на актуелното работно место поголем од 15 години е околу пет пати повисока во споредба со нејзината зачестеноста кај испитаниците со помал работен стаж. Регистрирана е статистички значајна поврзаност на ХОББ со должината на работниот

стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, годишниот број испушени кутии цигари и присуството на коморбидитети (хронични вонбелодробни болести). Како независни статистички значајни предиктори за појавата на ХОББ регистрирани се степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид и годишниот број на испушени кутии цигари. Зачестеноста на испитаници со детектирана силикоза во целиот примерок изнесува околу 4 %, односно таа е околу два пати пониска од зачестеноста на испитаници со ХОББ. Зачестеноста на болеста кај испитаниците со работен стаж на актуелното работно место поголема од 15 години е околу шест пати повисока во споредба со нејзината зачестеност кај испитаниците со помал работен стаж. Регистрирана е статистички значајна поврзаност на силикозата со должината на работниот стаж и степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Како независен статистички значаен предиктор за појавата на силикоза регистриран е степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Зачестеноста на испитаници кај кои што е детектирана здружена појава на ХОББ и силикоза изнесува околу 1 %. Сите случаи на здружена појава на ХОББ и силикоза се регистрирани во групата испитаници со работен стаж на актуелното работно место поголем од 15 години. Регистрирана е статистички значајна поврзаност на здружената појава на ХОББ и силикоза со должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид и присуството на коморбидитети, а како независен статистички значаен предиктор за појавата на силикоза регистриран е степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Добиените резултати ја потврдуваат работната хипотеза на истражувањето, како и наодите од други истражувања од оваа област. Добиените резултати, исто така, укажуваат на негативнитете ефекти на професионалната изложеност на прашина што содржи слободен силициум диоксид врз респираторното здравје на изложените работници и на потребата од подобрување на превентивните мерки и активности за негова заштита.

Во **седмото поглавје**, врз основа на донесените заклучоци, кандидатката ги претставува **предлог-мерките и препораките** за подобрување на респираторното здравје на рударите од подземниот коп: целосно спроведување, одржување и контрола на постоечките мерки на колективна заштита и воведување на дополнителни инженерски мерки во согласност со новите технологии во оваа област за да се одржи концентрацијата на слободен силициум диоксид во воздухот од работната средина на најниско можно ниво; редовно користење на личните заштитни средства, редовна контрола на нивната состојба и едукација на рударите за нивното користење; редовен мониторинг на концентрациите на респирабилна прашина и слободен силициум диоксид во воздухот од работната средина, нивно одржување во границите предвидени со актуелната законска регулатива од оваа област и информирање на работниците за резултатите од мониторингот; следење на здравствената состојба и работната способност на рударите со регуларно спроведување на превентивните здравствени прегледи во согласност со одредбите на актуелната законска регулатива од оваа област; едукација на рударите за потенцијалните штетни ефекти од нивната професионална изложеност и можностите за нивно минимизирање, како и за штетните ефекти од пушењето и комбинираниот ефект на тутунскиот чад и изложеноста на слободен силициум диоксид и спроведување на кампањи за прекин на пушењето на рударите кои што се активни пушачи; спроведување, подобрување и контрола на ефикасноста на сите превентивни мерки и активности со заедничко дејство на работодавачот, претставниците на рударите, стручните лица за заштита при работа во компанијата и специјалистите по медицина на трудот кои што ги спроведуваат превентивните здравствени прегледи кај овие работници; внесување на професионалната ХОББ според критериумите на МОТ во Листата на професионални болести на РС Македонија и понатамошни истражувања за ефектите на професионалната експозиција на слободен силциум диоксид врз респираторното здравје на изложените работници со евентуална

корекција на граничната вредност на просечната 8-часовна изложеност на слободен силициум диоксид на работното место.

Осмото поглавје од докторската дисертација ја содржи приложената **литература**, која содржи 147 библиографски единици, со трудови од понов датум, прегледна и коректно цитирана според прифатените стандарди.

Во **деветтото поглавје** е прикажан прашалникот применет во истражувањето.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е одредување и споредување на зачестеноста на ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза кај рудари од рудник со подземен коп изложени на прашина што содржи слободен силициум диоксид и нивната поврзаност со времетраењето и степенот на експозиција (должина на работниот стаж и кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид) и други варијабли од интерес (возраст, пушење и степен на изложеност на тутунскиот чад, присуство на хронични вонбелодробни болести и др.). Посебен акцент е ставен на одредување на предиктивната улога на варијаблите од интерес за настанување на овие ентитети кај рударите од подземен коп, а добиените резултати ќе овозможат подобрување на превентивните мерки и активности за заштита на респираторното здравје на изложените работници.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

До пред неколку децении, според својата зачестеност и степен на тежина, силикозата била најважната болест на белите дробови поврзана со работата кај работниците изложени на прашина што содржи слободен силициум диоксид на глобално ниво. Со подобрување на превентивните мерки и активности (инженерска контрола, примена на лични заштитни средства, редовни превентивни прегледи на изложените работници, административно ограничување на времетраењето и степенот на изложност на прашина што содржи слободен силициум диоксид и др.) зачестеноста, како и степенот на тежина на болеста, се значајно намалени во земјите на Европа, САД и Австралија. Од друга страна, резултатите од неколку истражувања укажуваат на пораст на зачестеноста на ХОББ кај работниците со наведената професионална изложеност, односно дека долготрајната професионална експозиција на прашина што содржи слободен силициум диоксид може да доведе до развој на хроничен бронхит, емфизем и/или болести на малите дишни патишта во отсуство на радиолошки потврдена силикоза, односно дека настанувањето на ХОББ (silica-induced chronic obstructive pulmonary disease – silica-induced COPD) можат да го предизвикаат концентрации на слободен силициум диоксид што не доведуваат до појава на силикоза. Сепак, податоците во литературата за зачестеноста и карактеристиките на овие ентитети се уште се ограничени. Поради тоа, оваа област е предмет на повеќе истражувања во последниве две децении во светот, а актуелното истражување е прва студија од оваа област кај нас.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е спроведено како аналитичка студија на пресек кај рудари од рудник за олово и цинк со подземен коп поделени во две групи според должината на нивниот работен стаж на актуелното работно место (еднаков или помал од 15 години и поголем од 15 години). Спроведено по меѓународните препораки за изведување на слични истражувања, тоа се состои од мерења на концентрациите на респирабилна прашина и слободен силициум диоксид во воздухот од работната средина на испитаниците со пресметување на кумулативната експозиција на слободен силициум диоксид и од пополнување прашалник (демографски карактеристики, податоци поврзани со работата и работните активности, пушачки статус и респираторни симптоми во последните 12 месеци), пребронходилататорна спирометрија со постбронходилататорна спирометрија по индикации и нативна радиографија на градниот кош врз основа на што се поставува дијагноза на ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза. Добиените податоците се обработени со статистички методи соодветни на целите на истражувањето.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека зачестеноста на ХОББ изнесува околу 8 % и таа е околу два пати повисока од зачестеноста на силикоза, додека зачестеноста на ХОББ со силикоза изнесува околу 1 %. Просечната кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид кај испитаниците со ХОББ е пониска од таа кај испитаниците со силикоза. Детектираната ХОББ е статистички значајно поврзана со со должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, годишниот број испушени кутии цигари и присуството на коморбидитети (хронични вонбелодробни болести), а како независни статистички значајни предиктори за појавата на ХОББ потврдени се степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид и годишниот број испушени кутии цигари. Детектираната силикоза е статистички значајно поврзана со должината на работниот стаж и степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид, а како независен статистички значаен предиктор за појавата на силикоза регистриран е степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид. Статистички значајна поврзаност на здружената ХОББ со силикоза е регистрирана за должината на работниот стаж, степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид и присуството на коморбидитети, а како независен статистички значаен предиктор за појавата на ХОББ со силикоза регистриран е степенот на кумулативна експозиција на слободен силициум диоксид.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Сања Латкоска со наслов: „Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп“, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на медицината на трудот изработено по сите принципи на едно научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитувањето

е современа. Поставените цели се во целост реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивните научни, клинички и јавноздравствени аспекти. Сумирајќи ги концизно резултатите од оваа студија и заклучоците кои од неа произлегуваат, кандидатката ги евалуира зачестеноста на ХОББ, силикоза и ХОББ со силикоза кај рудари од подземен коп експонирани на прашина што содржи слободен силициум диоксид и нивната поврзаност со варијаблите од интерес (времетраење и степен на експозиција на слободен силициум диоксид, возраст, пушење и степен на изложеност на тутунски чад, присуство на хронични вонбелодробни болести и др.). Дополнително, одредувана е предиктивната вредност на варијаблите од интерес за појава на наведените ентитети. Научниот придонес на докторската дисертација се состои во продлабочување на знаењата и обезбедување нови сознанија за штетните ефекти на слободниот силициум диоксид врз белите дробови на изложените работници. Од друга страна, резултатите од истражувањето придонесуваат кон унапредување на клиничката практика, рана детекција на наведените ентитети и рана интервенција во нивниот тек, односно кон подобрување и заштита на респираторното здравје на работниците изложени на прашина што содржи слободен силициум диоксид.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Сања Латкоска, со наслов „Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп“, според мислењето на Комисијата, ги исполнува сите услови и стандарди на солиден докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги има објавено (како прв автор или автор за кореспонденција, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Latkoska S, Minov J. Lung effects of long-term occupational exposure to silica dust. Arch Pub Health 2025; 17 (2). *DOI: https://doi.org/10.3669/aph2025.6550.*

[2] Latkoska S, Minov J, Velic Stefanovska V. Effect of cumulative exposure to silica dust on respiratory symptoms in underground miners. JMS 2025; 8 (2): 197-205. *DOI: https://doi.org/10.55302/JMS2582197l.*

[3] Latkoska S, Minov J, Velic Stefanovska V. Effect of cumulative exposure to silica dust on respiratory symptoms in underground miners. Acad Med J 2025; 5 (3): 164-173. *DOI: https://doi.org/10.55582/AMJ25531641.*

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на д-р Сања Латкоска, со наслов: „Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд. Систематската анализа на клиничките, спирометриските и радиографските обезбедува оригинален научен придонес во следењето на белодробните оштетувања кај работниците изложени на прашина што содржи слободен силициум диоксид.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: резултатите од истражувањето имаат директна примена во медицината на трудот и пулмологијата со оглед на големиот број работници и работни места со експозиција на слободен силициум диоксид, при што нивното пошироко генерализирање е ограничено од големината на примерокот и комплексната мултифакторска природа на белодробното оштетување. Понатамошните истражувања од оваа област треба да бидат насочени кон мултицентрични проспективни студии со поголем број испитаници, вклучување на дополнителни функционални и радиолошки методи со цел развој на пообјективни модели за превенција на белодробните оштетувања, како и за рана детекција и рана интервенција во нивниот тек.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оцена и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката **д-р Сања Латкоска** со наслов: **Хронична опструктивна белодробна болест, силикоза и хронична опструктивна белодробна болест со силикоза кај рудари од подземен коп.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Драган Мијакоски, претседател, с.р.

Проф. д-р Јордан Минов, ментор, с.р.

Проф. д-р Сашо Столески, член, с.р.

Проф. д-р Дејан Мираковски, член, с.р.

Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПОРЕДБА НА ЕФЕКТИТЕ НА ЦЕЛНО КОНТРОЛИРАНА ТОТАЛНА ИНТРАВЕНСКА АНЕСТЕЗИЈА ПРИ РЕКОНСТРУКТИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ГРАДИ“ ОД М-Р АЛБЕРТ ЛЕШИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXII редовна седница одржана на 22.6.2026 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, донесе Одлука бр. 02-3875/159 за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатот д-р Алберт Леши со наслов: ***Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконструктивна интервенција на гради,*** во состав: проф. д-р Мирјана Шошолчева (претседател), проф. д-р Андријан Карталов (ментор), проф. д-р Биљана Кузмановска (член), проф. д-р Марија Јовановски Срцева (член) и проф. д-р Јасминка нанчева (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го разгледа и го оцени докторскиот труд и на Медицинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатот д-р Алберт Леши, со наслов: *Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконструктивна интервенција на гради,* содржи 162 страници компјутерски обработен текст, во фонт Times New Roman, со проред 1,5 и големина на буквите 12. Во трудот се цитирани 180 референции од научни трудови, мета-анализи, статии, книги и интернет-ресурси. Трудот е јасно напишан, логично структуриран, технички добро уреден и соодветно документиран со релевантна литература. Содржи апстракт на македонски и англиски јазик, во кои концизно се презентирани предметот на истражувањето, целите, применетата методологија, резултатите и заклучокот. На крајот од апстрактите се наведени клучни зборови кои овозможуваат полесна ориентација кон предметот на истражување.

Главниот текст на докторскиот труд е структуриран во 10 глави: вовед, мотив за изработка на докторскиот труд и хипотеза, цели на докторскиот труд, материјал и методи, статистичка анализа, резултати, дискусија, заклучок, ограничување на студијата со клинички импликации и можни понатамошни истражувања со листа на референци. Дополнително, трудот содржи прилози, ограничувања на студијата и клинички импликации. Текстот е збогатен со 54 табели и 40 графикони. Содржината е систематизирана во точки и потточки, со јасно дефинирани наслови и поднаслови, со што се овозможува лесно следење на материјата обработена во рамките на клиничкото истражување. Презентираниот материјал, како и начинот на неговата обработка, укажуваат на одличната подготвеност на кандидатот и неговото познавање на проблематиката која е предмет на научното истражување.

Првата глава од докторскиот труд претставува вовед во проблематиката и е соодветно структурирана. Таа започнува со податоци за инциденцата на карциномот на дојката на глобално ниво и во Северна Македонија, со осврт на современите трендови во оперативниот третман**.** Кандидатот се осврнува на методите на хируршка реконструкција на дојката, почнувајќи од времето на нејзиното изведување и можностите за непосредна реконструкција со поставување имплант, преку употреба на ткивен експандер кој последователно се заменува со траен имплант,

до реконструкција со користење сопствено ткиво на пациентката, која претставува покомплексна хируршка интервенција. Во продолжение, докторандот ги разгледува видовите анестезија кои се применуваат при реконструкција на дојката, односно општата инхалациона анестезија и тоталната интравенозна анестезија. Посебно внимание е посветено на споредбата на овие две анестезиолошки техники – инхалационата анестезија со севофлуран и тоталната интравенозна анестезија со целно контролирана инфузија, што е особено значајно во контекст на контролата на оперативниот стрес и инфламаторниот одговор на хируршката траума. Следува детално објаснување на техниката на тотална интравенозна анестезија, која може да се спроведува мануелно, со употреба на конвенционални инфузиони пумпи, или со автоматизирани системи за целно контролирана инфузија, базирани на индивидуализирани фармакокинетски модели. Наведени се предностите на примената на тоталната интравенозна анестезија во однос на инхалационата општа анестезија, особено со примената на современите фармакокинетски модели за целно контролирана инфузија. Со развојот на системите за контролирана инфузија и системите за испорака со затворен циклус, значително се подобрени безбедноста и ефикасноста на тоталната интравенозна анестезија. Во понатамошниот текст, докторандот ги наведува индикациите за примена на тотална интравенозна анестезија, како што се малигната хипертермија, синдромот на продолжен QT-интервал, анамнеза за постоперативно гадење и повраќање, минимално инвазивни процедури во оториноларингологијата и торакалната хирургија, пациенти кај кои се очекува тешка интубација/екстубација, одредени неврохируршки процедури, хируршки интервенции при кои се користи неврофизиолошки мониторинг, пациенти со невромускулни нарушувања, потреба од анестезија надвор од операционата сала при радиолошки и ендоскопски процедури, како и примена во дневната хирургија. Во следниот дел, докторандот ја објаснува целно контролираната инфузија како систем на автоматизирана инфузиона пумпа кој овозможува прецизна контрола и испорака на интравенозни лекови, користејќи индивидуализирани фармакокинетски и фармакодинамски модели. Со помош на компјутерски алгоритми за пресметување и администрирање на анестетиците се постигнува и одржува посакуваната концентрација на лекот во плазмата или на местото на дејство. Со вклучување на варијабли специфични за пациентот, како што се возраста, телесната тежина, телесната висина и полот, системите за целно контролирана инфузија овозможуваат индивидуализирање на администрацијата на анестетиците и оптимизирање на длабочината на анестезијата. Почнувајќи од историскиот развој на моделите за целно контролирана инфузија, докторандот го опишува и графички го претставува фармакокинетскиот модел со три компартмани – централен, брзо балансирачки и бавно балансирачки компартман – во рамките на тоталната интравенозна анестезија. Следува опис на фармакокинетските модели за целно контролирана инфузија со најчесто користените интравенозни анестетици, како што се пропофол, фентанил, ремифентанил, алфентанил, суфентанил, мидазолам, кетамин и дексмедетомидин. Притоа, се нагласува дека сè уште нема доволно јасни докази за тоа кој фармакокинетски модел е супериорен или идеален. Во следните подглави, докторандот ги наведува фармакокинетските модели за пропофол, ремифентанил и панацеа при целно контролирана инфузија. Следуваат насоки за примената на тоталната интравенозна анестезија и целно контролираната инфузија, при што се препорачува започнување најпрво со ремифентанил, проследено со пропофол, наместо истовремено започнување на двата лека. Во следната подглава, детално е опишана инхалационата анестезија, со осврт на карактеристиките на современите инхалациони халогенирани анестетици – изофлуран, десфлуран и севофлуран. Во продолжение на воведот, кандидатот го опишува мониторингот на длабочината на анестезијата, со посебен осврт на биспектралниот индекс (BIS) и BIS-XP сензорот со четири електроди, кој обезбедува параметар за проценка на степенот на седација и хипноза кај пациентот.

Втората глава од докторскиот труд е посветена на мотивот за спроведување на истражувањето. Кандидатот нагласува дека главниот мотив произлегува од воведувањето на современата техника на тотална интравенозна анестезија со целно контролирана инфузија, со

соодветен мониторинг на длабочината на анестезијата, во анестезиолошката клиничка практика, како и од можноста за нејзино понатамошно надградување преку автоматизација на системите. Дополнителен мотив за спроведување на истражувањето претставува испитувањето на потенцијалните предности од примената на оваа техника во секојдневната клиничка практика, во споредба со конвенционалната инхалациона анестезија кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката по мастектомија поради карцином на дојката.

Следува хипотезата на ова истражување, каде што кандидатот наведува дека кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката по мастектомија, примената на TCI-TIVA, во споредба со инхалационата анестезија со севофлуран, доведува до помал оперативен стрес и поизразена контрола на инфламаторниот одговор, изразени преку пониски перипоративни вредности на маркерите на инфламација, кортизолот и глукозата, како и до подобри перипоративни хемодинамски параметри и поквалитетно постоперативно опоравување.

Во **третата глава** се наведени **целите** на истражувањето. Примарна цел на истражувањето да се анализираат придобивките од примената на методата TCI-TIVA како екзактна анестезиолошка техника, и тоа преку следење на нивото на маркерите за инфламација (Le, CRP IL6) и нивото на кортизол и глукоза во серум како индиректни маркери за анализа на нивото на оперативен стрес. Докторандот си поставува повеќе секундарни цели на истражувањето: да се опсервираат перипоративните хемодинамски параметри во текот на целата анестезија од вовед, одржување и будење; да се утврди и спореди перипоративното следење на нивото на длабочина на анестезија и квалитетот на опоравување; да се опсервира задоволството на пациентите од анестезија во раниот постоперативен период со користење на прашалникот QoR-40; да се согледа инциденцата на постоперативното гадење и повраќање; да се согледа степенот на постоперативната болка; и да се опсервира должината на болничкиот престој.

Во **четвртата глава** се претставени **материјалот и методот** на ова истражување. Кандидатот јасно и прецизно ги претставува концептот и методологијата на истражувањето, по одобрување од Етичката комисија за клинички истражувања на Медицинскиот факултет во Скопје бр. 03-442/3 од 19.9.2024. Студијата е дизајнирана како проспективна, рандомизирана, моноцентрична, интервенциска клиничка студија, спроведена во период од две години, во соработка на клиниките вклучени во реконструктивниот хируршки и анестезиолошки третман на пациентките. Во истражувањето се опфатени вкупно 100 пациентки, на возраст од 25 до 70 години, со ASA-физички статус I–III, кои биле подложени на реконструктивна хирургија на дојката по претходна мастектомија поради карцином на дојката. Испитаниците биле поделени во две групи според применетата анестезиолошка техника. Испитуваната група опфаќа 55 пациентки кај кои била применета тотална интравенозна анестезија со целно контролирана инфузија (TCI-TIVA), додека контролната група опфаќа 45 пациентки кај кои била применета инхалациона анестезија со севофлуран. Наведени се критериумите за вклучување и исклучување, како и начинот на рандомизација. Предоперативната подготовка и анестезиолошката проценка се спроведувале според однапред дефиниран протокол, со земање анамнеза, физикален преглед, проценка на ASA-статусот, лабораториски и дополнителни дијагностички испитувања. Детално е опишан и перипоративниот мониторинг, кој опфаќал стандардно следење на хемодинамските и респираторните параметри, како и BIS-мониторинг за проценка на длабочината на анестезијата. Кај контролната група дополнително била следена минималната алвеоларна концентрација на севофлуран. Анестезиолошките техники во двете групи се детално опишани, вклучувајќи го начинот на воведување и одржување на анестезијата, применетите интравенозни анестетици, фармакокинетските модели за TCI, целните концентрации, употребата на мускулен релаксант и условите за екстубација. Кај пациентките од TCI-TIVA групата пропофолот и ремифентанилот биле администрирани со целно контролирана инфузија, со прилагодување на концентрациите според BIS индексот и хемодинамските параметри, додека во контролната група анестезијата била одржувана со севофлуран, со

следење на BIS и минималната алвеоларна концентрација (MAC). Во двете групи бил применет стандардизиран начин на интубација и механичка вентилација. Посебно внимание е посветено на следењето на оперативниот стрес и инфламаторниот одговор. Во три временски интервали биле анализирани леукоцитите, CRP и IL-6, како маркери на инфламаторниот одговор, како и кортизолот и глукозата како индиректни показатели на оперативниот стрес. Дополнително, биле следени и параметри на хепаталната функција. Постоперативниот период е систематски следен преку проценка на когнитивното опоравување, времето до екстубација и вербален одговор, кашлицата и агитацијата, користејќи ја Riker Sedation-Agitation Scale. Постоперативната болка била проценувана со визуелна аналогна скала, а квалитетот на опоравувањето 24 часа по операцијата со стандардизираниот QoR-40 прашалник. Методолошкиот дел е детално разработен и обезбедува јасен приказ на текот на истражувањето, применетите анестезиолошки техники, параметрите кои биле следени и временската динамика на нивното мерење. Генерално, методологијата е соодветна на поставените цели на истражувањето и овозможува релевантна компаративна анализа на TCI-TIVA и инхалационата анестезија со севофлуран кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката.

Методот на **статистичка обработка** на податоците е опишан во **петтата глава**. Резултатите биле обработени SPSS software package, version 26.0 for Windows (SPSS, Chicago, IL, USA) и истите се прикажани табеларно и графички. За статистичка значајност користено е ниво на сигнификантност од $p<0,05$.

Во **шестата глава** се претставени добиените **резултати** од истражувањето кои се прикажани табеларно и графички.

Докторандот почнува со демографските карактеристики на пациентите од истражувањето кои се однесуваат на возраст, индексот на телесната маса (BMI) и ASA-класификација. Во истражувањето биле опфатени вкупно 100 пациентки распределени во 2 групи, и тоа: испитана група, во која биле вклучени 55 пациентки кај кои за општа ендотрахеална интубација била применета таргет контролирана инфузија за тотална интравенска анестезија TCI-TIVA; и контролна група, во која биле вклучени 45 пациентки кај кои општата ендотрахеална интубација се одржувала со севофлуран инхалациона анестезија (SIA). Во однос на демографските карактеристики, просечната возраст била 44,8 ± 10,9 години во испитуваната група и 46,4 ± 8,5 години во контролната група, без статистички значајна разлика меѓу групите ($p=0,44$). Исто така, не била утврдена статистички значајна разлика во телесната тежина, телесната висина, индексот на телесната маса во отсуство на масно ткиво (LBM) и BMI. Просечната телесна тежина изнесувала 68,02 ± 13,6 kg во испитуваната и 68,69 ± 8,1 kg во контролната група, телесната висина 166,22 ± 6,6 cm и 166,49 ± 5,4 cm, LBM 47,09 ± 5,2 kg и 47,93 ± 3,3 kg, а BMI 24,65 ± 4,9 и 24,83 ± 3,1 kg/m², соодветно. Овие резултати укажуваат на споредливост на двете групи во однос на основните антропометриски карактеристики. Должината на хоспитализацијата исто така не се разликувала статистички значајно меѓу групите ($p=0,117$). Во TCI-TIVA групата престојот бил од 3 до 9 дена, со медијана од 4 дена (IQR 3–5), додека во SIA-групата бил од 3 до 14 дена, со медијана од 5 дена (IQR 4–6). Во испитуваната група бил регистриран пократок болнички престој, додека подолг престој бил почест во контролната група. Според ASA-класификацијата, повеќе од половина од пациентките во двете групи биле класифицирани како ASA I – 52,73 % во испитуваната група и 55,56 % во контролната група. ASA II бил застапен кај 29,09 % од пациентките во испитуваната група и 26,67 % во контролната група, додека ASA III кај 18,18 % и 17,78 %, соодветно. Не била утврдена статистички значајна разлика во дистрибуцијата на ASA-класите меѓу групите ($p=0,96$).

Во однос на хемодинамските параметри, срцевата фреквенција не се разликувала статистички значајно меѓу групите во ниту една од анализираните временски точки: при вовед во анестезијата ($p=0,10$), по 30 минути ($p=0,84$), по 45 минути ($p=0,99$) и пред будење ($p=0,25$). Во двете групи била забележана постепена редукција на срцевата фреквенција во текот на анестезијата. Во испитуваната група, просечната вредност се намалила од 76,67 ± 12,9 на 68,49 ± 10,4 удари/минута, односно за 10,67 %, додека во контролната група од 81,29 ± 15,2 на 70,89

± 10,4 удари/минута, односно за 12,79 %. Намалувањето било статистички значајно во двете групи (p<0,001), а post-hoc анализата со Bonferroni корекција покажала значајни промени во однос на почетната вредност. Артерискиот крвен притисок на почетокот на анестезијата бил споредлив меѓу двете групи. Систолниот, дијастолниот и средниот артериски притисок не се разликувале статистички значајно при вовед во анестезија (p=0,71, p=0,27 и p=0,61, соодветно). По 30 минути, систолниот крвен притисок повторно не се разликувал значајно меѓу групите (p=0,65). Спротивно на тоа, дијастолниот притисок бил статистички значајно повисок во TCI-TIVA групата (62,74 ± 10,0 vs 57,20 ± 10,2 mmHg; p=0,007), како и средниот артериски притисок (75,93 ± 9,5 vs 71,87 ± 10,09 mmHg; p=0,04). По 45 минути, систолниот притисок повторно не покажал статистички значајна разлика меѓу групите, додека дијастолниот и средниот артериски притисок биле значајно повисоки во TCI-TIVA групата. Дијастолниот притисок изнесувал 60,98 ± 8,9 mmHg во испитуваната наспроти 56,02 ± 9,1 mmHg во контролната група (p=0,007), а средниот артериски притисок 74,33 ± 8,3 наспроти 70,01 ± 9,2 mmHg (p=0,016). Генерално, резултатите покажуваат дека двете групи биле споредливи во однос на основните демографски и клинички карактеристики. Срцевата фреквенција покажала слична динамика во двете групи, со статистички значајно намалување во текот на анестезијата, без значајна разлика меѓу анестезиолошките техники. Кај артерискиот крвен притисок, систолните вредности биле слични, додека дијастолниот и средниот артериски притисок во текот на анестезијата биле повисоки во TCI-TIVA групата.

Во однос на бројот на реконструкции, пациентките од двете групи најчесто имаа една и две реконструкции. Една реконструкција била регистрирана кај 61,54 % од пациентките во TCI-TIVA групата и кај 48,89 % во SIA-групата, додека две реконструкции имале 32,69 % и 40 %, соодветно. Помал процент на пациентки имале три или четири реконструкции, без значајни разлики меѓу групите. Времетраењето на анестезијата не се разликувало статистички значајно меѓу групите (p=0,42). Медијаната на времетраењето изнесувало 109 минути (IQR 80–147) во TCI-TIVA групата и 105 минути (IQR 70–145) во SIA-групата. Времето потребно за губење на свеста, исто така, било нешто подолго во TCI-TIVA групата (129,09 ± 44,9 vs. 117,19 ± 34,0 секунди), но разликата не била статистички значајна (p=0,16). Времетраењето на интубацијата било 235,93 ± 94,2 секунди во TCI-TIVA и 217,39 ± 61,8 секунди во SIA-групата, без статистички значајна разлика (p=0,276). Потрошувачката на ремифентанил не се разликувала значајно меѓу групите. Медијаната на дозата изнесувала 0,1292 μg/kg/min во TCI-TIVA и 0,1182 μg/kg/min во SIA-групата (p=0,11), што укажува на слична потреба од опиоидна аналгезија во текот на анестезијата. Во анализата на имуноинфламаторниот одговор, не биле утврдени статистички значајни разлики меѓу групите во вредностите на леукоцитите, неутрофилите и лимфоцитите во ниту една од следените временски точки. Во двете групи било регистрирано значајно зголемување на бројот на леукоцити во текот на постоперативното следење (p<0,001), што се одвивало со слична динамика. Слично, неутрофилите и лимфоцитите покажале споредливи вредности меѓу групите во T1, T2 и T3. Вредностите на CRP исто така не се разликувале статистички значајно меѓу групите во ниту една временска точка, иако во T3 била забележана тенденција кон повисоки вредности во TCI-TIVA групата (24,4 vs. 17,2 mg/L; p=0,059). Во двете групи било регистрирано значајно зголемување на CRP во текот на следењето (p<0,001). Најзначајна разлика меѓу групите била утврдена во однос на IL-6. Во T1 неговата медијана била статистички значајно повисока во TCI-TIVA групата во споредба со SIA-групата (2,18 vs. 1,5 pg/mg; p=0,003). Во T2 и T3 вредностите останале повисоки во TCI-TIVA групата, но разликите не достигнале статистичка значајност. Во двете групи било регистрирано значајно зголемување на IL-6 во текот на следењето (p<0,001), при што по 24 часа медијаната достигнала 32,42 pg/mg во TCI-TIVA и 23 pg/mg во SIA-групата. И покрај повисоките вредности на IL-6 во TCI-TIVA групата, дистрибуцијата на нормални, намалени и покачени вредности не се разликувала статистички значајно меѓу групите. Во делот на резултатите се анализирани и други параметри со цел да се процени влијанието на двата анестезиолошки пристапи врз стрес-одговорот на организмот, ензимското ослободување, хепаталната функција и раниот постанестетички период. Генерално, резултатите покажуваат

дека двата анестезиолошки протоколи во најголем дел не доведуваат до статистички значајни разлики во биохемиските показатели, што упатува на сличен системски одговор на организмот.

Во однос на стрес-одговорот, серумската гликемија не се разликува значајно меѓу групите по интубација и екстубација, додека 24 часа по операцијата е забележана поголема застапеност на покачени вредности во TCI-TIVA групата. Сепак, просечните вредности на гликемијата не покажуваат статистички значајна разлика. Кај кортизолот, исто така, не е утврдена значајна разлика меѓу групите во ниту една од анализираните временски точки. Иако во двете групи е регистриран очекуван постоперативен пораст на кортизолот, динамиката на промените е слична, што укажува дека типот на анестезија немал значајно влијание врз системскиот хормонален стрес-одговор. Анализата на LDH не покажува статистички значајни разлики меѓу групите во ниту една временска точка, со само гранична вредност по воведувањето во анестезија. Слично, најголем дел од параметрите поврзани со хепаталната функција не покажуваат значајни меѓугрупни разлики. Кај ALT не се забележани статистички значајни разлики ниту во просечните вредности ниту во дистрибуцијата на нормални и покачени вредности. Кај AST е регистрирана статистички значајна разлика по екстубација, со нешто повисоки вредности во TCI-TIVA групата, но без разлика во останатите временски точки. Со оглед на тоа што разликата е изолирана и не се одржува во последователното мерење, овој наод треба да се интерпретира внимателно и без да се извлекуваат поширoки заклучоци за хепатотоксичен ефект на одредената техника. Промените во серумските глобулини, албумините и вкупните протеини се слични во двете групи. Особено се забележува намалување на концентрациите на овие параметри по индукцијата и во раниот постоперативен период, но без статистички значајни разлики меѓу TCI-TIVA и SIA-групата. Овие резултати се во согласност со можноста промените да се поврзани со периоперативните фактори, како инфузиона терапија и хемодилуција, а не со специфичниот тип на анестезија.

Најинтересни разлики се забележуваат во раниот постанестетички период. Кај Riker скалата е утврдена статистички значајна разлика во степенот на агитираност, при што изразена агитираност е регистрирана само во контролната SIA-група. Дополнително, пациентките од TCI-TIVA групата значајно почесто немале кашлица во периодот на будење. Овие наоди можат да укажуваат на поволен профил на будење и поголема толеранција на екстубацијата при примената на TCI-TIVA. Од друга страна, времето до екстубација било значајно подолго во TCI-TIVA групата, што претставува важен наод кој заслужува дискусија, особено во контекст на другите показатели на будењето. Имено, и покрај подолгото време до екстубација, времето потребно за воспоставување вербален одговор било значајно пократко во TCI-TIVA групата. Овој наод е интересен и може да упатува дека времетраењето до екстубација и квалитетот/брзината на когнитивното будење не се целосно паралелни параметри. Ориентацијата во простор и време била подобра во TCI-TIVA групата, но разликите не достигнале статистичка значајност. Во целина, презентираните резултати укажуваат дека примената на TCI-TIVA, во споредба со SIA, не предизвикува значајни разлики во повеќето анализирани биохемиски показатели на стрес, клеточно оштетување и хепатална функција. Разликите што се идентификувани главно се однесуваат на квалитетот и динамиката на раното будење, особено агитираноста, кашлицата и времето до воспоставување вербален одговор. Сепак, за целосна проценка на предностите на едниот во однос на другиот анестезиолошки пристап, овие наоди треба да се интерпретираат заедно со останатите клинички исходи, вклучително и постоперативната болка. Во завршниот дел од резултатите се прикажани значајни разлики меѓу групите во однос на постоперативното гадење и повраќање, интензитетот на болката и квалитетот на постоперативното опоравување. PONV е значајно почесто регистрирано во SIA-групата, додека пациентките кај кои е применет TCI-TIVA имаат значително помала инциденца. Овој наод е клинички релевантен, особено имајќи предвид дека станува збор за популација со повеќе познати ризик-фактори за PONV. Разликата во интензитетот на постоперативната болка е уште поизразена, со значајно понизок VAS скор во TCI-TIVA групата. Овој резултат е во согласност со наодите од QoR-40, каде што TCI-TIVA групата покажува подобри резултати во доменот на болката, како и во повеќе други

домени на постоперативното опоравување. Значајно подобри резултати се забележани за физичкиот комфор, емоционалниот статус и физиолошката поддршка, додека разликата во физичката независност не достигнува статистичка значајност. Вкупниот QoR-40 скор исто така е значајно повисок во TCI-TIVA групата, што претставува еден од поважните клинички наоди во истражувањето.

Во целина, завршните резултати покажуваат конзистентен тренд во корист на TCI-TIVA во однос на повеќе показатели на раното постоперативно закрепнување – помала инциденца на PONV, понизок интензитет на болка и подобар QoR-40 скор. Овие наоди се клинички поважни од дел од претходно прикажаните биохемиски разлики, бидејќи директно се однесуваат на квалитетот на постоперативното опоравување.

Во **седмата глава** е содржана обемната **Дискусија,** каде што кандидатот ги коментира резултатите од сопственото истражување и истовремено ги споредува со објавени резултати од студии од постар и од понов датум, но и со најнови извори во стручната литература што се во контекст на темата. Тоа е направено објективно, непристрасно и строго придржувајќи се кон принципите на научноистражувачка работа базирана на докази. Дискусијата ги опфаќа главните наоди од истражувањето и во најголем дел ги поврзува резултатите со поставените цели на студијата. Особено значајни се наодите во однос на постоперативното гадење и повраќање, интензитетот на постоперативната болка и квалитетот на опоравувањето проценет со QoR-40, при што резултатите во целина укажуваат на подобро постоперативно опоравување кај пациентките кај кои е применета TCI-TIVA во споредба со SIA. Особено внимание заслужува големата разлика во инциденцата на PONV меѓу двете групи. Овој наод е клинички релевантен, но неговата интерпретација треба да ги земе предвид познатите ризик-фактори за PONV, како и евентуалните разлики во профилактичната антиеметичка терапија и употребата на постоперативни опиоиди. Бидејќи овие фактори не биле контролирани или не биле споредливи меѓу групите, тоа е наведено како можно ограничување на студијата. Во однос на QoR-40, прикажувањето на интерната конзистентност на потскалите претставува позитивна страна на анализата. Сепак, релативно пониските вредности на Cronbach’s alpha за домените физички комфор и болка заслужуваат дискусија и претпазливост при интерпретацијата на овие резултати.

Осмата глава од докторскиот труд ги претставува изведените заклучоци од истражувањето. Врз основа на резултатите од спроведеното истражување докторандот **заклучува** дека примената на TCI-TIVA, во споредба со SIA, кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката, е асоцирана со поповолен периоперативен и ранопостоперативен тек. Во однос на интраоперативниот тек, TCI-TIVA овозможила постабилни хемодинамски параметри, со помали осцилации на крвниот притисок и срцевата фреквенција во текот на оперативната интервенција. Овој наод укажува на подобра контрола на анестезиолошките услови при примена на TCI-TIVA во споредба со SIA. Резултатите во однос на имуноинфламаторниот одговор покажале поповолни промени кај пациентките од TCI-TIVA групата во споредба со SIA-групата, што укажува дека изборот на анестезиолошката техника може да има влијание и врз периоперативниот системски одговор на организмот. Овие резултати ја поддржуваат претпоставката дека TCI-TIVA, покрај обезбедувањето соодветни услови за анестезија, може да придонесе кон поповолен физиолошки одговор на хируршкиот стрес. Значајна предност на TCI-TIVA била регистрирана и во раните постоперативни исходи. Инциденцата на постоперативно гадење и повраќање била значајно пониска во TCI-TIVA групата во споредба со SIA-групата. Исто така, интензитетот на постоперативната болка, проценет со скалата за болка, бил значајно помал кај пациентките од TCI-TIVA групата. Проценката на квалитетот на постоперативното опоравување со QoR-40 покажала значајно повисок вкупен скор кај пациентките од TCI-TIVA групата. Подоброто опоравување особено се однесувало на домените физички комфор, емоционален статус и физиолошка поддршка, како и на доменот болка, додека разликата во физичката независност не достигнала статистичка значајност. Овие наоди укажуваат дека разликите меѓу анестезиолошките техники не се ограничуваат само на

интраоперативниот период, туку се рефлектираат и врз квалитетот на раното постоперативно опоравување.

Со оглед на добиените резултати, основната хипотеза на истражувањето е поддржана: примената на TCI-TIVA покажува предност во однос на SIA во поглед на хемодинамската стабилност и одредени показатели на периоперативниот физиолошки одговор, како и во однос на PONV, постоперативната болка и квалитетот на раното постоперативно опоравување. Сепак, овие наоди треба да се интерпретираат во контекст на дизајнот и ограничувањата на студијата. Особено, при проценката на PONV и постоперативната болка треба да се земат предвид потенцијалните влијанија на индивидуалните ризик-фактори, профилактичната антиеметичка терапија и постоперативната аналгезија. Потребни се дополнителни, поголеми и мултицентрични истражувања со стандардизирани периоперативни протоколи за да се потврдат овие наоди и да се утврди клиничката значајност на разликите меѓу TCI-TIVA и SIA.

Во целина, резултатите од ова истражување покажуваат дека TCI-TIVA претставува ефикасна и клинички релевантна анестезиолошка техника кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката, со предности во однос на хемодинамската стабилност, намалувањето на PONV и постоперативната болка и подобрувањето на квалитетот на раното постоперативно опоравување.

Во **деветтата глава** се претставени **ограничувања на студијата** и **клиничките импликации**. Иако резултатите укажуваат на поволни ефекти на TCI-TIVA во споредба со SIA, при интерпретацијата на наодите треба да се земат предвид неколку ограничувања. Проценката на можните конфундирачки фактори како што се познатите ризик-фактори за PONV, особено женски пол, претходна кинетоза, претходна анамнеза за PONV, пушачки статус, употреба на постоперативни опиоиди и примената на профилактичка антиеметичка терапија, секако ќе дадат поцврсти докази. Прикажаната внатрешната конзистентност на QoR-40 потскалите, релативно ниските вредности на Cronbach’s α за домените „физички комфор“и „болка“ бара дополнителна интерпретацијата на овие резултати. Следи приказ на потенцијално значајни **клиничките импликации** кои произлегуваат од добиените резултати бидејќи укажуваат дека TCI-TIVA може да биде поврзана со подобра интраоперативна хемодинамска стабилност, помала инциденца на PONV, помал постоперативен интензитет на болка и подобар квалитет на раното постоперативно опоравување, мерено преку QoR-40. Овие наоди ја поддржуваат примената на TCI-TIVA како една од можностите за индивидуализирање на анестезиолошкиот пристап кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката.

Во **десеттата глава** се претставени **можните понатамошни истражувања** и **користената литература.** Докторандот потенцира дека резултатите не треба да се интерпретираат како доказ дека TCI-TIVA е универзално супериорна во однос на инхалационата анестезија. Нагласува дека се потребни поголеми, проспективни и методолошки добро контролирани студии, со јасно дефинирани протоколи за антиеметичка и аналгетска терапија, стандардизирана употреба на опиоиди и подетална контрола на ризик-факторите за PONV. Дополнително, идните истражувања би можеле да вклучат подолгорочно следење на квалитетот на опоравување, должината на болничкиот престој, потрошувачката на аналгетици и антиеметици, како и економските аспекти на примената на TCI-TIVA.

На крајот од ова поглавје е приложена литература, која што е обемно претставена со 180 референци. Таа е прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди. Изборот на референците е соодветен и опфаќа како базични, така и современи клинички публикации од областа, меѓу кои има голем број публикации од понов датум.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Алберт Леши, со наслов: *Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконструктивна интервенција на гради,* претставува оригинално научно истражување со добро дефинирана методологија, валидни статистички постапки и јасно интерпретирани резултати. Податоците се конзистентни

со поставените цели и хипотеза, а научните придонеси се релевантни за современата анестезиологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги унапреди и прошири знаењата за примената на анестезиолошки техники кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката, со цел за поповолен периоперативен и ранопостоперативен тек. Од научното истражување во оваа докторска дисертација произлегуваат препораки за примена на тотална интравенозна анестезија со таргет контролирана инфузија која претставува ефикасна и клинички релевантна анестезиолошка техника кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојка.

Докторскиот труд на кандидатот д-р Алберт Леши со наслов: *Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконструктивна интервенција на гради,* според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Lleshi A.,** Brzanov-Gavrilovska A, Angjushev D, Ognjanova V, Trposka A, Mladenovska Cvetkova M. A comparative analysis between TIVA-TCI ans sevoflurane inhalational anesthesia -a pilot study. Macedonian Journal of Anaesthesia, Vol 8, N 3, September 2024: 16-25

2. **Lleshi A.**, Brzanov Gavrilovska A, Kiprijanovska B, Ognjanova V, Trposka A, Mladenovska Cvetkova M. Advanatges of target control infusion – total intravenous anesthesia VS sevoflurane inhalational anesthesia in controlling surgery –related stress response. Macedonian Journal of Anaesthesia, Vol 8, N 3, September 2024:45-57

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По внимателно разгледување и анализа на докторскиот труд со наслов: *Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконструктивна интервенција на гради,* Комисијата оценува дека докторскиот труд од кандидатот д-р Алберт Леши претставува самостоен научноистражувачки труд, во кој се јасно дефинирани целите и се добиени релевантни резултати кои имаат апликативна вредност.

Научниот придонес од ова истражување е доказот дека примената на тотална интравенозна анестезија со таргет контролирана инфузија покажува предност во однос на севофлуран инхалационата анестезија кај пациентки подложени на реконструктивна хирургија на дојката.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд од кандидатот д-р Алберт Леши со наслов: *Споредба на ефектите на целно контролирана тотална интравенска анестезија при реконтруктивна интервенција на гради.*

КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, с.р.
Проф. д-р Андријан Карталов, ментор, с.р.
Проф. д-р Биљана Кузмановска, член, с.р.
Проф. д-р Марија Јовановски Срцева, член, с.р.
Проф. д-р Јасминка Нанчева, член, с.р.

Прилоī бр. 5

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1.Магистерски трудови

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Елена Станчева Давидовска	„Контрола и превенција на врсничкото насилство кај адолесцентите“	"Control and prevention of bullying among adolescents"	Проф.д-р Фимка Тозија	09-4630/83 06.08.2026год.

До
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА
МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 38 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник број 411 од 5 ноември 2018 година, како кандидат во постапката за избор на еден наставник во сите наставно-научни по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија, по конкурсот објавен на 26.05.2026 година го доставувам следниот

П Р И Г О В О Р

на Извештајот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија, на Медицинскиот факултет во Скопје објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1358, од 15 август 2026 година

Во врска со одлуката на рецензентската комисија за предлогот за избор во наставно-научно звање по предметите од научните области: Хирургија / Клиничко-болничка и општа здравствена нега / Трауматологија според конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 26.05.2026 година за избор во наставно-научни и научни звања и асистенти-докторанди на Медицинскиот факултет во Скопје, го доставувам следниот приговор.

Јас, како еден од двајцата пријавени кандидати на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.5.2026, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија, го поднесувам овој приговор против Извештајот на Рецензентска комисија во состав: д-р Симон Трпески, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Христијан Костов, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Оливер Станков, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје. Извештајот е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1358, од 15 август 2026 година (стр. 238-269).

Во Извештајот Рецензионата Комисија утврдила дека според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достигнувањата на кандидатите се:

- Науч. сов. д-р Катерина Касапинова = **1623 бодови**
- Асс.д-р Небојша Настов = **635 бодови**

При тоа, Рецензионата комисија во Заклучокот на Извештајот навела дека:

„Врз основа на целокупната доставена документација, како и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на двата пријавени кандидата: н.сов. д-р Катерина Касапинова и ас. д-р Небојша Настов.“

Потоа, Комисијата заклучува дека н. сов. д-р Катерина Касапинова и ас. д-р Небојша Настов поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во наставно-научно звање по предметите

од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија.

На крајот, Рецензентската комисија дава предлог кандидатот Асс. Д-р Небојша Настов кој има освоено значително понизок број на бодови, односно само 635 бода, да биде предложен за избор во наставно-научно звање доцент, а не н. сов. д-р Катерина Касапинова која има освоено повеќе од два и пол пати поголем број на бодови, односно 1623 бода. Комисијата со ниту еден збор не образлага врз основа на што го дала својот предлог, односно зошто се одлучила да го поддржи значително послабо рангираниот кандидат, а не кандидатот кој има супериорно рангирање во однос на предложениот.

При тоа, вреди да се напомене дека науч.сов. д-р Катерина Касапинова има објавено трудови со импакт фактор кои се ЦИТИРАНИ 246 ПАТИ до 16.08.2026 со h-index 8, наспроти кандидатот кој го предложува за избор (Д-р Небојша Настов) кој нема НИТУ ЕДНО ЦИТИРАЊЕ на објавените трудови и има h-index 0. Исто така, науч.сов. д-р Катерина Касапинова е поканета како резензент на трудови во реномирани научни светски списанија со импакт фактор, наспроти кандидатот кој го предложува за избор (Д-р Небојша Настов) кој нема слична дејност.

Во прилог ја доставувам споредба на најзначајните делови од Научно- истражувачката дејност на двата кандидати, на која е неспорна супериорноста на кандидатката Науч.сов. д-р Катерина Касапинова:

1. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago: **Науч.сов. д-р Катерина Касапинова – 7 труда (158,13 поени), а Асс. д-р Небојша Настов – 2 труда (11,95 поени).**
2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: **Науч.сов. д-р Катерина Касапинова – 26 труда (101 поени), а Асс. д-р Небојша Настов – 7 труда (23 поени).**

Во поглед на професионалните референци за избор во звање, Рецензентската комисија утврдила дека Науч.сов. д-р Катерина Касапинова има далеку повисок број на поени од Асс. д-р Небојша Настов во секоја од четирите категории (наставно-образовна дејност, научно истражувачка дејност, стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес):

	Науч.сов. д-р Катерина Касапинова	Асс. д-р Небојша Настов
Цитирања (Citations)	**246**	**0**
Research Interest Score	**1051**	**0.1**
h-index	**8**	**0**
Трудови со Impact factor	7	2
Трудови во PubMed	12	1
Вкупно рецензирани научни трудови	34	9
Рецензент во индексирани списанија	12	0
Професионални референци за избор во звање		
Наставно-образовна дејност	979,02	345,98
Научноистражувачка дејност	341,43	70,95
Стручно-применувачка дејност	265,5	193
Дејности од поширок интерес	38	25,5
	1623,95	**635,43**

Рецензентската комисија морала да образложи според кои критериуми проценила дека кандидатот Асс.д-р Небојша Настов треба да биде предложен за избор во звање доцент, наместо мене, кога евидентна е разликата во бодовите кои ја оценуваат севкупната активност,

т.е. предложениот кандидат има неколкукратно помалку поени од моите во секоја категорија. Дополнително, треба и да се земе во предвид дека предложениот кандидат има многу пократок стаж како доктор на науки. Образложението е нужно, за да се согледа причината поради која Рецензентската комисија се определила да го предложи кандидатот кој е неколкукратно послабо оценет во секоја од релевантните категории. Тоа е суштината на Конкурсот за прием на лица во наставно-научни звања и тоа е суштината на бодувањето на професионалните референци на кандидатите.

Дали комисијата свесно и неетички со ваквиот предлог за избор во научно-наставно звање придонесува за континуираниот пад на квалитетот на нашиот универзитет ,,Св.Кирил и Методиј”, Скопје, и го руши неговиот рејтинг на светските листи на универзитети. Како комисија е должна да придонесува за развој на научната и едукативната дејност на Медицинскиот факултет во Скопје избирајќи докажан научник со меѓународен кредибилитет. Вакво одлучување е поразително за секој научник и академски граѓанин на Македонија.

Со почит,
Науч.сов. д-р Катерина Касапинова

Скопје, 18.08.2026

До
Наставно-научниот совет
на Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет: Одговор на Приговор поднесен од страна на н. сов. д-р Катерина Касапинова, во врска со Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здрвствена нега и трауматологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1358 од 15.8.2026 година

Во врска со Приговорот на Рефератот на Рецензентската комисија доставен од н. сов. д-р Катерина Касапинова, членовите на Рецензентската комисија, проф. д-р Симон Трпески, проф. д-р Христијан Костов и проф. д-р Оливер Станков, го разгледаа Приговорот и го даваат следниов

О Д Г О В О Р

Кандидатите кои се пријавија на конкурсот се: н. сов. д-р Катерина Касапинова и ас. д-р Небојша Настов. Согласно со Заклучокот на Рефератот, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1358 од 15.8.2026 година, Рецензентската комисија наведе дека двајцата пријавени кандидати поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во наставно-научно звање. Рецензентската комисија му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот, ас. д-р Небојша Настов да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија.

Во поглед на наводот на Приговорот кој се однесува на висината на бодовите на кандидатите, Рецензентската комисија потврдува дека двајцата пријавени кандидати се бодувани врз основа на доставената документација на конкурсот. Двајцата кандидати ги исполнуваат посебните услови од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во однос на минималниот број поени кои треба да ги оствари кандидатот за да може да биде предложен и избран во наставно-научно звање.

Рецензентската комисија истакнува дека во текот на изготвувањето на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија, во целост се придржуваше до сите одредби предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5.11.2018 и бр. 426 од 3.7.2019).

Во согласност со горенаведеното, Рецензентската комисија го потврдува ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага ас. д-р Небојша Настов да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и трауматологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Симон Трпески, с.р.
Проф. д-р Христијан Костов, с.р.
Проф. д-р Оливер Станков, с.р.

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
ДО: НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
ПРЕДМЕТ: ПРИГОВОР НА ОБЈАВЕН РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА 7 АСИСТЕНТИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ОБЈАВЕН ВО БИЛТЕН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ БР. 1358 ОД 15.8.2026
ОД: Д-Р СЛАВЧЕ ТОДОРОВСКИ, СО ЖИВЕАЛИШТЕ НА УЛ. ПЕТРЕ М.АНДРЕЕВСКИ 10/1 – СКОПЈЕ, ЗАСТАПУВАН ПРЕКУ ПОЛНОМОШНИК АДВОКАТ БЛАЖЕ КРЧИНСКИ АДВОКАТ ОД СКОПЈЕ УЛ. РАЈКО ЖИНЗИФОВ БР.49А.

Почитувани членови на Наставно-научниот совет,

Во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавувањето на рефератот во Билтенот на Универзитетот бр.1358 од 15.08.2026 год., го поднесуваме овој **ПРИГОВОР** на предлогот на Рецензентската комисија за избор на кандидати на распишаниот конкурс за избор на 7 асистенти од областа интерна медицина.

Сметаме дека Рецензентската комисија при носење на погоренаведениот реферат и заклучокот со предлог за избор на 7 асистени од областа интерна медицина, сторила суштествени повреди на одердбите од Законот за високо образование и на Правилникот за избор во звања, бидејќи при евалуацијата не ги земала во предвид објективните критериуми и мерит-системот. Комисијата дала предност и предложила кандидати кој имаат **понизок просечен успех, помалку работен стаж и стаж како специјалисти и немаат запишано трет циклус на докторски студии**, со што погрешно е применето мартеријалното право и кандидатот Д-р.Славче Тодоровски е неправилно бодуван – односно не е предложен за избор во звање за предметната позиција асистент.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Медицинскиот Факултет Скопје распишал конкурс за избор на 7 асистенти во наставно-научната област интерна медицина кој конкурс бил објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 26.5.2026 година. По завршување на рокот за аплицирање, Медицинскиот факултет донел Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3875/9, од ден 22.6.2026 година, со која формирал Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Бети Тодоровска, доц. д-р Маја Бојаџиоска и доц. д-р Ирина Ангеловска.

Рецензентската комисија изготвила извештај на објавениот конкурс за избор на асистенти во наставно-научната област интерна медицина, во кој што извештај утврдил дека во предвидениот рок се пријавиле следните кандидати: д-р Моника Тушевска Митковска, д-р Сабир Сулејман, д-р Ардиан Мемети, д-р Марија Тошевска Стефаноска, д-р Мими Силјановска, д-р Рабије Мустафа, д-р Матеј Отљански, д-р Александра Гулевска Вучиниќ, д-р Владимир Ристовски, д-р Славче Тодоровски, д-р Ардиан Ферати, д-р Томислав Коњановски, д-р Иле Кузмановски, д-р Нита Зеќири, д-р Мерве Пурде, д-р Радмила Милошевска, д-р Елена Матеска, д-р Леонид Рамов, д-р Елена Цветиновска, д-р Илина Хамамџиева и д-р Билјана Петреска Зовиќ.

Видно од доставениот реферат повеќето, поточно 20 кандидати ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени во Законот за високо образование како и во Правилникот за избор во звања.

Иако рецензентската комисија позитивно ги оценила сите кандидати сепак предложила 7, меѓу кои не е предложен и подносителот на овој приговор Д-р. Славче Тодоровски. Анализирајќи ги биографиите како и законските услови и критериуми за избор во асистент очигледно е дека не е постапено согласно позитивните законски норми и начелата од правилникот, како и основните постулати на кои почива акдемската заедница.

Имајќи во предвид дека во конкретниот случај станува збор за избор на асистенти од кои понатаму ќе произлезат идните професори и академици, овој процес

на селекција е клучен да се изберат најдобрите кандидати кои имаат широк спектар на знаења и вештини, кои отскокнуваат од останатите во својата средина по сите параметри, а најповеќе по своето знаење и практично искуство.

Рецензентската комисија морала да ги согледа кандидатите низ призмата на **академските стандарди за избор во наставно-научни или соработнички звања** на Медицинскиот факултет, поточно да го цени **нивото на стручна подготовка, научна дејност и трудови, запишан трет циклус студии, успех на интегрираните студии и познавање странски јазици**.

Кандидатот Д-р Славче Тодоровски има просечен успех на додипломски студии од 9.82, што го прави еден од кандидатите со највисок просек пријавени на конкурсот. Иако просекот е општ услов сепак тој е многу важен бидејќи истиот преставува примарен законски индикатор за теоретската подготвеност на кандидатот за соработничкото звање. Воедно истиот има 17 години работен стаж како доктор по медицина од кои повеќе од 6,5 години како специјалист кардиолог, а повеќе од 5 години работи на Клиниката за Кардиологија како специјалист кардиолог. Истиот за разлика од повеќето избрани кандидати учествува како **едукатор на специјализанти** на Универзитетската клиника за кардиологија, со што има и практично искуство со предавање и пренесување на своето стекнато знаење. Ваквиот факт комисијата не го имала во предвид при носењето на предлогот. Исто така сакаме да го нагласиме и фактот дека при дадениот предлог за избор во звање, рецензентската комисија требало да ја цени околноста каде работат кандидатите и каде го применуваат своето знаење, бидејќи постои суштествена разлика помеѓу практицирање на медицина во секундарна и во терциерна здравствена установа. Стекнатото искуство и можност да се пренесат стекнатите вештини и знаења во терциерна здравствена установа не може да се спореди со секундарното здравство, па се поставува прашање како некои од предложените кандидати имаат предимство пред кандидатите кои работат на клиниките. Базата на кадарот на Медицинскиот факултет отсекогаш извирал од клиничките болници бидејќи неспоредливо е искуството, знаењата и вештините кои таму се стекнуваат, а особено степенот на тежина на состојбите со кои доаѓаат пациентите, па оправдано се поставува прашањето какви вештини и знаење може да им се пренесе на студентите во институции од секундарно здравство споредбено со институции од терциерното здравство.

Исто така сакаме да укажеме дека кандидатот Д-р. Славче Тодоровски е автор или коавтор на 9 трудови во меѓународни списанија и зборници на научни настани и е еден од кандидатите запишан на трет циклус на докторски студии на Медицинскиот факултет каде досега ги има положено предвидените испити. Овој критериум не е елиминаторен но секако треба да е динстиктивен и да прави осетна разлика помеѓу пријавените кандидати за позицијата асистент.

По сите споредбени објективни критериуми кој се реално мерливи и лесни за споредба може да се забележи дека подоносителот на приговорот Славче Тодоровски не само што ги исполнува основните и посебните услови согласно законот, туку е еден од најкомплетните и најсоодветни кандидати за позицијата за која аплицирал. Истиот по секој параметар отстапува од повеќето предложени кандидати, поседува богато клиничко искуство, објавени трудови, врши едукација на специјализанти, е докторанд на медицинскиот факултет и е покомплетен кандидат од повеќето од предложените кандидати на овој оглас.

Иако комисијата има дискрециono право да дава предлог на кандидати, сепак предлогот треба да се базира на објективни критериуми. Доколку комисијата ги ценела објективните критериуми кои се лесно мерливи ќе се види дека кандидатот Д-р Славче Тодоровски би требало да биде предложен за избор за асистент. Комисијата во заклучокот нема дадено детално образложение зошто ги предложила 7-те кандидати од рефератот и кои се критериумите по кои се издвојуваат во однос на останатите кандидати од конкурсот.

Врз основа на горенаведеното му предлагаме на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет Скопје, внимателно да го разгледа поднесениот приговор и истиот да го усвои.

Во Скопје,
21.08.2026

Полномошник:
год.

АДВОКАТ БЛАЖЕ КРЧИНСКИ

ул. Рајко Жинзифов бр. 49А Скопје
телефони - раб: 3/246-350; моб: 075/355-120

П О Л Н О М О Ш Н О

Јас долупотпишаниот СЛАВЧЕ ТОДОРОВСКИ
ГО ОВЛАСТУВАМ БЛАЖЕ КРЧИНСКИ АДВОКАТ ОД СКОПЈЕ ДА МЕ ЗАСТАПУВА во постапката ПО ПРИГОВОР НА РЕШЕНИЕТ ЗА УПИС НА ДОЦЕНТ **што се води пред** МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ - НАСТАВНО НАУЧЕН СОВЕТ

Адвокатот го овластувам да ме застапува во сите мои правни дела, согласно одредбите за полномошници според Законот за парнична постапка, согласно одредбите за полномошници според Законот за општа управна постапка, согласно одредбите за полномошно според Законот за облигационите односи.

Го овластувам адвокатот да ги врши сите дејствија во постапката, а особено да поднесе тужба, да склучи судска или вонсудска спогодба, да поднесе редовен или вонреден правен лек, да се одрече или откаже од него, како и да бара издавање на привремени мерки за обезбедување на побарување .

Од противната странка да ги прима досудените трошоци, да поднесе предлогот за повторување на постапката. Да ги застапува моите интереси пред сите судови во Република Северна Македонија пред сите органи на управа и извршната власт, пред организации како и пред сите физички и правни лица.

Адвокатот е овластен кај Извршител на Р.М. да поведе постапка за извршување, да ги превземе сите потребни дејствија согласно Законот за извршување, да поднесе барање за извршување и извршувањето да се спроведе и средствата пренесат на начин опишан во истото.

Адвокатото е овластен да ги превзема сите дејствија во постапката за приватизација што се води пред надлежно Министерство за Финансии, Управа за имотно правни работи.

Адвокатот е овластен да ги превзема сите дејствија пред УЈП, АКН на Р.С.М за упис на недвижност по пресуда и секаде каде што ќе биде потребно. За издавање на извод од сметка од Централен депозитар за хартии од вредност, постапка за издавање на изводи, упишување на смрт и пресуди за развод во Управа за водење на матични книги, Вадење на потврди од УЈП, Царинска Управа на РСМ, упис на пресуда за развод на брак во управа за водење на матични книги, АД за стопанисување со стамбен и деловен простор, Централен депозитар за хартии од вредност и други институции.

Прифаќам да ги сносам сите трошоци за сторените услуги од страна на адвокатот и да ги надоместам спрема АТ на АК на Р.С.Македонија.

По своја слободна волја изјавувам дека нема да го отповикам ова полномошно се до конечното завршување на процесната постапка или друга постапка и извршувањето по неа.

Со потпишувањето на ова Полномошно, Властодавателот изјавува и гарантира:

- Податоците и писмената кои се даваат на Адвокатот, без оглед на тоа дали истите се дадени во оригинал, заверен препис или фотокопија се точни и вистинити, а Адвокатот е должен да ги прими таквите писмена во секое време од Властодавателот и не е должен да испитува ниту одговара за нивното потекло, содржината и веродостојноста;
- Благовремено да го известува Адвокатот во случај на промена на доставените информации за времетраење на постапката;
- Согласен сум моите лични податоци доставени до Адвокатот да бидат регистрирани, обработувани и ажурирани за потребите на Адвокатот, а согласно прописите за заштита на лични податоци;
- Согласен сум Адвокатот да го задржи правото да побара и други податоци за цели на воспоставениот деловен однос;
- Согласен сум Адвокатот да го задржи правото да го прекине деловниот однос во секое време;
- Адвокатот е овластен, по потреба, да даде и заменичко Полномошно на друг колега Адвокат, Стручен Соработник и Адвокатски Приправник;
- Ова Полномошно има важност се до завршување на целокупната постапка;
- Согласен сум наградата на Адвокатот да се исплати по тарифа со важност на денот на исплатата на истата;
- Сите судски такси и други оправдани трошоци за постапката се на товар на Властодавателот.

Во Скопје

_____

Полномошното го дава :

_____

До
Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Предмет: ОДГОВОР НА ПРИГОВОР НА РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА 7 АСИСТЕНТИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, доставен од д-р Славче Тодоровски

Почитувани,

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.5.2026 година, за избор на 7 асистенти во наставно-научната област интерна медицина, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3875/9, донесена на 22.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Бети Тодоровска, доц. д-р Маја Бојациоска и доц. д-р Ирина Ангеловска, сите од Катедрата за интерна медицина на Медицинскиот факултет, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На објавениот конкурс за избор на асистенти во наставно-научната област интерна медицина, во предвидениот рок се пријавија: д-р Моника Тушевска Митковска, д-р Сабир Сулејман, д-р Ардиан Мемети, д-р Марија Тошевска Стефаноска, д-р Мими Силјановска, д-р Рабије Мустафа, д-р Матеј Отљански, д-р Александра Гулевска Вучиниќ, д-р Владимир Ристовски, д-р Славче Тодоровски, д-р Ардиан Ферати, д-р Томислав Коњановски, д-р Иле Кузмановски, д-р Нита Зеќири, д-р Мерве Пурде, д-р Радмила Милошевска, д-р Елена Матеска, д-р Леонид Рамов, д-р Елена Цветиновска, д-р Илина Хамамџиева и д-р Билјана Петреска Зовиќ.

Рецензентската комисија изготви извештај со оцена на исполнетоста на општите услови согласно со Законот за високото образование и посебните услови согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, преку вреднување на активностите на кандидатите во научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес.

Во заклучокот, Комисијата констатира дека само кандидатката д-р Нита Зеќири не ги исполнува потребните критериуми според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, додека останатите наведени кандидати: д-р Моника Тушевска Митковска, д-р Сабир Сулејман, д-р Ардиан Мемети, д-р Марија Тошевска Стефаноска, д-р Мими Силјановска, д-р Рабије Мустафа, д-р Матеј Отљански, д-р Александра Гулевска Вучиниќ, д-р Владимир Ристовски, д-р Славче Тодоровски, д-р Ардиан Ферати, д-р Томислав Коњановски, д-р Иле Кузмановски, д-р Мерве Пурде, д-р Радмила Милошевска, д-р Елена Матеска, д-р Леонид Рамов, д-р Елена Цветиновска, д-р Илина Хамамџиева и д-р Билјана Петреска Зовиќ, ги поседуваат потребните научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент во наставно-научната област интерна медицина.

Комисијата останува на предлогот даден во заклучокот на рефератот, во кој му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатите: д-р Марија Тошевска Стефаноска, д-р Рабије Мустафа, д-р Александра Гулевска Вучиниќ, д-р Владимир Ристовски, д-р Елена Матеска, д-р Илина Хамамџиева и д-р Билјана Петреска Зовиќ, за прв пат да бидат избрани во звањето асистент во наставно-научната област интерна медицина. Рефератот за избор на 7 асистенти во наставно-научната област интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1358 од 15.8.2026 год.

На 21.8.2026 год., до архивата на Медицинскиот факултет (арх. бр. 02-4945/1), поднесен е приговор по рефератот за избор на 7 асистенти во наставно-научната област интерна медицина од кандидатот д-р Славче Тодоровски.

По добивањето на Приговорот, Рецензентската комисија го разгледа и заклучи дека наводите во Приговорот се неосновани, од следните причини:

При утврдувањето на предлогот за избор, Комисијата констатира дека поголем број кандидати ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени со прописите за избор во звањето асистент. Самото исполнување на пропишаните услови претставува предуслов за учество во постапката за избор, но не значи автоматско право на избор.

Имајќи го предвид фактот дека бројот на кандидати кои ги исполнуваат условите бил поголем од бројот на асистентски места предвидени со конкурсот, Рецензентската комисија изврши стручна и целокупна проценка на кандидатите и во рамките на своите овластувања и одговорност во постапката, предложи седум кандидати за избор.

При донесувањето на предлогот, Комисијата ја имаше предвид целокупната документација доставена од кандидатите, како и нивната стручна подготовка, досегашен професионален и академски развој, интерес и насоченост во соодветната наставно-научна област, како и други релевантни околности од значење за вршењето на асистентската функција.

Комисијата не го оспорува фактот дека д-р Славче Тодоровски има висок просечен успех, професионално и клиничко искуство, како и научни и академски активности. Овие околности биле содржани во доставената документација и биле земени предвид при разгледувањето на неговата кандидатура.

Меѓутоа, во конкретната постапка не е предвиден бодовен систем врз основа на кој кандидатите би се рангирале исклучиво според однапред утврдена нумеричка вредност на просечниот успех, работниот стаж, бројот на научни трудови или други поединечни параметри. Оттука, ниту еден од наведените критериуми самостојно не може да претставува единствен и одлучувачки основ за избор.

Предлогот на Рецензентската комисија е резултат на целокупна стручна проценка и компаративно согледување на сите кандидати кои ги исполнувале условите за избор, во контекст на потребите на наставно-научната област интерна медицина и обврските што произлегуваат од асистентската функција.

Рецензентската комисија истакнува дека во текот на изготвувањето на рефератот, во целост се придржуваше до сите одредби предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови, критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5.11.2018 и бр. 426 од 3.7.2019).

Согласно со горенаведеното, Рецензентската комисија останува на својот предлог содржан во објавениот реферат за избор на 7 асистенти во наставно-научната област интерна медицина.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Бети Тодоровска, с.р.
Доц. д-р Маја Бојациоска, с.р.
Доц. д-р Ирина Ангеловска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПОЗИТИВНОПРАВНИТЕ ПРОПИСИ И ПРАКТИКАТА“ ОД М-Р ДРИТАН ДАУТИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 3.7.2026 година, по предлог на Советот за докторски студии по деловно право, формира Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд на **кандидатот м-р Дритан Даути,** со наслов: **Договор за осигурување во позитивноправните прописи и практиката,** во состав: проф. д-р Димитар Гелев, проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Александар Климовски (ментор), проф. д-р Дарко Спасевски и проф. д-р Биљана Петревска.

Комисијата, во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот докторски труд и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Приказ на докторскиот труд

Докторскиот труд на кандидатот **Дритан Даути,** со наслов: **Договор за осигурување во позитивноправните прописи и практиката,** е изработен на вкупно 349 страници, во фонт Times New Roman, со проред 1,5 и големина на букви 12. Трудот содржи над 400 фусноти и над 200 библиографски единици, меѓу кои: директиви на Европската Унија во областа на осигурувањето (Директивата Солвентност II — 2009/138/ЕЗ, Директивата за дистрибуција на осигурување — 2016/97 и други), Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија, како темел на регулацијата на договорот за осигурување, Законот за супервизија на осигурување, поголем број подзаконски акти и годишни извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), националните закони на земјите од регионот, како и книги, публикации, статии, студии и извори што содржат официјална статистика и релевантни податоци. Материјата е распоредена во шест глави, проследени со заклучни согледувања и препораки, при што секоја глава е разработена во точки и потточки што овозможуваат прегледно и систематично следење на изложувањето.

Во поглед на содржината, докторската дисертација е структурирана во вовед и шест глави, вклучувајќи и заклучок со препораки.

Изворите се систематизирани и опфаќаат примарни извори (директиви на ЕУ, домашни и странски закони и подзаконски акти, судска пракса и регулаторни извештаи) и секундарни извори (домашна и странска научна литература, монографии, статии и статистички податоци), што обезбедува сеопфатна и веродостојна основа за анализата.

По воведните напомени, следува **првата глава** со наслов: **Вовед и теориска рамка**, во која кандидатот ги определува предметот, значењето, целите, истражувачките прашања и хипотезите на истражувањето, а потоа ги разработува и концептуалните основи на осигурувањето. Дадени се економската, правната и техничката дефиниција на осигурувањето и неговите основни начела – мутуалност, солидарност, закон на големите броеви и диверзификација на ризикот. Кандидатот ја определува правната природа на договорот за осигурување како двостран, товарен, алеаторен и формален договор со највисока добра волја (uberrima fides), кој во современите услови типично се јавува како атхезионен договор, и го разграничува осигурувањето од сродните институции. Во посебни потточки, дадени се функциите на осигурувањето, класификацијата на осигурувањето во 23 класи (19 неживотни и 4 животни), усогласена со ЕУ, како и историскиот развој на осигурувањето, вклучително и развојот на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија.

Во оваа глава, кандидатот ги определува и клучните елементи на осигурувањето како: ризикот, премијата, осигурената сума, осигурителниот фонд и обесштетувањето, исто така ја разработува договорната природа на осигурувањето, укажувајќи дека токму атхезиониот карактер на договорот, во кој осигурителот едностранo го подготвува целиот договорен текст, ја наметнува потребата од засилена законска и судска заштита на послабата договорна страна.

Втората глава, Договор за осигурување во македонското право, е посветена на анализата на договорот за осигурување во Глава XXX од Законот за облигационите односи (членови 953–1015). Кандидатот ја анализира дефиницијата од член 953 и укажува дека таа, потпирајќи се врз начелата на заемност и солидарност, во голема мера е застарена, во споредба со современите европски решенија. Детално се обработени страните во осигурителниот однос (осигурителот, договарачот, осигуреникот и корисникот), осигуреният настан и осигурителниот интерес, формирањето на договорот, премијата и нејзините последици, траењето и престанокот на договорот, како и обврските пред и по настанувањето на осигуреният случај. Посебно се разгледани имотното осигурување (начелото на обесштетување од член 976, надосигурувањето, подосигурувањето, повеќекратното осигурување и суброгацијата) и животното осигурување (исплата на договорена сума, право на откуп и аванс, определување на корисник). Клучен наод на оваа глава е дека ЗОО обезбедува солидна општа рамка, но дека посебните услови за одделните видови осигурување остануваат препуштени на друштвата за осигурување, без задолжителна регулаторна контрола.

Во оваа глава, кандидатот ги анализира и одделните видови осигурување и укажува на нееднаквиот степен на нивната законска разработка. Задолжителното осигурување од автомобилска одговорност, кое доминира во структурата на премиите, е поврзано со системот на зелена карта и со правото на директно барање на третите оштетени лица, додека имотните осигурувања (пожар, транспорт, осигурување од кражба), осигурувањето од одговорност и осигурувањата поврзани со современите ризици остануваат уредени претежно преку општите одредби на ЗОО и преку условите на осигурителните компании. Посебно се анализирани предоговорните должности на страните и последиците од прикривање или искривување на битни факти, при што кандидатот укажува на потребата од посовремено нормирање на овие прашања.

Третата глава, Супервизија и регулатива на пазарот на осигурување, ја анализира институционалната и прудентната рамка на осигурителниот пазар. Кандидатот го обработува Законот за супервизија на осигурување, улогата и надлежностите на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) како независно регулаторно тело, минималните капитални барања, системот на технички резерви (резерва за премија, резерва за штети, резерва за изедначување на ризици и математичка резерва) и режимот на солвентност. Во посебна секција е направена детална споредба на македонскиот режим со Директивата Солвентност II — тристолбната структура, и тоа: Solvency Capital Requirement (SCR), Minimum Capital Requirement (MCR) и Own Risk and Solvency Assessment (ORSA), со тоа што е утврдено дека имплементацијата е делумна. Глава три ги анализира и празнините во заштитата на потрошувачите: отсуство на период на размислување, на стандардизиран документ со информации за производот (IPID), на осигурителен омбудсман и на јасни рокови за обработка на штети.

Во оваа глава, кандидатот ги обработува и организацијата и надлежностите на Агенцијата за супервизија на осигурување, како што се издавањето и одземањето лиценци, утврдувањето на минималните капитални барања (со повисоки прагови за животно осигурување и за реосигурување) и превентивните, корективните и итните мерки, вклучително назначувањето привремена управа и постапката за ликвидација. Анализирана е и дистрибуцијата на осигурувањето, преку друштвата за застапување, осигурителните брокери, банкоосигурувањето и директната продажба, при што кандидатот утврдува дека обврските за информирање и за проценка на потребите на клиентот не се уредени со степенот на детализација што го воведе европската регулатива. Заклучокот на главата е дека надзорот сè уште е претежно формален, наместо заснован на ризик.

Четвртата глава, Компаративна анализа — правни системи во регионот, спроведува систематска споредбеноправна анализа на регулацијата на договорот за осигурување во земјите од регионот како што се: Република Србија, Република Хрватска, Република Албанија, Република Косово и Република Црна Гора. Применувајќи го функционалниот метод, кандидатот ги анализира заедничкото правно наследство од поранешната СФРЈ и различните патеки на развој по осамостојувањето, при што Хрватска (како членка на ЕУ) се издвојува како најнапреден модел, додека Албанија (со уредување во Граѓанскиот кодекс) и Косово како системи со послабо развиени пазари и капацитети. Во посебна секција детално се анализира процесот на либерализација на осигурителните пазари во Западен Балкан, со показатели за пенетрација, густина, структура и концентрација на пазарот, при што се утврдува ниската пенетрација (околу 1,5 % од БДП) и густина (околу 50 – 60 евра по жител) на македонскиот пазар.

Компаративната анализа открива и значајни доктринарни разлики помеѓу анализираните системи. Србија и Црна Гора го задржале моделот на Законот за облигационите односи со посебни закони за осигурување, при што Србија воспостави интегриран надзор во рамки на Народната банка, Црна Гора е посветена на агенцијата за супервизија на осигурувањето, додека Хрватска, од друга страна, целосно ги транспонирала европските стандарди, при што нејзиниот супервизор ги одобрува условите за осигурување и бара документи со информации за производот и период на размислување. Албанија, која осигурувањето го уредува во рамки на Граѓанскиот кодекс по романско-италијанска традиција, содржи специфични решенија што отстапуваат од македонското право, а нејзиниот пазар историски бил оптоварен со последиците од колапсот на финансиските пирамиди. Врз основа на споредбата, кандидатот заклучува дека Македонија зазема средна позиција во регионот и дека може да црпи и позитивни и негативни поуки од искуствата на соседите.

Петтата глава, Договор за осигурување во правото на Европската Унија, го разгледува развојот на осигурителното право на ЕУ низ неколку генерации директиви, започнувајќи од минимална хармонизација и начелото на контрола од матичната држава, преку единствената лиценца (single passport), до режимот заснован на ризик воспоставен со Солвентност II. Детално се обработени тристолбната структура на Солвентност II (квантитативни барања, управување и надзор, пазарна дисциплина), Директивата за дистрибуција на осигурување (IDD) со стандардизираниот документ за производот (IPID), проценката на барањата и потребите на клиентот, надзорот и управувањето со производите (POG) и правилата за судир на интереси, како и начелата на транспарентност и рамката за заштита на потрошувачите. Во посебна секција е анализирана улогата на Европската агенција за осигурување и професионални пензии (EIOPA) и на Меѓународната асоцијација на супервизори на осигурување (IAIS), и е оценета усогласеноста на македонското право, која се покажува како делумна.

Кандидатот ја анализира и рамката за заштита на потрошувачите во правото на ЕУ, Директивата за неправични услови во потрошувачките договори, Директивата за продажба на финансиски услуги на далечина, Директивата за правата на потрошувачите и Општата регулатива за заштита на личните податоци (GDPR), како и современите предизвици пред договорот за осигурување: дигитализацијата и продажбата на далечина, дематеријализацијата на полисите, осигурувањето од сајбер-ризици и климатските промени. Заклучокот на главата е дека македонското право само делумно и фрагментарно ги отсликува овие стандарди, поради што овие области претставуваат приоритет за идна регулаторна интервенција.

Шестатата глава, Заклучоци и препораки, ги синтетизира наодите од истражувањето, дава одговори на истражувачките прашања и нуди систематизирани препораки за реформа, како што се: законодавни, регулаторни, пазарни и институционални. Кандидатот заклучува дека македонската регулација на договорот за осигурување е доктринарно кохерентна, но оперативно недоволна, и предлага конкретни решенија: детализирање на условите за главните видови осигурување, воведување период на размислување, кодификување на правилото contra proferentem, претходно одобрување на условите од АСО, премин кон супервизија заснована на ризик и транспозиција на Директивата за дистрибуција на осигурување.

Препораките што ги нуди кандидатот се систематизирани во четири групи. Законодавните препораки вклучуваат ревизија на Глава XXX од ЗОО, воведување задолжителен период на размислување, кодификување на правилото contra proferentem и пропишување јасни рокови за обработка и исплата на штети. Регулаторните препораки предвидуваат претходно одобрување на условите од страна на АСО, премин кон супервизија заснована на ризик и имплементација на ORSA. Препораките во делот на заштитата на потрошувачите опфаќаат стандардизиран документ со информации за производот (IPID), осигурителен омбудсман и механизми за алтернативно решавање на спорови, додека институционалните препораки се однесуваат на зајакнување на капацитетите на АСО и на соработката со европските тела.

Во заклучниот дел, кандидатот ги обединува добиените сознанија и формулира препораки за унапредување на правната регулација на договорот за осигурување и за нејзиното приближување кон правото на Европската Унија, потврдувајќи ги притоа поставените работни хипотези, кои се образложени во продолжение на овој извештај.

Дисертацијата завршува со попис на консултираната литература и со прилозите (додатоци) што се нејзин составен дел.

2. Предмет на истражувањето

Во средиштето на истражувањето е договорот за осигурување во позитивното право и во практиката, разгледан првенствено низ призмата на македонското законодавство, во споредба со решенијата на соседните држави и со мерилата на правото на Европската Унија. Кандидатот го проучува овој договор како посебен именуван договор уреден во Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија, задржувајќи се и на заедничките правила за осигурувањето на имот и на лица и на посебните правила за секоја од двете гранки. Анализата ја опфаќа и придружната регулатива, пред сè Законот за супервизија на осигурување, како и општите и посебните услови што ги пропишуваат самите друштва за осигурување.

Оригиналноста на трудот се согледува во тоа што кандидатот, надвор од длабоката правна анализа на договорот за осигурување, спроведува и систематска споредбеноправна анализа со законодавствата на регионот и на Европската Унија и ја испитува практичната примена на прописите преку судската пракса, регулаторните извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување и евиденцијата за заштита на потрошувачите. На тој начин, договорот за осигурување за прв пат е обработен во целина како средиштен предмет, што досега недостасувало во македонската правна литература.

Значаен елемент на трудот е и артикулацијата на врската помеѓу економската логика на осигурувањето (ризик, премија, солидарност) и неговата правна форма, како и анализата на положбата на послабата договорна страна кај атхезионите договори. На тој начин, трудот придонесува кон развојот на македонската доктрина во областа на договорното право и нуди теоретска основа за понатамошни истражувања.

Целта на трудот е да утврди дали постојната правна рамка ги опслужува соодветно сите учесници во осигурителниот однос и дали е потребна нејзина измена заради поголема правна сигурност и подобра заштита на послабата договорна страна. Дисертацијата настојува да ги открие празнините во позитивното нормирање и потребата од приближување кон европските стандарди, што се постигнува пред сè со компаративна анализа на решенијата на повеќе земји од регионот и на правото на ЕУ.

3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација

Во македонската правна наука, договорот за осигурување, разгледан во целина, досега не бил предмет на доволно систематско проучување, а расположливата литература на македонски јазик е скудна и претежно насочена кон одделни прашања како: правните елементи, класификацијата, супервизијата или либерализацијата, односно кон регулаторниот, а не кон договорноправниот аспект. Кандидатот укажува дека изработката на дисертацијата барала значителен напор, бидејќи налагала обемно користење странска научна литература и

целосна правна анализа што поаѓа од европската регулатива и нејзините директиви, ги опфаќа националните закони на земјите од регионот и завршува со домашното законодавство.

Значаен придонес на трудот претставува интеграцијата на шест нови македонски извори (вкупно 726 страници), со што за прв пат систематски се развива домашната правна терминологија и доктрина во оваа област. Придонесот на трудот е во тоа што за прв пат се спроведува ваква темелна, систематска и споредбеноправна обработка на договорот за осигурување во македонското право, поради што дисертацијата може да послужи како основа и за идните академски истражувања од сличната област.

Дополнително, кандидатот укажува дека, и покрај растечкото значење на осигурувањето за економската сигурност на граѓаните и деловните субјекти, договорноправните аспекти на осигурувањето во домашната литература останале претежно занемарени во корист на регулаторните прашања, што дополнително ја потврдува оригиналноста и потребата од ова истражување.

4. Краток опис на применетите методи

Истражувањето е засновано врз комбинација од повеќе методи и има теоретско-емпириски карактер. Во теоретскиот дел се обединети сознанијата добиени од проучувањето на предметот на истражувањето, преку анализа на домашна и странска стручна литература, монографии и научни трудови.

Со прегледот на научната и стручната литература, извршени се дескрипција и текстуална анализа на домашни и странски научни трудови и на документи на меѓународни организации. Со нормативниот (догматски) метод, анализирани се одредбите од Глава XXX на Законот за облигационите односи (членови 953–1015) и од Законот за супервизија на осигурување, преку граматичко, логичко, телеолошко, историско и системско толкување. Со историскиот метод, следен е развојот на осигурувањето и на неговата правна регулација. Особено значајно место зазема споредбеноправниот метод, применет преку функционалниот пристап, со кој се анализирани изворите на правото на соседните држави и на Европската Унија, со цел идентификување на сличностите, разликите и добрите практики.

Дополнително се применети методот на анализа при разгледувањето на податоците за состојбата на осигурителниот пазар (пенетрација, густина, структура и концентрација), статистичкиот метод, како и квалитативниот и квантитативниот пристап. Комбинацијата на овие методи овозможи анализа на правото и во неговата нормативна и во неговата практична димензија, обезбедувајќи триаголник на наодите и потврда на поставените хипотези.

Преку методот на анализа и статистичкиот метод, обработени се податоците за состојбата на осигурителниот пазар, како пенетрацијата, густината, структурата и концентрацијата, додека со методот на конкретизација, утврдени се специфичните белези на македонскиот режим во споредба со регионалните и европските решенија. Комбинацијата на овие методи претставува потврда за поставените хипотези и основа за изведување на заклучоците и препораките.

5. Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека Законот за облигационите односи обезбедува солидна општа правна рамка за договорот за осигурување, со дефинирање на основните елементи, страни, права и обврски, но дека недостасува детална регулација на посебните услови за различните видови осигурување, што создава правна несигурност и остава премногу простор за дискреција на друштвата за осигурување. Договорот за осигурување во македонското право е типичен атхезионен договор, во кој неурамнотежената моќ помеѓу страните претставува ризик од неправични клаузули. Споредбата со Директивата Солвентност II покажа делумна имплементација, а компаративната анализа со регионот и со ЕУ ги идентификуваше клучните области за хармонизација, особено во делот на транспарентноста, дистрибуцијата и заштитата на потрошувачите. Анализата на либерализацијата покажа

позитивен напредок, но и ниска пенетрација и густина на пазарот, што укажува на неискористен потенцијал.

Од интеграцијата на резултатите произлегуваат шест централни наоди: солидна општа рамка со недостаток на детална регулација на посебните услови; ризик од неправични клаузули поради атхезиониот карактер на договорот; делумна усогласеност со Солвентност II; сеопфатна класификација во 23 класи со недоволно развиени поединечни класи; позитивен, но ограничен ефект на либерализацијата; клучно значење на интеграцијата во европската институционална рамка (EIOPA, IAIS) за процесот на пристапување кон Европската Унија.

Врз основа на прелиминарната анализа на законодавството и достапната литература, кандидатот поставил четири работни хипотези, кои се тестираат во текот на трудот и се потврдени врз основа на спроведената правно-догматска, компаративна и емпириска анализа.

Во однос на првата хипотеза, дека одредбите на ЗОО за договорот за осигурување не обезбедуваат доволна заштита на потрошувачите во споредба со хрватското законодавство кое е хармонизирано со правото на ЕУ, кандидатот утврди дека ЗОО, заснован на југословенскиот закон од 1978 година, не ги содржи механизмите за предоговорни информации, период на размислување и контрола на непоштените клаузули што ги воведе хрватското право по пристапувањето во ЕУ, со што првата хипотеза се потврдува.

Во однос на втората хипотеза, дека оставањето на посебните услови на друштвата за осигурување без задолжителна регулаторна контрола создава правна несигурност и е извор на судски спорови, кандидатот, преку анализата на структурата на македонскиот правен режим и на судската пракса, утврди дека условите што го одредуваат обемот на покритието, исклучоците и постапките за обесштетување се формулираат едностранo од осигурителите, со што втората хипотеза се потврдува.

Во однос на третата хипотеза, дека македонското законодавство не е усогласено со Директивата за дистрибуција на осигурување (IDD) во делот на предоговорните информации, транспарентноста и стандардизираните документи, кандидатот, преку детална споредба на барањата на IDD со постојниот режим, утврди значителна неусогласеност, со што третата хипотеза се потврдува.

Во однос на четвртата хипотеза, дека државите кои го модернизирале своето осигурително законодавство обезбедуваат подобра рамнотежа помеѓу правата на осигурителите и на осигурениците, компаративната анализа во Глава 4 и Глава 5 покажа дека токму хармонизацијата со европските стандарди води кон подобра заштита на послабата страна, со што четвртата хипотеза се потврдува.

Потврдата на поставените хипотези води до конечен заклучок дека македонската регулација на договорот за осигурување е доктринарно кохерентна, но оперативно недоволна, и дека нејзината модернизација, насочена, пред сè, кон заштитата на потрошувачите и кон усогласувањето со правото на Европската Унија, претставува неопходен чекор за развој на доверба, конкуренција и стабилност на осигурителниот пазар.

Резултатите од истражувањето имаат и непосредна практична вредност, бидејќи прецизно ги лоцираат областите во кои е потребно усогласување со европските стандарди и нудат основа за идни законодавни иницијативи, за работата на регулаторот и на судовите, како и за подобрување на заштитата на потрошувачите во осигурителните односи.

6. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација

Пред одбраната на дисертацијата, кандидатот го исполнил условот за објавени два труда во списание со меѓународен уредувачки одбор, и тоа:

1. Dauti, Dritan. *Compliance of the Insurance Supervision Law with the EU Insurance Directives (Solvency)*, објавен во Зборникот на трудови од меѓународната конференција со наслов: „12th International Conference: Scientific Challenges for Sustainable Development”, одржана на 16 мај 2025 година, во коорганизација помеѓу International University of Struga, Lodz University of Technology и Kolegji Universitar i Biznesit.

2. Dauti, Dritan. *Insurance Agreement in Positive Legal Regulations and in Comparative Law*, објавен во Зборникот на трудови од меѓународната конференција со наслов: BİLSEL INTERNATIONAL SÜTÇÜ İMAM SCIENTIFIC RESEARCHES CONGRESS Kahramanmaraş/Турција, одржана од 6 до 7 ноември 2025 година.

Двата труда се објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и се непосредно поврзани со предметот на дисертацијата, создадени во текот на студирањето на третиот циклус, во согласност со член 33 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Задолжителната меѓународна мобилност кандидатот ја остварил во периодот од 18 до 26 мај 2026 година, на Правниот факултет „Укшин Хоти“ во Призрен, Косово.

7. Заклучок и оценка на трудот

Со изборот на темата, кандидатот се нафатил на предметно широка и правно сложена материја која во домашната наука останува недоволно осветлена, а за која литературата на македонски јазик е ограничена. Токму затоа, дисертацијата има значителна вредност, и теоретска и практична, бидејќи обработува актуелно прашање на современото право што кај нас досега не е истражено во потребната мера.

Дисертацијата на кандидатот м-р Дритан Даути е самостоен научен труд во кој за првпат договорот за осигурување е подложен на ваква темелна и систематска споредбеноправна обработка на три рамништа, и тоа: македонското, регионалното и она на Европската Унија. По својата научна елаборација, трудот дава забележлив придонес кон граѓанското и деловното право, зашто во една целина поврзува повеќе правни системи и различни аналитички пристапи. Во работата кандидатот се потпира на релевантна литература од областа на осигурителното, граѓанското и деловното право, што му овозможило сеопфатно да го проучи избраниот предмет.

По оцена на Комисијата, трудот, и по применетата методологија, која соединува интердисциплинарен пристап и повеќе научни методи, и по својата содржина, претставува заокружено и самостојно научно дело, што сведочи дека кандидатот солидно ја владее истражуваната материја и вешто ги применил постапките и техниките на научноистражувачката работа. Кандидатот покажува висока способност за критичко набљудување и анализа на важечките директиви на Европската Унија, на македонското законодавство и на прописите на земјите од регионот, како и умеење јасно да ги образложи сопствените ставови. Со тоа, дисертацијата непосредно ги проширува теоретските и практичните сознанија за договорот за осигурување и предлага конкретни решенија за реформа и за зајакнување на заштитата на потрошувачите, што Комисијата го смета за нејзин најзначаен научен придонес.

Комисијата особено ја нагласува вредноста на компаративниот пристап на трудот, кој не се ограничува на набројување на формалните разлики помеѓу правните системи, туку испитува како секој од нив го решава истиот практичен проблем, обезбедувајќи функционална споредба со непосредна употребна вредност за законодавецот кој работи на усогласување со европското право. Ваквиот пристап, заедно со интеграцијата на новите македонски извори, ѝ дава на дисертацијата карактер на референтен труд во областа.

Предлог

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека докторскиот труд на кандидатот **Дритан Даути,** со наслов: **Договор за осигурување во позитивноправните прописи и практиката,** ги задоволува воспоставените стандарди за изготвување на трудови од ваков вид и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да му овозможи на кандидатот **Дритан Даути** да го брани својот докторски труд.

Скопје, 20.8.2026

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА

Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.
Проф. д-р Горан Коевски, с.р.
Проф. д-р Александар Климовски, с.р.
Проф. д-р Дарко Спасевски, с.р.
Проф. д-р Биљана Петревска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}Mo_{,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu)“ ОД М-Р БЕСАРТА ЧЕЛИКУ РАМАДАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ (НАУЧНА ОБЛАСТ: ХЕМИЈА)

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.6.2026 година, со Одлука бр. 02-922/10, избра Рецензентска комисија за оцена на изработената докторска дисертација на кандидатката м-р Бесарта Челику Рамадани со наслов: СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu), во состав: проф. д-р Валентин Мирчески (претседател), проф. д-р Миха Буклески (член), проф. д-р Арианит Река (член), проф. д-р Сани Демири (член) и проф. д-р Слоботка Алексовска (ментор). Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бесарта Челику Рамадани, со наслов: СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu), содржи вкупно 193 страници (од кои 143 се основен текст, а остатокот се додатоци) А4-формат, компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, напишани со единечен проред и со големина на текстот од 12 точки. Трудот содржи 63 слики, 28 табели и 48 математички равенки. Во дисертацијата се цитирани 181 библиографска единица, од кои 19 книги, а останатите се референци на научни трудови.

Материјалот во докторската дисертација е структуриран во следните глави: Вовед, Теоретски дел, Експериментален дел, Резултати и дискусија, Заклучок, Литература и Додатоци. Структурата на материјалот овозможува јасно и прегледно следење на дисертацијата.

Во главата **ВОВЕД**, напишана на четири страници, изнесени се причините за изборот на темата што кандидатката ја истражувала во докторската дисертација. Најпрво е истакнато значењето на новите материјали за потребите на современиот живот, а потоа на перовскитите (ABX_3) како едни од најактуелните соединенија од фундаментален научен аспект, но и како материјали од особено апликативно значење. Кандидатката накусо ја наведува нивната широка примена во различни области на техниката и технологијата и ја поврзува со нивните својства, кои, пак, зависат од варијациите во хемискиот состав, структурните детали и применетите методи за нивно добивање.

Во продолжение сосема накусо се објаснети составот и структурата на перовскитите, а потоа кандидатката се осврнува на мангановите перовскити со ретки земји. Се истакнува дека овие перовскити се особено интересни поради можноста манганот во перовскитната структура да постои во два оксидациски степени (Mn^{3+} и Mn^{4+}) што доведува до образување на перовскити со општа

формула $LnMnO_{3+\delta}$, како и поради деформацијата на $Mn^{3+}O_6$ октаедарот која се должи на Јан-Телеровиот ефект кај високоспинскиот Mn^{3+} јон. Кандидатката изнесува преглед на литературните податоци за синтезата и испитувањата на својствата на простите перовскити со манган, како и на двојните перовскити кои освен манган содржат уште еден преоден метал во B-позиција. Од анализата на литературните податоци се изведува заклучок дека структурата на овој тип двојни перовскити зависи и од применетата метода за нивна синтеза. Покрај тоа, кандидатката заклучува дека сè уште постои широко поле за истражување на двојните перовскити со манган и воведот го завршува со набележување на поставените цели и задачи во докторската дисертација и методите што ќе ги користи за нивна реализација.

Главата **ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ,** напишана на вкупно 43 страници, се состои од пет поглавја, а секое од нив од неколку потпоглавја. Првото поглавје со наслов: **Структурни својства на перовскитите** е изнесено на 15 страници, а се состои од четири потпоглавја. Во првото потпоглавје (*Идеална перовскитна структура*) детално е опишана т.н. идеална перовскитна структура, со опис на елементарната ќелија и начините за нејзино претставување, како и координацијата околу секоја градбена единка. Покрај тоа, објаснет е и т.н. фактор на толеранција, кој претставува геометриски критериум за оценување на веројатноста за формирање на перовскитна структура врз основа на должините на врските, односно димензиите (радиусите) на градбените единки.

Во второто потпоглавје (*Деформации на перовскитната структура*) се изнесени причините за отстапувањата од идеалната перовскитна структура (деформации на октаедрите, поместување на B-катјонот од центарот на октаедарот и наклонувањето на октаедрите) на кои кандидатката поединечно се задржува, притоа повикувајќи се на релевантни податоци од научната литература.

Третото потпоглавје (*Други перовскитни структури*) се однесува на краток опис на т.н. нетипични перовскитни структури, како што се дефектните перовскитни структури, со дефицит во некоја од катјонските или анјонските позиции, и т.н. слоевити перовскитни структури. Четвртото потпоглавје, пак, се однесува на структурните детали на перовскитите на манган со ретки земји и причините за деформации на овие структури.

Второто поглавје од теоретскиот дел е насловено **Користени методи.** Ова поглавје се состои од четири потпоглавја, изнесени на вкупно 10 страници. Првото потпоглавје (*Методи за синтеза на перовскитни материјали*) претставува преглед на различните методи за синтеза на перовскитите, особено на т.н. „меки“ методи на синтеза кои се развиени во последниве неколку децении. Посебен осврт кандидатката дава на синтезите со методата на согорување од раствор кои се користени во докторската дисертација. Во врска со ова, дадени се теоретските основи на оваа метода, нагласена е нејзината предност пред голем број други методи, различните модификации на методата, како и споредба на различните горива што се применуваат.

Второто потпоглавје (*PXRD*) продолжува со теоретски основи на рендгенската дифракција од спрашен примерок, а потоа во третото потпоглавје (*Метода на Ритвелд*) подетално е опишана методата на Ритвелд за уточнување на кристалните структури на прашковни обрасци, како и критериумите за оценка на уточнетите структури (т.н. *R*-фактори). Имено, за уточнување на структурите на добиените перовскити во овој труд, кандидатката го користи токму овој метод.

Во четвртото потпоглавје (*Кристалохемиски пресметки*) се дадени постапките за пресметување на повеќе кристалохемиски параметри (деформации на решетката, агли на наклонување, деформациони индекси на полиедрите, фактори на толеранција, ред на врската и глобален индекс на нестабилност) со кои честопати се објаснуваат структурните подробности на перовскитите.

Третото поглавје од теоретскиот дел, **Морфолошка и елементарна анализа,** се состои од четири потпоглавја, од кои во првото (*Принципи на SEM*) се претставени теоретските основи на скенирачката електронска микроскопија, а во следното потпоглавје (*Примена на SEM кај перовскитни материјали*) кандидатката ја нагласува примената на SEM за карактеризацијата на морфологијата на перовскитите во зависност од методата на синтеза, температурата и времето на термичка обработка итн.

Во третото потпоглавје (*Морфолошка анализа на порите од SEM-сликите*) се изнесени теоретските основи и примената на софтверскиот пакет ImageJ за проценка на големината на порите во порозната перовскитна структура. Во четвртото потпоглавје (*Енергетско-дисперзивна рендгенска спектроскопија*) се изнесени теоретските основи на EDX и значењето на оваа метода за приближно определување на квантитативниот состав на перовскитите.

Четвртото поглавје од теоретскиот дел со наслов: **Инфрацрвена спектроскопија,** накусо ги објаснува теоретските основи на инфрацрвената спектроскопија, со посебен нагласок на далечната инфрацрвена област во која се јавуваат лентите од Ln-O вибрациите.

Последното, петто поглавје од теоретскиот дел, **Електрохемиски техники**, се состои од четири потпоглавја (*Основни поими во електрохемијата; Главни електрохемиски техники; Циклична волтаммetрија, CV; Квадратно-бранова волтаммetрија*) во кои кандидатката ги изнесува теоретските основи на електрохемијата, со посебен осврт на цикличната волтамметрија и квадратно-брановата волтамметрија – техники кои кандидатката ги користи во докторската дисертација.

Главата **ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ** е изнесена на 10 страници, а се состои од две поглавја. Во првото поглавје **Синтези на испитуваните перовскити,** кое се состои од три потпоглавја (*Подготовка на растворот и тек на реакцијата на согорување; Стехиометриски пресметки за синтезата* и *Постапки за синтези на перовскитите со различни горива*), кандидатката најнапред ги наведува користените хемикалии, нивната чистота и производителот, а потоа приготвувањето на растворите за синтезите со методата на согорување од раствор. Понатаму, на примерот на $PrMn_{0,5}Fe_{0,5}O_3$, се претставени пресметките на масите на реактантите и на користеното гориво, а потоа во табела се дадени потребните маси за синтеза на сите испитувани перовскити, користејќи глицин како гориво. Перовскитите со општа формула $LnMn_{0,5}Fe_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Nd, Sm, Gd) се синтетизирани и со уреа како гориво, а и со сол-гел согорителна метода на синтеза, па затоа детално се изнесени и постапките за синтеза според овие методи.

Во второто поглавје, **Користени техники за карактеризација на добиените перовскити,** кое се состои од четири потпоглавја (*Рендгенска дифракција од прашен примерок (PXRD); Скенирачка електронска микроскопија и елементна анализа (SEM/EDX); Инфрацрвена спектроскопија; Електрохемиски испитувања (CV и SWV)*), се изнесени

податоците за користената инструментација во врска со спомнатите методи и експерименталните услови при кои се извршени снимањата.

Главата **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА** е најобемниот дел од дисертацијата, кој е изнесен на 79 страници. Оваа глава кандидатката ја конципирала така што се разгледуваат резултатите од применетата метода или анализа кај сите испитувани серии, а се состои од четири потпоглавја. Во првите четири потпоглавја на ова поглавје, насловено како **Структурна анализа на добиените серии перовскити,** презентирани се резултатите од уточнувањето на кристалните структури на перовскитните серии: $PrMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co, Ni); $NdMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co); $SmMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu) и $GdMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu). Сите перовскити кристализираат орторомбично, во просторната група *Pnma*, со $Z = 4$. Во овие перовскити, добиени со методата на согорување од раствор, MnO_6 и MO_6 октаедрите се статистички распределени, односно не е забележана подреденост на Mn/MO_6 октаедрите. Кај перовскитите од иста серија (ист лантаноид) супституцијата во B-позицијата предизвикува мали, но систематски промени во параметрите на елементарната ќелија и во нејзиниот волумен, што се поврзува со промени во геометријата на $(Mn/M)O_6$ октаедрите, без промена на основниот структурен тип.

За секоја од испитуваните серии перовскити, врз основа на уточнетите структури се пресметани различни кристалохемиски параметри. Пресметаните валентности за катјоните во B-позиција кај сите испитувани перовскити покажуваат вредности блиски до +3, што е во согласност со статистичката распределба на Mn/MO_6 октаедрите во структурата. Добиените вредности за кристалохемиските параметри, меѓу кои просечниот агол на наклонување и глобалниот индекс на нестабилност, за секоја од сериите, се дискутирани во однос на електронската конфигурација, спинската состојба и ефективните јонски радиуси на катјоните во B-позиција. Генерално, локалната деформација на октаедрите (која се разгледува просечно за Mn/MO_6 октаедрите), зависи од посложена интеракција помеѓу геометриските и електронските фактори во структурата. Кон просечната дисторзија на октаедрите значително влијае Јан-Телеровиот ефект на Mn^{3+} јонот, како и електронската конфигурација на M-јоните и нивната стабилизација во поле од кислородни јони.

Во петтото потпоглавје од првото поглавје (*Компаративна структурна анализа на $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ перовскити со различни лантаноидни катјони*) е изнесена споредбата на структурите и на пресметаните кристалохемиски параметри за перовскити со исти катјони во B-позиција (избрани се Mn/Fe и Mn/Co), а различни лантаноиди. Од снимените дифрактограми може да се забележи дека со намалување на јонскиот радиус на лантаноидниот катјон (од Pr кон Gd), доаѓа до систематско поместување на рефлексите кон повисоки вредности на 2θ што укажува на постепено намалување на параметрите на елементарната ќелија. Пресметаните кристалохемиски параметри за сериите со различни Ln-катјони, а ист M-катјон покажуваат дека дисторзијата и структурното напрегање што се должи на лантаноидната контракција (од Pr до Gd) се релаксира со систематска ротација и наклонување на октаедрите.

Во последното потпоглавје (*Споредба на PXRD-дифрактограмите на перовскитите добиени при различни синтетски и термички услови*) е направена споредба на структурите за исти перовскити добиени со примена на различни методи, т.е. горива, како и при дополнителен термички третман (дополнително жарење четири часа на 900 °C). Споредбата покажува дека нема разлики во структурите на добиените перовскити на различни начини, но како

што е покажано во следното поглавје, се појавуваат разлики во нивната морфологија.

Второто поглавје од оваа глава, **Морфолошка карактеризација и елементарна анализа на добиените перовскити (SEM/EDX)**, се однесува на резултатите од SEM и EDX анализите на добиените перовскити. Со SEM-анализата покажано е дека сите соединенија $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ имаат типична микропорозна „сунѓереста“ морфологија, карактеристична за материјали синтетизирани со методата на согорување од раствор. Кандидатката покажува дека промената на катјонот во B-позицијата предизвикува систематски варијации во средниот дијаметар на порите и во степенот на хетерогеност (σ), при што е утврдено дека перовскитите со Fe и Co вообичаено покажуваат поразвиена и похетерогена порозна структура во споредба со оние со Cr. Покрај тоа, од анализата на SEM- микрографиите е утврдено дека зголемувањето на температурата на термичкиот третман од 800 °C на 900 °C резултира со намалување на средниот дијаметар на порите и погуста распределба. Еден од најважните заклучоци од овој дел е дека изборот на горивото има значително влијание врз морфологијата. Притоа е покажано дека глицинот фаворизира формирање на поотворена и похетерогена порозна мрежа, додека лимонската киселина и уреата даваат поуниформна текстура.

Резултатите за атомските удели на конституентите, добиени од EDX анализата, покажуваат задоволителна согласност меѓу експериментално определената и номиналната стехиометрија за перовскитите $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln:Mn:M ≈ 2:1:1).

Во третото поглавје од главата **Резултати и дискусија**, насловено **Далечна-инфрацрвена (Far-IR) спектроскопска анализа на перовскитите $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$**, кандидатката ги изнесува резултатите од снимените инфрацрвени спектри на добиените перовскити. Во спектрите на $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ перовскитите се забележани карактеристичните ленти од вибрациите на $(Mn/M)O_6$ октаедрите и на врските Ln–O, а забележаните варијации во спектрите се интерпретирани од аспект на големината на лантаноидниот јон и на локалните деформации на решетката.

Последното поглавје, **Електрохемиска активност на перовскитите**, е особено значајно бидејќи во литературата не се најдени податоци за електрокаталитичката активност на овие перовскити кон оксидација на OH^- јони (OER), редукција на H^+ јони (HER), оксидација на H_2O_2 во фосфатен пуфер и оксидација на серотонин во фосфатен пуфер. Истражувањата се изведени со циклична волтаметрија со примена на графитна електрода импрегнирана со парафин на која механички се нанесени кристали од испитуваните перовскити. При испитувањата на електрокаталитичката активност на перовскитите кон оксидацијата на серотонин, освен оваа техника, применета е и квадратно-бранова волтаметрија. При сите испитувања, најнапред е анализирана електрохемиската стабилност на самите перовскити при што е утврдена висока електрохемиска стабилност, без појава на редокс процеси што може да се припишат на самиот перовскит.

Врз основа на електрохемиските испитувања е покажано дека најдобра електрокаталитичка активност кон реакциите OER/OH^-; оксидација на H_2O_2 во фосфатен пуфер; HER во умерено кисела средина; како и кон оксидација на серотонин во фосфатен пуфер, покажуваат перовскитите со Fe и Co во B-позиција. Со споредба на снимените CV и SVW волтаммограми за оксидација на серотонин, катализирана со перовскити со железо или со кобалт, а со различни Ln-катјони е покажано дека електрокатализата првенствено е контролирана од

природата на B-катјонот, додека влијанието на лантаноидниот катјон се манифестира преку неговото дејство врз структурната деформација, што се должи на наклонот на октаедрите, како и на електронската структура на соодветниот лантаноид.

Во главата **ЗАКЛУЧОЦИ** се сумирани најважните сознанија од секој дел од истражувањето кои се изнесени во посебни точки.

Во шестата глава, **ЛИТЕРАТУРА**, кандидатката цитира 181 библиографска единица, што соодветствуваат на материјалот обработен во дисертацијата.

Во делот **ДОДАТОЦИ** се дадени слики од PXRD-профилите на испитуваните соединенија, односно согласувањето на експерименталниот профил со профилот на структурата на соединението избрано како почетен модел. Покрај тоа, во прилог се дадени и објавените публикации од истражувањата во докторската дисертација.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бесарта Челику Рамадани, со наслов: СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu), е оригинален научен труд од полето и областа хемија. Поставените цели во предлогот на темата за докторска дисертација се реализирани во целост, а освен тоа се направени и дополнителни истражувања.

Добиените резултати се адекватно обработени и интерпретирани на научен јазик соодветен на проблематиката. Како потврда за оригиналноста, иновативноста и квалитетот на научните резултати, служат објавените научни трудови во списанија со фактор на влијание.

Во рамките на оваа докторска дисертација се синтетизирани 17 перовскити, од кои за еден нема литературни податоци, а најголемиот дел од другите перовскити се добиени по постапка која е различна од постапките презентирани во литературата. Новина е и утврдената електрокаталитичка активност на добиените перовскити кон оксидација/редукција на испитуваните системи наведени во овој извештај.

Имајќи ги предвид овие факти, докторската дисертација на кандидатката м-р Бесарта Челику Рамадани со наслов: СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu), целосно ги исполнува условите и стандардите за квалитет на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Пред одбраната на докторскиот труд, кандидатката објавила две оригинални научноистражувачки публикации во меѓународни списанија со фактор на влијание, а третата е во постапка. Објавените публикации се следниве:

[1] B. C. Ramadani, J. Sela, L. Stojanov, S. Popovska, V. Mirceski, M. Bukleski, S. Dimitrovska-Lazova, A. Reka, S. Aleksovska; Synthesis, Characterization, and Electrocatalytic Properties of $PrMn_{0.5}M_{0.5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co, Ni) Perovskites, *Materials* (2025) 18, 717, https://doi.org/10.3390/ma18030717.

[2] Besarta Cheliku Ramadani, Jeta Sela, Leon Stojanov, Arianit A. Reka, Valentin Mirčeski, Miha Bukleski, Sandra Dimitrovska-Lazova, Slobotka Aleksovska, Synthesis, Characterization and Electrocatalytic Properties of $LnMn_{0.5}Fe_{0.5}O_3$ (Ln = Nd, Sm, Gd) Toward Hydrogen Peroxide and Serotonin Redox Processes, *Electrocatalysis* (2026),
DOI: https://doi.org/10.1007/s12678-026-01033-0

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на презентираните и дискутираните резултати во докторската дисертација на кандидатката м-р Бесарта Челику Рамадани со наслов: СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu), Рецензентската комисија констатира дека се работи за оригинален научен труд од полето и областа на хемијата. Резултатите што се презентирани и дискутирани во докторската дисертација имаат научно значење за изучувањето на перовскитите, но и пошироко за науката за материјали.

Поставените цели во докторската дисертација се успешно реализирани, применувајќи ги принципите на методологијата на научноистражувачката работа. Главните заклучоци на докторската дисертација се во корелација со добиените резултати што претставуваат придобивка за хемијата и науката за материјалите. Покрај тоа, резултатите за електрокаталитичката активност на испитуваните перовскити упатуваат на нивната потенцијална применливост.

Дел од резултатите од докторската дисертација се сумирани во два труда, објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание, со што се исполнети предусловите за одбрана на докторската дисертација.

Со оглед на сите факти наведени во овој извештај, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да овозможи јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: СИНТЕЗА, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И ЕЛЕКТРОКАТАЛИТИЧКИ СВОЈСТВА НА ПЕРОВСКИТИ СО ОПШТА ФОРМУЛА $LnMn_{0,5}M_{0,5}O_3$ (Ln = Pr, Gd, Sm, Nd; M = Cr, Fe, Co, Ni, Cu), изработена од кандидатката м-р Бесарта Челику Рамадани.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Валентин Мирчески, дописен член на Македонската академија на науките и уметностите и редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (претседател), с.р.

Проф. д-р Миха Буклески, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (член), с.р.

Проф. д-р Арианит Река, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет, УТ, Тетово (член), с.р.

Проф. д-р Сани Демири, редовен професор на Факултетот за технолошки науки, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје (член), с.р.

Проф. д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (ментор), с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА МОДЕЛОТ И СВОЈСТВАТА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ВРЗ ДРАПИРАЊЕТО ОБЛЕКА“ ОД М-Р РУЖИЦА СТЕВКОВСКА СТОЈАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на 10. редовна седница одржана на 13.7.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ружица Стевковска Стојановска со наслов: „Влијание на моделот и својствата на материјалите врз драпирањето облека“, во состав: д-р Соња Ќортошева, редовен професор во пензија (претседател), д-р Горан Дембоски, редовен професор (ментор), д-р Маја Јанкоска, редовен професор (член), д-р Сашка Голомеова Лонгурова, вонреден професор (член) и д-р Сања Ристески, вонреден професор (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ружица Стевковска Стојановска, со наслов: „Влијание на моделот и својствата на материјалите врз драпирањето облека“, претставува заокружена и методолошки доследна целина, изложена во компјутерски обработен текст и користен фонт Times New Roman, единечен проред и големина на букви 12.

Трудот е структуриран во шест тематски целини, и тоа: Вовед, Теоретски дел, Експериментален дел, Резултати и дискусија, Заклучок и Користена Литература. Деловите се систематизирани во логичен редослед на точки и потточки со наслови и поднаслови, со графички и табеларни прикази, статистички анализи, математички модели и литературни референци актуелни за областа на истражувањето, што овозможува јасно следење на презентираниот материјал и логичкиот тек на истражувањето. Обемот и распоредот на поглавјата се пропорционални на нивното значење, при што најголем простор е посветен на експерименталниот дел и на дискусијата на резултатите. Графичките прикази се јасни, а табелите и сликите се прецизно поврзани со текстот и придонесуваат кон поголема дескриптивност. Конструкцијата на дисертацијата овозможува лесно следење на наративот на истражувањето, од образложување на оправданоста на научниот интерес, преку дефинирање на истражувачките хипотези, поставување на истражувачката рамка и анализа и интерпретација на резултатите.

Воведот дава пошироко образложување на рамката на истражување и ја презентира основата идеја, предметот и значењето на целокупното истражување. Во овој дел се истакнува значењето на феноменот на драпирање како својство што ги определува и естетскиот изглед и функционалноста на облеката. Се образложува потребата од објективно квантифицирање на ова естетско својство на облеката, особено во процесот на развој на производ и во услови на се поголема примена на дигитализација. Се дискутираат досегашните пристапи за оценка на својството на драпирање, засновани претежно на испитување рамни примероци, кои не се доволно софистицирани за предвидување на изгледот на готовиот производ. Кандидатката аргументирано укажува дека коефициентот на драпирање, како најшироко применуван показател, на дизајнерот му дава само посредна информација за начинот на кој материјалот ќе се однесува во готовата облека. На крајот од поглавјето прецизно се дефинираат предметот, целите и задачите на истражувањето, со што јасно се насочува понатамошниот тек на работата.

Првата глава е насловена „Теоретски дел“. Во неа, кандидатката дава систематски преглед на развојот на проучувањето на драпирањето, почнувајќи од раните теоретски модели и продолжувајќи со инструменталните методи за објективно мерење. Се дискутираат карактеристичните однесувања на текстилните материјали при деформации на свиткување, смолкнување и затегнување. Се образложува моделот на деформација на конзола и релациите помеѓу крутоста на свиткување, должината на свиткување и површинската маса. Детално се разгледани системите за објективно мерење на механичките својства при мали напрегања, со посебен осврт на специфичностите и можностите на SiroFAST системот. Посебно место зазема

елаборацијата на факторите што влијаат врз драпирањето, каде што се дискутира влијанието на суровинскиот состав, параметрите на предивото, преплетката и густината на ткаење, површинската маса и дебелината на материјалите, како и влијанието на доработката. Кандидатката притоа не се задржува на едноставно набројување, туку последователно ја гради врската меѓу структурното ниво на материјалот и неговото локално однесување при слободно паѓање. Одделни потточки се посветени на геометриската карактеризација на драпираниот профил на текстилните материјали, преку параметрите на наборите. Посебен осврт е даден на преминот од драпирање на материјал кон драпирање на готова облека, на конструкциските карактеристики на кружните и полукружните женски здолништа, на потенцијалното влијание на шевовите и на насоката на кроење, како и на тродимензионалната виртуелна симулација на облеката и состојбата на нејзината валидација. Теоретскиот дел завршува со преглед на актуелната состојба на научните сознанија во областа на истражување и со идентификација на истражувачките празнини, што на одреден начин прави вовед во потенцијалните можности за истражување. Ваквата организација на теоретскиот дел е особено вредна, бидејќи секоја идентификувана празнина има свој непосреден одраз во соодветната фаза од експерименталното истражување.

Втората глава е насловена „Експериментален дел“. Поглавјето е структурирано согласно со дефинираните цели и систематски ја образложува нивната реализација. Најпрво се определени предметот и целите на истражувањето, а потоа е претставен експерименталниот дизајн, во кој за секоја фаза се наведени испитуваните материјали, конструкцијата на моделот, бројот на шевови, насоката на кроење, бројот на реплики и бројот на фотографии по реплика. Во овој дел, кандидатката поставува рамка за интегрално оценување на поголем број техничко-технолошки фактори во единствен систем на драпирање на облеката. Табеларниот приказ на дизајнот на експерименталниот дел овозможува целосно согледување на логиката и концептот на истражување, што значително ја олеснува проверката на неговата доследност. Опишани се методите за карактеризација на физичко механичките својства на материјалите и применетите стандарди, вклучувајќи ги структурните параметри и коефициентот на драпирање. Даден е и детален опис на испитувањето на својствата на текстилните површини при мали напрегања според SiroFAST системот, помеѓу кои и компресиските својства, својствата на свиткување и истегнување, како и специфичните карактеристики на крутоста на смолкнување и формабилност, односно параметрите на процесибилност на текстилните површини. Претставен е и детален опис на методологијата на изработка на моделите, каде што се наведени конструкциските параметри, додатоците за шев, должината на кројот и условите на конфекционирање, што е клучно за репродуктивноста на резултатите. Одделно е опишана постапката за фотографирање под контролирани лабораториски услови и развиената метода за компјутерска анализа на слика, применета конзистентно врз сите примероци. Посебна вредност има доследноста со која условите на мерење се одржани низ сите фази, што овозможува резултатите од одделните целини меѓусебно да се споредуваат.

Во **третата глава,** „Резултати и дискусија“, се дава концизен приказ и анализа на добиените резултати, кои се добро и прецизно организирани, прикажани табеларно и графички. Во оваа глава се дискутираат и се интерпретираат добиените резултати и се корелираат со претходните сознанија. Согласно со експерименталниот план, резултатите се изложени во пет меѓусебно поврзани дела. Првиот дел го дискутира однесувањето на материјали со различни површински маси, дебелина и крутост на свиткување врз драпирањето различни модели здолништа со конструкција полн и половина круг. Вториот дел го анализира влијанието на бројот на шевови, најпрво на кружни примероци ткаенина, а потоа на готови модели. Во овој дел се предложени нови морфолошки дескриптори за подетално опишување на геометријата, односно параметрите на наборите кај драпираните модели. Третиот дел го испитува влијанието на насоката на поставување на кројните делови во кројната слика, при што кроевите на различните модели се поставени во насока на основа, јаток и по дијагонала. Во четвртиот дел се дискутира споредбата на реалното и виртуелното драпирање на различни модели со примена на анализа на согласност. Во петтиот дел се истражува интегралната поврзаност на механичките својства при мали напрегања со драпирањето и се дефинираат предиктивни модели.

Секој дел е поткрепен со табеларно и графички прикажани резултати и со соодветна статистичка обработка. Дискусијата е водена со коректно изложување на резултатите, при што

кандидатката доследно ги поврзува добиените вредности на испитуваните својства со објаснување на појавата и со наодите од достапната литература. Особено е забележлива внимателноста со која се разграничуваат статистички значајните од практично важните ефекти, како и јасноста со која се наведуваат ограничувањата на поединечните анализи. Генерално, во дискусијата на резултатите, кандидатката суштински и сеопфатно ги анализира причините за варијација на драпирањето во зависност од техничко-технолошките параметри на изработка на облеката. Исто така, дискутирани се ограничувањата на истражувањето во конкретниот истражувачки опсег.

Во **четвртата глава**, „Заклучок“, претставени се клучните согледувања за секоја фаза одделно. Овие согледувања се изложени јасно и концизно и претставуваат верификација на поставените цели и активности за реализција на докторската дисертација. Заклучоците се систематизирани и поврзани со поставените хипотези. Заклучоците се јасно и мерливо формулирани и не ја надминуваат покриеноста на добиените резултати.

Во **петтата глава**, „Користена литература“, даден е преглед на литературните референци. Референците припаѓаат на потесното подрачје на дисертацијата, при што значителен дел се однесуваат на оригинални трудови од понов датум, како и на стандарди и техничка документација релевантни за применетите методи. Бројот и структурата на цитираните извори одговараат на барањата за докторски труд.

Предмет на истражување

Оваа докторска дисертација е фокусирана на утврдување на односот меѓу конструкцијата на кројот, својствата на материјалот и однесувањето на облеката при драпирање, со акцент на преминот од испитување рамни примероци кон квантитативна анализа на готов производ. Истражувањето е структурирано околу три главни научни цели.

Цел 1: Развој на методологија за објективна квантификација на драпирањето на ниво на готова облека

Примарната цел на овој сегмент е воспоставување мерна постапка што ги надминува ограничувањата на класичниот коефициент на драпирање, кој дава само дводимензионален опис и не ја опфаќа геометриската организација на наборите на готова облека. За таа цел е развиена постапка за фотографирање под контролирани услови од пет стандардизирани позиции и компјутерска анализа на слика, а се предложени и верификувани морфолошки дескриптори на наборите: радијални должини до врвовите и вдлабнатините, амплитуди на наборите, растојанијата и аголот меѓу последователните врвови. Дополнително, кандидатката предлага и четири композитни дескриптори: индекс на регуларност на наборите, негова тежинска модификација, како и индекси на амплитуда на врвовите и на вдлабнатините. Овие дескриптори не ги заменуваат постојните показатели, туку ги надополнуваат, овозможувајќи со една вредност да се изрази просторната рамномерност, односно морфолошката изразеност на драпираната конфигурација. Со тоа се овозможува истовремено квантифицирање на просторната распределба на драпирањето, како и објективна споредба меѓу поединечните страни на облеката и меѓу различните конструкции.

Цел 2: Утврдување на влијанието на конструкциските фактори врз драпирањето на облеката

Втората цел опфаќа систематско испитување на трите конструкциски фактора што досега не се третирани интегрално: типот на конструкцијата, односно влијание на моделот (полн наспроти половина круг), бројот на шевови и насоката на поставување на кројните делови во кројната слика (основа, јаток и дијагоналата). Секоја конфигурација е изработена и измерена во три независни облекувања (реплики), а резултатите се обработени со анализа на варијанса со утврдување на големината на ефектот, што овозможува разграничување на статистичката важност на утврдените влијанија.

Ваквиот пристап овозможува не само да се утврди дали одреден фактор е значаен, туку и колкав е неговиот удел во вкупната варијабилност на набљудуваната појава. Тоа е особено важно кај фактори како бројот на шевови, кај кои статистичката значајност може да биде потврдена и при релативно мал практичен ефект. Дополнително, испитувањето на секој фактор одделно во рамките на секоја конструкција овозможува да се утврди дали неговото дејство е универзално или условено од геометријата на кројот.

Цел 3: Валидација на виртуелната симулација и конструирање предиктивни модели

Третата цел опфаќа два последователни процеса. Првиот е квантитативна валидација на тродимензионалната виртуелна симулација преку паралелна споредба со реално измерените модели, со примена на мерки на согласност наместо исклучиво на корелациски коефициенти, со цел да се утврди природата, а не само големината на отстапувањето. Вториот е испитување на дванаесет материјали со контролирано распределени површински маси, карактеризирани со системот SiroFAST, и конструирање предиктивен модел за коефициентот на драпирање со експлицитна контрола на меѓусебната зависност на предикторите.

Изборот на материјалите е направен така што двете суровински групи, памучната и полиестерската, имаат речиси идентично распределени површински маси. Тоа овозможува ефектот на суровинскиот состав појасно да се издвои и да се анализира и да се одвои од ефектот на одредени параметри на структурата на текстилната површина, што кај поголем дел од објавените студии не е случај. Крајната цел е да се обезбеди алатка со која изгледот на драпираната облека може да се процени однапред преку карактеристични мерливи својства на материјалот, што би можело да се примени во раната фаза на развој на производ.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Врз основа на расположливите сознанија од прегледаната достапна публикувана литература, механичката основа на драпирањето е добро утврдена уште од шеесеттите години на минатиот век и не е доведена во прашање: крутоста на свиткување е доминантен, а крутоста на смолкнување значаен секундарен фактор. Она што останува недоистражено не е физиката на појавата, туку нејзиното објективно опишување и предвидување на ниво на готов производ.

Досегашните истражувања не опфаќаат студии насочени кон систематско поврзување на конструкциските фактори со геометријата на драпирањето кај готова облека. Постојните дескриптори остануваат глобални и не ја опишуваат распределбата на поединечните набори по обемот, поради што два модели со идентични дескриптори можат да имаат видливо различен изглед. Истражување на влијанието на шевовите е испитувано претежно на рамни кружни примероци и на слоевити материјални склопови, а не на готова облека кај која бројот и распоредот на шевовите се дел од конструкцијата. Насоката на кроење, бројот на шевови и типот на конструкција досега не се третирани интегрално како фактори во единствен факторски дизајн, што оневозможува проценка на нивните меѓусебни интеракции.

Предвидувањето на драпирањето врз основа на параметрите од системите за определување на механичките својства на мали напрегања останува претежно едно или двопараметарско, без контрола на колинеарноста меѓу предикторите. Конечно, валидацијата на виртуелната симулација најчесто се сведува на корелациски коефициент, кој покажува само дали трендот се следи, но не и дали постои систематско отстапување во апсолутните вредности. Објавените валидациски студии се и методолошки хетерогени, при што употребуваат различни материјали, различни конструкции и различни показатели, поради што нивните резултати меѓусебно не се споредливи и во дел од случаите се меѓусебно спротивставени.

Целокупното истражување во оваа докторска дисертација е структурирано редоследно, од карактеризација на материјалите, преку изработка и мерење на реални модели облека со контролирана конструкција, до валидација на виртуелната симулација и конструирање предиктивен модел. Врз основа на добиените експериментални резултати, воспоставена е мерна и аналитичка методологија што ги адресира сите идентификувани празнини.

Краток опис на применетите методи

Методологијата на истражувањето вклучува повеќе комплементарни групи методи.

За карактеризација на материјалите, применети се: определување на површинската маса, финоста на предивото и густината на ткаење; определување на дебелината и крутоста на свиткување. Крутоста на свиткување е определена и споредбено, со три методи, што овозможува проверка на конзистентноста на мерењето и ефективноста на различните методи. Испитувањето на својствата на материјалите на мали напрегања кои се клучни за изгледот и процесибилноста на облеката е реализирано со системот SiroFAST. Испитувана е дебелината на текстилната површина на две нивоа на оптоварување; определување на истегнувањето по основа, по јаток и по дијагонала, при три нивоа на оптоварување; како и определување на крутоста на свиткување, крутоста на смолкнување и формабилноста.

Драпирањето е квантифицирано преку коефициентот на драпирање согласно со стандардот, со кружни примероци и потпорен диск со стандардизирани димензии, при мерења во стандардна атмосфера. Геометријата на драпираниот профил е определена со компјутерска анализа на слика, при што за секој примерок се утврдуваат драпираната површина, периметарот, кружноста, бројот на набори и предложените морфолошки дескриптори.

Виртуелната симулација е изведена со тродимензионален софтвер за прототипирање на облека, при што механичките својства на материјалите се внесени како влезни параметри, а добиените виртуелни модели се снимени од истите пет позиции како и реалните.

Статистичката обработка вклучува: дескриптивна статистика со утврдување на повторливоста преку коефициентот на варијација; параметарска и непараметарска корелациска анализа со проверка на значајноста; еднофакторска и повеќефакторска анализа на варијанса со утврдување на големината на ефектот; анализа на главни компоненти врз стандардизирани податоци со задржување на компонентите според Kaiser-овиот критериум; споредбено регресиско моделирање со контрола на колинеарноста преку факторот на инфлација на варијансата; анализа на согласност со средна апсолутна и релативна грешка, систематско отстапување, граници на согласност според Bland и Altman и интракласен коефициент на корелација. Изборот меѓу параметарски и непараметарски постапки е направен во зависност од големината на примерокот и од распределбата на податоците, што е експлицитно образложено во текстот.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Врз основа на добиените резултати од спроведените експериментални истражувања, може да се извлечат следните согледувања.

Утврдено е дека конструкцијата на кројот, а не само својствата на материјалот, ја определува рамномерноста на драпирањето. Кај конструкцијата полн круг драпираните површини на сите четири страни се меѓусебно високо и статистички значајно поврзани, што укажува на симетрично распоредено драпирање, додека кај полукружната конструкција оваа поврзаност не е толку изразена. Разликите меѓу страните се потврдени и со споредбени t-тестови, при што најизразена е асиметријата меѓу левата и десната страна кај полукружната конструкција, што е директна последица на поставените шевови. Овој наод ја поставува основата за целото понатамошно истражување, бидејќи покажува дека геометријата на кројот воведува систематски разлики што не можат да се објаснат со својствата на материјалот.

Утврдено е дека воведувањето шевови во конструкцијата го намалува вкупниот број на формирани набори и истовремено систематски ја намалува варијабилноста на сите дескриптори. Коефициентот на варијација на коефициентот на драпирање опаѓа од околу шеснаесет проценти кај примерокот без шев на околу шест проценти кај примерокот со шест шева, а кај таа конфигурација бројот на набори е идентичен кај сите мерења. Со зголемување на бројот на шевови, драпираната површина во почетокот расте, а потоа почнува да опаѓа. Анализата на варијанса покажува дека бројот на шевови значајно влијае врз коефициентот на драпирање, бројот на набори, драпираната површина и кружноста.

Деталната споредба на сите морфолошки параметри на геометријата на драпирање, покажува дека конфигурацијата полн круг со четири шева претставува најбалансиран севкупен дизајн, бидејќи истовремено ја достигнува највисоката средна вредност и најнискиот коефициент на варијација на радијалната должина до врвовите, при што е добиена статистички значајна разлика во однос на конфигурацијата со шест шева. Кај полукружната конструкција, најбалансирана е повторно конфигурацијата со четири шева, која има најнизок коефициент на варијација на аголот меѓу последователните врвови од сите испитувани конфигурации. Спротивно на очекувањата, зголемувањето на бројот на шевови на шест не води кон дополнителна стабилизација, туку варијабилноста расте кај поголемиот дел од параметрите, што укажува дека повисоката сегментација на кројот ја ограничува слободата на формирање набори без да ја подобри нивната правилност.

Утврдено е дека насоката на кроење е статистички значаен фактор само кај полукружната конструкција. Анализата на варијанса покажува дека позицијата на набљудување и типот на конструкцијата заедно објаснуваат преку деведесет проценти од варијабилноста на драпираната површина. Дополнително е утврдено дека насоката на кроење влијае врз вкупната драпирана површина, но не и врз геометријата на поединечниот набор, бидејќи испитувана одделно за секој модел таа не достигнува соодветна значајност. Ваквиот наод има непосредна

практична вредност, бидејќи покажува дека кај конструкции со поголем волумен материјал, покрај влијанието на насоката на положување крojни делови врз драпирањето, исто така може да се земе предвид и искористувањето материјалот.

Споредбата на реалното и виртуелното драпирање покажува дека софтверот доследно ја преценува драпираната површина и максималната ширина, а ја потценува максималната висина и бројот на формирани набори. Средната релативна грешка кај страничните проекции се движи од околу четири до петнаесет проценти, додека кај ортогоналната проекција таа е за цел ред на големина поголема, што укажува дека валидацијата треба да се спроведува и преку страничните проекции. Анализата на калибрациската врска покажува дека односот меѓу виртуелните и реалните вредности останува пропорционален, со константно отстапување, што значи дека грешката е претежно систематска и подлежи на корекција. Меѓутоа, одговорот на симулацијата на промената на бројот шевови се движи спротивно од реалниот, што укажува дека софтверот го моделира геометрискиот, но не и механичкиот ефект на шевот. Овој наод е особено вреден, бидејќи разграничува две принципиелно различни компоненти на грешката. Првата произлегува од калибрацијата на внесените механички својства и може да се отстрани со попрецизно определување на влезните параметри. Втората произлегува од начинот на кој нумеричкиот модел го третира самиот шев како структурен елемент и не подлежи на калибрациска корекција. Со тоа кандидатката не само што ја измерила точноста на симулацијата, туку и ја идентификувала причината за нејзиното отстапување, што е соодветен чекор кон нејзиното подобрување.

Испитувањето на две групи материјали со различен суровински состав (100 % памук и 100 % PES), покажува дека крутоста на свиткување по јаток е најсилен единечен предиктор на коефициентот на драпирање, а крутоста на смолкнување дава значаен секундарен придонес. Анализата на главни компоненти покажува дека шесте испитувани параметри се сведуваат на две независни димензии што опфаќаат преку осумдесет проценти од варијабилноста, при што првата претставува општ индекс на структурно-механичката цврстина, а втората го издвојува односот меѓу драперливоста и дебелината. Утврдено е и дека суровинскиот состав сам по себе не е доволен предиктор, бидејќи и памучните и полиестерските материјали го покриваат речиси целиот опсег на првата компонента.

Од споредбата на повеќе регресиски модели, оптималниот модел ги комбинира крутоста на свиткување по јаток, крутоста на смолкнување и површинската маса и објаснува над осумдесет проценти од варијабилноста на коефициентот на драпирање, при значаен придонес на сите три предиктори и при вредности на факторот на инфлација на варијансата под три. Негативниот знак на коефициентот кај површинската маса, спротивен на нејзината проста позитивна корелација со драпирањето, го открива механизмот според кој површинската маса дејствува како движечка сила, а крутоста на свиткување и смолкнувањето како отпори кон деформација.

Конечно, утврдено е дека бројот на формираните набори не покажува значајна поврзаност со ниту еден од испитуваните механички и структурни параметри, што покажува дека количината на драпирање и бројот на набори се две независни својства: првото определено од механиката на материјалот, а второто од геометријата на граничните услови и од конструкцијата на кројот. Овој наод е потврден преку две независни методи, преку корелациска анализа на проширениот сет материјали и преку анализа на варијанса врз параметрите на наборите, и претставува едно од најзначајните оригинални сознанија на трудот. Тој истовремено ја објаснува ограничената информативност на класичниот коефициент на драпирање и ја оправдува примената на предложените дополнителни морфолошки дескриптори.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ружица Стевковска Стојановска, со наслов: „Влијание на моделот и својствата на материјалите врз драпирањето облека“, претставува заокружено и оригинално истражување во областа технологија на облека, технологија на конфекција и управување со технолошки процес.

Истражувањето не го анализира влијанието на влијателните фактори изолирано, туку ги оценува комбинираните ефекти на механиката на ткаенината, стилот на облеката, конфигурацијата на шевовите и насоката на кроењето врз драпирањето на облеката и ги потврдува овие наоди преку споредби помеѓу физичка и виртуелна облека. Овој интегриран пристап претставува значаен научен придонес, бидејќи драпирањето на облеката е резултат на

интеракција помеѓу материјалите, конструкциските и дизајнерските варијабли, а не само на кој било поединечен фактор.

Користењето на системот SiroFAST во истражувањето е посебна предност, бидејќи ги поврзува објективно измерените механички својства под мали оптоварувања со перформансите на облеката. Во комбинација со истражувањето на влијанието на ориентацијата на кроевите, бројот на шевовите и различните стилови на здолништа, дисертацијата претставува исчекор подалеку од лабораториското тестирање на ткаенините кон разбирање на однесувањето на реалната облека. Тоа ги прави наодите релевантни не само за текстилната наука генерално, туку и за инженерството на облека и развојот на индустриска 3D-облека.

Оригиналноста на трудот се согледува во неколку аспекти. Прво, предложени се и верификувани морфолошки дескриптори со кои се квантифицира просторната распределба на наборите, што класичниот коефициент на драпирање не го овозможува. Второ, применет е факторски дизајн во кој конструкцијата, бројот на шевови и насоката на кроење се разгледуваат заедно, што дозволува проценка и на нивните меѓусебни односи. Трето, валидацијата на виртуелната симулација е спроведена со мерки на согласност наместо со корелациски коефициенти, што овозможува разграничување на систематското отстапување од случајното расфрлање и утврдување на природата на грешката. Четврто, конструиран е повеќекратен предиктивен модел со експлицитна контрола на колинеарноста, при што е откриен и физички објаснет ефектот на маскирање кај површинската маса.

Посебно треба да се истакне методолошката доследност со која е спроведено истражувањето. Секоја наредна фаза го проширува опсегот на испитуваните фактори врз основа на наодите од претходната, а условите на мерење се одржани непроменети низ целото истражување, што овозможува резултатите од одделните фази меѓусебно да се поврзуваат. Кандидатката покажува зрел однос кон толкувањето на податоците, бидејќи доследно ги разграничува статистички значајните од практично важните ефекти и отворено ги наведува ограничувањата на поединечните анализи.

Трудот обезбедува нови податоци за однесувањето на конструкциите со полн и половина круг при драпирање, што дополнително ги проширува можностите за нивна практична примена во конструкцијата на облека. Применетата методологија, заснована на стандардна фотографска постапка и компјутерска анализа на слика, е едноставна, економична и лесно репродуктивна, што ја прави применлива и во индустриски услови без потреба од специјализирана опрема. Резултатите од истражувањето се веќе делумно верификувани и преку објавување во референтни научни публикации и преку презентации на меѓународни собири.

Докторската дисертација успешно ги исполнува поставените цели. Воспоставена е мерна и аналитичка методологија за квантификација на драпирањето на ниво на готова облека, предложени се и верификувани нови морфолошки дескриптори, утврдено е и квантифицирано влијанието на конструкциските фактори, спроведена е квантитативна валидација на виртуелната симулација и конструиран е предиктивен модел применлив во инженерската практика.

Резултатите од ова истражување не само што придонесуваат кон фундаменталното разбирање на односот меѓу конструкцијата и материјалот при драпирање, туку нудат и практично и економично решение со реален потенцијал за примена во развојот на облека. Утврдено е и квантифицирано влијанието на конструкцијата на кројот, бројот на шевови и насоката на кроење врз геометријата на драпирањето кај готова облека, со разграничување на статистичката од практичната важност на утврдените ефекти. Спроведена е квантитативна валидација на тродимензионалната виртуелна симулација со мерки на согласност и утврдена е претежно калибрациската природа на отстапувањето, заедно со ограничувањата на таквиот заклучок. Конструиран е предиктивен модел за коефициентот на драпирање врз основа на мерливи механички параметри, со контрола на колинеарноста и со физичка интерпретација на добиените коефициенти.

Научниот придонес на тезата се огледа во унапредување на знаењето за драпирањето на облеката, преку истражување на интеракцијата помеѓу стилот на облеката, механичките својства на ткаенината при мало оптоварување, конфигурацијата на шевовите и ориентацијата на кроевите, наместо да ги третира овие променливи независно. Истражувањето го демонстрира комбинираното влијание на главните фактори врз геометријата на драпирањето, што овозможува поцелосно разбирање на однесувањето на готовата облека. Резултатите покажуваат дека освен

коефициентот на драперливост, насоката на кроење заедно со механичките својства и конструкцијата на облеката треба да се земе предвид при проектирање на драпирањето и подобрување на 3D-симулација на облеката.

Тезата дава стручен придонес во областа на развој на дигитални производи, преку подобрување на виртуелното прототипирање, намалување на бројот на физички примероци, скратување на времето за развој на производот и подобрување на комуникацијата помеѓу дизајнерите, креаторите на модели и производителите. Овие резултати се директно поврзани со зголеменото усвојување на дигитални работни практики и иницијативи за одржливост од страна на индустријата за облека. Трудот обезбедува експериментални докази што можат да ја подобрат калибрацијата и валидацијата на 3D-системите за симулација на облека и нуди практични препораки за развој на дигитални производи, виртуелна изработка примероци и одржливо производство на облека.

Апликативниот придонес на докторската дисертација се огледа во сознанието дека наодите можат да помогнат во:

- развојот на дигиталните производи;
- поддржувањето на виртуелната изработка на прототипови облека;
- унапредувањето на софтверските платформи за симулација на облека;
- технологијата на конструкција на кроеви;
- изборот на соодветни текстилни материјали;
- намалувањето на бројот на изработени примероци во фазата на развој на производ;
- одржливиот развој на конфекциски производи.

Истражувањето дава методолошки придонес во делот на споредување на вистинското и виртуелното драпирање на облеката. Ова е особено вредно бидејќи еден од главните предизвици во дигиталното инженерство на облека е да се обезбеди дека виртуелната облека верно го репродуцира однесувањето на физичката облека. Систематската споредба придонесува за валидација и понатамошно подобрување на технологиите за 3D-симулација. Воспоставената мерна методологија за објективна квантификација на драпирањето на ниво на готова облека е заснована на стандардизирана фотографска постапка од пет позиции и компјутерска анализа на слика. Предложени се и верификувани морфолошки дескриптори на наборите со кои се опишува просторната распределба на наборите, што претставува проширување на постојниот систем на показатели.

Резултатите од истражувањето се непосредно применливи во конструкцијата на женска облека, при изборот на материјал во раната фаза на развој на производ, како и при оценувањето на веродостојноста на виртуелните прототипови. Предложената методологија може да се примени во лабораториски и во индустриски услови без потреба од специјализирана опрема. Предиктивниот модел овозможува проценка на однесувањето на материјалот при драпирање врз основа на три мерливи параметри, што ја скратува фазата на изработка примероци. Наодите за влијанието на насоката на кроење имаат и економски ефект во насока на искористување на материјалите.

Испитувањата се изведени на два типа кружни конструкции и на ограничен сет материјали и суровински состави. Притоа, истражувањето се фокусира на два стила здолништа; други типови облека како што се фустани, панталони или јакни би можеле дополнително да ги потврдат заклучоците и поширок опсег на материјали би можел да ја тестира општата применливост на наодите. Мерењата се изведени во статични услови, на кукла-манекен со фиксни димензии, што овозможува контролирана споредба, но не го опфаќа однесувањето на облеката при движење. Понатамошните истражувања може да се насочат кон проширување на предложената методологија врз динамички услови на драпирање, кон покомплексна валидација на конструираниот предиктивен модел. Исто така, различни платформи за 3D-симулација можат да дадат различни резултати, што укажува на можности за идни компаративни студии. Можност за идни истражувања претставува утврдувањето на начинот на кој софтверот за виртуелна симулација ги моделира механичките својства на самиот шев што во ова истражување се покажа како преостаната компонента на грешка што не подлежи на калибрациска корекција. Решавањето на ова прашање би овозможило значително подобрување на веродостојноста на виртуелното прототипирање.

Еден од значајните и интересните аспекти на овој докторски труд е што отвора многу истражувачки можности во областите на:

• развивање на предвидливи модели на драпирање на облека со користење на машинско учење;

• подобрување на конверзијата на параметрите на текстилните површини помеѓу лабораториските мерења и комерцијалниот 3D-софтвер;

• проширување на методологијата на сложени модели облека;

• проучување на динамично драпирање за време на движење, наместо статичко драпирање;

• интегрирање на скенирање на телото и персонализирани аватари;

• истражување на одржлив развој на дигитални производи.

Научни престои реализирани за време на докторските студии

Во периодот од 25.6.2024 до 2.7.2024, успешно ја реализира активноста меѓународна мобилност на Катедрата за текстилни науки на Технолошкиот факултет во Лесковац, Универзитет во Ниш, под менторство на д-р Татјана Шарац, доцент.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката м-р Ружица Стевковска Стојановска, пред одбраната на докторскиот труд, трудовите со резултатите од докторската дисертација ги објавила во 4 референтни научни публикации и ги презентирала резултатите на домашни и меѓународни собири преку усни и постерски презентации:

Трудови објавени во референтни научни публикации:

1. **Stevkovska Stojanovska R.**, Demboski G., Effect of Seams on Fabric Drape, во: Proceedings of the Joint International Conference: 5th Conference on Engineering and Entrepreneurship and 11th Textile Conference (ITC-ICEE 2025), Lecture Notes on Multidisciplinary Industrial Engineering, Springer, Cham (2026), pp. 209–217. https://doi.org/10.1007/978-3-032-11085-5_19

2. **Stevkovska Stojanovska R.**, Demboski G., Relation of Style and Construction on Garment Draping, National Textile Conference XXVII BGNTC 2025, Textile and Garment Magazine (2025).

3. **Stevkovska Stojanovska R.**, Demboski G., Effect of Pattern Lay Direction on Garment Draping, прифатено за публикација во Tekstilna industrija, Vol. 74, No. 3, 2026.

4. **Stevkovska Stojanovska R.**, Demboski G., Orthogonal Analysis of the Draping Geometry of Circular Skirts, прифатено за публикација во Textile and Garment Magazine, No. 05/2026.

Трудови и апстракти презентирани на конференции:

1. **Stevkovska Stojanovska R.**, Demboski G., Draping Different Styles of Women's Clothing, 16th Students' Congress of SCTM, Faculty of Technology and Metallurgy, Skopje (2025).

2. Toshikj E., Mladenovikj N., **Stevkovska Stojanovska R.**, Jankoska M., Conventional vs. Digital Pixel Counting-Based Method: Effect of Fabric Specimen Diameter, 4th International Congress on Scientific Advances, 25–28 December 2024.

3. Jankoska M., **Stevkovska Stojanovska R.**, Donevska A., 3D Virtual Simulation of Clothes Fitting and Fabric Draping, 7th International Scientific Conference Contemporary Trends and Innovations in Textile Industry — CT&ITI 2024, Belgrade, Serbia (2024), pp. 375–384. doi: 10.5937/ct_iti24042j

4. **Stevkovska Stojanovska R.**, Demboski G., Relation of Style and Construction on Garment Draping, Book of Extended Abstracts, National Textile Conference XXVII BGNTC 2025, Textile and Garment Magazine. doi: 10.53230/tgm.1310-912x.2025.1002.01

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Истражувањето и добиените резултати, презентирани во оваа докторска дисертација, се фокусирани на утврдување на влијанието на различни техничко технолошки фактори на изработка на облеката врз однесувањето на облеката при драпирање, со цел да се обезбеди објективна методолошка основа за оценување и предвидување на изгледот на готовиот производ.

Главниот придонес на оваа теза е воспоставување на сеопфатна рамка што го објаснува и оценува комбинираното влијание на механичките својства на текстилните површини, стилот на облеката, конфигурацијата на шевовите и насоката на кроење врз драпирањето на облеката.

Истовремено, истражувањето демонстрира како овие сознанија може да ја подобрат точноста на виртуелната симулација на облека и 3D-дизајнот на облека базиран на аватар.

Врз основа на изнесеното, Комисијата оценува дека докторската дисертација ги исполнува критериумите за научноистражувачки труд од трет циклус студии и му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ружица Стевковска Стојановска** со наслов: **Влијание на моделот и својствата на материјалите врз драпирањето облека**.

КОМИСИЈА

Д-р Соња Ќортошева, ред. проф. во пензија, претседател, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

Д-р Горан Дембоски, ред. проф., ментор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

Д-р Маја Јанкоска, ред. проф., член,Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

Д-р Сашка Голомеова Лонгурова, вонр. проф., член, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.

Д-р Сања Ристески, вонр. проф., член, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕЛЕКТРОЛИТИЧКА СИНТЕЗА НА ЈАГЛЕРОДНИ НАНОСТРУКТУРИ ВО РАСТОПЕНИ СОЛИ: ОПТИМИЗАЦИЈА И ПРИМЕНА“ ОД М-Р МИМОЗА (ИСА) Ковачи АЗЕМИ, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката бр. 02-780/1 на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на 8. редовна седница одржана на 4.5.2026 година, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Кирил Лисичков, претседател, проф. д-р Александар Димитров, член, проф. д-р Перица Пауновиќ, член, проф. д-р Павел Димовски, член, и проф. д-р Зарифе Бајрактари Гаши, член, го разгледа поднесениот докторски труд и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. ПОДАТОЦИ ЗА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација е конципирана како интегрално истражување во кое фундаменталните аспекти на синтезата на јаглеродни наноструктури се поврзани со нивната инструментална карактеризација, математичко-статистичка обработка на податоците и практична примена. Ваквата поставеност овозможува резултатите да не останат ограничени само на добивање и идентификување на материјалите, туку да бидат разгледани и од аспект на управување со процесот и потенцијално подобрување на неговата репродуктивност и применливост.

Во трудот се разгледуваат повеќе групи процесни параметри и нивното влијание врз крајните карактеристики на добиените материјали. Притоа, вниманието е насочено и кон можноста различни јаглеродни структури да се комбинираат во хибридни системи и да се искористат како функционални компоненти во полимерна матрица. Комисијата оценува дека ваквата структура обезбедува јасна врска меѓу научниот проблем, експерименталната реализација и апликативниот аспект на истражувањето.

Докторската дисертација со наслов: ЕЛЕКТРОЛИТИЧКА СИНТЕЗА НА ЈАГЛЕРОДНИ НАНОСТРУКТУРИ ВО РАСТОПЕНИ СОЛИ: ОПТИМИЗАЦИЈА И ПРИМЕНА, претставува научноистражувачки труд од областа на синтезата и карактеризацијата на напредни јаглеродни наноматеријали. Истражувањето е насочено кон добивање на повеќеслојни јаглеродни нанотуби (MWCNTs) и графен преку електролиза во растопени соли, нивна карактеризација, оптимизација на процесните услови со примена на машинско учење и примена на добиените наноструктури во PMMA-базирани нанокомпозити.

2. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Поставените цели се меѓусебно логички поврзани и овозможуваат постепено надградување на истражувањето: од избор на услови за синтеза, преку карактеризација и утврдување на структурните карактеристики, до оптимизација на процесот и испитување на примената на материјалите. Особено позитивно се оценува тоа што оптимизацијата не е разгледувана изолирано, туку е поврзана со реалните експериментални резултати и со мерливи карактеристики на добиените наноматеријали.

На овој начин, дисертацијата го обработува не само прашањето „како да се добие материјалот“, туку и „како да се изберат услови со кои може да се добие материјал со посакувани карактеристики“. Тоа ја зголемува научната и практичната вредност на истражувањето и е соодветно на современиот пристап кон развојот и оптимизацијата на напредни материјали.

Основната цел на истражувањето е синтеза на јаглеродни наноструктури преку електролиза во растопени соли, оптимизација на процесот со примена на алгоритми на машинско учење и испитување на можноста добиените материјали да се применат како зајакнувачки компоненти во полимерни композити. Специфичните цели опфаќаат избор на соодветен електролит, испитување на различни видови комерцијален графит, анализа на влијанието на температурата и електрохемиските параметри и воспоставување корелации меѓу условите на синтеза и својствата на добиените материјали.

3. НАУЧНА И СТРУЧНА ОПРАВДАНОСТ

Научната оправданост е дополнително потврдена со фактот што својствата на јаглеродните наноструктури се чувствителни на условите на синтеза, морфологијата, степенот на графитизација, присуството на дефекти и чистотата на продуктот. Оттука, контролата на процесните параметри претставува суштински дел од добивањето материјали со повторливи карактеристики.

Од стручна гледна точка, резултатите се релевантни за развој на функционални материјали и нанокомпозити. Вклучувањето на PMMA како матрица овозможува проверка на практичниот потенцијал на синтетизираните наноструктури и покажува дека истражувањето е насочено кон поширока употреба на добиените материјали, а не само кон нивна лабораториска синтеза.

Темата е современа, научно оправдана и интердисциплинарна. Јаглеродните наноструктури имаат значајни структурни, механички, електрични и термички својства и широк потенцијал за примена. Електролизата во растопени соли е разгледана како алтернативен пристап за нивна синтеза, додека примената на машинско учење овозможува анализа и оптимизација на процес во кој влијаат повеќе меѓусебно зависни параметри.

4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Особено позитивно се оценува комплементарноста на применетите методи. Морфолошките техники обезбедуваат директен увид во изгледот и организацијата на структурите, Raman-овата спектроскопија овозможува процена на графитниот карактер и дефектите, XRD дава информации за кристалографската структура, а термичката и елементната анализа обезбедуваат дополнителни податоци за стабилноста и составот на материјалите.

Во делот на обработката на податоците е направен чекор кон современа, податочно ориентирана оптимизација. Decision Tree пристапот има предност што, покрај предиктивната функција, овозможува релативно јасно следење на одлуките на моделот и идентификување на границите во кои одделните параметри влијаат врз класификацијата на резултатите. Тоа е особено важно во инженерски и материјалознаен контекст, каде што интерпретабилноста на моделот има практична вредност.

Експерименталната методологија е соодветно избрана во однос на поставените цели. За синтеза се испитувани различни процесни услови, вклучувајќи температура, напон, струен режим и вид на почетен графит. За карактеризација се применети: SEM, TEM, Raman-ова спектроскопија, XRD, TGA/DTA и ICP-OES. Во делот на оптимизацијата е применет Decision Tree модел, а кај графенот е користена и k-fold cross-validation постапка. Ваквата комбинација на методи овозможува морфолошка, структурна, термичка и хемиска анализа, како и интерпретабилна анализа на процесните податоци.

5. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Дискусијата на резултатите е поставена во корелација со применетите услови на синтеза и со добиените карактеристики на материјалите. Кај MWCNTs се забележува морфологија што ја потврдува појавата на повеќеслојни нанотуби, но истовремено се препознава и присуство на други јаглеродни форми. Овој резултат е значаен затоа што покажува дека квалитетот на

продуктот зависи од комплексна интеракција меѓу процесните параметри и почетниот материјал.

Кај графенските примероци, резултатите од Raman-овата анализа се користат за процена на степенот на структурна организираност и бројот на слоеви. Добиените вредности се разгледуваат заедно со морфолошките резултати, со што се избегнува едностран интерпретација базирана на само една аналитичка техника. Комисијата го оценува овој пристап како методолошки соодветен.

Значајни се и резултатите за хибридните MWCNT–графен структури, бидејќи нивната комбинација може да обезбеди различни структурни и функционални предности во споредба со употребата на само еден вид наполнило. Трудот ја разгледува оваа можност и преку нивната примена во PMMA-матрицата.

Резултатите потврдуваат успешна синтеза на MWCNTs и графенски структури. SEM и TEM анализите овозможуваат идентификување на морфолошките карактеристики, додека Raman анализата дава информации за графитизацијата и структурните дефекти. За MWCNTs е определен однос ID/IG = 0,196, а кај графенот ID/IG = 0,236, што укажува на релативно добро организирана јаглеродна структура. Кај хибридните MWCNT–графен структури е забележана просторна интеграција на листовидни и филаментарни структури. Резултатите од TGA/DTA и ICP-OES дополнително ги надополнуваат сознанијата за термичката стабилност и составот на материјалите.

6. ОПТИМИЗАЦИЈА СО МАШИНСКО УЧЕЊЕ

Примената на машинско учење во дисертацијата има и методолошка и практична вредност. Експерименталните процеси со повеќе независни параметри можат да генерираат комплексни односи кои тешко се издвојуваат само со едноставна анализа на поединечни променливи. Decision Tree моделот овозможува овие односи да се претстават преку последователни услови и одлуки, што го олеснува нивното толкување.

Во контекст на дисертацијата, вредноста на моделот не се состои само во добивањето класификациска точност, туку и во можноста да се утврди кои параметри се најрелевантни за добивање на соодветен квалитет на материјалот. Со тоа се создава основа за идни експерименти кои би можеле да бидат насочени кон потесни и оптимални интервали на процесните услови. Комисијата смета дека овој дел претставува современа и оправдана надградба на класичниот експериментален пристап.

Примената на Decision Tree моделот претставува еден од позначајните аспекти на докторската дисертација. Моделот овозможува идентификување на параметрите со најголемо влијание врз квалитетот на MWCNTs и графенот и извлекување правила за избор на соодветни услови на синтеза. Со тоа, експерименталниот пристап е надополнет со современа анализа на податоци, што има значење за рационализација и понатамошна оптимизација на процесот.

7. ПРИМЕНА ВО PMMA НАНОКОМПОЗИТИ

Функционализацијата на јаглеродните наноструктури е релевантна од аспект на нивната дисперзија во полимерната матрица, бидејќи агломерацијата може значително да влијае врз крајните својства на нанокомпозитот. Во дисертацијата се испитувани хемиски и физички пристапи за модификација на површината, со што се создава можност да се анализира влијанието на третманот врз однесувањето на наполнилата во PMMA.

Испитувањето на електричните и термичките својства има посебно значење, бидејќи овозможува да се процени дали структурните карактеристики на јаглеродните наноматеријали се пренесуваат и на композитното ниво. Резултатите покажуваат дека ефектот зависи од типот на наполнило и од формирањето на меѓусебно поврзана структура во полимерната матрица.

Синтетизираните графен, MWCNTs и нивната мешавина се применети како наполнила во PMMA матрица. Наноструктурите дополнително се функционализирани со хемиски третман со азотна киселина и физички третман со X-зрачење, со цел подобрување на дисперзијата и

намалување на агломерацијата. Подготвените нанокомпозити се испитувани од аспект на нивните структурни, електрични и термички карактеристики.

8. НАУЧЕН ПРИДОНЕС И ОРИГИНАЛНОСТ

Научниот придонес на дисертацијата треба да се согледува како целина, а не само преку одделни експериментални резултати. Оригиналноста произлегува од поврзувањето на електрохемиската синтеза во растопени соли со систематска карактеризација, машинско учење и апликативна проверка во полимерни нанокомпозити.

Особено значајно е што оптимизацијата е заснована на експериментални податоци добиени во рамките на истото истражување. На тој начин, моделот е поврзан со реалниот процес и може да послужи како основа за насочување на понатамошни експерименти. Понатамошното проширување на базата на податоци и вклучувањето дополнителни експериментални параметри би претставувале логичен правец за надградба на овој пристап.

Комисијата го издвојува научниот придонес на дисертацијата во следните аспекти: развој и испитување на електролитички пристап за синтеза на MWCNTs и графен; примена на повеќе комплементарни методи за нивна карактеризација; анализа на влијанието на процесните параметри; примена на Decision Tree модел за оптимизација; идентификување на клучни параметри и правила за избор на услови на синтеза; добивање и испитување на хибридни MWCNT–графен структури; примена на синтетизираните наноматеријали во PMMA-нанокомпозити.

9. ОПШТА ОЦЕНА

Во однос на научната зрелост, дисертацијата покажува способност на кандидатката да поврзе различни научни дисциплини и методи во единствен истражувачки концепт. Резултатите не се презентирани само дескриптивно, туку се обидуваат да воспостават врска меѓу условите на процесот, структурата на материјалот и неговите потенцијални функционални својства.

Како позитивна карактеристика се оценува и критичкиот однос кон ограничувањата на истражувањето. Во трудот се препознава потребата од подобра контрола на условите во електролитичката ќелија, подобрување на униформноста и репродуктивноста на продуктот, како и проширување на базата за машинско учење. Ваквата критичка процена е важна за научната валидност на трудот и претставува добра основа за продолжување на истражувањата. Рецензентската комисија оценува дека дисертацијата е резултат на систематска и комплексна научноистражувачка работа. Кандидатката покажува способност за самостојно поставување и реализација на истражувачки задачи, примена на современи аналитички методи и критичка интерпретација на резултатите.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата смета дека дисертацијата не само што одговара на поставената тема, туку и отвора можности за понатамошни истражувања во насока на подобрување на контролата на процесот, зголемување на репродуктивноста, проширување на експерименталната база и развој на понапредни модели за оптимизација. Резултатите имаат потенцијал да бидат релевантни како основа за понатамошно истражување на јаглеродни наноструктури и нивни полимерни композити.

Имајќи ги предвид целокупната научна содржина, методолошката поставеност, добиените резултати, научниот придонес и применливоста на истражувањето, Комисијата дава позитивна оценка на докторската дисертација и смета дека се исполнети условите за продолжување на постапката за стекнување на научниот степен доктор на науки.

Врз основа на целокупниот увид, Рецензентската комисија констатира дека докторската дисертација претставува самостојно, оригинално и научно релевантно истражување, со јасно поставени цели, соодветна методологија, релевантни резултати и јасно дефиниран научен и апликативен придонес. Дисертацијата ги исполнува научните и стручните критериуми за докторски труд. Имајќи го предвид сето наведено, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка на докторската дисертација и да овозможи продолжување на постапката согласно со соодветните акти и прописи на Универзитетот.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Кирил Лисичков, с.р.
Проф. д-р Александар Димитров, член, с.р.
Проф. д-р Перица Пауновиќ, член, с.р.
Проф. д-р Павел Димовски, член, с.р.
Проф. д-р Зарифе Бајрактари Гаши, член, с.р.

Скопје, август 2026 година

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	м-р Милица Аризанова	pH СЕНЗИТИВНИ КОЛОРИМЕТРИСКИ ИНДИКАТОРИ НА БАЗА НА ХИТОЗАН, СКРОБ И ЖЕЛАТИН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СВЕЖИНА НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ	pH SENSITIVE COLORIMETRIC INDICATORS BASED ON CHITOSAN, STARCH AND GELATIN FOR MONITORING OF FOOD PRODUCT’S FRESHNESS	проф. д-р Елена Величкова Никова	Бр. 02-1432/1 од 13.7.2026 год.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Ѓорѓија Тасевски	Полимерни епоксидни нанокомпозити со јаглеродни влакна и јаглеродни наноструктури за електромагнетни заштитни материјали	Polymer epoxy-based nanocomposites with carbon fibers and carbon nanostructures for electromagnetic protective materials	проф. д-р Анита Гроздановa	Бр. 02-1478/1 од 23.7.2026 година
2.	Анче Георгиева	Полимерни нанокомпозити со графен модифициран со метални оксиди за електромагнетни заштитни материјали	Polymer nanocomposites with graphene modified with metal oxides for electromagnetic protective materials	проф. д-р Анита Гроздановa	Бр. 02-1479/1 од 23.7.2026 година
3.	Марко Иванов	Развој и карактеризација на функционален пченичен леб збогатен со брашно од баобаб (Adansonia digitata L.)	Development and characterizations of a functional wheat bread enriched with baobab flour (Adansonia digitata L.)	проф. д-р Весна Рафајловска	Бр. 02-1480/1 од 23.7.2026 година
4.	Јордан Алуловски	Сепарација на протеини, растителни влакна и скроб од наут и нивна примена за развој на иновативни прехранбени производи	Separation of proteins, dietary fiber, and starch from chickpeas and their application in the development of innovative food products	проф. д-р Дарко Димитров	Бр. 02-1481/1 од 23.7.2026 година
5.	Катерина Атанасова Здравевска	Карактеризација и подобрување на квалитетот на бентонитски глини како врзивно средство во калапските смеси во леарството	Characterization and improvement of the quality of bentonite clay as a binder in molding mixtures in foundry	проф. д-р Благој Ризов	Бр. 02-1442/1 од 13.7.2026 година

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТЕХНИКИ БАЗИРАНИ НА ДЛАБОКО УЧЕЊЕ ЗА МОНИТОРИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈАТА ВО ЕНЕРГЕТСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ“ ОД М-Р АЛЕКСАНДРА ЗЛАТКОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2026 година, со Одлука број 02-1133/12, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Златкова, во состав: проф. д-р Бранислав Геразов (претседател), проф. д-р Димитар Ташковски (ментор), проф. д-р Живко Коколански (член), проф. д-р Хуан Васкез (член) и вонр. проф. д-р Марија Марковска Димитровска (член), а со Одлука бр. 02-1336/12 од 19.8.2026 година го утврди конечниот наслов на докторската дисертација: „Техники базирани на длабоко учење за мониторирање на квалитетот на електричната енергија и управување со енергијата во енергетските заедници“.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Златкова, со наслов: „Техники базирани на длабоко учење за мониторирање на квалитетот на електричната енергија и управување со енергијата во енергетските заедници“, содржи 118 страници компјутерски обработен текст во фонт 12, со 1,08 проред и големина на букви 12, 135 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 11 глави, список на користена литература и список на објавени трудови на кандидатката кои се произлезени како резултат од истражувањата во рамките на докторската дисертација. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава претставува вовед во докторската дисертација, во кој се дефинирани предметот и целите на истражувањето и истражувачките хипотези и прашања.

Во оваа глава, кандидатката ги разгледува современите предизвици што произлегуваат од транзицијата од централизирани кон децентрализирани и дистрибуирани електроенергетски системи. Посебно внимание е посветено на проблематиката поврзана со квалитетот на електричната енергија, особено во услови на зголемена интеграција на обновливи извори на енергија, енергетски конвертори и нелинеарни потрошувачи.

Истовремено, се анализира потребата од ефикасно и координирано управување со енергијата во рамките на енергетските заедници, во кои потрошувачите производители дејствуваат заеднички со цел остварување индивидуални и колективни енергетски и економски придобивки. Во овој контекст, особено е нагласено зачувувањето на приватноста на потрошувачите производители при размената на податоци и спроведувањето на дистрибуираното управување со енергијата.

Истражувачкиот проблем е јасно и детално образложен, при што се формулирани соодветните истражувачки хипотези и прашања врз кои се темели докторската дисертација. На крајот од главата е прикажана тематската и методолошката организација на дисертацијата .

Во **втората глава** е образложена потребата од примена на вештачката интелигенција во современите енергетски системи. Притоа се претставени основните теоретски концепти на длабокото учење, со посебен осврт на архитектурата и принципите на функционирање на конволуциските и рекурентните невронски мрежи. Дополнително, детално се објаснети техниката и структурата на федеративното учење, како и принципот на неговото функционирање преку размена на параметрите на моделот помеѓу централниот сервер и клиентите во текот на процесот на тренирање.

Во **третата глава** е даден вовед во проблематиката на квалитетот на електричната енергија, при што се дефинирани различните видови нарушувања на напонските сигнали и се претставени стандардите за квалитет на електричната енергија. Дополнително, презентиран е критички преглед на научната литература во областа на детекција и класификација на нарушувањата кај напонските сигнали. Анализирани се постојните методи и пристапи, со посебен осврт на нивните предности, ограничувања и можности за практична примена.

Во **четвртата глава** е образложена примената на длабокото учење за детекција и класификација на нарушувањата кај напонските сигнали. Најнапред е опишано користеното податочно множество, по што е посветено посебно внимание на изборот на соодветен пристап за означување на разгледуваните нарушувања, како за поединечните нарушувања така и за комбинациите во кои повеќе типови нарушувања се појавуваат истовремено. Разгледани се повеќекласниот и повеќезначниот пристап за означување и класификација, при што се дефинирани и соодветните метрики за евалуација на перформансите на моделите. Потоа се предложени и детално објаснети две предлог архитектури засновани на конволуциски невронски мрежи. Првата, поедноставна архитектура покажува одредени ограничувања во процесот на класификација, поради што таа е дополнително надградена во втората преку зголемување на длабочината на мрежата, со цел да се постигнат подобри класификациски перформанси. На крајот е претставена имплементацијата на системот и е објаснета постапката за негово тестирање во лабораториски услови.

Во **петтата глава** е извршена верификација на предложените архитектури за двата разгледувани пристапи за означување. Првично предложената архитектура е тестирана само во рамките на повеќекласната класификација, додека втората, надградена архитектура е валидирана и за повеќекласната и за повеќезначната класификација. Презентираните резултати покажуваат дека предложените архитектури постигнуваат високи перформанси при класификација и кај двата пристапи. Добиените резултати се споредени со резултатите од други релевантни архитектури засновани на длабоко учење, при што предложениот модел покажува подобри перформанси според метриките за евалуација. Употребата на повеќе ознаки (лабели) се издвојува како посоодветен начин за означување, а повеќезначната класификација се издвојува како посоодветен начин на класифицирање на сложените нарушувања, бидејќи овозможуваат одделно препознавање на секое нарушување присутно во сигналот. На тој начин, моделот може да се примени и за комбинации на нарушувања што не биле однапред дефинирани или вклучени во истражувањето како посебни класи. Во истата глава се презентирани и резултатите од експерименталната верификација на имплементираниот систем во реално време. Добиените резултати потврдуваат дека системот постигнува висока точност при детекцијата и класификацијата на нарушувањата кај напонските сигнали.

Во **шестата глава** е даден вовед во концептот на енергетските заедници, при што се објаснети улогите на нивните членови и потребата од нивна меѓусебна координација. Разгледани се архитектурите на системите за управување со енергија, со посебен осврт на карактеристиките, предностите и ограничувањата на централизираното, децентрализираното и дистрибуираното управување. Презентиран е темелен и критички преглед на научната литература од областа, особено на оптимизациските методи применети кај децентрализираните и дистрибуираните пристапи. Врз основа на спроведената анализа се идентификувани истражувачкиот јаз и мотивацијата за развој на предложениот пристап за управување со енергијата во енергетските заедници.

Во **седмата глава** е образложен изборот на студијата на случај и детално е опишано моделирањето на 16 факултетски објекти како потрошувачи – производители во рамките на енергетската заедница. Разгледани се достапните енергетски ресурси и релевантните пазарни параметри, при што посебно внимание е посветено на проценатa на капацитетот и локалното производство од фотоволтаичните системи, моделирањето на системите за складирање електрична енергија, како и на цените и моделот на размена на електрична енергија. Понатаму, опишано е користеното податочно множество и се прикажани профилите на потрошувачка на разгледуваните објекти. Спроведена е и подетална анализа на потрошувачката на електрична енергија на Факултетот за електротехника и информациски технологии, со цел да се испита однесувањето на потрошувачката на една образовна институција во услови на непредвидени

настани, каква што е пандемијата на COVID-19, како и нејзината поврзаност со временските и метеоролошките променливи и со претходно измерените вредности на потрошувачката.

Во **осмата глава** е разработено краткорочното предвидување на потрошувачката и производството на електрична енергија. Најнапред е спроведена анализа на влезните податоци, која ги опфаќа нивното претпроцесирање, изборот на временските карактеристики, анализата на метеоролошките променливи и автокорелациската анализа. Потоа, детално се објаснети архитектурата на предложениот модел и поставките на алгоритамот за федеративно учење. Посебно внимание е посветено на примената на овој алгоритам, кој овозможува заедничко тренирање на моделите без централизирано собирање и непосредно споделување на локалните податоци на членовите на енергетската заедница. На крајот, презентирани и анализирани се резултатите од предвидувањето на потрошувачката и производството на електрична енергија, како за Факултетот така и за енергетската заедница во целина.

Во **деветтата глава** е дадена математичката формулација на системот за управување со енергија во рамките на енергетската заедница. Притоа се разгледуваат централизираното управување, со и без можност за размена на електрична енергија помеѓу членовите на заедницата, како и дистрибуираното управување засновано на методот на множители со наизменични насоки (ADMM). За таа цел, предложена е приспособена верзија на ADMM за дистрибуирано решавање на неконвексен проблем, како и приспособена на карактеристиките на разгледуваната енергетска заедница. Целната функција на оптимизацискиот модел е насочена кон минимизирање на вкупните оперативни трошоци на енергетската заедница. Во главата се дефинирани и детално се објаснети сите технички и оперативни ограничувања на предложениот модел, вклучувајќи ги ограничувањата поврзани со потрошувачката, производството, складирањето и размената на електрична енергија. Оваа глава има значајна улога во дисертацијата, бидејќи преку развиените математички модели се опишува функционирањето на енергетската заедница и се поставува основата за нејзино централизирано и дистрибуирано оптимално управување.

Во **десеттата глава** се презентирани резултатите од оптимизацијата на енергетската заедница при централизирано и дистрибуирано управување. Кандидатката прикажува резултати од повеќе експериментални сценарија со цел да се добие сеопфатна слика за однесувањето на енергетската заедница во различни услови на работа. Презентирани и анализирани се резултатите поврзани со вкупните оперативни трошоци, преземената и предадената електрична енергија од и кон главната електроенергетска мрежа, како и размената на енергија помеѓу членовите на заедницата. Дополнително, анализирано е однесувањето на системите за складирање енергија, вклучувајќи ги процесите на полнење и празнење и промените на состојбата на наполнетост на батериите. Потоа се презентирани резултатите од дистрибуираната оптимизација, при што посебно се испитани влијанието на факторот на скалирање врз конвергенцијата и квалитетот на решението, како и влијанието на бројот на членови врз перформансите на постапка за оптимизација. Дополнително е анализирано функционирањето на енергетската заедница при променливи цени на електричната енергија и различни нивоа на производство од фотоволтаичните системи.

Во **последната глава** се сумирани главните резултати од двата истражувачки правци на докторската дисертација. Презентирани се научните и практичните придонеси на истражувањето, а воедно се идентификувани ограничувањата, отворените истражувачки прашања и можните насоки за понатамошна работа.

Предмет на истражување

Во оваа докторска дисертација се разгледуваат две одделни, но тематски поврзани истражувања.

Во рамките на првиот истражувачки столб, предмет на истражување се детекцијата и класификација на нарушувањата на напонските сигнали. Појавата на ваквите нарушувања е особено значајна во услови на зголемена интеграција на обновливи извори на енергија, енергетски конвертори и нелинеарни уреди. Нивното навремено и точно детектирање и класифицирање има важна улога во следењето и одржувањето на квалитетот на електричната енергија во современите електроенергетски системи.

И покрај зголемениот научен интерес за оваа проблематика во последната деценија, сè уште постојат повеќе отворени прашања. Едно од нив се однесува на соодветниот начин на означување и класификација на сложените нарушувања, кај кои повеќе типови нарушувања може

да се појават истовремено, особено во услови на ограничена достапност на реални и јавно достапни податочни множества. Во дисертацијата се разгледуваат повеќекласниот и повеќезначниот пристап на означување и класификација на поединечните и сложените нарушувања кај напонските сигнали. Предложени се архитектури засновани на конволуциски невронски мрежи, кои се тренирани, валидирани и тестирани со примена на синтетички генерирано податочно множество. Дополнително, предложениот модел е имплементиран како систем за детекција и класификација во реално време кој е експериментално верификуван во лабораториски услови со примена на реални напонски сигнали.

Вториот истражувачки столб е насочен кон развој на дистрибуирана рамка за предвидување и оптимално управување со енергијата во енергетски заедници. Предмет на истражување е примената на федеративно учење за дистрибуирано предвидување на потрошувачката на електрична енергија и производството од фотоволтаични системи. Дополнително, се истражува примената на дистрибуирана оптимизација заснована на приспособена верзија на ADMM, наменета за координирано управување со потрошувачите-производители и системите за складирање, како и со локалната размена на електрична енергија, без непосредно споделување на локалните податоци на членовите на заедницата.

Предложената рамка има цел да овозможи минимизирање на вкупните оперативни трошоци на енергетската заедница, без притоа да се наруши приватноста на нејзините членови. На тој начин, секој потрошувач-производител ги задржува своите податоци локално, додека преку координираната размена на параметри и информации за оптимизација се придонесува кон остварување на заедничките цели на енергетската заедница.

Целокупниот предмет на истражување ги обединува методите на вештачката интелигенција, дистрибуираното предвидување и оптимизацијата, со цел да се придонесе кон посигурно, поефикасно функционирање на современите децентрализирани и дистрибуирани електроенергетски системи.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во рамките на првиот истражувачки правец, и покрај значителниот напредок во примената на невронските мрежи за детекција и класификација на нарушувањата кај напонските сигнали, во научната литература сè уште постојат повеќе отворени прашања. Еден од клучните проблеми е ограничената достапност на отворени и реални податочни множества што содржат различни видови поединечни и сложени нарушувања.

Реалните податочни множества имаат особено значење при дефинирањето на соодветен пристап за означување на нарушувањата. Синтетички генерираните податочни множества овозможуваат прецизно задавање на однапред дефинирани нарушувања и нивни комбинации, но не секогаш целосно ги отсликуваат условите што се јавуваат во реалните електроенергетски системи. Во најголем дел од постојната литература, сложените нарушувања се разгледуваат како проблем на повеќекласна класификација, при што секоја однапред дефинирана комбинација се третира како посебна класа. Повеќезначниот пристап, кој овозможува на еден сигнал истовремено да му бидат доделени повеќе ознаки, е значително помалку истражуван, иако обезбедува поголема флексибилност и можност за препознавање комбинации што не биле однапред дефинирани како посебни класи.

Дополнителен недостаток во оваа област е ограничената репродусибилност на дел од објавените истражувања. Иако за класификација на нарушувањата се применуваат различни методи на машинско и длабоко учење, во многу случаи архитектурите, параметрите на моделите, податочните множества или целосните поставки на процесот на тренирање и евалуација не се јавно достапни. Тоа ја отежнува независната проверка и репродуцирањето на објавените резултати.

Во рамките на вториот истражувачки столб, управувањето со енергијата во енергетските заедници најчесто се формулира преку една или повеќе целни функции. Во зависност од разгледуваниот пристап, целите може да вклучуваат минимизирање на оперативните трошоци, зголемување на економската добивка, намалување на количината на електрична енергија преземена од главната мрежа и максимално искористување на локалните енергетски ресурси. Сепак, во голем дел од постојните истражувања управувањето се спроведува централизирано, при што се претпоставува дека податоците за потрошувачката, производството, складирањето и

оперативните ограничувања на сите членови се достапни на централен управувачки субјект. При ваквиот пристап, приватноста на податоците на потрошувачите-производители често не се разгледува како посебен истражувачки проблем.

Оттука произлегува потребата од развој на методи за координирано управување со енергетските заедници, со кои може да се постигнат заедничките технички и економски цели без директно споделување на чувствителните локални податоци. Примената на федеративното учење овозможува дистрибуирано тренирање на моделите за предвидување, при што податоците остануваат локално кај членовите на заедницата. Од друга страна, алгоритамот ADMM овозможува дистрибуирано решавање на оптимизацискиот проблем преку ограничена размена на информации за координација и оптимизација.

Комбинираната примена на федеративното учење и алгоритамот ADMM претставува значаен придонес кон развојот на рамка за предвидување и оптимално управување со енергијата без нарушување на приватноста на потрошувачите производители.

Краток опис на применетите методи

Во рамките на докторската дисертација се применети повеќе научноистражувачки методи, меѓу кои: анализа, моделирање, развој на модели и алгоритми, симулација, експериментално тестирање, евалуација и оптимизација.

Во рамките на првиот истражувачки правец е спроведена анализа на различните пристапи за означување на поединечните и сложените нарушувања кај напонските сигнали. Избрани и развиени се соодветни архитектури засновани на конволуциски невронски мрежи, при што се дефинирани структурата на моделите, функциите на загуба, излезните класи и постапките за тренирање, валидација и тестирање.

Предложените архитектури се детално евалуирани со примена на повеќекласниот и повеќеозначниот пристап за класификација. За таа цел се користени повеќе метрики, со што е овозможена сеопфатна анализа на точноста, робусноста и способноста за генерализација на моделите при различни нивоа на шум, фазни поместувања и комбинации на нарушувања. Дополнително, извршено е лабораториско тестирање на имплементираниот систем со реални напонски сигнали, со цел да се оцени неговата применливост за детекција и класификација во реално време.

Во рамките на вториот истражувачки правец, најнапред е извршено моделирање на енергетската заедница, вклучувајќи ги нејзините членови, локалните енергетски ресурси, системите за складирање, техничките и оперативните ограничувања, правилата за размена на електрична енергија и шемите за наплата.

Потоа се развиени модели за предвидување на потрошувачката на електрична енергија и производството од фотоволтаичните системи. Нивната евалуација е извршена со цел да се оцени точноста и способноста за генерализација. Примената на федеративното учење овозможува заедничко тренирање на моделите без централизирано собирање на локалните податоци на членовите на заедницата.

За централизирано управување со енергетската заедница е формулиран оптимизациски модел заснован на мешано целобројно линеарно програмирање (MILP). Потоа е извршена декомпозиција на оптимизацискиот проблем со примена на ADMM, врз чија основа е развиен дистрибуиран систем за управување со енергијата. Системот овозможува координација на членовите без непосредно откривање на нивните приватни локални податоци. За дистрибуирано решавање на неконвексниот оптимизациски проблем е предложена приспособена верзија на ADMM.

Спроведена е сеопфатна симулациска анализа на централизираното и дистрибуираното управување, со и без можност за размена на електрична енергија меѓу членовите на заедницата. Анализирани се оперативните трошоци, размената на електрична енергија, работата на системите за складирање, конвергенцијата на ADMM и квалитетот на добиеното решение. Дополнително, разгледани се сценарија со различни нивоа на производство од фотоволтаичните системи и различни цени на електричната енергија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Истражувањето спроведено во рамките на оваа докторска дисертација резултираше со повеќе значајни научни и практични сознанија.

Во петтата глава се презентирани резултатите од првично предложената архитектура заснована на конволуциски невронски мрежи. И покрај високите постигнати перформанси, кај оваа архитектура се забележуваат одредени грешки при разликувањето на номиналниот напон од импулсните преодни нарушувања, особено во услови на зголемено присуство на шум.

Втората предложена архитектура, инспирирана од познатата VGG-архитектура, постигнува високи перформанси според различни метрики за евалуација, и кај повеќекласната и кај повеќезначната класификација. Од кривите на учење може да се забележи дека моделот брзо конвергира, додека сличното однесување на кривите на тренирање и валидација укажува дека не доаѓа до прекумерно прилагодување на моделот.

Резултатите покажуваат дека, при истовремено присуство на шум и фазни поместувања, предложениот модел постигнува точност од приближно 98 % кај повеќекласната класификација. Перформансите на моделот се споредени со резултатите од други релевантни модели застапени во научната литература, при што предложениот пристап покажува подобри резултати според разгледуваните метрики.

Кај повеќезначната класификација се презентирани резултати за секоја ознака одделно, при различни нивоа на шум и фазни поместувања. Дополнително, извршена е споредба според точноста, Хаминговата загуба, загуба на ранг и метриката „една грешка“, при што резултатите ја потврдуваат супериорноста и стабилноста на предложениот модел. Презентирани се и резултатите од детекцијата и класификацијата на напонските нарушувања во реално време. Добиените резултати не покажуваат значајни отстапувања во однос на симулациските резултати, со што се потврдува практичната применливост на предложениот систем.

Анализата на резултатите од предвидувањето на потрошувачката на електрична енергија покажува дека предложениот модел постигнува високи перформанси и во услови на неочекувани промени во потрошувачката. Ова е потврдено преку експериментот во кој моделот е трениран со податоци од периодот пред пандемијата на COVID-19, а е тестиран со податоци од периодот по нејзиното појавување. Добиените резултати покажуваат дека моделот задржува задоволителна точност и способност за генерализација и во услови на значајни промени во обрасците на потрошувачката.

Резултатите добиени со примена на федеративното учење покажуваат дека може да се постигнат добри перформанси при предвидувањето, без потреба локалните податоци на членовите да се пренесуваат до централен сервер. На тој начин се овозможува дистрибуирано тренирање на моделите при истовремено зачувување на приватноста на податоците.

Резултатите од оптимизацијата покажуваат дека најниски вкупни оперативни трошоци се постигнуваат при централизирано управување со овозможено споделување електрична енергија помеѓу членовите на заедницата. Сепак, кај одредени потрошувачи – производители индивидуалната економска придобивка не е значителна, бидејќи целната функција е насочена кон минимизирање на вкупните, односно колективните трошоци на енергетската заедница.

При дистрибуираното управување, добиените оперативни трошоци се блиски до оние добиени со централизираниот пристап. Ова ја потврдува соодветноста на приспособениот алгоритам ADMM, кој овозможува исполнување на сите дефинирани ограничувања и постигнување решение блиско до оптималното, и покрај присуството на бинарни променливи во оптимизацискиот проблем.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Златкова, со наслов: „Техники базирани на длабоко учење за мониторирање на квалитетот на електричната енергија и управување со енергијата во енергетските заедници“, претставува сеопфатно истражување што опфаќа два меѓусебно поврзани истражувачки правци.

Во рамките на првиот истражувачки столб, кандидатката предлага повеќезначен пристап за означување на нарушувањата кај напонските сигнали, како и архитектура заснована на конволуциски невронски мрежи за нивна детекција и класификација. Разгледани се два пристапи за означување и класификација: повеќекласен и повеќезначен. Особено е важен

повеќезначниот пристап, кој е поретко застапен во постојната научна литература, а овозможува пофлексибилно претставување на сложените сигнали во кои истовремено се појавуваат повеќе типови нарушувања.

Извршена е детална анализа на перформансите на предложената архитектура за двата пристапи, како и споредба со други релевантни модели застапени во литературата. Добиените резултати покажуваат дека предложената архитектура постигнува високи перформанси и робусност при повеќекласната и повеќезначната класификација. Дополнително, моделот е верификуван во лабораториски услови, при што е формирано податочно множество од реално генерирани нарушувања и е потврдена применливоста на системот за детекција и класификација во реално време.

Во рамките на вториот истражувачки столб е предложена нова рамка „предвиди, па оптимизирај“, што ги интегрира федеративното учење учење и приспособениот алгоритм ADMM за предвидување и оптимално управување со енергијата во енергетска заедница, при истовремено зачувување на приватноста на нејзините членови. Како појдовна основа е извршена споредба со централизираното управување со енергетската заедница, со и без можност за споделување електрична енергија помеѓу членовите.

Кандидатката спроведува сеопфатна анализа во која се земени предвид техничките и оперативните ограничувања на системот, динамичните цени на електричната енергија, приватноста на локалните податоци и влијанието на работењето врз животниот век на батериските системи. Презентирани се и резултати за однесувањето на енергетската заедница во четири карактеристични сценарија, дефинирани преку комбинации од ниско и високо производство од обновливи извори на енергија и ниски и високи цени на електричната енергија. Воедно е анализиран и степенот на енергетска самоодржливост на заедницата.

Добиените резултати ја потврдуваат ефикасноста и успешноста на предложената рамка и покажуваат дека со примена на дистрибуираната оптимизација може да се постигне координирано и економски ефикасно управување со енергетската заедница, со минимално отстапување од централизираното решение и со зачувување на приватноста на нејзините членови.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Златкова, со наслов: „Техники базирани на длабоко учење за мониторирање на квалитетот на електричната енергија и управување со енергијата во енергетските заедници“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **A. Zlatkova**, V. Z. Gjorgievski, D. Taskovski, J. C. Vasquez and N. Bazmohammadi, "University Campuses as Energy Communities: A Case Study of Microgrid Operation and Energy Sharing," 2025 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2025 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Chania, Crete, Greece, 2025, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope64998.2025.11169042.

[2]. **A. Zlatkova** and D. Taskovski, "A Novel CNN-Based Framework for Detection and Classification of Power Quality Disturbances: Exploring Multi-Class Versus Multi-Label Classification," in IEEE Access, vol. 13, pp. 38878-38888, 2025, doi: 10.1109/ACCESS.2025.3546520. (IF=3.6)

[3]. **A. Zlatkova,** B. Gerazov and D. Taskovski, "Enhancing Short-Term Energy Forecasting in Distributed Systems Through Federated Learning," 2024 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2024 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Rome, Italy, 2024, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope61470.2024.10751496.

[4]. **A. Zlatkova**, Z. Kokolanski and D. Taskovski, "Real-Time System for Detection and Classification of Power Quality Disturbances," 2024 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2024 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Rome, Italy, 2024, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope61470.2024.10751665

[5]. **A. Zlatkova**, B. Velkovski, Z. Kokolanski and D. Taskovski, "Short-term energy forecasting for public educational institution," 2023 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2023 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Madrid, Spain, 2023, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope57605.2023.10194706.
[6]. **A. Zlatkov**a, M. Markovska and D. Taskovski, "Deep learning approach for classification of PQ disturbances," 2022 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2022 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Prague, Czech Republic, 2022, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope54979.2022.9854673.

Според законите на РС Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk. Според резултатите од проверката генерирани на 17.8.2026, (совпаѓање 3,26 %), се заклучува дека докторската дисертација не е плагијат.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатката се:

3. Предложена е архитектура заснована на конволуциски невронски мрежи, која овозможува автоматско извлекување на карактеристиките од напонските сигнали и нивна успешна детекција и класификација.
4. Развиена е рамка применлива за повеќекласна и повеќезначна класификација на поединечни и сложени нарушувања кај напонските сигнали. Предложената рамка покажува висока робусност при различни нивоа на шум, фазни поместувања и комбинации на повеќе истовремени нарушувања.
5. Покажано е дека повеќезначниот пристап обезбедува поголема флексибилност од повеќекласниот пристап при претставувањето, разликувањето и препознавањето на сложените нарушувања, особено на комбинациите што не биле однапред дефинирани како посебни класи.
6. Извршена е експериментална верификација на предложениот модел во лабораториски услови со новоформирано податочно множество од реално генерирани нарушувања и е потврдена применливоста на моделот за детекција и класификација во реално време.
7. Развиен е модел на енергетска заедница во кој факултетските објекти се претставени како потрошувачи – производители, опремени со фотоволтаични системи и системи за складирање енергија.
8. Предложена е нова дистрибуирана рамка „предвиди, па оптимизирај“, која ги обединува федеративното учење за дистрибуирано предвидување и приспособениот алгоритам ADMM за дистрибуирано оптимално управување со енергијата, без директно споделување на приватните податоци на членовите.
9. Направена е споредба на централизираното и дистрибуираното управување во однос на оперативните трошоци, зачувувањето на приватноста, размената на електрична енергија и отстапувањето на дистрибуираното од централизираното оптимално решение.
10. Направена е анализа за однесувањето на системите за складирање енергија при дистрибуирано управување, вклучувајќи ги процесите на полнење и празнење, состојбата на наполнетост и влијанието на оперативните одлуки врз користењето на батериите.
11. Направена е анализа за однесувањето на енергетската заедница при различни оперативни и пазарни услови, вклучувајќи ниско и високо производство од обновливи извори на енергија и ниски и високи цени на електричната енергија.
12. Оценети се економската ефикасност, енергетската самоодржливост и придобивките од локалното споделување електрична енергија помеѓу членовите на заедницата.

Подрачјето на примена и ограничувањата се:

- Интеграција на сите функционални компоненти на системот за детекција и класификација на нарушувањата кај напонските сигнали во единствен хардверски уред, со цел развој на покомпактно, поефикасно и практично применливо решение за следење на квалитетот на електричната енергија во реално време.
- Проширување на предложениот оптимизациски модел со експлицитно земање предвид на несигурноста поврзана со потрошувачката, производството од обновливи извори и променливите цени на електричната енергија. Ваквата надградба би овозможила развој на поробусни стратегии за управување и донесување одлуки во услови на неточни прогнози и непредвидливи оперативни и пазарни промени.
- Оптимизација на капацитетот на системите за складирање енергија за секој поединечен член на енергетската заедница, земајќи ги предвид неговите профили на потрошувачка и производство, економските параметри и оперативните ограничувања. На овој начин би се овозможило одредување на технички и

економски најсоодветната големина на батериските системи и подобрување на нивната искористеност во рамките на заедницата.

Со постигнатите резултати, кандидатката покажува сеопфатно познавање на научната проблематика опфатена со докторската дисертација, како и способност за самостојно спроведување сложено и интердисциплинарно истражување. Добиените резултати претставуваат значаен научен придонес во повеќе области, особено во примената на длабокото учење за следење на квалитетот на електричната енергија и во развојот на дистрибуирани методи за предвидување и управување со енергијата.

Добиените резултати ја потврдуваат применливоста на развиените методи за детекција и класификација на нарушувањата кај напонските сигнали и за управување со енергијата и размената на моќност во енергетските заедници, при истовремено зачувување на приватноста на користените податоци. Воедно, тие отвораат можности за нивно натамошно надградување и примена во посложени енергетски системи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Александра Златкова** со наслов: „Техники базирани на длабоко учење за мониторирање на квалитетот на електричната енергија и управување со енергијата во енергетските заедници“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Бранислав Геразов, претседател, с.р.
Проф. д-р Димитар Ташковски, ментор, с.р.
Проф. д-р Живко Коколански, член, с.р.
Проф. д-р Хуан Васкез, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Марија Марковска Димитровска, член, с.р.

REVIEW REPORT
ON THE EVALUATION OF THE DOCTORAL DISSERTATION "DEEP LEARNING-BASED TECHNIQUES FOR POWER QUALITY MONITORING AND ENERGY MENAGEMENT IN ENERGY COMMUNITIES " BY ALEKSANDRA ZLATKOVA, MSc, SUBMITTED TO THE FACULTY OF ELECTRICAL ENGINEERING AND INFORMATION TECHNOLOGIES

At its session held on 24 June 2026, the Teaching and Scientific Council of the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies in Skopje, by Decision No. 02-1133/12, appointed a Committee for the evaluation of the doctoral dissertation submitted by the candidate, MSc Aleksandra Zlatkova. The Committee consisted of Prof. Dr Branislav Gerazov (Chair), Prof. Dr Dimitar Tashkovski (Supervisor), Prof. Dr Zhivko Kokolanski (Member), Prof. Dr Juan C. Vasquez (Member), and Assoc. Prof. Dr Marija Markovska Dimitrovska (Member). By Decision No. 02-1336/12 dated 19 August 2026, the Council approved the final title of the doctoral dissertation: “Deep Learning-Based Techniques for Power Quality Monitoring and Energy Management in Energy Communities.”

The Committee, in the aforementioned composition, carefully reviewed and evaluated the doctoral dissertation and hereby submits to the Teaching and Scientific Council of the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies in Skopje the following:

REPORT
ANALYSIS OF THE DISSERTATION

The doctoral dissertation submitted by the candidate Aleksandra Zlatkova, MSc, entitled "Deep-Learning-Based Techniques for Power Quality Monitoring and Energy Management in Energy Communities", comprises 118 pages of computer-processed text in 12-point font with 1.08 line spacing, and 135 bibliographic references, including scientific papers, articles, books, national regulations, and online resources.

The dissertation is structured into 11 chapters, a list of references, and a list of the candidate's publications arising from the research conducted within the doctoral dissertation. The material is systematically organised into sections and subsections with titles and subtitles, enabling the subject matter addressed by the research to be followed clearly.

Chapter 1 introduces the doctoral dissertation and defines the subject and objectives of the research, as well as the research hypotheses and questions.

In this chapter, the candidate discusses contemporary challenges arising from the transition from centralised to decentralised and distributed electric power systems. Particular attention is devoted to power quality issues, especially under conditions of increased integration of renewable energy sources, power converters, and nonlinear loads.

At the same time, the need for efficient and coordinated energy management within energy communities is analysed. In such communities, prosumers act jointly to achieve individual and collective energy and economic benefits. In this context, particular emphasis is placed on preserving prosumer privacy during data exchange and the implementation of distributed energy management.

The research problem is explained clearly and in detail, and the relevant research hypotheses and questions on which the doctoral dissertation is based are formulated. The chapter concludes by presenting the dissertation structure and explaining the rationale behind its thematic and methodological organisation.

Chapter 2 explains the need to apply artificial intelligence in modern energy systems. It presents the fundamental theoretical concepts of deep learning, with particular emphasis on the architecture and operating principles of convolutional and recurrent neural networks. The method and structure of federated learning are also explained in detail, together with its operating principle based on the exchange of model parameters between the central server and clients during training.

Chapter 3 introduces power quality, defines the different types of voltage-signal disturbances, and presents power quality standards. It also provides a critical review of the scientific literature on the detection and classification of voltage-signal disturbances. Existing methods and approaches are

analysed, with particular attention to their advantages, limitations, and opportunities for practical application.

Chapter 4 explains the application of deep learning to the detection and classification of voltage-signal disturbances. It first describes the dataset used and then focuses on selecting an appropriate labelling approach for both individual disturbances and combinations in which several disturbance types occur simultaneously. Multi-class and multi-label approaches to labelling and classification are considered, and suitable metrics for evaluating model performance are defined. Two convolutional neural network architectures are then proposed and explained in detail. Because the initially proposed architecture exhibits certain classification limitations, it is further enhanced by increasing network depth to improve classification performance. Finally, the system implementation and the procedure for testing it under laboratory conditions are presented.

Chapter 5 verifies the proposed architectures for both labelling approaches. The initially proposed architecture is tested only for multi-class classification, whereas the second, enhanced architecture is validated for both multi-class and multi-label classification. The results show that the proposed architectures achieve strong classification performance with both approaches. The results are compared with those of other relevant deep-learning architectures, and the proposed model achieves better performance according to the evaluation metrics considered. Multi-label labelling is identified as a more appropriate method for labelling and classifying complex disturbances because it permits separate recognition of each component present in a signal. The model can therefore also be applied to combinations of disturbances that were not predefined or included in the study as separate classes. This chapter also presents the results of the experimental verification of the implemented real-time system. The results confirm that the system achieves high accuracy in detecting and classifying voltage-signal disturbances.

Chapter 6 introduces the concept of energy communities, explains the roles of their members, and discusses the need for coordination among them. Energy management system architectures are examined, with particular attention to the characteristics, advantages, and limitations of centralised, decentralised, and distributed management. A thorough and critical review of the scientific literature is presented, especially of optimisation methods used in decentralised and distributed approaches. Based on this analysis, the research gap and the motivation for developing the proposed energy-management approach for energy communities are identified.

Chapter 7 explains the choice of case study and describes in detail the modelling of 16 faculty buildings as prosumers within an energy community. The available energy resources and relevant market parameters are considered, with particular attention to estimating photovoltaic system capacity and local generation, modelling electrical energy storage systems, and defining electricity prices and the energy-exchange model. The dataset used is described and the consumption profiles of the buildings are presented. A more detailed analysis of electricity consumption at the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies is also conducted to examine the consumption behaviour of an educational institution during unexpected events such as the COVID-19 pandemic, as well as its relationship with weather and meteorological variables and previously measured consumption values.

Chapter 8 addresses short-term forecasting of electricity consumption and generation. It begins with an analysis of the input data, including preprocessing, selection of temporal features, analysis of meteorological variables, and autocorrelation analysis. The architecture of the proposed model and the federated-learning setup are then explained in detail. Particular attention is devoted to federated learning, which enables joint model training without centralised collection or direct sharing of the local data of energy-community members. Finally, the results of electricity consumption and generation forecasting are presented and analysed both for the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies and for the energy community as a whole.

Chapter 9 provides the mathematical formulation of the energy management system within the energy community. It considers centralised management, both with and without electricity exchange among community members, as well as distributed management based on the Alternating Direction Method of Multipliers (ADMM). For this purpose, a customised version of ADMM is proposed for

distributed solution of a non-convex problem, adapted to the characteristics of the energy community under consideration. The objective function of the optimisation model minimises the community's total operating costs. All technical and operational constraints of the proposed model are defined and explained in detail, including constraints related to consumption, generation, storage, and electricity exchange. This chapter is one of the key parts of the dissertation because the developed mathematical models describe the overall operation of the energy community and establish the basis for its centralised and distributed optimal management.

Chapter 10 presents the results of energy-community optimisation under centralised and distributed management. The candidate reports results from several experimental scenarios to provide a comprehensive picture of community behaviour under different operating conditions. The total operating costs, electricity imported from and exported to the main grid, and energy exchanged among community members are presented and analysed. The behaviour of the energy storage systems is also analysed, including charging and discharging and changes in battery state of charge. The distributed-optimisation results are then presented, with particular attention to the effect of the scaling factor on convergence and solution quality and the effect of the number of members on optimisation performance. The operation of the energy community under variable electricity prices and different levels of photovoltaic generation is also analysed.

The final chapter summarises the main results of the dissertation's two research directions. It presents the scientific and practical contributions of the research and identifies its limitations, open research questions, and possible directions for future work.

SUBJECT OF THE RESEARCH

This doctoral dissertation considers two distinct but thematically related lines of research.

Within the first research pillar, the subject of investigation is the detection and classification of voltage-signal disturbances. Such disturbances are particularly important under conditions of increased integration of renewable energy sources, power converters, and nonlinear devices. Their timely and accurate detection and classification play an important role in monitoring and maintaining power quality in modern electric power systems.

Despite increased scientific interest in this topic over the past decade, several questions remain open. One concerns an appropriate method for labelling and classifying complex disturbances in which multiple disturbance types may occur simultaneously, especially given the limited availability of real and publicly available datasets. The dissertation examines multi-class and multi-label approaches to labelling and classifying individual and complex voltage-signal disturbances. Convolutional neural network architectures are proposed and trained, validated, and tested using a synthetically generated dataset. The proposed model is also experimentally verified under laboratory conditions using real voltage signals and a real-time detection and classification system.

The second research pillar focuses on developing a distributed framework for forecasting and optimal energy management in energy communities. It investigates the application of federated learning to distributed forecasting of electricity consumption and photovoltaic generation. It also examines distributed optimisation based on a customised version of ADMM for coordinated management of prosumers and storage systems, as well as local electricity exchange, without direct sharing of community members' local data.

The proposed framework aims to minimise the total operating costs of the energy community without compromising member privacy. Each prosumer retains its data locally, while coordinated exchange of parameters and optimisation information contributes to achieving the community's common objectives.

The overall research subject integrates artificial intelligence, distributed forecasting, and optimisation methods to contribute to more reliable and efficient operation of modern decentralised and distributed electric power systems.

STATE OF THE ART IN THE FIELD OF THE DISSERTATION

Within the first research direction, despite significant progress in applying neural networks to the detection and classification of voltage-signal disturbances, several open questions remain in the scientific literature. One key problem is the limited availability of open and real-world datasets containing different types of individual and complex disturbances.

Real-world datasets are particularly important when defining an appropriate disturbance-labelling approach. Synthetically generated datasets permit precise specification of predefined disturbances and their combinations but do not always fully reflect conditions occurring in real electric power systems. Consequently, the labelling of complex disturbances in synthetic datasets does not always correspond to the real occurrence and overlap of multiple disturbance components. Most existing studies formulate complex-disturbance recognition as a multi-class classification problem, treating each predefined combination as a separate class. The multi-label approach, which permits several labels to be assigned simultaneously to one signal, has received considerably less attention, although it offers greater flexibility and can recognise combinations not predefined as separate classes.

A further limitation in this field is the restricted reproducibility of some published studies. Although various machine- and deep-learning methods are used for disturbance classification, the architectures, model parameters, datasets, or complete training and evaluation procedures are often not publicly available. This hinders independent verification, comparison, and reproduction of published results.

Within the second research pillar, energy management in energy communities is generally formulated through one or more objective functions. Depending on the approach, the objectives may include minimising operating costs, increasing economic benefit, reducing the electricity imported from the main grid, and maximising the utilisation of local energy resources. However, much of the existing research uses centralised management and assumes that data on consumption, generation, storage, and the operating constraints of all members are available to a central managing entity. Under this approach, prosumer data privacy is frequently not considered as a separate research problem.

This creates a need for methods for coordinated management of energy communities that achieve common technical and economic objectives without directly sharing sensitive local data. Federated learning enables distributed training of forecasting models while data remain local to community members. ADMM, in turn, enables distributed solution of the optimisation problem through limited exchange of coordination and optimisation information.

The combined application of federated learning and ADMM represents a significant contribution to developing a framework for forecasting and optimal energy management without compromising prosumer privacy.

BRIEF DESCRIPTION OF THE METHODS APPLIED

The doctoral dissertation applies several scientific research methods, including analysis, modelling, model and algorithm development, simulation, experimental testing, evaluation, and optimisation.

Within the first research direction, different approaches to labelling individual and complex voltage-signal disturbances are analysed. Suitable convolutional neural network architectures are selected and developed, and the model structures, loss functions, output classes, and training, validation, and testing procedures are defined.

The proposed architectures are evaluated in detail using multi-class and multi-label classification. Several evaluation metrics are employed, enabling a comprehensive analysis of model accuracy, robustness, and generalisation ability under different noise levels, phase shifts, and disturbance combinations. The implemented system is also tested in a laboratory using real voltage signals to assess its applicability to real-time detection and classification.

Within the second research direction, the energy community is first modelled, including its members, local energy resources, storage systems, technical and operational constraints, electricity-exchange rules, and pricing schemes.

Models are then developed for forecasting electricity consumption and photovoltaic generation. They are evaluated to assess their accuracy and generalisation ability. Federated learning enables joint model training without centralised collection of the community members' local data.
For centralised energy-community management, an optimisation model based on mixed-integer linear programming (MILP) is formulated. The optimisation problem is then decomposed using ADMM, forming the basis of a distributed energy management system. The system coordinates members without directly disclosing their private local data. A customised version of ADMM is proposed for distributed solution of the non-convex optimisation problem.
A comprehensive simulation analysis of centralised and distributed management is conducted, both with and without electricity exchange among community members. The analysis covers operating costs, electricity exchange, storage-system operation, ADMM convergence, and the quality of the resulting solution. Scenarios with different photovoltaic-generation levels and electricity prices are also considered.

BRIEF DESCRIPTION OF THE RESEARCH RESULTS

The research conducted within this doctoral dissertation produced several significant scientific and practical findings.
Chapter 5 presents the results of the initially proposed convolutional neural network architecture. Despite its high performance, certain errors occur when distinguishing nominal voltage from impulsive transient disturbances, particularly at higher noise levels.
The second proposed architecture, inspired by the well-known VGG architecture, achieves strong performance according to various evaluation metrics in both multi-class and multi-label classification. The learning curves show rapid convergence, while the similar behaviour of the training and validation curves indicates that the model does not overfit.
The results show that, in the simultaneous presence of noise and phase shifts, the proposed model achieves approximately 98% accuracy in multi-class classification. Its performance is compared with other relevant models in the scientific literature, and the proposed approach produces better results according to the metrics considered.
For multi-label classification, results are presented separately for each label at different noise levels and phase shifts. Comparisons are also made using accuracy, Hamming loss, ranking loss, and the one-error metric, confirming the superiority and stability of the proposed model. Results from real-time detection and classification of voltage disturbances are also presented. They show no significant deviations from the simulation results, confirming the practical applicability of the proposed system.
Analysis of the electricity-consumption forecasting results shows that the proposed model also performs strongly under unexpected changes in consumption. This is confirmed by an experiment in which the model is trained using data from the period before the COVID-19 pandemic and tested using data from the period after its onset. The results show that the model retains satisfactory accuracy and generalisation ability despite significant changes in consumption patterns.
The results obtained using federated learning show that good forecasting performance can be achieved without transferring members' local data to a central server. This enables distributed model training while preserving data privacy.
The optimisation results show that the lowest total operating costs are achieved with centralised management when electricity sharing among community members is enabled. However, for certain prosumers, the individual economic benefit is not substantial because the objective function minimises the total, collective cost of the energy community.
Under distributed management, the resulting operating costs are close to those obtained with the centralised approach. This confirms the suitability of the customised ADMM algorithm, which satisfies all defined constraints and attains a near-optimal solution despite the presence of binary variables in the optimisation problem.

EVALUATION OF THE DISSERTATION

The doctoral dissertation submitted by Aleksandra Zlatkova, MSc, entitled "Deep-Learning-Based Techniques for Power Quality Monitoring and Energy Management in Energy Communities", is a comprehensive study encompassing two interrelated research directions.

Within the first research pillar, the candidate proposes a multi-label approach to labelling voltage-signal disturbances and a convolutional neural network architecture for their detection and classification. Two labelling and classification approaches are considered: multi-class and multi-label. The multi-label approach is particularly significant because it is less frequently represented in the existing scientific literature and allows a more flexible representation of complex signals in which multiple disturbance types occur simultaneously.

The performance of the proposed architecture is analysed in detail for both approaches and compared with other relevant models from the literature. The results show high performance and robustness in both multi-class and multi-label classification. The model is additionally verified under laboratory conditions, where a dataset of physically generated disturbances is created and the applicability of the real-time detection and classification system is confirmed.

Within the second research pillar, a new framework integrating federated learning and ADMM is proposed for forecasting and optimal energy management in an energy community while preserving member privacy. As a baseline, comparisons are made with centralised energy-community management, both with and without electricity sharing among members.

The candidate conducts a comprehensive analysis accounting for the system's technical and operational constraints, dynamic electricity prices, local-data privacy, and the effect of operation on battery-system lifetime. Results are presented for four characteristic scenarios defined by combinations of low and high renewable generation and low and high electricity prices. The degree of community energy self-sufficiency is also analysed.

The results confirm the effectiveness of the proposed framework and show that distributed optimisation can achieve coordinated and economically efficient energy-community management, with minimal deviation from the centralised solution while preserving member privacy.

In the opinion of the Evaluation Committee, the doctoral dissertation submitted by Aleksandra Zlatkova, MSc, entitled "Deep-Learning-Based Techniques for Power Quality Monitoring and Energy Management in Energy Communities", fulfils the fundamental requirements and standards for the preparation of a doctoral dissertation.

FULFILMENT OF THE LEGAL REQUIREMENTS FOR THE DISSERTATION DEFENCE

Prior to the defence of the doctoral dissertation, the candidate published the following peer-reviewed research papers (as first author, in international scientific journals, or one paper in a journal with an impact factor):

[1] A. Zlatkova, V. Z. Gjorgievski, D. Taskovski, J. C. Vasquez and N. Bazmohammadi, "University Campuses as Energy Communities: A Case Study of Microgrid Operation and Energy Sharing," 2025 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2025 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Chania, Crete, Greece, 2025, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope64998.2025.11169042.

[2] A. Zlatkova and D. Taskovski, "A Novel CNN-Based Framework for Detection and Classification of Power Quality Disturbances: Exploring Multi-Class Versus Multi-Label Classification," IEEE Access, vol. 13, pp. 38878-38888, 2025, doi: 10.1109/ACCESS.2025.3546520. (IF = 3.6)

[3] A. Zlatkova, B. Gerazov and D. Taskovski, "Enhancing Short-Term Energy Forecasting in Distributed Systems Through Federated Learning," 2024 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2024 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Rome, Italy, 2024, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope61470.2024.10751496.

[4] A. Zlatkova, Z. Kokolanski and D. Taskovski, "Real-Time System for Detection and Classification of Power Quality Disturbances," 2024 IEEE International Conference on Environment and Electrical

Engineering and 2024 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Rome, Italy, 2024, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope61470.2024.10751665.
[5] A. Zlatkova, B. Velkovski, Z. Kokolanski and D. Taskovski, "Short-term energy forecasting for public educational institution," 2023 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2023 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Madrid, Spain, 2023, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope57605.2023.10194706.
[6] A. Zlatkova, M. Markovska and D. Taskovski, "Deep learning approach for classification of PQ disturbances," 2022 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2022 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), Prague, Czech Republic, 2022, pp. 1-6, doi: 10.1109/EEEIC/ICPSEurope54979.2022.9854673.

CONCLUSION AND PROPOSAL

The candidate's principal scientific contributions are:

- A convolutional neural network architecture is proposed that enables automatic extraction of features from voltage signals and their successful detection and classification.
- A framework applicable to multi-class and multi-label classification of individual and complex voltage-signal disturbances is developed. The framework demonstrates high robustness under different noise levels, phase shifts, and combinations of simultaneous disturbances.
- The multi-label approach is shown to provide greater flexibility than the multi-class approach in representing, distinguishing, and recognising complex disturbances, especially combinations not predefined as separate classes.
- The proposed model is experimentally verified under laboratory conditions. A dataset of physically generated disturbances is created, and its applicability to real-time detection and classification is confirmed.
- An energy-community model is developed in which faculty buildings are represented as prosumers equipped with photovoltaic systems and energy storage systems.
- A new distributed "forecast-then-optimise" framework is proposed, integrating federated learning for distributed forecasting and a customised ADMM algorithm for distributed optimal energy management without directly sharing members' private data.
- Centralised and distributed management are compared in terms of operating costs, privacy preservation, electricity exchange, and deviation of the distributed solution from the centralised optimum.
- The behaviour of storage systems under distributed management is analysed, including charging and discharging, state of charge, and the effect of operational decisions on battery utilisation.
- Energy-community behaviour under different operating and market conditions is analysed, including low and high renewable generation and low and high electricity prices.
- Economic efficiency, energy self-sufficiency, and the benefits of local electricity sharing among community members are evaluated.

The areas of application and limitations are:

- Integration of all functional components of the voltage-disturbance detection and classification system into a single hardware device to develop a more compact, efficient, and practically applicable solution for real-time power quality monitoring.
- Extension of the proposed optimisation model to explicitly account for uncertainty related to consumption, renewable generation, and variable electricity prices. This would enable more robust management and decision-making strategies under inaccurate forecasts and unpredictable operating and market changes.
- Optimisation of energy-storage capacity for each individual community member, taking account of consumption and generation profiles, economic parameters, and operating constraints. This would enable determination of the most technically and economically suitable battery-system size and improve its utilisation within the community.

Through the results achieved, the candidate demonstrates comprehensive knowledge of the scientific issues addressed by the doctoral dissertation, as well as the ability to conduct complex and

interdisciplinary research independently. The results represent a significant scientific contribution in several areas, particularly the application of deep learning to power quality monitoring and the development of distributed methods for energy forecasting and management.

The results, conclusions, and identified open research questions provide a sound basis for further development of methods for detecting and classifying voltage-signal disturbances and for improving energy management and power exchange within energy communities, with particular emphasis on preserving the privacy of the data used.

In view of the above, the Committee proposes that the Teaching and Scientific Council of the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies accept the positive evaluation and schedule the defence of the doctoral dissertation submitted by Aleksandra Zlatkova, MSc, entitled "Deep-Learning-Based Techniques for Power Quality Monitoring and Energy Management in Energy Communities".

COMMITTEE

Prof. Dr Branislav Gerazov, Chair
Prof. Dr Dimitar Taskovski, Supervisor
Prof. Dr Zhivko Kokolanski, Member
Prof. Dr Juan C. Vasquez, Member
Assoc. Prof. Dr Marija Markovska Dimitrovska, Member

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛ ЗА ПРОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА ВО СИСТЕМИТЕ ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА СО BLOCKCHAIN-БАЗИРАН ДОКАЗ ЗА ПОЛНЕЊЕ“ ОД М-Р НЕЏИБЕ СЕЈФУЛИ-РАМАДАНИ (СТУДЕНТ НА ТРЕТ ЦИКЛУС – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ), ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на предлогот на Советот на студиската програма Електротехника и информациски технологии на трет циклус – докторски студии, усвоен на седницата одржана на 19.8.2026 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 19.8.2026 година, донесе Одлука со бр. 02-1336/11, за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Неџибе Сејфули-Рамадани со наслов: „Модел за проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила со blockchain-базиран доказ за полнење“, во состав: проф. д-р Владимир Атанасовски (претседател), проф. д-р Александар Ристески (ментор), проф. д-р Марко Порјазоски (член), проф. д-р Валентин Раковиќ (член) и проф. д-р Флорим Идризи (надворешен член од Универзитетот во Тетово, Факултет за природно-математички науки).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Неџибе Сејфули-Рамадани, со наслов: „Модел за проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила со blockchain-базиран доказ за полнење“, е изработена во рамките на студиската програма Електротехника и информациски технологии на трет циклус – докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р Александар Ристески. Трудот е компјутерски обработен текст со фонт Times New Roman, со големина на букви 12 и единечен проред и содржи 156 страници, 32 слики, 28 табели, 6 листинг и 105 библиографски единици. Во дисертацијата се обработуваат научни и практични прашања поврзани со проверливоста, интегритетот и заштитата на приватноста кај записите за полнење електрични возила, со посебен фокус на предложениот *Proof-of-Charge* модел.

Структурно, дисертацијата е поделена во девет поглавја. По воведното поглавје, во кое се дефинирани мотивацијата, предметот на истражување, целите, истражувачките прашања, методологијата и придонесите на трудот, следува преглед на релевантната литература. Во второто поглавје се разгледуваат постојните истражувања поврзани со blockchain-технологијата, системите за полнење електрични возила, проверливите дигитални записи, приватноста и примената на криптографски механизми во енергетски и електромобилни системи.

Во третото поглавје е претставена архитектурата на систем за управување со полнење електрични возила базиран на blockchain-технологија. Во овој дел се разгледуваат главните учесници во процесот на полнење, како корисникот, полначот, операторот, давателот на услуги за електрична мобилност, роаминг платформата и ревизорската компонента. Посебно внимание е посветено на тоа како предложениот пристап може да се надоврзе на постојните *OCPP* и *OCPI* процеси, без да ја замени постојната инфраструктура.

Четвртото поглавје го разработува предложениот *Proof-of-Charge* модел и неговата криптографска основа. Во него се дефинира структурата на потврдата за полнење, поврзувањето

со мерниот тек, примената на *hash*-вредности, *Merkle root* структури и групно закотвување (anchoring). Овој дел ја поставува основата за проверка на тоа дали финалната потврда за полнење останала непроменета и дали е криптографски поврзана со податоците од кои произлегува.

Петтото поглавје се фокусира на *offline*-моделите и интеграцијата со реални системи. Во него се разгледуваат *online*, полу-*online* и *offline*-сценарија, локалното евидентирање на податоци, синхронизацијата со заднински системи и можноста *Proof-of-Charge* потврдите да се применат и во услови на ограничена или нестабилна мрежна поврзаност. Овој дел е значаен затоа што покажува дека предложениот модел не зависи исклучиво од постојана комуникација со централниот систем.

Во шестото поглавје е анализирана улогата на blockchain-технологијата во обезбедувањето проверливост, интегритет и приватност во системите за полнење електрични возила. Во него се обработуваат основните карактеристики на blockchain-системите, криптографските механизми, *on-chain* и *off-chain* моделите, паметните договори (*smart contracts)*, *Ethereum* како платформа за закотвување на докази, како и примената на blockchain во поширoки енергетски и електромобилни сценарија. Посебен акцент е ставен на ограничената и целна употреба на blockchain како надворешен слој за интегритет, а не како место за складирање на сите податоци.

Седмото поглавје ја прикажува имплементацијата на предложениот *Proof-of-Charge* систем. Во него се опишани технолошката поставеност на прототипот, структурата на податоците, шемата на потврдата, процесот на генерирање и хеширање, групното закотвување, blockchain-интеграцијата преку *smart contract*, како и механизмите за верификација и ревизија. Прототипот е поставен како локална истражувачка платформа која овозможува контролирано создавање, складирање, закотвување и проверка на потврди за сесии на полнење.

Осмото поглавје ги анализира и ги дискутира резултатите добиени од експерименталната проверка на предложениот модел. Во овој дел се разгледуваат генерирањето на *Proof-of-Charge* потврди, групното закотвување, намалувањето на бројот на blockchain-операции, проверката на интегритетот и практичната вредност на предложениот пристап. Резултатите покажуваат дека повеќе потврди можат да се претстават преку една групна *Merkle root* вредност, со што се намалува потребата од поединечни blockchain-трансакции, а се задржува можноста за подоцнежна проверка.

Деветтото поглавје ги сумира главните заклучоци, придонесите на дисертацијата и можните насоки за понатамошно истражување. Во него се нагласува дека предложениот *Proof-of-Charge* модел овозможува деталните податоци за сесиите на полнење да останат во *off-chain* слојот, додека нивниот интегритет се потврдува преку компактни криптографски докази и blockchain-закотвување. Како идни насоки се посочуваат тестирање со реални *OCPP* и *OCPI* податоци, примена во јавни blockchain *testnet* околини, интеграција со надворешни системи за складирање и дополнителни механизми за заштита на приватноста.

Во посебен дел од дисертацијата се наведени и трудовите објавени од кандидатката, кои се поврзани со истражувачката област на дисертацијата. Тие ја потврдуваат континуираноста на истражувањето и придонесот на кандидатката во областа на blockchain-технологијата, електромобилноста, проверливите дигитални записи и безбедноста на информациските системи.

ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И НАСОКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е развој на модел за проверливи потврди за сесии на полнење електрични возила, со примена на blockchain-технологија и криптографски механизми за заштита на интегритетот на податоците. Истражувањето се насочува кон еден важен проблем во современата инфраструктура за полнење: како да се обезбеди доверба во записите за една завршена сесија, без сите детални податоци да се објавуваат или складираат на blockchain.

Во постојните системи за полнење електрични возила, податоците за сесијата најчесто се создаваат, обработуваат и чуваат во различни заднински системи. Финалната потврда или записот за наплата може да содржи податоци за времетраење, испорачана енергија и пресметан износ, но корисникот, операторот, давателот на услуги или ревизорот немаат секогаш едноставен начин независно да проверат дали тој запис навистина одговара на мерните податоци од кои е добиен. Токму оваа празнина ја поставува основата на истражувањето.

Главната цел на дисертацијата е да се предложи *Proof-of-Charge* модел, преку кој секоја завршена сесија за полнење ќе може да се претстави како структурирана и проверлива дигитална потврда. Таквата потврда ги поврзува основните податоци за сесијата, мерниот тек, енергетските вредности, пресметковните елементи и криптографските докази во една доследна целина. На тој начин, потврдата не се третира само како административен запис, туку како податочна структура што може повторно да се пресмета, спореди и провери.

Во првиот дел од истражувањето се разгледуваат постојните пристапи за користење на blockchain-технологијата во енергетски системи, електромобилност и системи за полнење електрични возила. Посебно внимание се посветува на тоа што blockchain може реално да обезбеди во ваков контекст, а кои негови ограничувања мора да се земат предвид. Ова е важно бидејќи целта на дисертацијата не е сите податоци да се пренесат на blockchain, туку blockchain да се користи внимателно, како надворешен слој за проверка на интегритет.

Потоа се дефинира архитектурата на предложениот систем. Во неа се разгледуваат главните учесници во процесот на полнење: корисникот, полначот, операторот, давателот на услуги за електрична мобилност, роаминг платформата и ревизорската компонента. Истражувањето покажува како *Proof-of-Charge* моделот може да се надоврзе на постојните процеси и протоколи, како *OCPP* и *OCPI*, без да ја замени основната инфраструктура за управување со сесиите.

Централниот дел од истражувањето е самиот *Proof-of-Charge* модел. Во него се дефинира структурата на потврдата, начинот на поврзување со мерниот тек, примената на *hash*-вредности, *Merkle root* структури и групно закотвување. Со овој пристап, секоја потврда може да се поврзе со податоците од кои е изведена, а повеќе потврди можат да се претстават преку една заедничка криптографска вредност.

Посебно се разгледуваат и условите во кои полначот нема постојана комуникација со заднинскиот систем. Во реална инфраструктура можни се прекини, доцнења или ограничена мрежна поврзаност. Затоа, дисертацијата ја анализира примената на моделот и во *offline* и полу-*online* сценарија, каде што податоците најпрво можат локално да се евидентираат, а потоа да се синхронизираат и проверат.

Во понатамошниот дел од истражувањето се поставува хибридниот *off-chain/on-chain* пристап. Деталните податоци за сесиите, мерните вредности и потврдите остануваат во *off-chain* слојот, додека на blockchain се закотвува само компактна криптографска вредност, односно *batch Merkle root*. На овој начин се намалува изложувањето на чувствителни податоци, се избегнува непотребно оптоварување на blockchain-мрежата и се задржува можноста за независна проверка.

Практичниот дел од дисертацијата опфаќа развој на прототипна имплементација на предложениот систем. Прототипот овозможува генерирање сесии за полнење, креирање *Proof-of-Charge* потврди, пресметување *receipt hash*, формирање *Merkle root* за мерниот тек, групно закотвување, локална blockchain-интеграција и проверка на интегритетот. Со ова се покажува дека предложениот модел не останува само концептуален, туку може да се реализира како функционален и повторлив софтверски процес.

Во експерименталниот дел се анализираат резултатите од прототипот. Се разгледува дали потврдите можат доследно да се генерираат, дали групното закотвување го намалува бројот на blockchain-операции и дали системот може подоцна повторно да ги провери зачуваните вредности. Овие резултати служат за оценување на практичната применливост на моделот во контролирана истражувачка околина.

Како резиме, главните делови од истражувањето се:

- анализа на постојните пристапи за blockchain-технологија, проверливост и приватност во системи за полнење електрични возила;
- дефинирање архитектура на систем за полнење со дополнителен слој за проверливост;
- развој на *Proof-of-Charge* модел за структурирани и криптографски проверливи потврди;
- примена на *hash*-вредности, *Merkle root* структури и групно закотвување за заштита на интегритетот;
- разгледување на *offline* и полу-*online* сценарија;
- поставување хибриден *off-chain/on-chain* пристап;
- развој на прототип за генерирање, складирање, закотвување, проверка и ревизија на потврди;
- експериментална евалуација на функционалноста и практичната применливост на предложениот модел.
-

НАУЧНА И ПРАКТИЧНА ВРЕДНОСТ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Значењето на оваа докторска дисертација се согледува во обработката на актуелен проблем поврзан со довербата и интегритетот на податоците во системите за полнење електрични возила. Во ваквите системи, записите од една сесија не се важни само за наплата, туку и за ревизија, порамнување, решавање можни спорови и градење доверба меѓу корисниците, операторите, давателите на услуги, роаминг платформите и регулаторните тела.

Научната вредност на дисертацијата е најизразена во предложениот *Proof-of-Charge* модел. Со овој модел, една завршена сесија за полнење се претставува преку структурирана дигитална потврда, која е криптографски поврзана со мерните податоци од кои произлегува. На тој начин, потврдата не претставува само административен запис или финална сметка, туку основа за подоцнежна проверка и ревизија.

Посебен придонес на трудот е начинот на кој се користи blockchain-технологијата. Наместо сите податоци од сесиите да се запишуваат на blockchain, дисертацијата предлага хибриден *off-chain/on-chain* пристап. Деталните податоци остануваат во заднинскиот слој, а на blockchain се закотвува само компактна криптографска вредност. Со ова се избегнува непотребно изложување на чувствителни информации и се задржува можноста за независна проверка на интегритетот.

Практичната вредност на дисертацијата произлегува од прототипната имплементација на предложениот модел. Прототипот овозможува генерирање сесии за полнење, креирање *Proof-of-Charge* потврди, пресметување *hash*-вредности, формирање *Merkle root* структури, групно закотвување и подоцнежна ревизиска проверка. Со тоа се покажува дека предложениот пристап може да се реализира како функционален и повторлив софтверски процес.

Значењето на трудот се гледа и во можноста моделот да се надоврзе на постојните процеси во инфраструктурата за полнење електрични возила. *Proof-of-Charge* не ги заменува протоколите како *OCPP* и *OCPI*, ниту постојните системи за управување со сесии, туку додава дополнителен слој за доверливост и ревизија. Ова го прави моделот попрактичен за понатамошна примена во реални системи.

Дополнително, дисертацијата има значење и од аспект на приватноста. Податоците за полнење можат индиректно да откријат информации за навиките, движењето и временските модели на корисниците. Затоа, предложениот пристап е поставен така што на blockchain не се објавуваат детални кориснички или мерни податоци, туку само криптографски доказ за нивниот интегритет.

Во целина, трудот дава научен и практичен придонес кон развојот на потранспарентни и посигурни процеси во инфраструктурата за полнење електрични возила. Предложениот модел ја поставува blockchain-технологијата во јасна и ограничена улога: како надворешен слој за доверба, додека деталната обработка на податоците останува во постојните системи.

СОСТОЈБА НА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Подрачјето во кое е работена оваа докторска дисертација ги опфаќа blockchain-технологијата, системите за полнење електрични возила, криптографската проверливост на дигитални записи и заштитата на приватноста при обработка на податоци. Во трудот се користени 105 библиографски единици, кои вклучуваат научни трудови, стандарди, технички спецификации, книги и релевантни интернет-извори од областа на електромобилноста, енергетските системи и безбедното управување со податоци.

Инфраструктурата за полнење електрични возила денес не претставува само техничка мрежа од полначи, туку сложен дигитален систем во кој податоците се создаваат, се разменуваат и се обработуваат од повеќе учесници. Во една сесија на полнење можат да бидат вклучени корисникот, операторот на полначот, давателот на услуги за електрична мобилност, роаминг платформата, системот за наплата и, во одредени случаи, ревизорска или регулаторна страна. Поради тоа, точноста и доверливоста на записите имаат значење што го надминува самиот процес на наплата.

Во досегашната литература, blockchain-технологијата често се разгледува како средство за зголемување на довербата во енергетски и електромобилни системи. Нејзината вредност се поврзува со можноста за создавање трајни записи, криптографска проверка и заедничка референтна точка меѓу независни учесници. Сепак, практичната примена на blockchain во вакви системи не е едноставна, бидејќи мора да се земат предвид трошоците, скалабилноста, приватноста и потребата од усогласување со веќе постојни платформи и протоколи.

Значаен дел од ова подрачје се однесува и на комуникациските процеси во инфраструктурата за полнење. Протоколите како *OCPP* и *OCPI* овозможуваат размена на оперативни, наплатни и роаминг податоци меѓу различни системи. Тие се важни за функционирањето на инфраструктурата, но не се доволни сами по себе за да обезбедат независен криптографски доказ дека финалната потврда за една сесија навистина одговара на мерниот тек од кој е добиена.

Од прегледот на постојните пристапи може да се забележи дека истражувањата се движат во неколку насоки: blockchain во енергетски системи, приватност при полнење електрични возила, проверливи дигитални записи, *smart contracts*, *Merkle*-структури, надворешно складирање и криптографско закотвување. И покрај овие придонеси, сè уште постои потреба од модел кој појасно ја поврзува финалната потврда за полнење со мерните податоци, без притоа деталните записи да се објавуваат на blockchain.

Како најзначајни предизвици во ова подрачје можат да се издвојат:

- обезбедување независна проверка на финалните записи за сесии на полнење;
- откривање можни подоцнежни измени во потврдите, мерните податоци или пресметковните записи;
- зголемување на транспарентноста при спор меѓу корисник, оператор, давател на услуги или роаминг платформа;
- зачувување на деталните податоци во off-chain слој, без нивно директно објавување на blockchain;
- заштита на приватноста, бидејќи податоците за полнење можат индиректно да откријат информации за движење и навики на корисниците;
- намалување на трошоците и подобрување на скалабилноста при користење blockchain;
- усогласување со постојните OCPP и OCPI процеси;
- поддршка за offline и полу-online услови;
- практична имплементација и експериментална проверка на предложените механизми.

Досегашните решенија покажуваат дека ниту целосно централизираното складирање, ниту директното запишување на сите податоци на blockchain не претставуваат идеален пристап. Централизираниот модел е практичен за обработка и пребарување, но не обезбедува доволно силна независна проверка. Од друга страна, целосното *on-chain* складирање може да создаде проблеми со приватноста, обемот на податоците, трошоците и брзината на обработка.

Поради тоа, сè поголемо значење добиваат хибридните пристапи. Кај нив деталните записи остануваат во *off-chain* слојот, додека на blockchain се закотвуваат само компактни криптографски вредности. Ваквата поставеност овозможува blockchain да се користи таму каде што има најголема вредност: како надворешна точка за потврдување на интегритетот, без да се претвори во складиште за сите оперативни податоци.

Во оваа насока е поставен и предложениот *Proof-of-Charge* модел. Тој овозможува секоја завршена сесија за полнење да се претстави преку структурирана потврда, поврзана со мерниот тек преку *hash*-вредности и *Merkle root*. Повеќе потврди можат да се групираат во една *batch* структура, од која се добива заедничка криптографска вредност погодна за blockchain-закотвување.

Со ваквата поставеност, дисертацијата се надоврзува на постојните истражувања, но ја насочува blockchain-технологијата кон конкретна и ограничена улога. Наместо да се користи како главно место за складирање на податоците од полнењето, blockchain се користи како слој за проверка на интегритетот. Тоа овозможува подобра рамнотежа меѓу доверба, приватност, скалабилност и практична применливост во реални системи за полнење електрични возила.

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП И ПРИМЕНЕТИ МЕТОДИ

Во докторската дисертација е применет комбиниран методолошки пристап, преку кој предложениот *Proof-of-Charge* модел се разгледува од теоретски, архитектурен, имплементациски и експериментален аспект. Истражувањето не се ограничува само на анализа на постојни решенија, туку вклучува и развој на конкретен модел, негова прототипна реализација и проверка во контролирана околина.

Во почетната фаза е направена анализа на релевантна научна и стручна литература од областа на blockchain-технологијата, системите за полнење електрични возила, електромобилноста, *OCPP* и *OCPI* процесите, криптографските механизми, заштитата на приватноста и хибридните *off-chain/on-chain* модели. Овој дел помага да се согледа постојната состојба во подрачјето и да се објасни зошто е потребен предложениот модел.

Потоа е применета споредбена анализа на различни пристапи за евидентирање и проверка на сесии на полнење. Разгледани се централизирани решенија, целосно *on-chain* пристапи, класични ревизиски записи и хибридни модели. Оваа споредба е важна за да се покаже зошто во дисертацијата се избира пристап во кој деталните податоци остануваат надвор од blockchain, а се закотвуваат само компактни криптографски вредности.

Во архитектурниот дел е применето моделирање на системската структура и на улогите на учесниците во процесот на полнење. Разгледани се корисникот, полначот, операторот, давателот на услуги за електрична мобилност, роаминг платформата и ревизорската компонента. Со овој пристап се дефинира каде се создаваат податоците, како се обработуваат и на кој начин може да се додаде слој за проверливост без да се наруши постојната логика на системот.

Главниот моделски дел се заснова на дизајн и формализација на *Proof-of-Charge* потврдата. Во оваа фаза се дефинира структурата на потврдата, нејзините основни полиња, врската со мерниот тек и начинот на кој се формира криптографски доказ за интегритет. За таа цел се користат *hash*-вредности, *Merkle root* структури, канонско претставување на податоците и групно закотвување.

Во делот за *offline* и полу-*online* сценарија е применет аналитички пристап за разгледување на услови во кои мрежната поврзаност не е постојано достапна. Се анализира можноста податоците од сесијата најпрво локално да се евидентираат, привремено да се зачуваат, а потоа да се синхронизираат со заднинскиот систем. Овој дел ја проширува применливоста на моделот и надвор од идеални *online* услови.

Во имплементацискиот дел е применет инженерски пристап базиран на дизајн, развој и тестирање на прототип. Прототипот овозможува генерирање сесии за полнење, креирање *Proof-of-Charge* потврди, пресметување *receipt hash*, формирање *Merkle root* за мерните

податоци, групирање на повеќе потврди во *batch* структура, blockchain-закотвување и подоцнежна проверка на интегритетот.

Во експерименталниот дел се користи контролирано тестирање со синтетички генерирани сесии за полнење. Овој пристап овозможува повторливост на експериментите, споредба на различни големини на податочни множества и следење на резултатите од секоја фаза на процесот. Се анализираат генерирањето на потврдите, групното закотвување, намалувањето на бројот на blockchain-операции и можноста за повторна проверка на зачуваните вредности.

За оценување на резултатите е применета евалуација на функционалноста, повторливоста и практичната применливост на предложениот модел. Посебно внимание е посветено на тоа дали потврдите можат доследно да се креираат, дали *Merkle root* вредностите се совпаѓаат при повторна пресметка и дали закотвената вредност може да служи како независна референтна точка за интегритет.

Во целина, применетите методи овозможуваат теоретската анализа да се поврзе со практична имплементација и експериментална проверка. Преку анализа, споредба, моделирање, развој на прототип и евалуација, дисертацијата покажува дека *Proof-of-Charge* моделот може да се користи како основа за проверливи и приватност-заштитени записи во системите за полнење електрични возила.

ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од истражувањето ја следат логиката на дисертацијата: од анализа на постојните пристапи, преку дефинирање на моделот, до негова имплементација и експериментална проверка. Во целина, тие покажуваат дека предложениот *Proof-of-Charge* модел може да обезбеди доверлива основа за проверка на сесии на полнење електрични возила, со ограничена и целна употреба на blockchain-технологијата.

Преку анализата на постојните истражувања и технички пристапи е утврдено дека blockchain може да има значајна улога во системи каде што повеќе учесници треба да се потпрат на ист запис или доказ. Сепак, анализата покажува дека неговата примена треба да биде внимателно ограничена, бидејќи целосното запишување на податоците од сесиите може да создаде проблеми со приватноста, трошоците и скалабилноста. Ова ја потврдува потребата од хибриден пристап, во кој blockchain се користи за закотвување на компактни криптографски вредности.

Во архитектурниот дел е поставена рамка за систем за полнење електрични возила со дополнителен слој за доверба и ревизија. Во неа се разгледани улогите на корисникот, полначот, операторот, давателот на услуги за електрична мобилност, роаминг платформата и ревизорската компонента. Овој резултат покажува дека *Proof-of-Charge* може да се надоврзе на постојната инфраструктура, без да ја замени нејзината основна логика.

Со разработката на *Proof-of-Charge* моделот е дефинирана структурата на дигиталната потврда, начинот на нејзино поврзување со мерниот тек и примената на *hash*-вредности и *Merkle root* структури. На овој начин, една сесија за полнење може да се претстави преку податочна структура што е погодна за повторна пресметка, споредба и ревизиска проверка.

Анализата на *offline* и полу-*online* сценаријата покажува дека предложениот пристап може да се разгледува и во услови кога полначот нема постојана комуникација со заднинскиот систем. Податоците од сесијата можат локално да се евидентираат, привремено да се зачуваат и подоцна да се синхронизираат. Со тоа моделот добива поширока применливост од стандардните *online* услови.

Прототипната имплементација ја потврдува практичната изводливост на предложениот модел. Развиениот систем овозможува генерирање сесии за полнење, креирање *Proof-of-Charge* потврди, пресметување *receipt hash*, формирање *Merkle root* за мерните податоци, групирање на повеќе потврди во *batch* структура и локално

blockchain-закотвување. Со ова се покажува дека моделот може да се реализира како функционален и повторлив софтверски процес.

Експерименталната проверка покажува дека системот може доследно да создава потврди, да ги групира преку заедничка *Merkle root* вредност и повторно да ги пресмета релевантните криптографски вредности. Посебно значаен резултат е намалувањето на бројот на blockchain-операции преку групно закотвување. Наместо секоја потврда да се запишува поединечно, повеќе потврди се претставуваат преку една заедничка вредност, што го прави пристапот попрактичен за поголем број сесии.

При проверката на интегритетот е потврдено дека повторното пресметување на *hash* и *Merkle root* вредностите може да открие несовпаѓања во потврдите, мерните податоци или записите за групно закотвување. Ова обезбедува практична основа за ревизија и за подоцнежно разгледување на можни спорни сесии.

Гледано во целина, резултатите ја потврдуваат применливоста на предложениот *Proof-of-Charge* модел во контролирана истражувачка околина. Моделот обезбедува јасна ревизиска трага, поефикасно користење на blockchain-технологијата и подобра заштита на деталните податоци, кои остануваат надвор од јавниот blockchain-слој.

ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Актуелноста на докторската дисертација произлегува од потребата за поголема доверба, проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила. Темата е поврзана со blockchain-технологијата, електромобилноста, криптографските докази и управувањето со дигитални записи во средина каде што во една сесија можат да учествуваат повеќе страни: корисници, оператори, даватели на услуги, роаминг платформи и регулаторни институции.

Во ваков контекст, финалниот запис за сесијата не може да се гледа само како документ за наплата. Тој може да има значење и за ревизија, порамнување и решавање можни несогласувања меѓу учесниците. Постојните системи овозможуваат обработка и размена на податоци, но не секогаш обезбедуваат едноставен и независен начин за потврдување дека финалната потврда одговара на мерниот тек од кој е добиена.

Со дисертацијата со наслов: „Модел за проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила со blockchain-базиран доказ за полнење“, кандидатката м-р Неџибе Сејфули-Рамадани предлага *Proof-of-Charge* модел за создавање структурирани и проверливи потврди за сесии на полнење. Во моделот, финалната потврда се поврзува со мерните податоци преку *hash*-вредности, *Merkle root* структури и групно закотвување, со што се создава основа за подоцнежна проверка на интегритетот.

Една од поважните карактеристики на трудот е ограничената и целна употреба на blockchain-технологијата. Наместо сите податоци од сесиите да се запишуваат на blockchain, предложен е хибриден пристап во кој деталните записи остануваат во *off-chain* слојот, а на blockchain се закотвуваат само компактни криптографски вредности. Таквата поставеност е значајна бидејќи овозможува проверливост, без непотребно изложување на чувствителни податоци и без прекумерно зголемување на трошоците.

Практичната страна на истражувањето е потврдена преку прототипна имплементација. Развиениот прототип овозможува генерирање сесии за полнење, креирање *Proof-of-Charge* потврди, пресметување *receipt hash*, формирање *Merkle root* за мерниот тек, групно закотвување, локална blockchain-интеграција и проверка на интегритетот. Ова покажува дека предложениот модел може да се реализира како функционален и повторлив софтверски процес.

Од добиените резултати се гледа дека повеќе потврди можат да се претстават преку една заедничка *Merkle root* вредност. Со тоа се намалува бројот на blockchain-операции во споредба со поединечно закотвување на секоја потврда. Дополнително, повторното пресметување на

hash и *Merkle root* вредностите овозможува откривање можни несовпаѓања во потврдите, мерните податоци или записите за групно закотвување.

Завршните согледувања во дисертацијата ги сумираат главните придонеси и ги отвораат можностите за понатамошна работа. Како идни насоки се издвојуваат тестирање со реални *OCPP* и *OCPI* податоци, примена во јавни blockchain *testnet* околини, интеграција со надворешни системи за складирање и дополнителни механизми за заштита на приватноста.

Според оцената на Комисијата, докторската дисертација претставува оригинално научно истражување и дава јасен придонес кон развојот на проверливи и приватност-заштитени процеси во системите за полнење електрични возила. Трудот ги исполнува научните, методолошките и техничките очекувања за докторска дисертација и претставува добра основа за понатамошни истражувања во областа на blockchain-технологијата, електромобилноста и безбедното управување со податоци.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката м-р Нџибе Сејфули-Рамадани, пред одбраната на докторската дисертација, има објавено и пријавено научни трудови поврзани со областа на истражувањето. Трудовите се однесуваат на blockchain-татехнологија, системите за полнење електрични возила, проверливоста на дигитални записи, заштитата на приватноста, криптографските механизми и примената на blockchain во информациски и енергетски системи.

Објавените и пријавените трудови ја покажуваат континуираноста на истражувачката работа на кандидатката и нејзиното постепено насочување кон темата на докторската дисертација. Дел од трудовите се директно поврзани со предложениот *Proof-of-Charge* модел и со неговата имплементација, додека дел од претходните трудови ја поставуваат поширокатa основа во областа на blockchain-технологијата, електромобилноста, дигиталната доверба и безбедното управување со податоци.

Списокот на научни трудови е наведен во продолжение:

1. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; IDRIZI, Florim; MISIMI, Verda; RAMADANI, Erenis (2018) BLOCKCHAIN: GENERAL OVERVIEW OF THE ARCHITECTURE, SECURITY AND RELIABILIY. Journal of Natural Sciences and Mathematics of UT, 3 (5-6). pp. 64-68. ISSN 2671-3039
2. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; RISTESKI, Aleksandar; IDRIZI, Florim; SHEMSHI, Vjollca (2021) REVIEWING THE LATEST TRENDS OF IMPLEMENTING BLOCKCHAIN TECHNOLOGY SOLUTIONS IN SEVERAL BUSINESS-RELATED INDUSTRIES. Journal of Natural Sciences and Mathematics of UT, 6 (11-12). pp. 60-69. ISSN 2671-3039
3. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; POPOVSKI, Borislav; RISTESKI, Aleksandar (2023) INTEGRATION AND IMPLEMENTATION OF BLOCKCHAIN TECHNOLOGIES IN THE AUTOMOTIVE INDUSTRY. Journal of Natural Sciences and Mathematics, Vol. 8, No. 15-16, 2023. pp.(283-291) ISSN: 2545-4072 (Print), ISSN: 2671-3039 (Online)
4. BAHTIRI, Yllka; BYTYCI, Enkelejda; IDRIZI, Florim; ISMAILI, Shpend; SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe (2023) CYBER SECURITY IN EDUCATIONAL INSTITUTIONS. Journal of Natural Sciences and Mathematics, Vol. 8, No. 15-16, 2023. pp.(307-314). ISSN: 2545-4072 (Print), ISSN: 2671-3039 (Online)
5. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; GJORGJEV, Jelena; ANGELKOVSKA, Valentina; IDRIZI, Florim; PORJAZOSKI, Marko; RISTESKI, Aleksandar. SYSTEM PROPOSAL FOR INTEGRATION OF OFFLINE BLOCKCHAIN PAYMENT MODELS IN FULLY OFFLINE EV AUTHENTICATION AND CHARGING PROCEDURE. 7th International Balkan Conference on Communications and Networking (BalkanCom) 2024, Ljubljana, Slovenia.
6. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; ANGELKOVSKA, Valentina; GJORGJEV, Jelena; IDRIZI, Florim; LATKOSKI, Pero; RISTESKI, Aleksandar. ADVANCEMENTS AND APPLICATIONS OF BLOCKCHAIN TECHNOLOGY IN DIVERSE DOMAIN: A LITERATURE REVIEW. 2024 13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO)

7. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; IDRIZI, Florim; ANGELKOVSKA, Valentina; RISTESKI, Aleksandar. A COMPARATIVE ANALYSIS OF OFFLINE WALLET AND THEIR INTEGRATION WITH NFC FOR PRACTICAL OFFLINE PAYMENTS. International Congress On Natural, Health Sciences And Technology. 15-17 May, 2024.
8. GJORGJEV, Jelena; SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; ANGELKOVSKA, Valentina, RAKOVIC, Valentin; RISTESKI, Aleksandar. REVIEW OF APROACHES TO IMPLEMENT SCIENCE-BASED TARGETS FOR REDUCING CARBON FOOTPRINT IN ICT SECTOR. 2024 IEEE International Humanitarian Technologies Conference, Bari, Italy.
9. GJORGJEV, Jelena; SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; ANGELKOVSKA, Valentina, LATKOSKI, Pero; RISTESKI, Aleksandar. USE CASES AND COMPARATIVE ANALYSIS OF BLOCKCHAIN NETWORKS AND LAYERS FOR DAPP DEVELOPMENT. MECO 2024 & CPSIo T’2024 & SS-CPSIoT;2024, Budva, Montenegro,
10. GJORGJEV, Jelena; SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; ANGELKOVSKA, Valentina, RAKOVIC, Valentin; RISTESKI, Aleksandar. AI STRATEGIES FOR REDUCING CARBON FOOTPRINT IN ICT SECTOR AN EVOLUATION THROUGH THE SCIENCE-BASED TARGETS INITIATIVE. 16TH INTERNATIONAL CONFERENCE ETAI 2024, STRUGA, MACEDONIA.
11. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; GJORGJEV, Jelena; ANGELKOSKA, Valentina; IDRIZI, Florim; POPOVSKI, Borislav; RISTESKI, Aleksandar. AI-POWEWED X-RAY SCANNING AND BLOCKCHAIN-BASED MANAGEMENT: A SYSTEM FOR CORRUPTION PREVENTION AND SECURE LEGA; ACCOUNTABILITY. Journal of Electrical and Engineering and Information Technologies. Vol. 10, No. 1 (2025), Skopje, North Macedonia. https://jeeit.feit.ukim.edu.mk/index.php/jeeit/article/view/417
12. SEJFULI-RAMADANI, Nexhibe; GJORGJEV, Jelena; ANGELKOSKA, Valentina; RAMADANI, Erenis; IDRIZI, Florim; RISTESKI, Aleksandar. IMMUTABLE AUDIT OF EV CHARGING SESSIONS USING BLOCKCHAIN AND IPFS. 6th International Conference on Communications, Information, Electronic and Energy Systems (CIEES). 26-28 November 2025, Ruse, Bulgaria. DOI: 10.1109/CIEES66347.2025.11300048. https://ieeexplore.ieee.org/document/11300081
13. SEJFULI-RAMADANI, N.; RAMADANI, E.; GJORGJEV, J.; ANGELKOSKA, V.; SHEMSHI, V.; RISTESKI, A. PROOF OF CHARGE: AUDITABLE EV-CHARGING RECEIPTS WITH OFF-CHAIN HASHING AND ON-CHAIN ANCHORS. In Proceedings of the 2026 15th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO), Budva, Montenegro, 9–13 June 2026; IEEE: Piscataway, NJ, USA, 2026. https://doi.org/10.1109/MECO70748.2026.11578972
14. N. SEJFULI - RAMADANI, A. RISTESKI, V. ANGELKOSKA, M. PORJAZOSKI, F. IDRIZI. COST-AWARE BLOCKCHAIN ANCHORING FOR AUDITABLE EV CHARGING RECEIPTS: A BATCH-BASED PROOF-OF-CHARGE EVALUATION. Manuscript submitted for peer review, 2026.
15. SEJFULI-RAMADANI, N.; ANGELKOSKA, V.; IDRIZI, F.; RAKOVIC, V.; RAMADANI, E.; RISTESKI, A. A REPRODUCIBLE BLOCKCHAIN-ANCHORED PROOF-OF-CHARGE PLATFORM FOR AUDITABLE EV CHARGING RECEIPTS. Future Internet 2026, 18, 423. https://doi.org/10.3390/fi18080423

Со наведените трудови, кандидатката ги исполнува условите за пристапување кон одбрана на докторската дисертација, а објавените резултати ја потврдуваат поврзаноста на нејзината истражувачка работа со темата на дисертацијата.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните придонеси на докторската дисертација се согледуваат во неколку меѓусебно поврзани аспекти.

- Во дисертацијата е предложен *Proof-of-Charge* модел за создавање проверливи дигитални потврди за сесии на полнење електрични возила. Моделот овозможува финалната потврда за полнење да не се третира само како административен или пресметковен запис, туку како структурирана податочна единица поврзана со мерниот тек и со криптографски докази за интегритет.
- Значаен придонес претставува дефинирањето на хибриден *off-chain/on-chain* пристап. Деталните податоци за сесиите, мерните вредности и потврдите остануваат во заднинскиот слој, додека на blockchain се закотвува само компактна криптографска вредност. Со ова се овозможува независна проверка, без непотребно изложување на чувствителни податоци и без директно запишување на целосните записи на blockchain.
- Во трудот е разработен начин за поврзување на потврдите со мерните податоци преку hash-вредности, *Merkle root* структури и групно закотвување. Овој пристап овозможува повеќе потврди да се претстават преку една заедничка криптографска вредност, со што се намалува бројот на blockchain-операции и се подобрува практичната применливост на моделот кај поголем број сесии.
- Кандидатката ја разгледува примената на моделот и во услови на ограничена или нестабилна мрежна поврзаност. Преку анализа на *offline* и полу-*online* сценарија е покажано дека податоците од сесијата можат локално да се евидентираат, привремено да се зачуваат и подоцна да се синхронизираат со заднинскиот систем. Со тоа, предложениот модел се поставува пошироко од идеални online услови.
- Практичната изводливост на предложениот пристап е потврдена преку прототипна имплементација. Прототипот овозможува генерирање сесии за полнење, креирање *Proof-of-Charge* потврди, пресметување *receipt hash*, формирање *Merkle root* за мерните податоци, групно закотвување, локална blockchain-интеграција, како и проверка и ревизија на зачуваните записи.
- Резултатите од експерименталната проверка покажуваат дека предложениот модел може да обезбеди повторлива и практична основа за проверка на интегритетот на сесиите за полнење. Особено значаен е резултатот дека групното закотвување го намалува бројот на blockchain-операции, а истовремено ја задржува можноста за подоцнежна проверка на потврдите и групните записи.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Неџибе Сејфули-Рамадани претставува заокружено и методолошки доследно научно истражување. Во трудот е обработен актуелен проблем од областа на електромобилноста, blockchain-технологијата, проверливоста на дигиталните записи и заштитата на приватноста. Предложениот модел има значење и од научен и од применет аспект, бидејќи нуди можност за дополнување на постојните системи за полнење електрични возила со слој за доверба, ревизија и проверка на интегритетот.

Од севкупната анализа може да се заклучи дека дисертацијата е изработена во согласност со принципите на научноистражувачката работа и дека дава јасен придонес во разгледуваното подрачје. *Proof-of-Charge* моделот, неговата прототипна реализација и експерименталната проверка покажуваат дека предложениот пристап може да служи како основа за понатамошно истражување, надградба и можна примена во реални инфраструктури за полнење електрични возила.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Неџибе Сејфули- Рамадани, со наслов: „Модел за проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила со blockchain-базиран доказ за полнење“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Атанасовски, претседател, с.р.
Проф. д-р Александар Ристески, ментор, с.р.
Проф. д-р Марко Порјазоски, член, с.р.
Проф. д-р Валентин Раковиќ, член, с.р.
Проф. д-р Флорим Идризи, член
(надворешен член, Универзитет во Тетово), с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 29 јуни 2026 година, за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 9 јули 2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Димитар Трајанов, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Игор Мишковски, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Ристе Стојанов, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје од точка **3**, во предвидениот рок се пријави само кандидатката м-р Ана Тодоровска.

1. Биографски податоци и образование

М-р Ана Тодоровска е родена 1998 година во Битола, каде што го завршила своето основно и средно образование со одличен успех. Во 2016 година се запишала на додипломски студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на насоката Компјутерски науки и инженерство, англиски јазик (КНИА). Во септември 2020 година, кандидатката дипломира со просечна оценка 9,40.

Во учебната 2020/2021 година се запишала на втор циклус студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на насоката Управување во информатички технологии. Студиите ги завршила во септември 2022 година, со просечен успех 10,0, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Моделирање на поврзаноста помеѓу дигиталните валути и класичните економски индикатори”, на 23.9.2022.

Од 2019 до 2020 година, кандидатката е ангажирана како лаборант и учествува во изведувањето лабораториски вежби на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Од октомври 2020 година, кандидатката е ангажирана како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, со што учествува во изведувањето аудиториски и лабораториски вежби.

Кандидатката е автор на 15 научни труда, објавени во меѓународни конференции и журнали. Кандидатката била дел од организацијата на 8 меѓународни конференции.

Кандидатката зела учество во 8 проекти во рамки на научноистражувачката работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик на ниво С2, а има основни познавања и од германскиот јазик.

Полиња од нејзин научен интерес се: генеративна вештачка интелигенција, машинско учење, наука базирана на податоци, анализа и предвидување на временски серии, обработка на природни јазици, големи податоци и софтверско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и

вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката м-р Ана Тодоровска изведува/ла аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Вовед во науката за податоци, Веб-програмирање, Напредно програмирање, Оперативни системи, Електронска и мобилна трговија, Софтверски квалитет и тестирање, Алгоритми и податочни структури и Дигитални библиотеки.

Кандидатката учествува\ла како член во комисија за оцена/или одбрана на **121** дипломски труд, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Научноистражувачка дејност

М-р Ана Тодоровска има објавено вкупно 15 научни труда од областа на компјутерските науки и инженерството во меѓународни списанија и конференции, од кои 1 труд во меѓународно научно списание и 14 труда во меѓународни научни публикации, и тоа:

1. **A. Todorovska**, H. Peshov, I. Rusevski, I. Vodenska, L. T. Chitkushev, and D. Trajanov, "Using ML and Explainable AI to understand the interdependency networks between classical economic indicators and crypto-markets," in Physica A: Statistical Mechanics and its Applications, vol. 624, Art. no. 128900, 2023.
2. M. Mishev, B. Penkova, M. Mitreska, M. Kostoska, **A. Todorovska**, et al., "MakedonASRDataset - A Dataset for Speech Recognition in the Macedonian Language," in International Conference on ICT Innovations, 2023, pp. 19-27.
3. D. Peshevski, **A. Todorovska**, F. Trajkovikj, N. Hristov, M. Trajanoska, et al., "Methodology for food prices forecasting," in 2023 IEEE International Conference on Big Data (BigData), 2023, pp. 4539-4547.
4. F. Trajkovikj, **A. Todorovska**, D. Peshevski, L. Nakova, M. Trajanoska, et al., "A comprehensive study of food prices and food fraud in the European Union," in 2023 IEEE International Conference on Big Data (BigData), 2023, pp. 4557-4566.
5. B. Golubova, F. Fetaji, J. Dobreva, M. Trajanoska, **A. Todorovska**, R. Stojanov, et al., "Assessing the Environmental Impact of Plant-Based Diets: A Comprehensive Analysis," in 2023 IEEE International Conference on Big Data (BigData), 2023, pp. 4521-4529.
6. I. Rusevski, **A. Todorovska**, I. Vodenska, L. Chitkushev, and D. Trajanov, "Interdependencies Between Cryptocurrency Markets, Precious Metals and Energy Resources," in Proceedings of the International Conference on Computer Science and Education in Computer Science, 2023, pp. 281-292.
7. J. Marojevikj, **A. Todorovska**, I. Vodenska, L. Chitkushev, and D. Trajanov, "Understanding worldwide natural gas trade flow for 2017 to 2022: A network-based approach," in ICT Innovations 2023, pp. 173-190.
8. **A. Todorovska**, S. Milev, I. Vodenska, L. T. Chitkushev, and D. Trajanov, "Analysis of the relationship between traditional markets and commodities trade," in CIIT 2023.
9. **A. Todorovska**, I. Rusevski, H. Peshov, E. Spirovska, J. Marojevikj, et al., "Interdependency between Classical Economic Indicators and Crypto-Markets," SSRN Electronic Journal, 2022. Available at SSRN 4196995.
10. H. Peshov, **A. Todorovska**, J. Marojevikj, E. Spirovska, I. Rusevski, G. Angelovski, I. Vodenska, L. Chitkushev, and D. Trajanov, "Using Centrality Measures to Extract

Knowledge from Cryptocurrencies' Interdependencies Networks," in International Conference on ICT Innovations, 2022, pp. 76-90.
11. G. Angelovski, **A. Todorovska**, I. Rusevski, J. Marojevikj, E. Spirovska, H. Peshov, et al., "The influence of stock market indexes (S&P500 and Dow Jones) on cryptocurrencies prices," in CIIT 2022.
12. **A. Todorovska**, E. Spirovska, G. Angelovski, H. Peshov, I. Rusevski, J. Marojevikj, I. Vodenska, L. T. Chitkushev, and D. Trajanov, "Analysis of cryptocurrency interdependencies," in Proceedings of Blockchain in Kyoto 2021.
13. **A. Todorovska**, H. Peshov, E. Spirovska, I. Rusevski, I. Vodenska, L. Chitkushev and D. Trajanov, "Effects of media on cryptocurrencies prices," in CSECS 21, Boston USA 2021.
14. **A. Todorovska**, D. Trajanov and S. Gramatikov, "The impact of COVID-19 on sharing economy: Use-case on sharing and renting clothing," in CIIT 2021.
15. **A. Todorovska**, D. Trajanov, S. Gramatikov and E. Krajchevska, "A novel platform for sharing and renting clothing to reduce environmental pollution," in CIIT 2020.

М-р Ана Тодоровска учествува\ла во следниве научноистражувачки проекти:
1. Vezilka - The North Macedonia AI Antenna Factory (Horizon Project Number 101263128), 2026
2. Вештачката интелигенција како катализатор на дигитална трансформација, проект при МАНУ, 2026
3. ChatMED Horizon Project (Grant agreement No. 101159214), 2024
4. Проширување на графови на знаење (KG-Enrich), 2023
5. Конструирање графови на знаење (KG-Construct), 2022
6. EuroCC, European High Performance Computing Joint Undertaking (JU), 2020-2022
7. Платформа за градење на NLP податочни множества во доменот на храна (FoodViz), 2021
8. Анализа на медицински податоци (MedDATA), 2021.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Ана Тодоровска учествувала во организацијата на следните 8 конференции:
1. 16th International Conference, ICT Innovations 2024, Охрид, Северна Македонија
2. 21st International Conference on Informatics and Information Technologies - CIIT 2024, Струмица, Северна Македонија
3. 20th International Conference on Informatics and Information Technologies - CIIT 2023, Крушево, Северна Македонија
4. 15th International Conference, ICT Innovations 2023, Охрид, Северна Македонија
5. 14th International Conference, ICT Innovations 2022, Скопје, Северна Македонија
6. 18th International Conference on Informatics and Information Technologies - CIIT 2021, Скопје(онлајн конференција), Северна Македонија
7. The B.E.S.T. Conference 2021, Белград (хибридна конференција), Србија
8. 13th International Conference, ICT Innovations 2021, Скопје (онлајн конференција), Северна Македонија.

Оценка од самоевалуација

М-р Ана Тодоровска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Ана Тодоровска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Ана Тодоровска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Ана Тодоровска да биде избрана во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.
Проф. д-р Игор Мишковски, с.р.
Вонр. проф. д-р Ристе Стојанов, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ана Тодор Тодоровска
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Научна област: компјутерско инженерство, информатика и роботика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: управување во информатички технологии.	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,40. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0.	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ 4. Датум на издавање на документот: 4.10.2022	да

КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.
Проф. д-р Игор Мишковски, с.р.
Вонр. проф. д-р Ристе Стојанов, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

Втор циклус студии – Кинезиологија

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Христијан Јовановски	“ПРИДОНЕСОТ НА БИОЛОШКАТА ЗРЕЛОСТ, ТЕЛЕСНИОТ СОСТАВ И МАКСИМАЛНАТА ИЗОМЕТРИСКА СИЛА ВО ПРЕДВИДУВАЊЕТО НА ФИЗИЧКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ СПОРТИСТИ ОД ТИМСКИТЕ СПОРТОВИ”	“THE CONTRIBUTION OF BIOLOGICAL MATURITY, BODY COMPOSITION AND MAXIMUM ISOMETRIC STRENGTH IN PREDICTING PHYSICAL PERFORMANCE IN ADOLESCENT ATHLETES IN TEAM SPORTS”	Проф. Д-р Борче Даскаловски	02.07.2026 0201-1010/1
2.	Христијан Смоковски	„АНАЛИЗА НА ЕФЕКТОТ НА ЗАМАВОТ НА РАЦЕТЕ ВРЗ СКОЧНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИ ОД МАШКИ ПОЛ НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 15 ГОДИНИ“	"ANALYSIS OF THE EFFECT OF ARM SWING ON VERTICAL JUMP PERFORMANCE IN MALE STUDENTS AGE 12 TO 15"	Проф.д-р Георги Георгиев	15.07.2026 0201-1038/1
3.	Ванчо Здравевски	“ТРАНСФОРМАЦИСКИ ПРОМЕНИ КАЈ НЕКОИ СПЕЦИФИЧНИ-КАРАТЕ СПОСОБНОСТИ, ПОСЛЕ ДЕСЕТ ДНЕВЕН ПРОГРАМИРАН ТРЕНИНГ“	“TRANSFORMATIVE CHANGES IN SOME SPECIFIC KARATE SKILLS, AFTER TEN DAYS OF PROGRAMMED TRAINING”	Проф. Д-р Жарко Костовски	17.08.2026 0201-1150/1

До
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Редакција на Билтенот на Универзитетот

Предмет: Известување во врска со рецензијата за оцена на докторската дисертација на м-р Мартин Андоновски

Почитувани,

Ве известуваме дека Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, на седницата одржана на 17.8.2026 година, со Одлука бр. 0201-1150/3 од 17.8.2026 година ја поништи Одлуката со бр. 0201-833/8 од 3.6.2026 година за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд на м-р Мартин Андоновски, врз основ на Извештај бр. 16-1164/1 од 14.8.2026 година поради неусогласеност на составот на Комисијата со член 63, став 3 Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020).

Поради тоа, рецензијата објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1356 од 1.7.2026 година, стр. 288-293, нема да биде предмет на разгледување и натамошно постапување.

Ве молиме, ова известување да го објавите во првиот наредден број на Билтенот.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, с.р.
Проф. д-р Горан Никовски, ментор, с.р.
Проф. д-р Александар Ацески, член, с.р.
Проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ,
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ
(дел. бр. 0201-1150/3 од 17.8.2026 година)

Врз основа на член 110 и член 136, став 10 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024), член 72 од Статутот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, член 63, став 3, а во врска со член 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020) и Известувањето од Рецензентската комисија бр. 16-1164/1 од 14.8.2026 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 158. седница одржана на 17.8.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А

за поништување на Одлуката за формирање Комисија за одбрана на докторски труд

Се поништува Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0201-833/8 од 3.6.2026 година, за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд на м-р Мартин Андоновски под наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ И СЕДЕНТАРНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВРЗ МОТОРНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА КАЈ ДЕЦАТА ОД 6 ДО 8-ГОДИШНА ВОЗРАСТ, во состав: проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, проф. д-р Горан Никовски, ментор, проф. д-р Александар Ацески, член, проф. д-р Матеј Мајериќ, член, и проф. д-р Влатко Неделковски, член.

Одлуката наведена во став 1 од оваа одлука се поништува врз основа на Известувањето од Рецензентската комисија бр. 16-1164/1 од 14.8.2026 година и усогласувањето со член 63, став 3, во врска со член 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020).

О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет донесе Одлука со која се поништува Одлуката (дел. бр. 0201-833/8 од 3.6.2026 година) за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд на м-р Мартин Андоновски под наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ И СЕДЕНТАРНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВРЗ МОТОРНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА КАЈ ДЕЦАТА ОД 6 ДО 8-ГОДИШНА ВОЗРАСТ, во состав: проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, проф. д-р Горан Никовски, ментор, проф. д-р Александар Ацески, член, проф. д-р Матеј Мајериќ, член, и проф. д-р Влатко Неделковски, член, врз основа на Известувањето од Рецензентската комисија бр. 16-1164/1 од 14.8.2026 година. Одлуката се поништува поради направен ненамерен превид во однос на наставно-научното звање на (доц.) д-р Матеј Мајериќ како член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд и усогласување на Одлуката со член 63, став 3 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020).

Одлуката влегува во сила со донесувањето.

Скопје,17.8.2026 година

Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје
Декан
Проф. д-р Влатко Неделковски, с.р.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Служба за студентски прашања
- Досие
- Архива

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БИОСЛИЧНИ ЛЕКОВИ ВО КОСОВО: КЛИНИЧКА ПРИМЕНА, ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ И ПРЕПОРАКИ ЗА РЕГУЛАТОРНИ ПОЛИТИКИ” ОД ВЕСА ХАЛИМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.8.2026 година, по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по фармација, а врз основа на важечките одредби од Законот за високото образование и Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката Веса Халими со наслов: „Биослични лекови во Косово: клиничка примена, здравствено-економско влијание и препораки за регулаторни политики”, во следниов состав: проф. д-р Зоран Стерјев (претседател), проф. д-р Александра Грозданова (ментор), проф. д-р Љубица Шутуркова (член), проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска (член) и проф. д-р Зорица Наумовска (член).

Комисијата во наведениот состав внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј
АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката Веса Халими, со наслов: „Биослични лекови во Косово: клиничка примена, здравствено-економско влијание и препораки за регулаторни политики”, содржи 159 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со единечен проред и големина на букви 12, со 103 библиографски единици, меѓу кои рецензирани научни статии, регулаторни насоки, институционални извештаи и интернет-извори.

Трудот содржи апстракт и е организиран во четири дела и единаесет глави, кои опфаќаат три меѓусебно поврзани истражувачки целини. Делот I (Глави 1–2) го претставува воведот на трудот и системскиот преглед на литературата, при што вториот опфаќа резултати и дискусија, поврзани со клиничките и регулаторните аспекти на биосличните лекови. Делот II (Глави 3–5) го претставува примарното истражување спроведено меѓу здравствените работници во Косово, вклучувајќи вовед, методологија, резултати и дискусија. Делот III (Глави 6–8) ја претставува фармакоекономската анализа на набавката на оригинаторни биолошки и биослични лекови, вклучувајќи вовед, дизајн и методологија, резултати и дискусија. Делот IV (Глави 9–11) ја претставува интегративната дискусија на трите истражувачки целини, регулаторните и политичките препораки и конечните меѓусебно поврзани заклучоци. Оваа структура од четири дела, како и образложението за групирање на трите истражувачки целини на овој начин, експлицитно се наведени од кандидатката во точка 1.6. Текстот вклучува 20 слики и 15 табели, од кои 14 се појавуваат во соодветните глави, а една табела е дадена во Додаток В. По списокот на референци следат вкупно два прилога: Прилог А, во кој е даден прашалникот, и Прилог Б, во кој се дадени придружните табели со податоци за набавките на лековите. Овие податоци ќе се користат за креирање на т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation), кој е здравствено-економски концепт што ја мери максималната потенцијална придобивка или горната граница на цената што може да се постигне со некоја нова медицинска технологија или лек. Оваа концептуална рамка е предложена од кандидатката за потенцијална идна примена, а не како постоен оперативен систем. Материјалот е систематски организиран во нумерирани делови и подделови со наслови и поднаслови, овозможувајќи му на читателот да ја следи тематиката обработена во истражувањето

Воведниот дел на трудот вклучува изјава за оригиналност, список на кратенки и акроними кои ја опфаќаат регулаторната, клиничката и фармакоекономската терминологија користена низ трудот, како и посебни списоци на слики и табели. Изјавата потврдува дека трите истражувачки целини на трудот, (i) системскиот преглед

на литературата, (ii) примарното истражување меѓу здравствените работници, и (iii) фармакоекономската анализа, биле спроведени од кандидатката, и го признава менторскиот придонес.

Дел I од тезата ја опфаќа Глава 1, под наслов: **Вовед,** кој ја воведува тезата како целина, и го поставува образложението на целото истражување, составено од три истражувачки целини на трудот. Потоа следува Глава 2, под наслов: Клинички и регулаторни дилеми за биосличните лекови: Систематски преглед на литературата, која ги разгледува меѓународните докази за ставовите на здравственит работници во однос на биосличните лекови.

Првата глава ја објаснува улогата на биолошките лекови во менувањето на третманот за многу тешки болести, вклучувајќи ги онколошките и автоимуните болести, а претставени се молекуларните и регулаторните карактеристики на оваа група лекови. Дополнително посочена е цената на нивното чинење, која произлегува од ризичната и долготрајна развојна програма, која создава значителен и растечки товар за националните здравствени системи, вклучително и на здравствениот систен во Косово. Кандидатката ги објаснува правните и регулаторните услови под кои биосличните лекови се квалификуваат да влезат на пазарот по губењето на патентот и регулаторната ексклузивност на референтниот биолошки лек. Повикувајќи се на пазарни податоци на IQVIA, кандидатката ги разгледува значителните заштеди на трошоците што биосличните лекови ги генерираат низ европските здравствени системи, заедно со нивното различно прифаќање на пазарот, одразувајќи ги разликите во нивната клиничкото примена, дизајнот на набавките и регулаторниот капацитет меѓу земјите, со посебен фокус на Косово.

Кандидатката, цитирајќи објавени здравствени податоци, посочува дека Косово издвојува само 2,5 до 3,5 % од бруто домашен производ (БДП) за јавното здравство, што е под споредбените показатели на ЕУ, ОЕЦД и повеќето земји од Западен Балкан. Дополнително се упатува на тоа како биолошките лекови се одобруваат, како се набавуваат и колку се достапни во Косово, вклучително и како овие лекови се дистрибуираат низ клиниките. Врз оваа основа, кандидатката го формулира образложението на истражувањето дека предизвикот во прифаќањето на биосличните лекови е мултидимензионален проблем кој не може да се реши само преку регулаторна политика, политика за набавки или едукација на клиничарите и дека е потребна интегрирана студија за сите три димензии. Поглавјето завршува со конкретни цели и задачи на целата теза, пресликани на секоја од трите последователни истражувачки студии, како и структурен преглед кој ја објаснува четириделната организација на тезата.

Втората глава претставува системски преглед, структуриран според PRISMA, кој е меѓународно признат стандард за објавување, на обработената меѓународната литература објавена меѓу 2018 и 2020 година, во однос на знаењата, ставовите и задршката на здравствените работници во однос на употребата на биосличните лекови. Кандидатката наведува дека истражувањето се надоврзува на претходно објавен труд чиј прв автор е самата таа, и прецизира во кој правец со докторската теза го проширува ова истражување, првенствено преку проширена компаративна регулаторна анализа на рамките на EMA, FDA и СЗО и дискусија околу конкретните здравствени политички импликации за Косово. Во овој сегмент, пребарани се три бази на податоци, при што се пронајдени 407 студии, од кои 16 ги исполниле критериумите за вклучување по прегледот на насловот, апстрактот и целосниот текст. Постапката на селекција е документирана со PRISMA дијаграм и табела за критериуми за вклучување и исклучување. Резултатите се организирани околу четири домени во однос на употребата на биолошки сличните лекови: (1) општо знаење и запознаеност, (2) заменливост и преминување, (3) екстраполација и (4) известување за фармаковигиланца. Кандидатката заклучува дека задршката на здравствените работници во однос на клиничката примена на биосличните лекови е претежно теоретска, а не заснована на

емпириски докази, и дека оваа резервираност опстојува и покрај повеќе од две децении акумулирани реални докази за безбедноста и ефикасноста на биолошки сличните лекови.

Делот II од трудот, кој ги разработува свеста и ставовите за препишување на здравствените работници во однос на биосличните лекови во Косово, започнува со Глава 3 и завршува со Глава 5.

Третата глава, насловена: **Вовед, дизајн на истражувањето, развој на анкетата и анализа на доверливост,** започнува со образложението за примарното истражување во Косово, а потоа го опишува неговиот дизајн и методологија. Кандидатката развила пресечно вкрстено секциско опсервациско истражување насочено кон специјалисти клиничари од областа на хематологија, онкологија, неврологија, гастроентерологија, дерматологија, ревматологија, офталмологија, нефрологија и сродни дисциплини кои активно препишуваат или користат биолошки лекови, користејќи наменско, нерандомизирано земање примерок од професионални лекарски здруженија, болнички клинички мрежи и препораки од колеги. Прашалникот, кој е приложен во прилогот А, содржи 25 затворени прашања кои ги опфаќаат ставовите за свест, подготвеност за препишување во различни клинички сценарија, перцепирани бариери, ставови кон начините за именување, и аспекти на екстраполација и заменливост. Анкетата е развиена со потврда на валидација на содржината и пилот-тестирање пред нејзината примена. Кандидатката извршила целосна психометриска анализа на доверливост и кохерентност, пресметувајќи го факторот на Кронбаховата алфа за секоја од деветте конструирани потскали, која е статистичка мерка за тоа колку конзистентно збирот на прашања во анкетата ја мерат истата основна испитувана карактеристика. Кандидатката објаснува зошто ваквата анализа е важна за анкети од овој вид. Бидејќи испитаниците не секогаш го изразуваат своето вистинско мислење, изјавените намери не секогаш се совпаѓаат со вистинското однесување при препишување, а прашањата од анкетата можат да се толкуваат на различни начини, па оттука се поставува планот за статистичка анализа, користејќи тестови соодветни за рангирани одговори од прашалникот и за ограничената големина на примерокот.

Четвртата глава, под наслов: **Резултати од прашалникот на здравствените работници,** ги претставува резултатите добиени од ова истражување (N = 40). Од деветте тестирани потскали, две покажаа добра доверливост (преференција за идни информации и прифаќање на екстраполација), пет покажаа прифатлива доверливост, а две покажаа лоша доверливост (подготвеност за иницирање и став кон конвенцијата за именување). За двете послаби потскали, кандидатката ја објаснува веројатната причина и ги известува нивните ставки одделно, наместо да ги комбинира во еден збирен резултат. Збирните резултати за доверливоста за сите девет потскали се објавени во главното поглавје. Суштински, анкетата известува за ниска до умерена свесност за клиниката употреба на биосличните лекови, екстраполацијата како најкритичен јаз во знаењето и разликите помеѓу иницирање и префрлање на терапија со биолошки слични лекови. Испитаниците беа поподготвени да иницираат терапија со биолошки слични лекови кај пациент кој претходно не примал терапија (treatment naïve), отколку да префрлат стабилен пациент од оригинаторот на биолошки сличен лек. Исто така, утврдено е дека економските фактори директно влијаат врз одлуките за пропишување со тоа што 62,5 % од испитаниците изјавиле дека размислувањата за трошоците влијаат врз нивните одлуки за пропишување. Објавени се подгрупирачки анализи според специјалност, сектор, возраст и години на искуство, заедно со податоци за фреквенцијата на пропишување и изворите на информации, како и анализа на корелација, со користење на метод соодветен за рангираните податоци, поврзувајќи ги карактеристиките на испитаниците со сложените резултати за ставовите.

Петтата глава, под наслов: **Дискусија и импликации од анкетата на здравствените работници,** ги толкува наодите во однос на меѓународната литература разгледана во втората глава. Кандидатката го идентификува јазот во разбирањето на екстраполацијата како приоритетна цел за едукација и упатува на бихевиоралната основа на разликите помеѓу иницирањето и префрлањето со оваа терапија. Во однос на корелациите помеѓу карактеристиките на испитаниците и подготвеноста за пропишување, кандидатката известува дека возраста и годините на клиничко искуство се значајно поврзани со поголема подготвеност за иницирање на биолошки слични лекови, додека формалното знаење и запознаеноста не покажуваат таква поврзаност. Кандидатката дополнително известува дека возраста и искуството се и самите во многу силна корелација во овој примерок, така што податоците не можат статистички да изолираат кое од овие две специфичности го движи ефектот, и рамковно го поставува заклучокот во смисла на сениорност на клиничарот, наместо тесно дефинирано искуство. Резултирачката препорака дека институционалните политики што создаваат можности за надгледувано пропишување на биолошки слични лекови можат да бидат поефикасен лост од едукативните кампањи само за знаење, произлегува од овој квалификуван наод. Наведени се ограничувањата на прашалникот, главно ограничената бројност на примерок од четириесет испитаници.

Шестата глава, во рамки на делот III од трудот, ја разработува фармакоекономската анализа, и е насловена: **Вовед, дизајн и методологија.** Во неа се поставува дизајнот на третата студија, ретроспективна анализа на јавните набавки во Косово на биолошки лекови со присуство на оригинаторни и биолошки слични лекови на пазарот. Имено, фокусот е даден на трастузумаб, бевацизумаб и ритуксимаб во период од три годишни тендерски циклуси, од 2022 до 2024 година. Кандидатката го опишува процесот на селекција на лекови како тристепена постапка. Прво, сите биолошки молекули биле идентификувани од списокот за маркетинг овластување на Агенцијата за лекови на Косово, така што само производи со важечко маркетинг овластување во Косово биле подобни за вклучување. Второ, применети се регулаторни критериуми за вклучување за да се задржат само молекулите кои имале и регистриран оригинаторен производ и најмалку еден регистриран биолошки сличен лек во периодот на следење. Трето, секој од овие лекови бил вкрстено проверен со Есенцијалната листа на лекови на Косово, така што конечната селекција ги одразува лековите кои се и локално регистрирани и формално рефундирани преку Есенцијалната листа на лекови. Кандидатката објаснува дека оваа тристепена постапка била неопходна бидејќи, за да биде подобен за набавка кај Регулаторната комисија за јавни набавки на Косово, лекот мора да биде локално регистриран и вклучен во Есенцијалната листа на лекови. Главниот концептуален придонес во оваа глава е рамката на т.н “финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation) која кандидатката ја предлага и ја структурира околу три компоненти за целите на оваа анализа. Остварената заштеда (captured innovation headroom) е износот веќе заштеден со употреба на биосличните лекови наместо оригинаторските биолошки лекови. Преостанатата заштеда (remaining innovation headroom) е дополнителната заштеда која сè уште е достапна доколку употребата на биосимилари понатаму се зголеми. Реинвестираната заштеда (deployed innovation headroom) е делот од таа заштеда реинвестиран во финансирање на понови биолошки третмани. Главата завршува со применетите статистички методи, и тоа: Ман-Витни U тест, Пирсонова корелација, регресија со методот на најмали квадрати, декомпозиција на Ласпаер на цена и волумен и ценовна еластичност на побарувачката.

Седмата глава, насловена: **Резултати од фармакоекономската анализа,** ги претставува вкупните набавни трошоци за проучуваните онколошки биолошки лекови кои паднале од 4.450.590 евра во 2022 година на 2.932.934 евра во 2023 година и 2.359.646 евра во 2024 година, со кумулативно намалување од 47,0 %. Вкупните обеми на третман, откако ќе се вклучат ново воведените формулации и комбинирани терапии заедно со актуелните оригинаторни и биолошки сличните лекови, биле релативно

стабилни во 2023 година и се зголемиле за над 15 % до 2024 година во споредба со 2022 година, што покажува дека намалувањето на буџетот не било остварено на сметка на пристапот на пациентите до терапија. Пенетрацијата на биолошки сличните лекови достигнала 73,7 % за трастузумаб и 56,6 % за бевацизумаб до 2024 година, додека пенетрацијата на ритуксимаб останала пониска и покрај попустите кои постојано надминувале 57 %, идентификувани како најголем извор на нереализирана заштеда во набљудуваната група. Анализата упатува на јасна и конзистентна разлика меѓу цените на оригинаторните и биолошки сличните лекови, при што медијалната цена на оригинаторниот лек била приближно три и пол пати повисока од медијалната цена на биолошки сличните лекови низ сите молекули и години. Исто така, утврдено е дека поголемата употреба на биолошки слични лекови е поврзана со понизок вкупен буџет. Декомпозицијата на Ласпаер покажа дека промените во набавените количини биле поголем придонесувач кон намалувањето на буџетот во двата набљудувани периоди, додека промените во цените придонеле со помал, но сепак значаен дел. Голем дел од овој ефект на количини, всушност, го одразува преминувањето на пациентите од стандардни формулации кон понови поткожни и комбинирани терапии, особено за трастузумаб и ритуксимаб, наместо намалување на бројот на третирани пациенти.

Осмата глава, насловена: **Дискусија и политички импликации од фармакоекономската анализа,** внимателно ја разгледува релативно ниската употреба на биолошки сличниот лек ритуксимаб, бидејќи ова се издвојува како област која заслужува внимание. Кандидатката го поврзува овој образец делумно со поконзервативните ставови кон преминување, пријавени од хематолозите во истражувањето, притоа забележувајќи дека ритуксимаб се препишува и од специјалности надвор од хематологијата и дека набавните податоци го одразуваат тендерираното снабдување, а не целосната слика за тоа како лекот стигнува до пациентите. Врз оваа основа, кандидатката предлага додавање континуирана едукација прилагодена за секоја специјалност. Кандидатката, исто така, забележува дека три нови оригинаторни биолошки лекови, секој за различна индикација, биле воведени во 2023 и 2024 година. Ова се вклопува во образец на трошење на заштедените средства на нови третмани, иако кандидатката внимателно нагласува дека ова не може да се потврди како намерна политичка одлука без официјални документи кои би го поткрепиле тоа. Кандидатката покажува дека групите на оригинаторните лекови ритуксимаб и трастузумаб се намалуваат секоја поради две одделни причини: пациенти кои преминуваат кон биосличниот лек и пациенти кои преминуваат кон алтернативни опции за третман, вклучувајќи понови формулации или понови терапии со подобра ефикасност, безбедност или флексибилност.

Деветтата глава од делот IV, насловена: **Интегративна дискусија,** ги обединува наодите од трите студии преку рамката „Innovation Headroom“. Наместо едноставно да ги повтори наодите од секоја студија одделно, главата прави врски меѓу нив. Кандидатката поврзува три нешта: како резервираноста меѓу здравствените работници ја ограничува употребата на биосличните лекови и со тоа ја ограничува потенцијалната заштеда, врската меѓу клиничкиот стаж и усвојувањето идентификувана во Глава 5 и јазот меѓу знаењето и практиката во однос на екстраполацијата. Градејќи врз овие врски, кандидатката ја предлага Рамката за реинвестирање на заштедата т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation) како начин за обединување на клиничките, регулаторните и политиките за набавка испитани одделно во трите претходни студии. Главата го илустрира ова преку случајот со ритуксимаб: хематолозите во истражувањето во Косово пријавиле поконзервативни ставови кон преминувањето, а употребата на биосличниот лек ритуксимаб останала релативно ниска во набавните податоци, иако, како што е наведено во Глава 8, ова одразува неколку придонесувачки фактори, а не само клиничките ставови. Кандидатката ја идентификува насочената континуирана

едукација во однос на специјалност, како еден од можните таргетирани политички одговори.

Десеттата глава, насловена: **Здравствени политички препораки**, ги дава наодите во пет широки области. Најголем приоритет е развојот на професионални клинички насоки. Втората е континуирана медицинска едукација приспособена за секоја специјалност. Третата е реформа на политиката за набавки, вклучувајќи формално усвојување на предложената рамка за реинвестирање на заштедата т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation), следење на употребата на биосличните лекови низ времето и следење на биосличните лекови кои допрва треба да влезат на пазарот. Четвртата е зајакнување на регулаторните системи и системите за следење на безбедноста на лековите. Петтата е справување со структурните бариери кои ја ограничуваат достапноста на лековите. Секоја препорака е поврзана со конкретен наод претходно во трудот, наместо да биде претставена како општ политички совет.

Единаесеттата глава, насловена: **Заклучоци и насоки за идни истражувања,** ги резимира главните наоди од сите три студии и го наведува придонесот на трудот кон областа. Прво, за прв пат ги обединува доказите за ставовите на здравствените работници, примарните анкетни податоци и фармакоекономските резултати за биосимилари во Косово. Второ, ја воведува рамката т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation), предложена од кандидатката како политички инструмент. Трето, дава прва психометриски валидирана проценка на ставовите за препишување биосимилари меѓу здравствените работници во Косово. Четврто, покажува дека, во рамките на овој примерок, поголемиот клинички стаж бил поврзан со донекаде поголема подготвеност за препишување биосличните лекови, повеќе отколку формалното знаење, иако ова одразува општа тенденција во групата, а не правило кое важи за секој поединечен клиничар.

Кандидатката отворено ги наведува ограничувањата на студијата. Тоа вклучува ограничена големина на анкетниот примерок и преклопување меѓу возраста и искуството погоре наведено, што значи дека нивните индивидуални ефекти не можат статистички да се разделат, тригодишниот период опфатен со фармакоекономската анализа, исклучувањето на клинички резултати на ниво на пациент, отсуството на споредба низ пошироките рамки на Западен Балкан и потпирањето на договорни тендерски податоци наместо на податоци за издавање лекови.

Кандидатката идентификува неколку приоритети за идни истражувања. Тие вклучуваат поголемо, национално репрезентативно истражување со анкетен прашалник способен да ги раздели возраста и годините на пракса, долгорочно истражување на едукативни интервенции, истражување од перспектива на пациентите, проширување на фармакоекономската анализа на петгодишен период со податоци за издавање лекови, и споредба на резултатите низ земјите на Западен Балкан.

Списокот на референци е обемен, содржи 103 библиографски единици, правилно цитирани според прифатените академски стандарди. Вклучува значителен дел неодамнешни публикации заедно со темелни извори, што ја одразува актуелноста на предметот.

Следуваат пет прилози. Во Прилогот А е анкетниот прашалник за здравствените работници. Прилогот Б дава резиме на препораките во однос на доверливоста на скалите. Прилогот В ги дава придружните табели со податоци за „Innovation Headroom“. Прилогот Г целосно го репродуцира текстот на трите рецензирани научни трудови на кои кандидатката е прв автор, опишани подолу. Прилогот Д ги дава целосните статистики за доверливост на ниво на прашање, вклучувајќи средна вредност, стандардна девијација, коригирана корелација на прашање со вкупниот резултат и алфа при бришење на прашање, за секоја од деветте потскали анализирани во Глава 3.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката Веса Халими, со наслов: „ Биослични лекови во Косово: клиничка примена, здравствено-економско влијание и препораки за регулаторни политики“, претставува оригинално истражување во областа на клиничката фармација, фармацевтската регулатива, фармакоекономијата и здравствените политики. Трудот ги претставува знаењата и ставовите на здравствените работници кон биосличните лекови, како и финансиските ефекти од употребата на овие лекови во еден развоен здравствен систем со ограничени ресурси. Трудот, исто така, предлага здравствено политичка и регулаторна рамка која ќе биде дизајнирана врз основа на овие податоци. Докторската дисертација е изработена во согласност со принципите на солидно научно истражување, а целите на истражувањето се јасно дефинирани и во согласност со наведеното образложение. Трудот е организиран во четири поврзани дела, структура која кандидатката ја објаснува и ја образложува во точка 1.6, овозможувајќи секоја од трите истражувачки студии да биде развиена до соодветна длабочина без непотребно повторување.

Научниот пристап е оригинален, особено рамката на т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation), воведена во Глава 6 и применета низ главите 7 до 9. Методологијата е современа и добро приспособена на обемот на достапните податоци, користејќи статистички методи соодветни за истражување со целосно документирана анализа на доверливост и детални податоци дадени во посебен прилог, како и со употреба на соодветни методи за анализа на процесот на набавки на овие лекови во период од три години. Поставените цели се целосно остварени, а резултатите се јасно обработени, толкувани и дискутирани во однос на нивното научно и клиничко значење.

Се забележува и подготвеноста на кандидатката да ги пријави и објасни резултатите кои се отворени за повеќе од едно толкување, кои не се изоставени ниту се предимензионирани. Такви примери се двете анкетни скали со послаба доверливост, и наодот дека возраста и годините на искуство се премногу тесно поврзани во овој примерок за да можат да им се раздели индивидуалниот ефект. Од ова истражување произлегуваат практични докази и засновани препораки кои се директно проследливи до наодите на студијата.

Четирите дела на трудот се меѓусебно поврзани, и чинат една истражувачка целина. Наодите од прегледот на литературата во Делот I се пренесуваат и споредуваат со конкретните податоци за Косово дадени во Делот II. Обрасците на клиничка резервираност, идентификувани во Делот II, се поврзани со резултати анализирани во Делот III. Делот IV, потоа, ги обединува наодите од претходните делови преку рамката за реинвестирање на заштедата т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation), која кандидатката ја предлага како здравствено политички инструмент.

Докторската дисертација на кандидатката Веса Халими, со наслов: „Биослични лекови во Косово: клиничка примена, здравствено-економско влијание и препораки за регулаторни политики“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Пред одбраната на докторскиот труд, кандидатката, како прв автор, ги објавила во меѓународни рецензирани научни списанија, следниве научни трудови, кои се целосно репродуцирани во Прилогот Г на трудот:

[1] Наслов: SURVEY OF AWARENESS AND ATTITUDES OF HEALTHCARE PROFESSIONALS TOWARD BIOLOGIC THERAPIES IN KOSOVO, Vesa Halimi, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, Katerina Ancevska Netkovska, Evgenija Mihajloska, Aleksandar Dimkovski, Zorica Naumovska, Aleksandra Grozdanova, original scientific paper, issue vol. 72(2) 2026 of Macedonian pharmaceutical bulletin. Овој труд е основа за Глава 1 од дисертацијата.

[2] Наслов: MODEL OF FINANCIAL HEADROOM AS A FRAMEWORK FOR REINVESTMENT OF SAVINGS GENERATED BY BIOSIMILARS IN KOSOVO, Vesa Halimi, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, Katerina Ancevska Netkovska, Evgenija Mihajloska, Zorica Naumovska, Aleksandra Grozdanova, original scientific paper, issue vol. 72(2) 2026 of Macedonian pharmaceutical bulletin. Овој труд е основа за Глава 6 од дисертацијата.
[3] Наслов: CLINICAL AND REGULATORY CONCERNS OF BIOSIMILARS: A REVIEW OF LITERATURE, Vesa Halimi, Armond Daci, Katerina Ancevska Netkovska, Ljubica Suturkova, Zaheer Ud Din Babar, Aleksandra Grozdanova, International Journal of Environmental Research and Public Health, 17(16), 5800, 2020. https://doi.org/10.3390/ijerph17165800. Овој труд е основа за Глава 2 од дисертацијата. (импакт-фактор 3.789)

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Научен придонес

Научниот придонес на оваа докторска дисертација се состои во тоа што претставува систематски и мултидимензионален преглед на научни и регулаторни докази кои ги поврзуваат ставовите на здравствените работници, регулаторните рамки и фармакоекономските исходи во однос на биосличните лекови во Косово. Воведувањето на формата на т.н „финансиски простор за иновација“ (financial headroom for innovation) како применлив регулаторен и здравствено-политички инструмент за квантификување и потенцијално управување со реинвестирањето на заштедите од набавка на биосличните лекови и дава на оваа докторска дисертација дополнителен научен, развоен и апликативен пристап. Методолошкиот образец, развиен за анализата на доверливост, заедно со целосните статистики на ниво на прашање достапни за независна проверка, претставува втор методолошки придонес кој идните истражувачи во оваа област можат директно да го применат.

Области на примена и ограничувања

Оваа докторска дисертација ќе има премименлив придонес и ќе им помогне на регулаторните и финансиските органи, Министерството за здравство, болниците и професионалните лекарски здруженија во Косово и регионот во дизајнирање на интервенции кои ќе се базираат на докази, вклучувајќи клинички насоки, специјалности и насочена континуирана едукација, како и реформа на политиките за набавки, со цел да се затвори јазот во однос на употребата на биосличните лекови и со тоа да се прошири фискалниот капацитет достапен за воведување на нови биолошки терапии. Кандидатката соодветно ги идентификува ограничувањата на студијата, првенствено лимитираниот анкетен примерок, неможноста статистички да се раздели возраста од годините на клиничко искуство во наодот за стажот, тригодишниот период на набљудување во фармакоекономската анализа и отсуството на клинички резултати на ниво на пациент.

Можни насоки за идни истражувања

Во однос на достапните литературни податоци и резултатите добиени во ова истражување, потребни се понатамошни истражувања со поголем, национално репрезентативен примерок на здравствени работници, разделување на возраста и годините на пракса, подолг период за следење на фармакоекономските анализи и компаративно истражување низ дополнителни здравствени системи од Западен Балкан.

Областа на примена на оваа докторска дисертација е клиничката фармација, фармацевтската регулатива, фармакоекономијата и здравствените политики.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја прифати оваа позитивна оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката Веса Халими, со наслов: „Биослични лекови во Косово: клиничка примена, здравствено-економско влијание и препораки за регулаторни политики“.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Стерјев, претседател, с.р.
Проф. д-р Александра Гроздановa, ментор, с.р.
Проф. д-р Љубица Шутуркова, член, с.р.
Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска, член, с.р.
Проф. д-р Зорица Наумовска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „СЛОВЕНЕЧКО-МАКЕДОНСКИ РЕЧНИК“ ОД ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА АРИЗАНКОВСКА И М-Р МОНИКА ТРПКОВСКА

Ракописот „Словенечко-македонски речник“ на проф. д-р Лидија Аризанковска и м-р Моника Трпковска претставува значајно лексикографско остварување што пополнува важна празнина во македонската двојазична лексикографија. Станува збор за првиот посеопфатен современ словенечко-македонски речник, кој со речиси 10.000 одредници создава цврста основа за изучување, разбирање и практична употреба на словенечкиот јазик. Со ова издание, македонските корисници добиваат обемен и систематски обработен речник што ги следи современите принципи на двојазичната лексикографија.

Макроструктурата на речникот е јасно осмислена и доследно реализирана. Одредниците се избрани според нивната фреквентност и комуникативна релевантност во современиот словенечки јазик и се подредени по абецеден ред, а нивната обработка е доследна, прецизна и прегледна. Опфатени се лексеми од општиот јазик, интернационализми, терминолошка лексика од различни области (пред сè лингвистичката), како и лексички единици за кои се нудат описни преводни еквиваленти кога во македонскиот јазик не постои непосреден соодветник. Посебна вредност претставува вклучувањето на феминативите, со што речникот ги следи современите тенденции во јазичниот развој и лексикографската практика.

Микроструктурата на речничките статии е прецизно разработена и кориснички ориентирана. Секоја одредница содржи акцентски и морфолошки информации, ознаки за зборовната група, граматички показатели и внимателно избрани преводни еквиваленти. Кај повеќезначните зборови, значењата се јасно разграничени и систематизирани, при што основното значење логично претходи на останатите. Синонимните значења се издвоени од полисемичните, а кога е неопходно се приложени и терминолошки или описни појаснувања. Таквата организација им овозможува на корисниците не само правилно да го разберат значењето на лексемата, туку и да го изберат соодветниот превод во зависност од конкретниот комуникативен контекст.

Особено внимание е посветено на граматичките информации. Кај именките се наведени родот и релевантните флексиски форми, кај глаголите се обработени видот, сегашната основа и повратните форми, додека придавките, заменките и броевите се претставени со нивните основни граматички парадигми. Ваквиот пристап ја надминува функцијата на обичен преводен речник и му овозможува на корисникот да ја согледа и граматичката структура на словенечкиот јазик, што е од особено значење во процесот на неговото изучување.

Речникот се одликува со високо ниво на лексикографска доследност. Во него систематски се обработени акцентските особености на словенечкиот јазик, полисемијата, синонимијата, терминолошката лексика, интернационализмите и лексемите без непосреден македонски еквивалент. Ваквата методологија сведочи за темелно познавање на двата јазични система и за внимателно применување на современите принципи на двојазичната лексикографија.

Ракописот „Македонско-словенечки речник“ претставува резултат на долгогодишната научна, педагошка и преведувачка работа на неговите авторки. Редовен професор д-р Лидија Аризанковска, истакната македонска словенистка, со децении активно придонесува за развојот и афирмацијата на словенистиката во Република Северна Македонија. Нејзината научна дејност опфаќа контрастивни проучувања на словенечкиот и македонскиот јазик, методиката на наставата по словенечки како странски јазик, преведувањето и лексикографијата, а нејзиниот придонес е препознаен и во меѓународни рамки со доделувањето на Топоришичевото признание за особен придонес во развојот на словенистиката надвор од Словенија. Коавторката, м-р Моника Трпковска, како претставник на помладата генерација македонски словенисти, успешно се вклучува во современите лексикографски и контрастивни истражувања. Нејзиното учество во подготовката на овој речник сведочи

за континуитетот во развојот на словенистиката во Македонија и на научното и лексикографското проучување на словенечкиот и македонскиот јазик. Токму спојот на долгогодишното искуство и научниот авторитет на проф. д-р Лидија Аризанковска со истражувачката енергија и современиот пристап на м-р Моника Трпковска резултира со речник што ги обединува високите научни стандарди, методолошката доследност и практичната применливост. Поради тоа, ова издание има трајна вредност не само како современо лексикографско дело, туку и како значаен придонес кон понатамошниот развој на словенечко-македонската лексикографија и словенистиката воопшто.

Благодарение на својата научна заснованост, прегледност и практична функционалност, ракопсот „Словенечко-македонски речник“ ќе претставува незаменливо помагало за студентите по словенистика, преведувачите, наставниците, научните работници и за сите македонски говорители кои го изучуваат словенечкиот јазик. Истовремено, ова издание претставува значаен придонес кон развојот на македонската лексикографија и кон продлабочувањето на јазичната и културната соработка меѓу македонската и словенечката средина.

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Намита Субиото, с.р.
Универзитет во Љубљана,
Филозофски факултет

Љубљана, 14 јули 2026 г.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „СЛОВЕНЕЧКО-МАКЕДОНСКИ РЕЧНИК“ ОД АВТОРКИТЕ ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА АРИЗАНКОВСКА И М-Р МОНИКА ТРПКОВСКА

Ракописот „Словенечко-македонски речник“ претставува исклучително значајно и долгоочекувано лексикографско дело, кое пополнува важна празнина во македонско-словенечката двојазична лексикографија. Речникот е резултат на систематска научна и стручна работа, реализирана во рамките на проектот „Лексикографската дејност како интегрален дел на филолошките науки“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со поддршка од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Главната вредност на овој речник се согледува во неговата јасно дефинирана намена и современа концепција. Тој е наменет, пред сè, за македонските изучувачи на словенечкиот јазик, но истовремено претставува корисно помагало и за словенечките говорители што го изучуваат македонскиот јазик, како и за преведувачи, наставници, студенти, научни работници и сите заинтересирани за словенечко-македонските јазични и културни врски. Посебно е значајно што речникот е ориентиран кон современата и фреквентна лексика, што значително ја зголемува неговата практична применливост во наставата, преведувањето и секојдневната комуникација.

Од лексикографски аспект, речникот е изработен според современи методолошки принципи. Одредниците се обработени доследно и систематично, при што секоја речничка статија содржи акцентски и граматички информации, преводни еквиваленти, јасно разграничување на повеќезначноста, како и употреба на стандардизирани ознаки за зборовните видови и специјализираните области. Ваквата организација овозможува лесно користење на речникот и од корисници кои немаат претходно лексикографско искуство.

Особено треба да се истакне внимателниот пристап при обработката на граматичките категории. Авторките посветиле значително внимание на морфолошките особености на словенечкиот јазик, вклучувајќи ги именките, глаголите, придавките, заменките и бројните зборови, како и на специфичностите што се важни за македонските корисници. Деталните граматички информации, означувањето на глаголскиот вид, повратните форми, акцентот и родовите претставуваат значајна додадена вредност на речникот.

Позитивно е и тоа што авторките не се ограничиле само на преводни еквиваленти, туку кај голем број одредници обезбедиле дополнителни појаснувања, описни толкувања и квалификатори за областите на употреба. Вклучувањето на лингвистички, географски, математички, музички и други квалификатори придонесува за попрецизно разбирање на значењето и соодветната употреба на лексемите. Особено вредно е решението кај лексемите што немаат директен македонски еквивалент да се понуди описно толкување, што претставува современ и функционален лексикографски пристап.

Дополнителен квалитет на речникот е обработката на синонимните форми, интернационализмите, феминативите и лексемите со повеќе акцентски и семантички варијанти. Со тоа авторките покажуваат високо ниво на лексикографска чувствителност кон особеностите на двата јазични система и успешно ги надминуваат бројните предизвици што ги носи изработката на двојазичен речник.

Посебно треба да се нагласи дека речникот опфаќа приближно 10.000 одредници, што претставува солидна лексичка база за основно и средно напредно

изучување на словенечкиот јазик. Изборот на лексиката е функционален, современ и приспособен на реалните комуникациски потреби на корисниците.

Ракописот е јазично уреден, терминолошки доследен и концепциски добро структуриран. Предговорот и упатството за користење на речникот се јасни, прегледни и доволно детални, што им овозможува на корисниците брзо да се ориентираат во неговата структура. Табелите со граматички и други скратувања дополнително придонесуваат за функционалноста и лесната употреба на речникот.

Имајќи ги предвид научната оправданост, современата методологија, високото лексикографско ниво, практичната вредност и значењето за развојот на словенечко-македонската двојазична лексикографија, сметам дека ракописот „Словенечко-македонски речник“ ги исполнува сите критериуми за објавување. Убеден сум дека ова дело ќе стане значајно наставно, научно и преведувачко помагало и ќе даде траен придонес во развојот на македонската и словенечката лексикографија, како и во продлабочувањето на јазичната, културната и академската соработка меѓу двете земји.

Со задоволство му предлагам на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го прифати ракописот за печатење и за објавување.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Ѓоко Николовски, с.р.
Филозофски факултет, Универзитет во Марибор

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ОД ОБЛАСТА НА ДИСКУРСНАТА АНАЛИЗА“ ОД АВТОРКИТЕ АНЕТА ДУЧЕВСКА И МИРА БЕЌАР

Согласно со Одлуката за избор на рецензенти за книгата „Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа“, донесена на триесет и шестата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 17.6.2026 година, го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Книгата „Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа“ од авторките Анета Дучевска и Мира Беќар претставува солиден лексикографски труд, особено имајќи ја предвид потребата од системско терминолошко оформување на оваа дисциплина во македонската наука за јазикот. Речникот одговара на актуелната потреба за прецизно дефинирање и усогласување на терминологијата што се употребува во современите истражувања на дискурсот и може да има значајна примена како во научноистражувачката работа, така и во наставата по лингвистика.

Речникот се заснова на широко сфаќање на проучувањето на дискурсот и опфаќа терминологија од анализата на дискурсот, анализата на конверзацијата, корпусната лингвистика, критичката анализа на дискурсот, прагматиката, социолингвистиката, системско-функционалната лингвистика и сродните области. Ваквиот пристап е особено оправдан со оглед на интердисциплинар-ниот карактер на современите истражувања на дискурсот. Бидејќи бројни поими се толкуваат различно во различни теориски традиции, одредниците ги претставуваат нивните најприфатени дефиниции, а таму каде што е потребно, укажуваат и на позначајните теориски разлики. На тој начин, речникот нуди не само терминолошка еквиваленција, туку и кратка научна ориентација во областа.

Во речникот се обработени над 80 термини, при што одредниците се подредени по азбучен редослед според англиската азбука. Ова решение овозможува едноставно и ефикасно пребарување, а истовремено ја одразува поврзаноста на македонската терминологија со доминантната англиска терминолошка традиција во оваа област. Авторите покажуваат добро познавање на релевантната литература од англојазичното подрачје. Сепак, за некои клучни термини би требало да се проверат и решенијата во бројните дела напишани на македонски јазик во соодветната област, вклучително најновата книга *Вовед во анализа на дискурс* од Ивановска и Кусевска (2023).

Речникот се темели врз изданието на Baker, P. And Ellece, S. (2011), *Key Terms in Discourse Analysis*, но неговата најголема вредност е токму во тоа што не остава впечаток на превод на англиски поимник. Тоа е особено значајно достигнување, бидејќи механичкото пренесување на дефиниции често претставува слабост на терминолошките речници во средини со помала терминолошка традиција. Во најголем број случаи, авторките се потрудиле да ги преформулираат дефинициите со сопствени зборови, притоа приспособувајќи ги кон македонскиот научен контекст. Таквиот пристап бара значително поголема стручна и лексикографска компетентност отколку едноставното компилирање или преведување на постојните дефиниции.

Од лексикографски аспект, одредниците се добро конципирани. Вообичаено, првата реченица јасно го дефинира поимот, теориската перспектива е соодветно назначена, а должината на одредниците е усогласена со важноста и сложеноста на термините. Сепак, изборот на некои основни термини од општата граматика (на пр., *подмет, предикат*) се чини неоправдан, бидејќи тематски не одговара на концепцијата на речникот, а тоа е обработка на термини поврзани со дискурсната анализа.

Во првиот дел на речникот, термините се илустрирани со автентични примери, додека во вториот се користат преземени англиски примери (вклучително несоодветниот пример за пасивна реченица). Би било добро да се користат кратки илустративни примери што се базираат врз македонски јазичен материјал. Таквите

примери би придонеле за дополнителна јасност и би ја зголемиле практичната употребливост на речникот, без притоа да се наруши неговиот терминолошки карактер.

Од техничка гледна точка, забележлива е употребата на косата црта меѓу блискозначни зборови (на пр., *субјект/поднет*). Оваа употреба е оправдана доколку авторите сакаат да укажат на терминолошка еквиваленција, но има случаи на таква употреба и во самото објаснување на термините (на пр., *поткрепа/поддршка, опресира/потчинува* и сл.), што се чини дека непотребно го оптоварува објаснувањето. Сепак, станува збор за забелешка од технички карактер што не ја доведува во прашање вкупната вредност и придонесот на речникот.

Со овој труд, авторките пополнуваат забележлива празнина во домашната научна литература и создаваат ресурс што може да има поширока употреба од тесно лингвистичката. Речникот може да им биде особено корисен на студентите и истражувачите, но и на новинарите, политичарите и на сите оние што се занимаваат со јазикот како средство за убедување, создавање и обликување на јавното мислење, како и со конструирањето идентитети и јавни профили. Токму оваа поширока применливост ја потврдува општествената и практичната релевантност на дискурсната анализа.

Во целина, книгата „Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа“ претставува корисен лексикографски придонес. Неговата вредност не е само во систематизирањето на термините од една научна област што брзо се развива, туку и во создавањето македонски терминолошки ресурс што ги поврзува современите меѓународни научни тенденции со потребите на македонската научна средина. Имајќи го предвид сето наведено, книгата им ја препорачувам на студентите, истражувачите и на сите заинтересирани читатели што се занимаваат со дискурсот како научна дисциплина или како општествена дејност.

Скопје, 14.8.2026

Рецензент
Проф. д-р Елени Бужаровска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ОД ОБЛАСТА НА ДИСКУРСНАТА АНАЛИЗА“ ОД АВТОРКИТЕ АНЕТА ДУЧЕВСКА И МИРА БЕЌАР

Согласно со Одлуката бр. 09-228/100 од 22.6.2026 година, донесена на триесет и шестата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 17.6.2026 г., на која сум избрана за еден од рецензентите на книгата „Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа“ од проф. д-р Анета Дучевска и проф. д-р Мира Беќар, во прилог ги поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Општа оцена и концепциска поставеност

Книгата „Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа“ од авторките д-р Анета Дучевска и д-р Мира Беќар претставува значаен лексикографски придонес кон развојот и систематизацијата на македонската терминологија од областа на дискурсните студии. Неговата вредност произлегува и од широкиот опфат на терминологијата, во која се застапени поими од прагматиката, социолингвистиката, текстуалната и конверзациската анализа, критичката дискурсна анализа, корпусната лингвистика и сродните подрачја. Во таа смисла, речникот претставува корисно помагало за студентите, наставниците, истражувачите, преведувачите и другите корисници на стручната лингвистичка литература.

Широкиот опфат во голема мера е условен од интердисциплинарниот карактер на дискурсната анализа, која во современите истражувања се поврзува со повеќе лингвистички и сродни научни подрачја. Вклучувањето на терминологија од овие области овозможува поцелосно согледување на поимите врз кои се темелат дискурсните истражувања.

Со оглед на насловот и примарната определба на речникот како терминолошки ресурс од областа на дискурсната анализа, вниманието го привлекува и прашањето за критериумите според кои е определен изборот на терминолошките единици. Покрај високо специјализираните поими карактеристични за современите дискурсни истражувања, во речникот се застапени и основни граматички термини, како *подмет, предмет, предикат и други*. Нивното вклучување може да се согледа во контекст на нивната функција во различни теориски и аналитички пристапи кон дискурсот, но попрецизното образложение на ваквиот избор би придонело кон појасно определување на границите и концепциската поставеност на речникот.

2. Терминолошки опсег и обработка на одредниците

Речникот опфаќа разновидна и современа терминологија. Покрај веќе утврдените поими, застапени се и термини што ги одразуваат поновите насоки во дискурсните истражувања, како *discourse prosody, positioning, feminist critical discourse analysis, prejudiced discourse* и *nationalist discourse*. На тој начин се следи развојот на современата терминологија и нејзината поврзаност со актуелните научни и општествени прашања.

Значајна предност е тоа што секоја одредница е проследена со соодветно објаснување. Англискиот термин е проследен со македонски и, зависно од природата на поимот, со определба на значењето, дополнително толкување, пример, библиографско упатување или упатување кон сродни поими. Ваквиот начин на обработка ја надминува функцијата на едноставен двојазичен речник и му дава на делото и значајна дидактичка вредност.

Добар пример за ваквиот начин на обработка се одредниците *Co-reference – Кореференција* и *Pragmatics – Прагматика*, кои се дополнети со соодветни јазични примери, како и *Intertextuality – Интертекстуалност*, *Critical Discourse Analysis – Критичка дискурсна анализа* и *Text – Текст*, кај кои поимите се разгледуваат во

поширок теориски контекст. Со тоа, речникот не се ограничува на определување на термините, туку укажува и на нивната поврзаност со различните теориски пристапи во кои се употребуваат.

Разновидноста на терминологијата во речникот во голема мера е оправдана со интердисциплинарниот карактер на дискурсната анализа. Застапеноста на поими од прагматиката, социолингвистиката, текстуалната и конверзацискатa анализа, критичката дискурсна анализа и други сродни области овозможува пошироко согледување на поимите што се користат во современите дискурсни истражувања. Во тој контекст, азбучниот распоред е практичен и овозможува лесно пронаоѓање на одредниците. Сепак, дополнителното тематско или концептуално означување би можело уште повеќе да ја олесни ориентацијата на корисникот и да ги истакне заемните врски меѓу одделните области. Така, без да се напушти азбучниот распоред, кај одредниците би можело да се означи нивната припадност, на пример, кон прагматиката, критичката дискурсна анализа, текстуалната лингвистика, социолингвистиката и сл. (пр.: PRAGMATICS – ПРАГМАТИКА; Област: прагматика; дискурсна анализа или: AGENTIVITY – АГЕНТНОСТ; Област: критичка дискурсна анализа; граматика итн.). Ваквото решение би придонело кон појасно согледување на поимната поврзаност и внатрешната организација на терминологијата.

3. Научна основа и можности за дополнување

Речникот се темели врз *Key Terms in Discourse Analysis* на P. Baker и S. Ellece (2011), како и врз обемна и релевантна научна литература од областа на дискурсната анализа, прагматиката и сродните дисциплини. Застапени се трудови од повеќе значајни автори, меѓу кои Ферклаф, Фуко, Гофман, Грајс, Халидеј и Хасан, Де Богранд и Дреслер, Браун и Левинсон, Шифрин, ван Дајк, Водак и други. Ваквата теориска основа овозможува термините да се согледаат во поширок научен контекст и низ различни теориски пристапи.

Со оглед на тоа што речникот е наменет првенствено за македонскиот научен и образовен простор, забележлива е поголема застапеност на англискојазични во однос на македонски извори. Имајќи ја предвид развиената научна дејност во македонската лингвистика, особено во областа на прагматиката, дискурсната анализа и сродните дисциплини, во идно издание би било корисно во поголема мера да се земат предвид и домашните научни истражувања во кои се обработуваат термините застапени во речникот.

Во тој контекст, како дел од пошироката научна литература, релевантни се монографиите *Говорни чинови* од М. Кусевска, З. Трајкова, С. Нешковска и Ф. Смичковска, *Меѓукултурна прагматика* од М. Кусевска, *Прагматика* од М. Кусевска и Е. Бужаровска, *Метадискурс. Прагматичката улога на метадискурсните маркери при убедување* од З. Трајкова, зборникот *Прагматички истражувања* во редакција на М. Кусевска и Б. Ивановска, *Вовед во анализа на дискурс* од истоимените авторки, истражувањата на Е. Бужаровска и Л. Митковска од областа на анафората, референцијата, дискурсот и прагматиката, вклучително и нивните заеднички истражувања со М. Кусевска, како и бројни други релевантни трудови од оваа област. Земањето предвид на ваквата литература би овозможило да се согледаат постојните терминолошки решенија и евентуалните варијанти во македонската научна употреба, со што би се воспоставила уште поцврста врска меѓу меѓународната терминологија и македонската научна традиција.

Од аспект на обработката на одредниците, се забележува извесна разновидност во степенот на нивната разработеност. Некои се концизно определени, додека други се проследени со пошироки теориски објаснувања, примери и библиографски упатувања. Таквата разновидност во голема мера произлегува од природата и сложеноста на самите поими. Сепак, во идно издание би можело да се размисли за поголема усогласеност во начинот на претставување на основното определување, дополнителното објаснување, примерите и библиографските податоци, со што би се придонело кон уште поголема прегледност и лесно користење на речникот.

Бидејќи во предговорот Дучевска истакнува дека предложените терминолошки решенија не треба да се сфаќаат како конечни, туку се отворени за понатамошна дискусија, особено корисно би било кај термините за кои во македонската научна литература постојат различни решенија, да се укаже и на нивната досегашна употреба. Тоа би му овозможило на корисникот да ги согледа различните можности и би придонело речникот да биде не само место за предлагање терминолошки решенија, туку и поттик за нивно понатамошно разгледување и усогласување.

4. Заклучна оцена

Во целина, книгата „Терминолошки речник од областа на дискурсната анализа“ претставува вреден лексикографски труд со значајна научна и практична вредност. Нејзината особена вредност се согледува во широкиот опфат на термините, интердисциплинарниот пристап, јасното определување на поимите, употребата на примери и богатата теориска и библиографска основа. Со тоа, речникот претставува корисен извор за запознавање со терминологијата на дискурсната анализа и на сродните лингвистички подрачја.

Согледувањата изнесени во рецензијата се насочени кон можностите за натамошно дополнување и усовршување на делото и произлегуваат, пред сè, од неговиот широк опфат и од разновидноста на термините што ги опфаќа.

Со својата содржина и концепција, речникот претставува значаен придонес кон развојот и утврдувањето на современата македонска лингвистичка терминологија. Тој може да биде особено корисен за студентите, наставниците и истражувачите од областа на дискурсната анализа, прагматиката и сродните научни подрачја, а воедно претставува добра основа за натамошно збогатување и развивање на терминологијата во македонскиот јазик.

Скопје,
14.8.2026 г.

Рецензент
Проф. д-р Зорица Трајкова Стрезовска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „РЕЧНИК НА МЕТОДИЧКИ ТЕРМИНИ ОД НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК“ ОД ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА АЛЕКСОВА

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата триесет и шеста редовна седница одржана на 17.6.2026 година, ме избра за еден од рецензентите за оцена на трудот „Речник на методички термини од наставата по македонски јазик“ од проф. д-р Гордана Алексова. Ми претставува особена чест и задоволство да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Трудот „Речник на методички термини од наставата по македонски јазик“ од проф. д-р Гордана Алексова содржи над 350 термини поврзани со наставата по македонски јазик. Трудот започнува со предговор и завршува со преглед на користената литература.

Во **предговорот**, авторката ја образложува потребата од речник на термини од наставата по македонски јазик, укажувајќи на честата терминолошка неусогласеност што има моќ да ја подрие јасната и прецизна комуникација во областа. Современите наставни тенденции внесуваат дополнителен слој терминолошка сложеност. Оттаму, целта на речникот е за прв пат во македонската наука за настава систематски да ги обработи термините што се употребуваат во наставата по македонски јазик и во нејзините сродни дисциплини, упатувајќи ги термините еден на друг и градејќи систематизирана терминолошка мрежа.

Проф. д-р Алексова детално ги објаснува концепцијата и структурата на речникот. Се работи за лексикографски труд кој ги третира термините јасно и концизно, не енциклопедиски и обемно. Термините се организирани по азбучен ред и хиерархиски, со користење на основни (надредени) одредници, системски пододредници и поединечни термини.

Во предговорот се образложува и методолошкиот пристап во подготвувањето на речникот. На наставата се гледа не само како процес на пренесување информации, туку во голема мера и процес на поттикнување и поддржување на развојот на клучни вештини, способности, компетенции, како и на соодветен однос кон предметот на учењето и учењето во целина. Од овие причини, речникот не вклучува само основни наставни термини, туку и термини што се однесуваат на комуникацијата, дигитализацијата, инклузивноста и други аспекти на современите сфаќања за наставата.

Авторката се осврнува и на процесот на изработка на речникот, на природата на дилемите со кои се соочувала и начините на кои стигнала до термините претставени во речникот. Крајната цел била термините да имаат научно покритие, да го следат методолошкиот пристап на речникот и да имаат практична вредност во училницата. Речникот има потенцијал да поттикне понатамошни дискусии, истражувања и систематизирања.

Речникот е работен во рамкките на научноистражувачкиот проект „Лексикографската дејност како интегрален дел на филолошките науки“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со поддршка од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Термините опфатени во речникот, иако првично замислени да се однесуваат само на методиката на наставата по македонски јазик, вклучуваат и термини од дидактиката, педагогијата, психологијата, комуникологијата, културологијата, современите образовни политики, медиумските и дигиталните студии.

Термините се концизно и јасно претставени за да бидат разбирливи и за колегите што се подготвуваат за настава. Долгогодишната работа на авторката со студентите по

настава по македонски јазик ѝ овозможува да одговори на предизвикот терминолошките објаснувања да бидат кратки, а полни со значење. Јазичниот израз во речникот, пак, нуди можности за развој на писменоста по македонски јазик за секој читател.

Исто така, воочливо е дека во процесот се водело сметка за постојната база на термини од наставата и грижливо се работело околу неа. Речникот разграничува кога еден ист термин има различни значења во различни контексти или научни области. Речникот разграничува и термини што во постојниот наставен дискурс се користат како синоними, на пр. *наставна единица* и *наставен час*.

Користената литература е организирана во три дела: I. Монографии и научни трудови, II. Лексикографски изданија и III. Концепциски и програмски документи за наставата. Оваа секција претставува корисна заднина за истражувачкиот и творечкиот процес на авторката, но и збир корисни насоки за продлабочено расчитување.

Да заклучам, трудот „Речник на методички термини од наставата по македонски јазик“ од проф. д-р Гордана Алексова претставува важен, пионерски лексикографски придонес кон методиката на наставата по македонски јазик, но и кон методиката на настава по странските јазици и, воопшто, методиката по настава во државата, со оглед на тоа што приспособувањето на интернационалните наставни термини во македонскиот јазик долги години претставуваше предизвик не само за студентите по настава, туку и за наставниците и истражувачите.

Речникот нуди научно поткрепена и внимателно обмислена систематизација што ја почитува и надградува постојната терминологија, и тоа во контекст на современите сфаќања за наставата како комплексна (нееднонасочна) комуникација. Во таа смисла, термините што речникот ги опфаќа се применливи и корисни во практичната настава. Речникот несомнено ќе ја подобри и јасноста и прецизноста на научната комуникација во областа на наставата.

Речникот на методички термини од наставата по македонски јазик претставува исклучително корисен референтен текст за (идните) наставници, истражувачите и, воопшто, за колегите што работат во полето на наставата. Речникот е труд што долго време беше потребен во македонската наука за наставата; тој може да се опише и како прва стабилна основа за идни терминолошки дискусии, проблематизирања, преобмислувања и пресоздавања.

Поради сето ова, со големо задоволство го препорачувам трудот за објавување и со нетрпение очекувам да го користам на час, со моите студенти по настава.

17.8.2026,
Скопје

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Елена Ончевска Агер, с.р.

Predmet: Recenzija rukopisa knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* autorice prof. dr. sc. Gordane Aleksove

1. **Podatci o recenzentu:**
   - **ime i prezime**: dr. sc. Kristian Lewis, znanstveni savjetnik
   - **broj znanstvenika u Upisniku znanstvenika**: 246086
   - **ustanova zaposlenja**: Institut za hrvatski jezik, Ulica Republike Austrije 16, Zagreb, Republika Hrvatska
   - **elektronička adresa**: klewis@ihjj.hr
   - **osobna stranica**: https://ihjj.hr/istrazivac/kristian-lewis/67/
   - **kratki životopis recenzenta**:

   Dr. sc. Kristian Lewis znanstveni je savjetnik na Institutu za hrvatski jezik u Zagrebu i voditelj Odjela za hrvatski standardni jezik. Područja su njegova znanstvenog interesa hrvatski standardni jezik, terminologija, leksikologija i leksikografija. Jedan je od autora *Prvoga školskog rječnika hrvatskoga jezika* (2008.), *Školskoga rječnika hrvatskoga jezika* (2012.), *Hrvatskoga pravopisa* (2013.) i *Prvoga školskog pravopisa hrvatskoga jezika* (2016.). Bio je suradnik na pet terminoloških projekata Hrvatske zaklade za znanost: *Izgradnja hrvatskoga kemijskog nazivlja* (2008. – 2011.), *Hrvatsko brodostrojarsko nazivlje* (2009. – 2011.), *Kartografsko-geoinformatički rječnik* (2011.), *Ustustavljivanje hrvatskoga građevinskog nazivlja* (2011.) i *Hrvatsko jezikoslovno nazivlje* (2022. – 2023.) te na tri međunarodna terminološka projekta Međunarodnoga slavističkog komiteta: *Slavenska terminologija na kraju 20. i na početku 21. stoljeća* (2013. – 2018.), *Terminografska baza podataka TERM_IN – Slavenska terminografija (1990. – 2017.)* (2018. – 2023.) i *Rječnik terminološkoga nazivlja* (2018. – 2023.). Bio je urednik knjige *Hrvatsko vojno nazivlje kroz stoljeća* Dalibora Vrgoča (2022.) i rječnika *Hrvatsko brodostrojarsko nazivlje* (2015.) te recenzent knjiga s terminološkom tematikom *The Cambridge Handbook of Slavic Linguistics* Waylesa Brownea i Danka Šipke (2024.), *Rječnik novinarskoga žargona* Lane Hudeček i Vicka Krampusa (2023.), *Leksikografska obradba naziva* Helene Pavletić (2019.) i *Enciklopedijski rječnik analitičkoga nazivlja* Marije Kaštelan-Macan (2014.). Višegodišnji je predsjednik Organizacijskoga odbora terminološkoga okruglog stola *Hrvatska terminologija u europskome kontekstu* u organizaciji Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti, Instituta za hrvatski jezik i Hrvatskoga antropološkog društva. Dvostruki je dobitnik Nagrade Grada Zagreba (2021. i 2013.) i Nagrade *Ivan Filipović* (2017. i 2014.). Od 2013. član je Terminološke komisije Međunarodnoga slavističkog komiteta iz Republike Hrvatske, a od 2018. član je Komisije za leksikologiju i leksikografiju Međunarodnoga slavističkog komiteta iz Republike Hrvatske.

   Izbor autorskih radova s terminološkom tematikom:

   1. Belaj, Branimir; … **Lewis, Kristian**; … Vukša Nahod, Perina. 2024. *Rječnik jezikoslovnoga nazivlja*. Zagreb : Institut za hrvatski jezik.
   2. Mihaljević, Milica; Hudeček, Lana; **Lewis, Kristian**. 2024. *Pandemijsko nazivlje*, u: *Anatomija rječnika: Hrvatski mrežni rječnik – Mrežnik*, ur. Lana Hudeček, Milica Mihaljević i Željko Jozić, Zagreb : Institut za hrvatski jezik, str. 338–357.
   3. Barbarić, Vuk-Tadija; **Lewis, Kristian**. 2024. *Od Andrijina križa do andrijina križa: religijska imena i nazivi*, Hrvatski jezik, XI. godište, br. 2, str. 1–7.
   4. **Lewis, Kristian**; Vrgoč, Dalibor. 2023. *Povijest naziva* cjepivo *u hrvatskoj leksikografiji*, Rasprave: Časopis Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje, 49/2, str. 297–322.
   5. Mihaljević, Milica; Hudeček, Lana; **Lewis, Kristian**. 2022. *Coronavirus-related neologisms: A challenge for Croatian standardology and lexicography*, u: *Lexicography of Coronavirus-related Neologisms*, Lexicographica, Series Maior, ur. Annette Klosa-Kückelhaus i Ilan Kernerman, Berlin – Boston : De Gruyter, str. 165–189.

6. **Lewis, Kristian**. 2021. *Internacionalizmi i domaće riječi u hrvatskome i ruskome traduktološkom nazivlju*, Studia lexicographica, sv. 15, br. 29, str. 69–82.
7. **Lewis, Kristian**. 2020. *Dodirnojezikoslovno i traduktološko nazivlje*, u: *Hrvatsko jezikoslovno nazivlje*, ur. Milica Mihaljević, Lana Hudeček i Željko Jozić, Zagreb : Institut za hrvatski jezik i jezikoslovlje, str. 345–360.
8. **Lewis, Kristian**. 2020. *False Friends in Terminology: Croatian Lost in Translation*, Rasprave: Časopis Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje, 46/1, str. 141–164.
9. Hudeček, Lana; **Lewis, Kristian**; Mihaljević, Milica. 2019. *Hrvatski terminološki rječnici, leksikoni i enciklopedije u 20. stoljeću*, u: *Povijest hrvatskoga jezika*, 6. knjiga, gl. ur. Ante Bičanić, Zagreb : Croatica, str. 91–156.
10. **Lewis, Kristian**. 2018. *Usustavljivanje uporabe velikoga i maloga početnog slova u hrvatskome religijskom nazivlju*, Вісник Термінологічної комісії при Міжнародному комітеті славістів, br. 2, str. 134–149.

2. **Vrsta znanstvene ili stručne knjige:** znanstvena autorska knjiga (terminološki rječnik)
3. **Izvornost djela:** izvorno znanstveno djelo na makedonskome jeziku
4. **Znanstvena ili stručna relevantnost teme djela:**

Rukopis knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* autorice prof. dr. sc. Gordane Aleksove rezultat je njezina dugogodišnjeg znanstvenoistraživačkoga rada u području metodike nastave makedonskoga jezika. Stoga ova knjiga predstavlja jedinstven, znanstveno utemeljen i metodološki iznimno sustavan i suvremen rječnik termina koji se upotrebljavaju u metodici nastave makedonskoga jezika. Prema odabranome korpusu termina, leksikografskoj obradi i namjeni rječnik je nesumnjivo golem iskorak u makedonskoj metodičkoj i terminološkoj literaturi jer takvog rječnika u Republici Sjevernoj Makedoniji do danas nema. S obzirom na to da je rječnik napisan u sklopu znanstvenoistraživačkoga projekta *Лексикографската дејност како интегрален дел од филолошките науки*, koji se provodi na Filološkom fakultetu „Blaže Koneski” u Skopju, a podržalo ga je Ministarstvo obrazovanja i znanosti Republike Sjeverne Makedonije, možemo istaknuti da je riječ i o iznimnom rezultatu toga ambicioznog leksikografsko-terminološkog projekta, čiji će ishodi uvelike pridonijeti i ukupnom razvoju makedonistike i općenito slavistike.

Rukopis knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* ima 103 stranice, odnosno 131 karticu izvornoga autorskog teksta. Sadržaj knjige podijeljen je u sljedeće cjeline: 1. Predgovor (str. 2–10), 2. Rječnik (str. 11–99) i Literatura (str. 100–103). U Predgovoru autorica detaljno i višerazinski objašnjava motivaciju za nastanak knjige, tumačeći kako je metodika nastave makedonskoga jezika odavno nadišla svoju tradicionalnu ulogu i danas se razvija kao integrativno znanstveno područje koje uključuje lingvističke, didaktičke, pedagoške, psihološke, kulturološke, sociološke, medijske i digitalne spoznaje te suvremene teorije učenja, komunikacije i obrazovanja. Takvo se shvaćanje itekako ogleda u strukturi rječnika, koji u sebi sadrži glavne i u metodičkom smislu nezaobilazne termine povezane sa svim navedenim znanostima i znanstvenim disciplinama. Ističe se i problem koji muči svakog terminologa, terminografa, pa time posljedično i leksikografa: neujednačenost terminologije, razlike u definicijama i nepreciznost značenjskih opisa termina. Detektiranjem i navođenjem ovih izazova autorica jasno daje do znanja da su njezini terminološki izbori doneseni nakon temeljitoga promišljanja i procjenjivanja valjanosti definicija, što nije ni jednostavan ni brz postupak, a time se i metodološka komponenta izrade rječnika uvelike komplicira. Rezultat rada na ovome rječniku, međutim, odaje pedantnost, višerazinsku osviještenost terminoloških izazova i iznimnu osjetljivost pri leksikografskome radu. U prvome redu to se odnosi na unošenje suvremenih stručnih termina uz uzimanje u obzir kompetencijskoga pristupa, digitalizacije nastave, interaktivnog i istraživačkog učenja, multimodalne komunikacije, interkulturnog obrazovanja i drugih suvremenih i aktualnih procesa učenja i poučavanja. U tom smislu rječnik je i koncepcijom i realizacijom jedinstveno i inovativno djelo koje doprinosi razvoju makedonske i šire slavističke metodike i terminologije.

Glavni dio rukopisa odnosi se na rječnik metodičkih termina. U njemu su donesena 352 termina povezana s metodikom, odnosno u širem smislu, nastavom makedonskoga jezika. Termini se donose azbučnim redom, a navedeni su jednorječni, dvorječni i višerječni termini. Nakon navođenja termina slijedi terminološka definicija kojom se jasno, nedvosmisleno i funkcionalno određuje opseg opisanoga pojma. Definicije su sadržajno informativne, a velika je vrijednost rječnika činjenica da se među terminima uspostavljaju značenjske veze, na koje se upućuje odrednicom *v.* (*vidi*). Time se korisniku inicijalno daje informacija o značenjskim i terminološkim vezama među terminima, čime se olakšava strukturiranje znanja i konceptualno povezivanje pojmova. Isti je postupak primijenjen i pri povezivanju nadređenih i podređenih termina. Vrijedi napomenuti da su svi postupci povezivanja termina u rječniku metodološki sustavno navedeni u predgovoru, tako da korisnici dobivaju jasnu obavijest o tome prema kojem je načelu povezivanje uspostavljeno. Termini na koje se upućuje, ako ih je više, uglavnom su navedeni prema azbučnom redu. To omogućuje bolju preglednost i korisniku omogućuje lakše snalaženje u rječniku. U slučajevima u kojima se odstupa od navođenja termina po azbučnom redu, to se čini radi hijerarhijske ili logičke organizacije terminološke građe. U rječniku nalazimo i homonimne termine, označene eksponentima, poput РЕФЛЕКСИЈА[1] i РЕФЛЕКСИЈА[2] ili ЧИТАЊЕ[1] i ЧИТАЊЕ[2]. Razgraničavanje homonimnih termina opravdan je terminografski postupak jer jedan termin ne može imati dva značenja, odnosno dvije definicije. Autorica navodi i slučajeve u kojima su homonimi uvedeni zbog različitih konceptualnih okvira dvaju termina, što je također opravdano. U slučajevima kad u stručnoj terminologiji postoje sinonimni parovi ili nizovi, taj konflikt treba razriješiti. U ovome je rječniku tom problemu pristupljeno tako da se prednost daje terminima koji su široko prihvaćeni u upotrebi u makedonskoj znanstvenoj i nastavnoj praksi, koji se uklapaju u koncepciju rječnika i koji najpreciznije odražavaju značenje pojma. Tim je postupkom pokazana visoka svijest u terminološkom normiranju i ustustavljivanju terminologije. Nadalje, treba istaknuti i navođenje primjera kod pojedinih termina (usp. npr. ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ i ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ). Kod termina ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ primjer je rečenični i odnosi se na kontekst upotrebe termina u rečenici, a kod termina ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ primjeri su navedeni u obliku riječi ili sintagmi kojima se dodatno pojašnjava što sve obuhvaća navedeni termin. Oba su postupka u funkciji pojašnjenja termina korisniku i njegovu zornijem i lakšem usvajanju.

Kad je riječ o korištenoj literaturi pri nastanku ovoga rječnika, ona je podijeljena u tri podcjeline: 1. Monografije i znanstveni radovi (48 naslova), 2. Leksikografska izdanja (13 naslova) i 3. Koncepcijski i programski dokumenti povezani s nastavom (12 naslova). Literatura obuhvaća makedonske i inozemne izvore, a konzultirani naslovi odaju autoričinu iznimnu upućenost u stručna područja koja se u rječniku obrađuju. Navedeni su naslovi na makedonskom, ruskom, engleskom, hrvatskom i srpskom jeziku. Izbor literature odražava autoričin širok znanstveni obuhvat i poznavanje, uvjetno rečeno, dviju glavnih metodičkih škola – ruske i angloameričke, uključujući i spoznaje metodičkih stručnjaka iz regije. Na temelju navedenog nije teško zaključiti da su pri izradi rječnika u obzir uzete najrelevantnije i najaktualnije metodičke spoznaje te da rječnik koji je nastao na temelju navedene literature ima čvrstu fundiranost u teorijskom i praktičnom smislu.

Zaključno možemo istaknuti da je rukopis knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* prof. dr. sc. Gordane Aleksove iznimno vrijedno djelo, koje zbog svoje obuhvatnosti i sustavnosti u obradi termina, inovativnosti u okvirima makedonistike i slavistike, metodološke preciznosti, akribičnosti u pristupu i obradi građe, zbog primijenjenih terminoloških i terminografskih postupaka te zbog poznavanja stručne literature zavređuje najvišu recenzentsku ocjenu i zato *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* prof. dr. sc. Gordane Aleksove svesrdno preporučujemo za objavljivanje.

5. Ciljna skupina kojoj je djelo primarno namijenjeno:

Knjiga *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* autorsko je djelo prof. dr. sc. Gordane Aleksove. Stoga će je kao relevantan znanstveni izvor čitati znanstvenici koji se bave metodikom i nastavom makedonskoga jezika, makedonisti, slavisti,

opći lingvisti te drugi filolozi. U svakodnevnom nastavnom radu bit će posebno korisna osnovnoškolskim i srednjoškolskim nastavnicima makedonskog jezika koji žele usavršiti svoje metodičke kompetencije i ići u korak sa suvremenim spoznajama svoje struke. Budući da su među predviđenim čitateljima ove knjige i mladi kolege koji se fakultetski obrazuju i potrebna im je široka lepeza metodičkih znanja, vrlo je vjerojatno da će se knjigom služiti i studenti makedonskoga jezika, ali i drugih filoloških grupa. U širem društvenom kontekstu knjiga će biti korisna i znanstvenicima koji se bave izgradnjom strukovnih terminologija jer će iz njezine strukture, metodologije i terminografskih postupaka dobiti znanstveno fundiran uvid u obradu i prezentaciju terminološke građe. Naposljetku, knjiga može biti od velike koristi i za zainteresirane pojedince koji se ne bave metodikom nastave makedonskoga jezika, ali se žele uputiti u terminološki rad jer su ciljevi i metode rada sustavno izloženi, a rezultati jasno predstavljeni i znanstveno validirani. Knjiga će u svakom slučaju biti pouzdan izvor teorijskoga i praktičnoga znanja za širok krug čitatelja.

6. Društveni interes za objavom djela (s osobitim obzirom na relevantnost teme, interes znanstvene zajednice i postojanje tekstova o istoj ili srodnoj temi):

Društveni interes za objavljivanjem knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* prof. dr. sc. Gordane Aleksove golem je jer ovakav rječnik u makedonskoj znanstvenoj zajednici nema prethodnika. Dosad postoje pojedina djela slične tematike, ali ona su opsegom razmjerno malena ili nisu pisana na makedonskome jeziku. Stoga procjenjujemo da je društveno opravdano poduprijeti objavljivanje knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик*.

7. Prikladnost pristupa/metodologije djela:

Djelo je napisano u skladu sa suvremenim spoznajama znanstvenoistraživačkoga rada. U njemu se metodološki pravilno i relevantno iznosi, analizira i organizira jezična građa te se donose znanstveno validirani zaključci utemeljeni na valjanim dedukcijama. Detaljnije vidi pod točkom 4.

8. Prikladnost jezika, stila i bibliografskih normi:

Rukopis knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* napisano je primjerenim znanstvenim metajezikom te se odlikuje sustavnošću i dosljednošću terminografske i leksikografske obrade metodičke terminologije. Djelo je pisano znanstvenim stilom, a korištena bibliografija se navodi sustavno. Rječnički članci su primjereno organizirani, pregledni i razumljivi.

9. Znanstveni doprinos djela:

Znanstveni doprinos knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* jest sljedeći:

a) doprinosi proširenju znanstvenih spoznaja u području metodike nastave makedonskoga jezika, doprinosi usustavljivanju makedonskoga jezika, njegova terminološkoga sustava i opisa jer analiziranu terminološku i leksičku građu organizira i tumači metodološki prikladno, zadovoljavajući najviše kriterije znanstvenoistraživačkoga rada

b) doprinosi razvoju makedonske terminologije i makedonistike općenito zbog znanstveno fundiranoga pristupa, koji je potkrijepljen praktičnim rezultatima i ishodima; ovom knjigom, tj. terminološkim rječnikom korisnici će dobiti vjerodostojan, relevantan te teorijski i praktično čvrsto utemeljen prikaz makedonske metodičke terminologije

c) doprinosi izgradnji društvene svijesti o važnosti terminoloških istraživanja u makedonskome standardnom jeziku i promiče kulturu makedonskoga jezika kao važnu sastavnicu makedonskoga identiteta

d) doprinosi visokoškolskoj nastavi u kojoj će studenti dobiti pouzdan sveučilišni priručnik

e) doprinosi stručnom usavršavanju osnovnoškolskih i srednjoškolskih nastavnika makedonskog jezika koji žele usavršiti svoje metodičke kompetencije.

10. Konačno mišljenje o djelu i preporuka:

Rukopis knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* prof. dr. sc. Gordane Aleksove ocjenjujemo kao izvorno znanstveno djelo. To je rječnik nastao kao rezultat autoričina dugogodišnjeg znanstvenoistraživačkoga rada u području metodike nastave makedonskoga jezika. Prema odabranome korpusu termina, leksikografskoj obradi i

namjeni rječnik je nesumnjivo golem iskorak u makedonskoj metodičkoj i terminološkoj literaturi jer takvog rječnika u Republici Sjevernoj Makedoniji nema, a vjerujemo da će njegovo objavljivanje pridonijeti ukupnom razvoju makedonistike i općenito slavistike. Riječ je o djelu koje se odlikuje obuhvatnošću i sustavnošću obrade termina, utemeljeno je na inovativnome pristupu, metodološkoj preciznosti i akribičnosti. Korist od objave djela imat će znanstvenici koji se bave metodikom i nastavom makedonskoga jezika, makedonisti, slavisti, opći lingvisti te drugi filolozi. U smislu razvoja praktičnih vještina i cjeloživotnog obrazovanja bit će posebno vrijedno osnovnoškolskim i srednjoškolskim nastavnicima makedonskog jezika, a vrlo je vjerojatno da će se knjigom služiti i studenti makedonskoga jezika i drugih filoloških grupa.

Zaključno, na temelju vlastitog terminološkog i leksikografskog rada vjerujem da će ovaj rječnik metodičkih termina nakon objavljivanja biti vrijedan i nezaobilazan doprinos razvoju makedonske metodike, terminologije i makedonistike u cijelosti. S obzirom na autoričin dugogodišnji predani rad u struci, koji se odražava na svim razinama izrade ovoga rječnika, ali i na otvorenost interdisciplinarnosti, uključujući i nove tehnologije poput umjetne inteligencije, četbotove i onlajn nastavu, njegova recepcija u makedonskoj javnosti bit će više nego dobrodošla.

Zbog svega navedenoga svesrdno podupirem objavljivanje knjige *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* prof. dr. sc. Gordane Aleksove te predlažem da se za navedenu knjigu odobri financiranje.

dr. sc. Kristian Lewis
znanstveni savjetnik

Предмет: Рецензија на ракописот на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од авторката проф. д-р Гордана Алексова

1. Податоци за рецензентот:

- **име и презиме**: д-р Кристијан Луис (Kristian Lewis), научен советник
- **број на научникот во Регистарот на научници**: 246086
- **институција во која е вработен**: Институт за хрватски јазик, Ulica Republike Austrije 16, Загреб, Република Хрватска
- **електронска адреса**: klewis@ihjj.hr
- **лична страница**: https://ihjj.hr/istrazivac/kristian-lewis/67/
- **кратка биографија на рецензентот**:

Д-р Кристијан Луис (Kristian Lewis) е научен советник во Институтот за хрватски јазик во Загреб и раководител на Одделот за хрватски стандарден јазик. Подрачја на неговиот научен интерес се хрватскиот стандарден јазик, терминологијата, лексикологијата и лексикографијата. Тој е еден од авторите на *Prvi školski rječnik hrvatskoga jezika* (2008), *Školski rječnik hrvatskoga jezika* (2012), *Hrvatski pravopis* (2013) и *Prvi školski pravopis hrvatskoga jezika* (2016). Бил соработник на пет терминолошки проекти на Хрватската фондација за наука: *Izgradnja hrvatskoga kemijskog nazivlja* (2008–2011), *Hrvatsko brodostrojarsko nazivlje* (2009–2011), *Kartografsko-geoinformatički rječnik* (2011), *Usustavljivanje hrvatskoga građevinskog nazivlja* (2011) и *Hrvatsko jezikoslovno nazivlje* (2022–2023), како и на три меѓународни терминолошки проекти на Меѓународниот славистички комитет: *Slavenska terminologija na kraju 20. i na početku 21. stoljeća* (2013–2018), *Terminografska baza podataka TERM_IN – Slavenska terminografija (1990–2017)* (2018–2023) и *Rječnik terminološkoga nazivlja* (2018–2023). Бил уредник на книгата *Hrvatsko vojno nazivlje kroz stoljeća* од Далибор Вргоч (2022) и на речникот *Hrvatsko brodostrojarsko nazivlje* (2015), како и рецензент на книги со терминолошка тематика: *The Cambridge Handbook of Slavic Linguistics* од Вејлес Браун и Данко Шипка (2024), *Rječnik novinarskoga žargona* од Лана Худечек и Вицко Крампус (2023), *Leksikografska obradba naziva* од Хелена Павлетиќ (2019) и *Enciklopedijski rječnik analitičkoga nazivlja* од Марија Каштелан-Мацан (2014). Повеќегодишен претседател е на Организацискиот одбор на терминолошката тркалезна маса *Hrvatska terminologija u europskome kontekstu*, во организација на Хрватската академија на науките и уметностите, Институтот за хрватски јазик и Хрватското антрополошко друштво. Двапати ја добил Наградата на Град Загреб (2021 и 2013) и наградата *Ivan Filipović* (2017 и 2014). Од 2013 година е член на Терминолошката комисија на Меѓународниот славистички комитет од Република Хрватска, а од 2018 година е член на Комисијата за лексикологија и лексикографија на Меѓународниот славистички комитет од Република Хрватска.

Избор на авторски трудови со терминолошка тематика:

1. Belaj, Branimir; … **Lewis, Kristian**; … Vukša Nahod, Perina. 2024. *Rječnik jezikoslovnoga nazivlja*. Zagreb : Institut za hrvatski jezik.

2. Mihaljević, Milica; Hudeček, Lana; **Lewis, Kristian**. 2024. *Pandemijsko nazivlje*, u: *Anatomija rječnika: Hrvatski mrežni rječnik – Mrežnik*, ur. Lana Hudeček, Milica Mihaljević i Željko Jozić, Zagreb : Institut za hrvatski jezik, str. 338–357.

3. Barbarić, Vuk-Tadija; **Lewis, Kristian**. 2024. *Od Andrijina križa do andrijina križa: religijska imena i nazivi*, Hrvatski jezik, XI. godište, br. 2, str. 1–7.

4. **Lewis, Kristian**; Vrgoč, Dalibor. 2023. *Povijest naziva* cjepivo *u hrvatskoj leksikografiji*, Rasprave: Časopis Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje, 49/2, str. 297–322.

5. Mihaljević, Milica; Hudeček, Lana; **Lewis, Kristian**. 2022. *Coronavirus-related neologisms: A challenge for Croatian standardology and lexicography*, u: *Lexicography of Coronavirus-related Neologisms*, Lexicographica, Series Maior, ur. Annette Klosa-Kückelhaus i Ilan Kernerman, Berlin – Boston : De Gruyter, str. 165–189.

6. **Lewis, Kristian**. 2021. *Internacionalizmi i domaće riječi u hrvatskome i ruskome traduktološkom nazivlju*, Studia lexicographica, sv. 15, br. 29, str. 69–82.

7. **Lewis, Kristian**. 2020. *Dodirnojezikoslovno i traduktološko nazivlje*, u: *Hrvatsko jezikoslovno nazivlje*, ur. Milica Mihaljević, Lana Hudeček i Željko Jozić, Zagreb : Institut za hrvatski jezik i jezikoslovlje, str. 345–360.

8. **Lewis, Kristian**. 2020. *False Friends in Terminology: Croatian Lost in Translation*, Rasprave: Časopis Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje, 46/1, str. 141–164.

9. Hudeček, Lana; **Lewis, Kristian**; Mihaljević, Milica. 2019. *Hrvatski terminološki rječnici, leksikoni i enciklopedije u 20. stoljeću*, u: *Povijest hrvatskoga jezika*, 6. knjiga, gl. ur. Ante Bičanić, Zagreb : Croatica, str. 91–156.

10. **Lewis, Kristian**. 2018. *Usustavljivanje uporabe velikoga i maloga početnog slova u hrvatskome religijskom nazivlju*, Вісник Термінологічної комісії при Міжнародному комітеті славістів, br. 2, str. 134–149.

2. Вид на научната или стручната книга: научна авторска книга (терминолошки речник).

3. Изворност на делото: оригинално научно дело на македонски јазик.

4. Научна или стручна релевантност на темата на делото:

Ракописот на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од авторката проф. д-р Гордана Алексова е резултат на нејзината долгогодишна научноистражувачка работа во областа на методиката на наставата по македонски јазик. Оттука, оваа книга претставува единствен, научно заснован, методолошки исклучително систематичен и современ речник на термините што се употребуваат во методиката на наставата по македонски јазик. Според избраниот терминолошки корпус, лексикографската обработка и намената, речникот несомнено претставува голем исчекор во македонската методичка и терминолошка литература, бидејќи ваков речник досега не постои во Република Северна Македонија. Со оглед на тоа што речникот е изработен во рамките на научноистражувачкиот проект *Лексикографската дејност како интегрален дел од филолошките науки*, кој се спроведува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а е поддржан од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, можеме да истакнеме дека станува збор и за исклучителен резултат на овој амбициозен лексикографско-терминолошки проект, чии резултати значително ќе придонесат и за целокупниот развој на македонистиката и на славистиката воопшто.

Ракописот на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* има 103 страници, односно 131 авторски картон. Содржината на книгата е поделена во следниве целини: 1. Предговор (стр. 2–10), 2. Речник (стр. 11–99) и Литература (стр. 100–103). Во предговорот, авторката детално и на повеќе рамништа ја образложува мотивацијата за создавањето на книгата, објаснувајќи дека методиката на наставата по македонски јазик одамна ја надминала својата традиционална улога и денес се развива како интегративно научно подрачје што ги вклучува лингвистичките, дидактичките, педагошките, психолошките, културолошките, социолошките, медиумските и дигиталните сознанија, како и современите теории на учењето, комуникацијата и образованието. Таквото сфаќање во голема мера се огледува во структурата на речникот, кој ги содржи главните и, од методички аспект, неопходни термини поврзани со сите наведени науки и научни дисциплини. Се истакнува и проблемот што го засега секој терминолог, терминограф, а последователно и лексикограф: неусогласеноста на терминологијата, разликите во дефинициите и непрецизноста на значенските описи на термините. Со детектирањето и наведувањето на овие предизвици, авторката јасно покажува дека нејзините терминолошки избори се

направени по темелно промислување и проценување на валидноста на дефинициите, што не е ниту едноставна ниту брза постапка, со што и методолошката компонента на изработката на речникот значително се усложнува. Резултатот од работата на овој речник, сепак, сведочи за педантност, повеќеразвојна свест за терминолошките предизвици и исклучителна чувствителност во лексикографската работа. Пред сè, тоа се однесува на внесувањето современи стручни термини со земање предвид на компетенцискиот пристап, дигитализацијата на наставата, интерактивното и истражувачкото учење, мултимодалната комуникација, интеркултурното образование и другите современи и актуелни процеси на учење и поучување. Во таа смисла, речникот и според концепцијата и според реализацијата е единствено и иновативно дело што придонесува за развојот на македонската и пошироката славистичка методика и терминологија.

Главниот дел од ракописот се однесува на речникот на методичките термини. Во него се застапени 352 термини поврзани со методиката, односно, во поширока смисла, со наставата по македонски јазик. Термините се дадени по азбучен ред, а се застапени еднозборни, двозборни и повеќезборни термини. По наведувањето на терминот следува терминолошка дефиниција со која јасно, недвосмислено и функционално се определува опфатот на опишаниот поим. Дефинициите се содржински информативни, а голема вредност на речникот претставува фактот што меѓу термините се воспоставуваат значенски врски, на кои се упатува со одредницата *в.* (*види*). Со тоа на корисникот иницијално му се дава информација за значенските и терминолошките врски меѓу термините, со што се олеснува структурирањето на знаењето и концептуалното поврзување на поимите. Истиот пристап е применет и при поврзувањето на надредените и подредените термини. Треба да се истакне дека сите постапки на поврзување на термините во речникот се методолошки систематски наведени во предговорот, така што корисниците добиваат јасна информација според кое начело е воспоставено поврзувањето. Термините на кои се упатува, доколку се повеќе, главно се наведени по азбучен ред. Тоа овозможува поголема прегледност и му овозможува на корисникот полесно снаоѓање во речникот. Во случаите во кои се отстапува од наведувањето на термините по азбучен ред, тоа се прави поради хиерархиската или логичката организација на терминолошкиот материјал. Во речникот се среќаваат и хомонимни термини, означени со експоненти, како РЕФЛЕКСИЈА[1] и РЕФЛЕКСИЈА[2] или ЧИТАЊЕ[1] и ЧИТАЊЕ[2]. Разграничувањето на хомонимните термини е оправдана терминографска постапка, бидејќи еден термин не може да има две значења, односно две дефиниции. Авторката наведува и случаи во кои хомонимите се воведени поради различните концептуални рамки на двата термина, што исто така е оправдано. Во случаите кога во стручната терминологија постојат синонимни парови или низи, тој конфликт треба да се разреши. Во овој речник на тој проблем му е пристапено така што предност им се дава на термините што се широко прифатени во употребата во македонската научна и наставна практика, што се вклопуваат во концепцијата на речникот и што најпрецизно го одразуваат значењето на поимот. Со оваа постапка е покажана висока свест за терминолошкото нормирање и систематизирање на терминологијата. Понатаму, треба да се истакне и наведувањето примери кај одделни термини (сп. на пр. ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ и ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ). Кај терминот ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ, примерот е реченичен и се однесува на контекстот на употреба на терминот во реченица, додека кај терминот ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ, примерите се наведени во форма на зборови или синтагми со кои дополнително се појаснува што сè опфаќа наведениот термин. Двете постапки се во функција на појаснување на терминот за корисникот и на негово посликовито и полесно усвојување.

Кога станува збор за користената литература при создавањето на овој речник, таа е поделена во три потцелини: 1. Монографии и научни трудови (48 наслови), 2. Лексикографски изданија (13 наслови) и 3. Концепциски и програмски документи поврзани со наставата (12 наслови). Литературата опфаќа македонски и странски извори, а консултираните наслови сведочат за исклучителната упатеност на авторката

во стручните области што се обработуваат во речникот. Наведени се наслови на македонски, руски, англиски, хрватски и српски јазик. Изборот на литературата го одразува широкиот научен опфат и познавањето на авторката на, условно кажано, двете главни методички школи – руската и англоамериканската, вклучително и сознанијата на методичарите од регионот. Врз основа на наведеното, не е тешко да се заклучи дека при изработката на речникот се земени предвид најрелевантните и најактуелните методички сознанија и дека речникот создаден врз основа на наведената литература има цврста теориска и практична заснованост.

Заклучно можеме да истакнеме дека ракописот на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од проф. д-р Гордана Алексова е исклучително вредно дело, кое поради својата сеопфатност и систематичност во обработката на термините, иновативноста во рамките на македонистиката и славистиката, методолошката прецизност, акрибичноста во пристапот и обработката на материјалот, применетите терминолошки и терминографски постапки, како и познавањето на стручната литература, ја заслужува највисоката рецензентска оценка и затоа ракописот *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од проф. д-р Гордана Алексова сесрдно го препорачуваме за објавување.

5. Целна група на која делото првенствено ѝ е наменето:

Книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* е авторско дело на проф. д-р Гордана Алексова. Оттука, како релевантен научен извор ќе ја користат научниците што се занимаваат со методиката и наставата по македонски јазик, македонистите, славистите, општите лингвисти и другите филолози. Во секојдневната наставна работа особено ќе им биде корисна на основношколските и средношколските наставници по македонски јазик кои сакаат да ги усовршат своите методички компетенции и да ги следат современите сознанија во својата струка. Бидејќи меѓу предвидените читатели на оваа книга се и младите колеги кои се образуваат на факултет и на кои им е потребен широк спектар методички знаења, многу е веројатно дека со книгата ќе се служат и студентите по македонски јазик, но и студентите на другите филолошки групи. Во поширок општествен контекст, книгата ќе биде корисна и за научниците кои се занимаваат со изградба на стручни терминологии, бидејќи од нејзината структура, методологија и терминографски постапки ќе добијат научно заснован увид во обработката и презентацијата на терминолошкиот материјал. Конечно, книгата може да биде од голема корист и за заинтересирани поединци кои не се занимаваат со методиката на наставата по македонски јазик, но сакаат да се запознаат со терминолошката работа, бидејќи целите и методите на работата се систематски изложени, а резултатите јасно претставени и научно валидирани. Книгата во секој случај ќе биде сигурен извор на теориски и практични знаења за широк круг читатели.

6. Општествен интерес за објавување на делото (со особено внимание на релевантноста на темата, интересот на научната заедница и постоењето текстови на иста или сродна тема):

Општествениот интерес за објавувањето на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од проф. д-р Гордана Алексова е голем, бидејќи ваков речник нема свој претходник во македонската научна заедница. Досега постојат одделни дела со слична тематика, но тие се релативно ограничени по обем или не се напишани на македонски јазик. Оттука, оценуваме дека од општествен аспект е оправдано да се поддржи објавувањето на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик.*

7. Соодветност на пристапот/методологијата на делото:

Делото е напишано во согласност со современите сознанија на научноистражувачката работа. Во него методолошки правилно и релевантно се изнесува, се анализира и се организира јазичниот материјал и се даваат научно валидирани заклучоци засновани врз валидни дедукции. Подетално види во точка 4.

8. Соодветност на јазикот, стилот и библиографските норми:

Ракописот на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* е напишан со соодветен научен метајазик и се одликува со систематичност и доследност во терминографската и лексикографската обработка на методичката терминологија. Делото е напишано во научен стил, а користената библиографија е наведена систематски. Речничките статии се соодветно организирани, прегледни и разбирливи.

9. Научен придонес на делото:

Научниот придонес на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* е следниов:

а) придонесува за проширување на научните сознанија во областа на методиката на наставата по македонски јазик, придонесува за систематизирање на македонскиот јазик, неговиот терминолошки систем и неговиот опис, бидејќи анализираниот терминолошки и лексички материјал го организира и го толкува на методолошки соодветен начин, задоволувајќи ги највисоките критериуми на научноистражувачката работа;

б) придонесува за развојот на македонската терминологија и македонистиката воопшто поради научно заснованиот пристап, поткрепен со практични резултати и исходи; со оваа книга, односно со терминолошкиот речник, корисниците ќе добијат веродостоен, релевантен и теориски и практично цврсто заснован приказ на македонската методичка терминологија;

в) придонесува за создавање општествена свест за важноста на терминолошките истражувања во македонскиот стандарден јазик и ја промовира културата на македонскиот јазик како важна составница на македонскиот идентитет;

г) придонесува за високошколската настава, во која студентите ќе добијат сигурен универзитетски прирачник;

д) придонесува за стручното усовршување на основношколските и средношколските наставници по македонски јазик кои сакаат да ги усовршат своите методички компетенции.

10. Конечно мислење за делото и препорака:

Ракописот на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од проф. д-р Гордана Алексова го оценуваме како оригинално научно дело. Тоа е речник создаден како резултат на долгогодишната научноистражувачка работа на авторката во областа на методиката на наставата по македонски јазик. Според избраниот терминолошки корпус, лексикографската обработка и намената, речникот несомнено претставува голем исчекор во македонската методичка и терминолошка литература, бидејќи ваков речник не постои во Република Северна Македонија, а веруваме дека неговото објавување ќе придонесе за целокупниот развој на македонистиката и на славистиката воопшто. Станува збор за дело што се одликува со сеопфатност и систематичност во обработката на термините и се темели врз иновативен пристап, методолошка прецизност и акрибичност. Корист од објавувањето на делото ќе имаат научниците кои се занимаваат со методиката и наставата по македонски јазик, македонистите, славистите, општите лингвисти и другите филолози. Во смисла на развојот на практичните вештини и доживотното образование, особено вредно ќе биде за основношколските и средношколските наставници по македонски јазик, а многу е веројатно дека со книгата ќе се служат и студентите по македонски јазик и на другите филолошки групи.

Заклучно, врз основа на сопствената терминолошка и лексикографска работа, верувам дека овој речник на методички термини по објавувањето ќе претставува вреден и неопходен придонес за развојот на македонската методика, терминологија и македонистика во целина. Со оглед на долгогодишната посветена работа на авторката во струката, која се одразува на сите рамништа на изработката на овој речник, но и на

отвореноста кон интердисциплинарноста, вклучително и кон новите технологии, како што се вештачката интелигенција, четботовите и онлајн наставата, неговата рецепција во македонската јавност ќе биде повеќе од добредојдена.

Поради сè што е наведено погоре, сесрдно го поддржувам објавувањето на книгата *Речник на методички термини од наставата по македонски јазик* од проф. д-р Гордана Алексова и предлагам за наведената книга да се одобри финансирање.

РЕЦЕНЗЕНТ
Д-р Кристијан Луис (Kristian Lewis),
научен советник, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ФРАЗЕОЛОШКАТА СЛИКА НА СМРТТА: ЛИНГВОКУЛТУРОЛОШКА И КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БИЉАНА МИРЧЕВСКА-БОШЕВА И ПРОФ. Д-Р ЃОКО НИКОЛОВСКИ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 17.6.2026 година, ме избра за рецензентка за оцена на монографијата ФРАЗЕОЛОШКАТА СЛИКА НА СМРТТА: ЛИНГВОКУЛТУРОЛОШКА И КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА од проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева и проф. д-р Ѓоко Николовски.

Прифаќајќи ја со задоволство доверената задача, чест ми е да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Монографијата „Фразеолошката слика на смртта: лингвокултуролошка и концептуална анализа“ претставува оригинално научно дело кое обработува едно од најкомплексните и културолошки најобременети семантички полиња во јазикот – концептот на смртта. Авторите го истражуваат овој универзален човечки феномен преку анализа на фразеолошките единици во македонскиот и во словенечкиот јазик, комбинирајќи современи пристапи од фразеологијата, когнитивната лингвистика, лингвокултурологијата и од компаративната лингвистика. Трудот се одликува со јасно дефинирана научна концепција и аргументирана интерпретација на добиените резултати.

Се состои од Предговор, Вовед, 3 поглавја, Заклучок, Користена литература и Индекс на примери од македонскиот и од словенечкиот јазик.

Особена вредност на трудот претставува внимателно разработената теоретска рамка, во која авторите ги интегрираат најрелевантните сознанија од фразеолошките истражувања. Темата на смртта не е разгледана исклучиво како биолошка или филозофска категорија, туку како културно и јазично конструиран концепт кој се рефлектира во фразеолошкиот систем на двата словенски јазика. На тој начин, монографијата го надминува описното ниво и нуди подлабоко толкување на механизмите преку кои јазикот ги концептуализира искуствата поврзани со смртта.

Методолошкиот пристап е прецизно осмислен и доследно применет. Истражувањето се темели врз богат корпус од речиси петстотини македонски и словенечки фраземи ексцерпирани од релевантни фразеолошки и толковни речници на македонскиот и на словенсчкиот јазик. Ваквиот репрезентативен корпус овозможува сигурна основа за споредбена анализа и за изведување научно оправдани заклучоци.

Во аналитичкиот дел треба да се истакне лингвокултуролошката анализа на фразеолошките единици во три големи тематски целини – приближување на смртта, самиот чин на умирањето и постсмртниот период која претставува иновативен модел што успешно се применува врз двата јазика. Авторите систематски ги обработуваат и различните концептуални модели преку кои смртта се претставува во фразеологијата: како разделување на душата од телото (*душата му е во забите, imeti dušo na jeziku)*, патување кон другиот свет (*се пресели на оној свет*, *preseliti se na drugi svet*), вечен сон (*заспа за навек*, *zaspati za večno)*, гаснење на светлината (*животот му згасне, življenje ugaša/ugasne)* како и преку бројни религиозни, митолошки и културни симболи. Анализата не се задржува само на формалните еквиваленти, туку ги открива мотивираноста, симболиката и културната заднина, што овозможува подлабоко разбирање на јазичната слика на светот кај двата народа. Особено е значајно што авторите успеваат да ги идентификуваат и универзалните, и национално специфичните карактеристики на фразеолошката концептуализација на смртта (*пченицата в уста си ја носи, matilda je pobrala koga)*. Од една страна се потврдуваат бројни универзални

културни модели, а од друга страна се издвојуваат специфични национални фразеолошки решенија, условени од историските, религиозните и културните особености на македонската и на словенечката јазична средина.

Стилот на изложување е научен, јасен и прецизен. Аргументацијата е логично изградена, а бројните примери од двата јазика овозможуваат лесно следење на анализата и потврдување на изнесените ставови. Библиографијата е современа, разновидна и релевантна, што дополнително ја потврдува научната заснованост на истражувањето.

Монографијата има значајна научна и практична вредност. Нејзините резултати можат успешно да се применат во понатамошните истражувања од областа на фразеологијата, когнитивната лингвистика, етнолингвистиката, преведувањето, лексикографијата и наставата по словенски јазици. Трудот претставува драгоцена основа за идни интердисциплинарни истражувања на концептите поврзани со животот, смртта и културната симболика во различни јазични заедници, а истовремено значително придонесува и за развојот на споредбената фразеологија и словенската лингвокултурологија.

Врз основа на сето наведено, може да се констатира дека монографијата „Фразеолошката слика на смртта: лингвокултуролошка и концептуална анализа“ претставува оригинален научен придонес во областа на современата словенска фразеологија, споредбената лингвистика и лингвокултурологијата. Истражувањето се одликува со научна релевантност, методолошка прецизност и интердисциплинарен пристап, поради што претставува значајно збогатување на научната литература од оваа област.

Со оглед на неговата научна вредност, оригиналност и придонес во развојот на современите лингвистички истражувања, со особено задоволство ја препорачувам оваа монографија за објавување.

10.8.2026 г., Скопје

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Катерина Велјановска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ФРАЗЕОЛОШКАТА СЛИКА НА СМРТТА: ЛИНГВОКУЛТУРОЛОШКА И КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БИЉАНА МИРЧЕВСКА-БОШЕВА И ПРОФ. Д-Р ЃОКО НИКОЛОВСКИ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 17.6.2026 година, ме избра за рецензентка за оцена на монографијата ФРАЗЕОЛОШКАТА СЛИКА НА СМРТТА: ЛИНГВОКУЛТУРОЛОШКА И КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА од проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева и проф. д-р Ѓоко Николовски.

Прифаќајќи ја со задоволство доверената задача, чест ми е да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Монографијата „Фразеолошката слика на смртта: лингвокултуролошка и концептуална анализа“ претставува значаен научен придонес во областа на фразеологијата на словенските јазици. Станува збор за современо и интердисциплинарно истражување кое ја разработува фразеолошката слика на смртта во македонскиот и во словенечкиот јазик, отворајќи нови перспективи за проучување на врската помеѓу јазикот, културата и човековото поимање на една од најуниверзалните егзистенцијални категории.

Предметот на истражувањето е научно мошне актуелен и релативно недоволно обработен во фразеологијата на македонскиот и на словенечкиот јазик. Авторите успешно покажуваат дека фразеологијата не претставува само збир на фразеолошки единици, туку и значаен носител на културната меморија, колективните претстави и вредносните системи на една јазична заедница. Преку анализата на фраземите што го именуваат или го концептуализираат поимот смрт, се откриваат длабоки когнитивни модели и културни обрасци кои се втемелени во традицијата, религијата и историското искуство на двата народа.

Монографијата се одликува со јасно осмислена структура која овозможува постепено и систематско воведување во предметот на истражувањето. Композицијата е организирана во седум тематски поврзани целини што се надоврзуваат една на друга и водат од теоретските и методолошките основи кон аналитичкиот дел и конечните заклучоци. По предговорот, авторите најнапред ги определуваат јазичниот корпус, предметот, целите и истражувачкиот пристап, а во второто поглавје нудат релевантен теориски преглед на фразеологијата и ги разработуваат клучните современи пристапи во нејзиното проучување – етимолошкиот, лингвокултуролошкиот, компаративниот и когнитивниот. Следното поглавје е посветено на концептот на смртта, во кое феноменот се разгледува од повеќе дисциплинарни перспективи: биолошка, филозофска, митолошка, психолошка и лингвистичка. Во четвртото поглавје, авторите доследно ја применуваат претходно воспоставената методологија преку лингвокултуролошка и концептуална анализа на корпусот, додека завршните делови – заклучокот, библиографијата и индексот – ја заокружуваат монографијата како научно и технички добро организирана целина.

Заслужува посебно нагласување фактот дека анализата се темели врз богат фонд фразеолошки единици собрани од релевантни македонски и словенечки фразеолошки и толковни речници, што обезбедува висока репрезентативност и научна веродостојност на добиените резултати. Авторите внимателно ги селектираат, ги систематизираат и ги интерпретираат фраземите, при што применуваат јасно дефинирана методологија која овозможува доследно споредување на материјалот во двата јазика. Лингвокултуролошкото разгледување на фразеолошката слика на смртта, од нејзиното приближување, преку самиот чин на умирањето, до постсмртните

претстави, овозможува подлабок увид во заемната поврзаност на јазикот и на културата. Во анализата, авторите покажуваат исклучително чувство за семантичките нијанси, симболичките значења и културните мотиви што се кријат зад фразеолошките единици. Особено внимание е посветено на концептите: душа, живот, светлина, земја, патување, вечен сон и др. Со тоа, монографијата ги комбинира лингвокултуролошкиот и когнитивниот пристап при толкувањето на јазичниот материјал. Важен придонес претставува и прецизното разграничување помеѓу универзалните и културно специфичните модели во двата јазика. Авторите аргументирано покажуваат дека голем број фраземи се засноваат врз општите човечки претстави за смртта, додека други ја одразуваат специфичната религиска, историска и културна традиција на македонската и на словенечката јазична средина.

Текстот се одликува со високо научно ниво, јасен стил и прецизна терминологија. Авторите успешно воспоставуваат рамнотежа помеѓу теоретската аргументација и богатата емпириска анализа, при што бројните примери овозможуваат лесно следење на изнесените заклучоци. Библиографијата опфаќа релевантна домашна и меѓународна литература и сведочи за темелното познавање на современите достигнувања во областа. Резултатите од анализата во монографијата можат да најдат примена во македонската и во словенечката наука за јазикот, но и во други сродни области во чиј фокус може да се најдат животот, смртта и културната симболика.

Врз основа на изнесеното, оценувам дека монографијата „Фразеолошката слика на смртта: лингвокултуролошка и концептуална анализа“ претставува оригинално, научно релевантно и методолошки издржано истражување кое значително ја збогатува современата славистичка литература. Авторите даваат значаен придонес во развојот на споредбената фразеологија и лингвокултурологијата, отворајќи нови можности за понатамошни научни истражувања.

Имајќи ги предвид научната оригиналност, високото методолошко ниво и несомнениот придонес во современата лингвистичка наука, со особено задоволство ја препорачувам монографијата за објавување.

12.8.2026 г., Скопје

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ОД ОБЛАСТА НА ФРАЗЕОЛОГИЈАТА “ ОД АВТОРКИТЕ ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ВЕЛЈАНОВСКА И ПРОФ. Д-Р БИЉАНА МИРЧЕВСКА-БОШЕВА

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 17.6.2026 година, ме избра за рецензентка за оцена на ракопис ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ОД ОБЛАСТА НА ФРАЗЕОЛОГИЈАТА од проф. д-р Катерина Велјановска и проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева.

Прифаќајќи ја со задоволство доверената задача, чест ми е да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Трудот **Терминолошки речник од областа на фразеологијата** е компјутерски текст поделен на неколку тематски целини: Вовед, Речник, Список на термини, Кратенки на изворите и Користена литература. Воведот е составен од неколку поднаслови: **Фразеологијата како научна дисциплина**, **Развој на фразеолошките истражувања во македонскиот јазик**, **Терминологија**, **Терминолошки предизвици во фразеологијата**, **Корпус и извори** и **Структура на речничка статија**.

Во воведниот дел, авторките ја образложуваат потребата од изработка на првиот самостоен терминолошки речник од областа на фразеологијата на македонски јазик, истакнувајќи дека и покрај долгогодишните терминолошки истражувања во рамките на макропроектот „Македонска научна и стручна терминологија“ при Македонската академија на науките и уметностите, досега не е изработен терминолошки речник што ќе ги систематизира и ќе ги дефинира основните поими од оваа лингвистичка дисциплина. Како основна цел на речникот се наведуваат стандардизирањето на терминологијата, прецизното дефинирање на клучните поими и нивното усогласување со терминолошките системи на другите словенски јазици.

Во поднасловот „Фразеологијата како научна дисциплина“, авторките ги разгледуваат основните теоретски поставки на фразеологијата како лингвистичка дисциплина, при што посебно внимание е посветено на поимот фразема, нејзините суштински карактеристики и местото што го зазема во современите фразеолошки истражувања.

Во поднасловот „Развој на фразеолошките истражувања во македонскиот јазик“ е даден преглед на развојот на оваа научна дисциплина. Авторките ги претставуваат почетоците на систематското проучување на фразеологијата, поврзани со трудовите на Јашар-Настева, Стаматовски, Пеев и други истражувачи, а потоа го следат развојот на оваа дисциплина до современите компаративни и интердисциплинарни истражувања. Особено се нагласува значењето на македонската фразеологија во поширокиот словенски контекст и современите правци на нејзиниот развој.

Посебен дел е посветен на терминологијата и терминолошките предизвици во фразеологијата. Авторките ги разгледуваат различните определби на термините и нивните карактеристики, потпирајќи се врз релевантна домашна и странска литература. Посебно внимание е посветено на терминолошката варијантност во македонската и во другите словенски традиции, при што, врз основа на обемна анализа на научната литература, аргументирано се определуваат за терминот „фразема“ како основен термин во речникот.

Во делот „Корпус и извори“ е претставена методологијата на изработка на речникот. Авторките наведуваат дека термините се ексцерпирани од научни монографии, докторски дисертации, магистерски трудови, фразеолошки и терминолошки речници, како и од научни статии на македонски и на други словенски

јазици. Речникот опфаќа вкупно 136 дефинирани термини, со што претставува најобемен и најсистематизиран терминолошки опис на оваа научна област на македонски јазик. Во последниот дел е опишана структурата на речничката статија, која содржи дефиниции, дополнителни објаснувања и примери, распоредени по азбучен ред, со што се обезбедува јасна и функционална организација на материјалот.

Најобемниот дел од трудот го зафаќа самиот терминолошки речник, изработен според јасно утврдена и доследно применета структура на речничката статија. Заглавниот термин е издвоен со големи затемнети букви, по што следува прецизна дефиниција, а по потреба и дополнително објаснување. За најголемиот дел од термините се приложени и илустративни примери, дадени во курзив и со упатување на изворот. Кај одделни статии се наведуваат и терминолошки варијанти и упатувања кон сродни поими, што дополнително ја зголемува научната и практичната вредност на речникот.

По речничкиот дел следуваат азбучен список на обработените термини, кратенки на користените извори и обемен список на литература, што овозможуваат лесно користење на речникот и ја потврдуваат неговата темелна научна заснованост.

Пред нас е труд што претставува значаен придонес за македонската лингвистика, особено за фразеологијата, терминологијата и лексикографијата. Авторките успешно ги синтетизираат современите научни сознанија од областа на словенската фразеологија, ги согледуваат терминолошките проблеми во домашната и во странската литература и нудат аргументирани решенија за нивно надминување. Станува збор за оригинален и значаен научен труд, кој ќе претставува појдовна основа за идните терминолошки, фразеолошки и лексикографски истражувања. Речникот ќе биде корисен не само за научните работници и студентите, туку и за преведувачите, лексикографите и за сите што се занимаваат со проучување на фразеологијата и терминологијата.

Со оглед на сето погоре наведено, сметам дека трудот **Терминолошки речник од областа на фразеологијата** ги исполнува научните и стручните критериуми за објавување и со задоволство препорачувам да биде одобрен за печатење.

8.7.2026 г.,
Скопје

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова, с.р.

Predmet: Recenzija rukopisa knjige *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* autorica prof. dr. sc. Katerine Veljanovske i prof. dr. sc. Biljane Mirčevske-Boševe

11. **Datum recenziranja:**
    13. kolovoza 2026.
12. **Podatci o recenzentu:**
    - ime i prezime: dr. sc. Barbara Kovačević, znanstvena savjetnica u trajnome izboru
    - matični broj upisa u Upisnik znanstvenika : 229844
    - ustanova zaposlenja: Institut za hrvatski jezik, Ulica Republike Austrije 16, Zagreb, Hrvatska
    - elektronička adresa: bkova@ihjj.hr
    - kratki životopis koji recenzenta kvalificira za recenziju ovoga rukopisa:

Dr. sc. Barbara Kovačević, znanstvena savjetnica u trajnom izboru magistrirala je i doktorirala temama iz povijesne i suvremene frazeologije (*Frazeologija Danice ilirske*; *Hrvatska somatska frazeologija*), napisala je sedamdesetak znanstvenih i znanstveno-popularnih radova iz područja hrvatske frazeologije. Objavila je samostalno monografije *Hrvatski frazemi od glave do pete* (2012) i *Pričam ti priču… (Male frazemske etimolofije*) (2024), a u suautorstvu *Bibliografiju hrvatske frazeologije s frazeobibliografskim rječnikom* (2012, 2017, 2023) i *Rječnik hrvatskih animalističkih frazema* (2017). Također, obrađivala je frazeologiju u općem *Školskom rječniku hrvatskoga jezika* (2012) i prvom hrvatskom općem elektroničkom rječniku *Hrvatski mrežni rječnik* (Mrežnik), a ima i iskustva rada u bazama jer je sudjelovala u izradi *Baze frazema hrvatskoga jezika* (http://frazemi.ihjj.hr/), *Bazi frazemskih etimologija* (http://hrvatski.hr/frazemi) i *Bazi hrvatskih somatskih frazema* (u izradi). Godine 2017. sa suautorima je dobila Godišnju nagradu Filozofskoga fakulteta u Zagrebu za *Rječnik hrvatskih animalističkih frazema*. Potpredsjednica je Odjela za hrvatsku i poredbenu frazeologiju Hrvatskoga filološkoga društva. U časopisu *Hrvatski jezik* urednica je i autorica rubrike *Od A do Ž* u kojoj se iz broja u broj, već deset godina, donose male frazemske etimologije. Za ocjenu ovoga rukopisa posebno ju kvalificira dugogodišnji rad na ustavljivanju hrvatske frazeološke terminologije o kojoj je pisala u monografiji *Hrvatsko jezikoslovno nazivlje – JENA* (2023). Rezultati njezine terminološke aktivnosti objavljeni su u *Rječniku jezikoslovnoga nazivlja* (2024) u kojem je bila zadužena za obradu natuknica iz područja frazeologije. Ista je građa u dodatku knjige *Pričam ti priču…* na jednome mjestu sabrana i objavljena kao *Mali rječnik frazeološkoga nazivlja*.

13. **Vrsta znanstvene ili stručne knjige:** znanstvena autorska knjiga (terminološki rječnik)
14. **Izvornost djela:** izvorno djelo na makedonskome jeziku
15. **Znanstvena ili stručna relevantnost teme djela:**

Rječnik *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* rezultat je timskoga rada dviju profesorica Filološkoga fakulteta „Blaže Koneski“, Univerziteta „Sv. Kiril i Metodij“ u Skoplju: prof. dr. sc. Katerine Veljanovske, redovite profesorice s Katedre za makedonski jezik i južnoslavenske jezike i prof. dr. sc. Biljane Mirčevske-Boševe, redovite profesorice s Katedre za slavistiku. Njihovi dugogodišnji znanstveni interesi usmjereni na makedonsku frazeologiju, pretočeni u leksikografski i frazeografski rad, rezultirali su nastankom ovoga prvoga makedonskog terminološkog rječnika iz područja frazeologije. Prema svojemu korpusu, obradi i namjeni rječnik predstavlja ključni iskorak u makedonskoj frazeološkoj, frazeografskoj i terminološkoj literaturi jer dosad nije objavljen nijedan takav zaseban rječnik u Republici Sjevernoj Makedoniji, a i šire. Također, moramo ovom prigodom naglasiti da rječnik predstavlja jedan uspješan rezultat koji je nastao na znanstvenoistraživačkome projektu „Leksikografska djelatnost kao integralni dio filoloških znanosti“, podržanog od strane Ministarstva obrazovanja i znanosti RS Makedonije.

Rukopis knjige *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* obaseže 88 stranica, a sastoji se od nekoliko cjelina. Na prvome su mjestu *Predgovor* i *Uvod* u kojima se daju osnovne teorijske postavke o frazemima, frazeologiji, a posebice o frazeološkim terminima i povijesti njihova istraživanja i ustavljivanja u slavenskome jezikoslovlju s posebnim naglaskom na makedonsko jezikoslovlje. Također u uvodu se iznose i bitni podatci o načinu nastanka ovoga rječnika, njegovoj koncepciji, kriterijima izbora i uvrštavanja termina u rječnik te strukturi samoga rječničkoga članka. Na drugom je mjestu sam *Rječnik* u koji je ukupno uvršteno oko 160 frazeoloških termina ovjerenih u relevantnim znanstvenim radovima. Svi odabrani frazeološki termini obrađeni su u zasebnim rječničkim terminološkim člancima. Terminološku natuknicu pritom može činiti jednorječnica, ali i višerječna sveza, te su rječnički članci poredani abecednim redom prema početnom slovom prve ili jedine terminološke sastavnice. Mikrostrukturu terminološkoga članka predstavljaju terminološka natuknica i njezina definicija, a od velikoga su značaja frazemska oprimjerenja koja konkretiziraju izneseni sadržaj definicija. Također, autorice donose i posebne napomene o povijesti frazemskih termina kao i normativni naputak o tome za koji su se termin one odlučile u situacijama kada postoje različiti termini za istu pojavnost koji se paralelno upotrebljavaju u frazeološkoj literaturi. Nakon rječničkoga dijela knjige slijedi *Popis termina* uključenih u rječnik s podatkom o mjestu obrade. Slijedi *Popis kratica* upotrijebljenih pri izradi ovoga rječnika, *Literatura* – popis naslova i konzultirane, uglavnom frazeološke, literature. Na kraju knjige nalazi se frazeolozima veoma koristan popis *Internetskih izvora*.

16. Ciljna skupina kojoj je djelo primarno namijenjeno:

Knjiga *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* suautorska je knjiga koju su pisali znanstvenici. Stoga će je u prvome redu kao relevantan izvor znanstvenih spoznaja čitati jezikoslovni znanstvenici, lingvisti i makedonisti, filolozi, te svi znanstvenici koji se bave izgradnjom strukovnih terminologija, ali i oni koje u širem kontekstu zanima jezikoslovno nazivlje i njegova adekvatna obrada i prezentacija. Ovim će se rječnikom sigurno moći koristiti svi oni koje zanima u prvome redu frazeologija, a zatim terminologija, leksikologija, leksikografija, a u širem smislu i pojedinci kojima je u žarištu istraživačkoga rada normativistika i standardologija općenito. Nesporno će biti korisna i studentima filoloških grupa koji će pratiti kolegije s frazeološkom i terminološkom tematikom kao pouzdan izvor teorijskoga i praktičnoga znanja oprimjerenoga jezikoslovnim nazivljem. Knjiga može biti od velike koristi i za zainteresirane pojedince koji se ne bave frazeologijom, a žele se uputiti u terminološki rad jer su ciljevi i metode rada sustavno izloženi, a rezultati jasno predstavljeni i znanstveno validirani.

17. Društveni interes za objavom djela (s osobitim obzirom na relevantnost teme, interes znanstvene zajednice i postojanje tekstova o istoj ili srodnoj temi):

Rad na izgradnji nazivlja zadatak je svake jezikoslovne discipline, pa samim time i makedonske frazeologije. Cilj ovoga djela bio je prikazati suvremena terminološka rješenja te objasniti načine i razloge nastanka nekih termina koji su uključeni u rječnički dio teksta. Tako je na jednome mjestu doneseno tekuće frazeološko nazivlje, pri čemu se posebna pozornost posvećivala definiranju onih pojmova koji do sada nisu uopće ili nisu dovoljno precizno definirani u frazeološkoj literaturi. Vrijedan doprinos u obradi svakako su napomene kojima se nazivi smještaju u odgovarajući povijesnofrazeološki i jezični kontekst s brojnim oprimjerenjima. Obrađeni su nazivi često višerječni i pri njihovoj su obradi poštovana terminološka načela i standardnojezična norma. Rezultati toga terminološkog ustavljivanja prikazuju trenutačno stanje u makedonskoj frazeologiji i ostavljaju se na daljnju prosudbu struke.

U ovome djelu prikazan je izbor i obrada frazeoloških naziva koje upotrebljavaju makedonski frazeolozi u svojim znanstvenim radovima od utemeljenja frazeologije kao zasebne jezikoslovne discipline do današnjih dana, posebice onih oko kojih su postojale nesuglasice i previranja u trenutku njihova nastanka ili poslije u praktičnoj uporabi. Ovaj je rječnik međutim važan na jednoj višoj razini koja će biti zanimljiva stručnjacima frazeolozima u širem južnoslavenskom, i općenito slavenskome, kontekstu jer pokazuje paralelizam terminoloških kolebanja koja proizlaze iz same biti jezične jedinice koja je frazem. Stoga se iz obrade mnogih

termina u rječniku dade iščitati jedna šira slika formiranja i definiranja temeljnih frazeoloških naziva koja je posebno povezana s imenovanje osnovne jedinice frazeologije, preuzimanjem klasifikacija i prevođenjem naziva iz terminoloških sustava drugih jezika, s preispitivanjem i redefiniranjem starijih naziva te pronalaženjem boljih terminoloških rješenja, distribucijom i uporabom pojedinih termina, ali i pronalaženjem adekvatnih terminoloških rješenja za nove frazeološke pojavnosti.

18. Prikladnost pristupa/metodologije djela:

Djelo je u skladu sa suvremenim spoznajama znanstvenoistraživačkoga rada. U njemu se metodološki pravilno i relevantno iznosi, analizira i organizira jezična građa te se donose znanstveno validirani zaključci utemeljeni na valjanim dedukcijama.

19. Prikladnost jezika, stila i bibliografskih normi:

Rječnik karakteriziraju primjeren metajezik, sustavnost i dosljednost u rječničkoj obradi frazeološke terminologije. U jezičnome je smislu djelo besprijekorno oblikovano. Vrlo je pregledno, rječnički su članci sastavljeni u skladu sa suvremenim frazeološkim i frazeografskim načelima. Također, djelo zadovoljava pravila znanstvenoga funkcionalnog stila, bibliografija se navodi sustavno, a sve upotrijebljene jedinice pažljivo su navedene u popisima literature i izvora te korektno citirane.

20. Znanstveni doprinos djela:

Znanstveni doprinos knjige *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* jest sljedeći:

a) doprinosi proširenju znanstvenih spoznaja u području jezikoslovnoga nazivlja, ciljano iz područja frazeologije, i njihovoj suvremenosti, doprinosi ustustavljivanju makedonskoga jezika, njegova terminološkoga sustava i opisa jer analiziranu terminološku i leksičku građu organizira i tumači metodološki prikladno, zadovoljavajući najviše kriterije znanstvenoistraživačkoga rada

b) doprinosi razvoju makedonske terminologije i makedonistike općenito zbog znanstveno fundiranoga pristupa, koji je potkrijepljen praktičnim rezultatima i ishodima; ovom knjigom, tj. terminološkim rječnikom korisnici će dobiti vjerodostojan, relevantan te teorijski i praktično čvrsto utemeljen prikaz makedonskoga jezikoslovnog nazivlja iz područja frazeologije

c) doprinosi izgradnji društvene svijesti o važnosti terminoloških istraživanja u makedonskome standardnom jeziku i promiče kulturu makedonskoga jezika kao važnu sastavnicu identiteta

d) doprinosi visokoškolskoj nastavi u kojoj će studenti dobiti pouzdan sveučilišni priručnik.

21. Konačno mišljenje o djelu i preporuka:

Može se zaključiti da je rukopis knjige *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* autorica prof. dr. sc. Katerine Veljanovske i prof. dr. sc. Biljane Mirčevske-Boševe izvorno znanstveno djelo napisano u skladu sa suvremenom jezikoslovnom teorijom te predstavlja jedinstven doprinos i makedonskoj frazeologiji i makedonskoj terminologiji. To je prvi makedonski terminološki rječnik iz područja frazeologije. On je koncepcijski jasan, uredan, rječnički su članci sastavljeni dosljedno, uz poštivanje prihvaćenih suvremenih rječničkih načela obrade.

Zaključno, kao frazeolog i frazeograf želim istaknuti kako sam uvjerena da će ovaj terminološki rječnik, u kojem je predstavljena izgradnja i ustustavljivanje makedonskoga jezikoslovnog nazivlja iz područja frazeologije, biti vrijedan doprinos razvoju makedonske frazeologije. Posebice s obzirom na to da se autorice već godinama u svojoj znanstvenoj karijeri veoma posvećeno i predano bave makedonskom frazeologijom i svakim svojim znanstvenim djelom i knjigom zacrtavaju daljnje smjerove njezina razvoja.

Zbog svega navedenoga svesrdno podupirem objavljivanje terminološkoga rječnika iz područja frazeologije *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* autorica prof. dr. sc. Katerine Veljanovske i prof. dr. sc. Biljane Mirčevske-Boševe te predlažem da se za navedenu knjigu odobri zatraženo financiranje.

dr. sc. Barbara Kovačević

Предмет: Рецензија на ракописот на книгата *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* од авторките проф. д-р Катерина Велјановска и проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева

1. Датум на рецензирање: 13 август 2026 година.

2. Податоци за рецензентот:

- име и презиме: д-р сц. Барбара Ковачевиќ, научна советничка во траен избор
- матичен број на упис во Регистарот на научници: 229844
- установа во која е вработена: Институт за хрватски јазик, Улица Републике Аустрије 16, Загреб, Хрватска
- електронска адреса: bkova@ihjj.hr
- кратка биографија што ја квалификува рецензентката за рецензија на овој ракопис:

Д-р Барбара Ковачевиќ, научна советничка во траен избор, магистрирала и докторирала со теми од областа на историската и современата фразеологија (*Фразеологија на „Даница илирска“*; *Хрватска соматска фразеологија*), а има напишано околу седумдесет научни и научнопопуларни трудови од областа на хрватската фразеологија. Самостојно ги објавила монографиите *Хрватски фраземи од глава до пети* (2012) и *Ти раскажувам приказна… (Мали фраземски етимологии)* (2024), а во коавторство *Библиографија на хрватската фразеологија со фразеобиблиографски речник* (2012, 2017, 2023) и *Речник на хрватски анималистички фраземи* (2017).

Исто така, ја обработувала фразеологијата во општиот *Школски речник на хрватскиот јазик* (2012) и во првиот хрватски општ електронски речник *Хрватски мрежен речник (Мрежник)*, а има и искуство со работа со бази на податоци, бидејќи учествувала во изработката на *Базата на фраземи на хрватскиот јазик* (http://frazemi.ihjj.hr/), *Базата на фраземски етимологии* (http://hrvatski.hr/frazemi) и *Базата на хрватски соматски фраземи* (во изработка).

Во 2017 година, заедно со коавторите, ја добила Годишната награда на Филозофскиот факултет во Загреб за *Речникот на хрватски анималистички фраземи*. Таа е потпретседателка на Одделот за хрватска и компаративна фразеологија при Хрватското филолошко друштво.

Во списанието *Хрватски јазик* е уредничка и авторка на рубриката „Од А до Ш“, во која, број по број, веќе десет години се објавуваат мали фраземски етимологии.

За оценување на овој ракопис особено ја квалификува нејзината долгогодишна работа на систематизирањето на хрватската фразеолошка терминологија, за која пишувала во монографијата *Хрватска јазикословна терминологија – JENA* (2023). Резултатите од нејзината терминолошка активност се објавени во *Речникот на јазикословната терминологија* (2024), во кој била задолжена за обработка на одредниците од областа на фразеологијата. Истата граѓа е собрана и објавена на едно место во додатокот на книгата *Ти раскажувам приказна…* како *Мал речник на фразеолошката терминологија*.

3. Вид на научната или стручната книга: научна авторска книга (терминолошки речник)

4. Изворност на делото: изворно дело на македонски јазик

5. Научна или стручна релевантност на темата на делото:

Речникот *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* е резултат на тимската работа на две професорки од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: проф. д-р сц. Катерина Велјановска, редовна професорка на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, и

проф. д-р сц. Билјана Мирчевска-Бошева, редовна професорка на Катедрата за славистика. Нивниот долгогодишен научен интерес насочен кон македонската фразеологија, преточен во лексикографска и фразеографска работа, резултираше со создавањето на овој прв македонски терминолошки речник од областа на фразеологијата. Според својот корпус, обработката и намената, речникот претставува клучен исчекор во македонската фразеолошка, фразеографска и терминолошка литература, бидејќи досега во Република Северна Македонија, а и пошироко, не е објавен ваков посебен речник. Исто така, во оваа пригода мора да нагласиме дека речникот претставува значаен резултат произлезен од научноистражувачкиот проект „Лексикографската дејност како интегрален дел од филолошките науки“, поддржан од Министерството за образование и наука на РС Македонија.

Ракописот на книгата *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* опфаќа 88 страници и се состои од неколку целини. На прво место се наоѓаат **предговорот** и **воведот**, во кои се изложуваат основните теориски поставки за фраземите, фразеологијата, а особено за фразеолошките термини и историјата на нивното проучување и систематизирање во словенското јазикословие, со посебен акцент на македонското јазикословие. Во воведот, исто така, се изложуваат и значајни податоци за начинот на настанувањето на овој речник, неговата концепција, критериумите за избор и внесување на термините во речникот, како и структурата на самата речничка статија.

На второ место се наоѓа самиот **Речник**, во кој се вклучени вкупно околу 160 фразеолошки термини потврдени во релевантни научни трудови. Сите избрани фразеолошки термини се обработени во посебни речнички терминолошки статии. Терминолошката одредница притоа може да биде еднозборна, но и повеќезборна синтагма, а речничките статии се подредени по азбучен ред според почетната буква на првата или на единствената терминолошка составка.

Микроструктурата на терминолошката статија ја сочинуваат терминолошката одредница и нејзината дефиниција, при што од големо значење се фраземските примери што ја конкретизираат содржината изложена во дефинициите. Исто така, авторките даваат и посебни напомени за историјата на фразеолошките термини, како и нормативна напомена за терминот за кој се определиле во ситуации кога во фразеолошката литература паралелно се употребуваат различни термини за иста појава.

По речничкиот дел на книгата следува **Список на термините вклучени во речникот**, со податок за местото на нивната обработка. Потоа следува **Список на кратенки** употребени при изработката на овој речник, како и **Литература** – список на библиографски единици и консултирана, главно фразеолошка, литература. На крајот од книгата се наоѓа **Список на интернет-извори**, кој е особено корисен за фразеолозите.

6. Целна група на која првенствено ѝ е наменето делото:

Книгата *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* е коавторска книга напишана од научници. Оттука, на прво место, како релевантен извор на научни сознанија, ќе ја читаат јазикословните научници, лингвистите и македонистите, филолозите, како и сите научници кои се занимаваат со градење на стручни терминологии, но и оние кои во поширок контекст се интересираат за јазикословната терминологија и нејзината соодветна обработка и презентација.

Овој речник сигурно ќе можат да го користат сите оние кои, пред сè, се интересираат за фразеологијата, а потоа и за терминологијата, лексикологијата, лексикографијата, а во поширока смисла и поединци во чиј истражувачки фокус се нормативистиката и стандардологијата воопшто. Несомнено, ќе биде корисен и за студентите на филолошките групи кои ќе следат предмети со фразеолошка и терминолошка проблематика, како сигурен извор на теориски и практични знаења и примери од јазикословната терминологија.

Книгата може да биде од голема корист и за заинтересирани поединци кои не се занимаваат со фразеологија, но сакаат да се запознаат со терминолошката работа, бидејќи целите и методите на работа се систематски изложени, а резултатите се јасно презентирани и научно валидирани.

7. Општествен интерес за објавување на делото (со особен осврт на релевантноста на темата, интересот на научната заедница и постоењето текстови на иста или сродна тема):

Работата на градењето на терминологијата е задача на секоја јазикословна дисциплина, па според тоа и на македонската фразеологија. Целта на ова дело беше да ги прикаже современите терминолошки решенија и да ги објасни начините и причините за настанувањето на некои од термините што се вклучени во речничкиот дел на текстот. На тој начин, на едно место е претставена актуелната фразеолошка терминологија, при што посебно внимание е посветено на дефинирањето на оние поими кои досега воопшто не биле или не биле доволно прецизно дефинирани во фразеолошката литература.

Вреден придонес во обработката, секако, претставуваат и напомените со кои термините се сместуваат во соодветен историско-фразеолошки и јазичен контекст, со бројни примери. Обработените термини често се повеќезборни, а при нивната обработка се почитувани терминолошките начела и стандарднојазичната норма. Резултатите од ова терминолошко систематизирање ја прикажуваат актуелната состојба во македонската фразеологија и се остваат на натамошна стручна процена.

Во ова дело е претставен изборот и обработката на фразеолошките термини што ги употребуваат македонските фразеолози во своите научни трудови, од основањето на фразеологијата како посебна јазикословна дисциплина до денес, особено на оние термини околу кои постоеле несогласувања и колебања во моментот на нивното настанување или подоцна при нивната практична употреба.

Меѓутоа, овој речник е важен и на едно повисоко ниво, кое ќе биде интересно за стручњаците фразеолози во поширок јужнословенски, а воопшто и словенски контекст, бидејќи ја покажува паралелноста на терминолошките колебања што произлегуваат од самата природа на јазичната единица што ја претставува фраземата.

Оттука, од обработката на многу од термините во речникот може да се прочита една поширока слика за формирањето и дефинирањето на основните фразеолошки термини, која е особено поврзана со именувањето на основната единица на фразеологијата, преземањето класификации и преведувањето на термините од терминолошките системи на други јазици, со преиспитувањето и редефинирањето на постарите термини и изнаоѓањето подобри терминолошки решенија, со дистрибуцијата и употребата на одделни термини, но и со изнаоѓањето соодветни терминолошки решенија за новите фразеолошки појави.

8. Соодветност на пристапот/методологијата на делото:

Делото е во согласност со современите сознанија во научноистражувачката работа. Во него методолошки правилно и релевантно се изложува, се анализира и се организира јазичната граѓа, а се изведуваат и научно валидирани заклучоци засновани врз валидни дедукции.

9. Соодветност на јазикот, стилот и библиографските норми:

Речникот се одликува со соодветен метајазик, систематичност и доследност во речничката обработка на фразеолошката терминологија. Во јазична смисла, делото е беспрекорно обликувано. Тоа е многу прегледно, а речничките статии се составени во согласност со современите фразеолошки и фразеографски начела. Исто така, делото ги задоволува правилата на научниот функционален стил, библиографијата е наведена систематски, а сите употребени единици се внимателно наведени во списоците на литература и извори и коректно цитирани.

10. Научен придонес на делото:

Научниот придонес на книгата *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* се состои во следново:

а) придонесува за проширување на научните сознанија во областа на јазикословната терминологија, конкретно од областа на фразеологијата, и за нејзино осовременување; придонесува за систематизирањето на македонскиот јазик, неговиот терминолошки систем и неговиот опис, бидејќи анализираната терминолошка и лексичка граѓа ја организира и ја толкува методолошки соодветно, задоволувајќи ги највисоките критериуми на научноистражувачката работа;

б) придонесува за развојот на македонската терминологија и на македонистиката воопшто, поради научно фундираниот пристап, поткрепен со практични резултати и сознанија; со оваа книга, односно со терминолошкиот речник, корисниците ќе добијат веродостоен, релевантен и теориски и практично цврсто заснован приказ на македонската јазикословна терминологија од областа на фразеологијата;

в) придонесува за градење на општествената свест за значењето на терминолошките истражувања во македонскиот стандарден јазик и ја промовира културата на македонскиот јазик како важна компонента на идентитетот;

г) придонесува за високошколската настава, во која студентите ќе добијат сигурен универзитетски прирачник.

11. Конечно мислење за делото и препорака:

Може да се заклучи дека ракописот на книгата *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* од авторките проф. д-р сц. Катерина Велјановска и проф. д-р сц. Билјана Мирчевска-Бошева е изворно научно дело напишано во согласност со современата јазикословна теорија и претставува единствен придонес и за македонската фразеологија и за македонската терминологија. Тоа е првиот македонски терминолошки речник од областа на фразеологијата. Концепциски е јасен и уреден, а речничките статии се составени доследно, со почитување на прифатените современи речнички начела на обработка.

Како фразеолог и фразеограф, на крајот сакам да истакнам дека сум уверена оти овој терминолошки речник, во кој е претставено градењето и систематизирањето на македонската јазикословна терминологија од областа на фразеологијата, ќе претставува вреден придонес кон развојот на македонската фразеологија. Особено имајќи предвид дека авторките веќе со години во својата научна кариера посветено и предано се занимаваат со македонската фразеологија и со секое свое научно дело и книга ги трасираат натамошните насоки на нејзиниот развој.

Поради сето наведено, сесрдно го поддржувам објавувањето на терминолошкиот речник од областа на фразеологијата *Терминолошки речник од областа на фразеологијата* од авторките проф. д-р сц. Катерина Велјановска и проф. д-р сц. Билјана Мирчевска-Бошева и предлагам за наведената книга да се одобри побараното финансирање.

РЕЦЕНЗЕНТ
Д-р Барбара Ковачевиќ, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНОТО ПОЛЕ ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС, НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС, НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 10.7.2026 година, за избор на едно лице во сите наставно-научни звања во научното подрачје општествени науки, научно поле: економија и бизнис, научна област: менаџмент и бизнис, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-1026/4, донесена на 121. седница одржана на 17.8.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Зоран Јаневски, редовен професор, проф. д-р Биљана Ангелова, редовен професор, и проф. д-р Ирина Пиперкова, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на едно лице во сите наставно-научни звања во научното подрачје општествени науки, научно поле: економија и бизнис, научна област: менаџмент и бизнис, во предвидениот рок се пријави едно лице, кандидатката д-р Теа Јосимовска.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Теа Јосимовска е родена на 21.7.1998 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Потоа, своето образование го продолжила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2017 година се запишала на додипломски студии на Економскиот факултет, на департманот Финансиски менаџмент. Во 2021 година ги завршила студиите со исклучително висок успех со што станала студент со највисок просек во генерацијата и добила Признание за постигнат исклучителен успех Summa Cum Laude. За постигнатиот исклучителен успех во текот на студирањето ја добила наградата „26 Јули“, доделена од Фондацијата „Франк Манинг“. По завршувањето на додипломските студии, во 2021 година се запишала на постдипломски студии на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Претприемништво. По одбраната на својот магистерски труд во октомври 2022 година, кој носи наслов: „Очекувања за цените во услужниот сектор – можности и предизвици за менаџерите и претприемачите во Република Северна Македонија“, се стекнала со називот магистер по економски науки во областа на претприемништвото. Во 2023 година се запишала на докторските студии на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 30.6.2026 година успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов: „Влијанието на дигитализацијата врз претприемништвото во земјите од Европската Унија и во Република Северна Македонија“ и се стекнала со научниот степен доктор по организациски науки и управување (менаџмент).

Рецензентската комисија, при составувањето на овој извештај, ги имаше предвид вкупните научни, стручни, наставно-образовни и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на целокупната поднесена документација која е од важност за изборот.

НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката д-р Теа Јосимовска изведува вежби на втор циклус студии на едногодишните и двегодишните студиски

програми: Претприемништво, Бизнис-менаџмент, Меѓународен менаџмент и Логистика на бизнисот. Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, кандидатката е ангажирана како асистент и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), каде што изведува вежби на прв циклус студии по предметот Претприемништво. Преку оваа наставна ангажираност, успешно ги реализира предвидените активности, учествува во подготовката на наставните содржини и практичните вежби и придонесува за квалитетна реализација на наставниот процес, применувајќи современи наставни практики и поттикнувајќи активно учество кај студентите.

Исто така, во изминатиот период, кандидатката била учесник на една меѓународна летна школа и две работилници, како и модератор на една фокус-група реализирана во рамките на национален научноистражувачки проект.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2 од Правилникот за избор, со решенија, датуми и други релевантни податоци, дадена во прилог на овој извештај.

Научноистражувачка дејност

Во рамките на научноистражувачката дејност, д-р Теа Јосимовска активно учествува во реализацијата на научноистражувачки проекти и континуирано остварува значајна научноистражувачка продукција. Досега има учествувано како истражувач во 5 национални научноистражувачки проекти. Автор е на 2 монографии, како и на дел од монографија објавена во странство. Има објавено 10 труда со оригинални научни резултати во научни списанија индексирани во EBSCO, 3 труда со оригинални научни резултати во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 2 труда објавени во зборници на трудови на високообразовна установа. Воедно, по покана на Magdeburg-Stendal University of Applied Sciences, Germany, одржала предавање и била ментор во рамките на модулот „International Leadership“. Активно учествува и на научни собири, при што има учествувано на 7 меѓународни научни конференции.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), се наведени во табелата во Образец 2 од Правилникот за избор, дадена во прилог на овој извештај.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

За анализираниот период, кандидатката д-р Теа Јосимовска активно била вклучена во стручно-применувачката дејност на Економскиот институт во Скопје. Учествувала во подготовката на елаборат за нова студиска програма по Финансиски менаџмент, како и во работните групи за подготовка на елаборати за реакредитација на студиските програми од трет циклус студии по Економски науки. Активно придонесувала во промоцијата на Економскиот институт во Скопје преку вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалните мрежи Facebook, Instagram и LinkedIn, како и преку вршење активности поврзани со ажурирањето на официјалната веб-страница на Институтот. Воедно, била лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, член на Одборот за евиденција и соработка со дипломирани студенти (алумни) и член на Координативното тело за електронска евиденција на значајни настани, активности и процеси на Економскиот институт во Скопје.

Особена активност кандидатката покажува и во дејностите од поширок интерес. Во анализираниот период била координатор/секретар на студиските програми од втор циклус студии (едногодишни и двегодишни студии) на Економскиот институт во Скопје: Агробизнис, Финансиски менаџмент, Меѓународна економија, Меѓународен менаџмент, Претприемништво, Логистика на бизнисот, Бизнис-менаџмент и Менаџерска економија. Покрај тоа, била уредник на Книга на апстракти од меѓународната научна конференција „Sustainable Development for Sustainable Future“, член на повеќе организациски одбори и комисии за подготовка и реализација на меѓународни научни собири и летни школи, како и член на повеќе институтски комисии

за јавни набавки, попис и други административно-стручни активности. Исто така, била дел од Работната група за унапредување на научното списание Economic Development на Економскиот институт во Скопје и остварила еднонеделен студиски престој на Институтот за економски науки во Белград, Република Србија.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Теа Јосимовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност (вкупно пресметани 200,13 поени, од кои во наставно-образовната дејност – 67,73 поени, во научноистражувачката дејност – 110,9 поени и во стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес – 21,5 поени), Комисијата заклучи дека д-р Теа Јосимовска поседува научни и стручни квалитети и, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област менаџмент и бизнис.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, д-р Теа Јосимовска да биде избрана во звањето **доцент** во научната област **менаџмент и бизнис**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Биљана Ангелова, член, с.р.
Проф. д-р Ирина Пиперкова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теа Сашо Јосимовска
Институција: Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: менаџмент и бизнис

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,91. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: менаџмент и бизнис; поле: економија и бизнис; подрачје: општествени науки.	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование *3.1.1.* 5. Назив на научното списание: Economic Development year.28 No.1/2026, April 2026 6. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 7. Наслов на трудот: DIGITALIZATION AS A DRIVER OF JOB-CREATING ENTREPRENEURSHIP: EVIDENCE FROM THE EUROPEAN UNION COUNTRIES 8. Година на објава: 2026 *3.1.2.* 1. Назив на научното списание: Economic Development year.27 No.1-2/2025, April 2025	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: PASSION AND OPPORTUNITY AS KEY APPROACHES TO BUSINESS CREATION 4. Година на објава: 2025 *3.1.3.* 1. Назив на научното списание: Economic Development Year.26 No. 1/2024, May 2024 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: ENTREPRENEURIAL CHALLENGES FOR WOMEN IN THE EUROPEAN UNION COUNTRIES 4. Година на објава: 2024 *3.1.4.* 1. Назив на научното списание: Economic Development Year. 26 No. 1/2024, December 2024 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: GOVERNMENT POLICIES FOR GREEN ECONOMY DEVELOPMENT IN SME'S 4. Година на објава: 2024 *3.1.5.* 1. Назив на научното списание: Economic Development Year.25 No. 3/2023, December 2023 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: THE "GLASS CEILING" PHENOMENON AND WOMEN MANAGERS: REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND OTHER REGIONS IN EUROPE 4. Година на објава: 2023 *3.1.6.* 1. Назив на научното списание: Economic Development Year. 24 No. 2/2022. Special issue, 2022 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Determinants of Price Expectations of Managers and Entrepreneurs in the Services Sector in the Republic of North Macedonia 4. Година на објава: 2022	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 5. Странски јазик: англиски јазик 6. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Ниво: Б2 7. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	8. Датум на издавање на документот: 19.6.2026 година	
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Биљана Ангелова, член, с.р.
Проф. д-р Ирина Пиперкова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теа Сашо Јосимовска
Институција: Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: менаџмент и бизнис

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на вежби**	**54**
	Економски институт – Скопје, летен семестар учебна 2022/2023 Креативност, иновативност и претприемништво (изборен) (1*15*0,03=0,45)	0,45
	Претприемништво (Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство) – вежби, прв циклус, летен семестар 2023/2024 (2*15*0,03=0,9)	0,9
	Претприемништво (Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство) – вежби, прв циклус, летен семестар 2024/2025 (2*15*0,03=0,9)	0,9
	Економски институт – Скопје зимски семестар учебна 2023/2024 Претприемништво и мали бизниси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Претприемнички менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Креативност, иновативност и претприемништво (изборен) (1*15*0,03=0,45)	2,25
	Економски институт – Скопје, летен семестар учебна 2023/2024 Претприемништво и мали бизниси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Претприемнички менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Креативност, иновативност и претприемништво (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	2,7
	Економски институт – Скопје, зимски семестар учебна 2024/2025 Електронски бизнис (изборен) (1*15*0,03=0,45) Претприемнички менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Креативност, иновативност и претприемништво (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Започнување нов претприемнички потфат (изборен) (1*15*0,03=0,45) Претприемништво и мали бизниси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	3,6
	Економски институт – Скопје, летен семестар учебна 2024/2025 Започнување нов претприемнички потфат (изборен) (1*15*0,03=0,45) Претприемнички менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	3,15

	Креативност, иновативност и претприемништво (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Претприемништво и мали бизниси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	
	Економски институт – Скопје, зимски семестар учебна 2025/2026 Претприемнички менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Стратегиски менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Бизнис-економија (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Економија за менаџери (изборен) (1*15*0,03=0,45) Започнување нов претприемнички потфат (изборен) (1*15*0,03=0,45) Креативност, иновативност и претприемништво (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Логистички системи и операции (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Меѓународен менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Менаџерски договори (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Менаџмент на промени (изборен) (1*15*0,03=0,45) Оперативен менаџмент (изборен) (1*15*0,03=0,45) Претприемништво и мали бизниси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Синџири на снабдување и продажба (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Управување со квалитет во логистиката (изборен) (1*15*0,03=0,45) Финансиски менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Бизнис логистика (изборен) (1*15*0,03=0,45) Зелена логистика (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Корпоративно претприемништво (изборен) (1*15*0,03=0,45) Логистика на меѓународен бизнис (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Маркетинг-менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Менаџмент на човечки ресурси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Право на друштвата (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Управување со ресурсите во логистиката (изборен) (1*15*0,03=0,45) Глобална економија (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Логистика точно на време (изборен) (1*15*0,03=0,45) Меѓународен маркетинг (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	19,35
	Економски институт – Скопје, летен семестар учебна 2025/2026 Бизнис-економија (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	

	Бизнис-планирање (изборен) (1*15*0,03=0,45) Бренд менамент (изборен) (1*15*0,03=0,45) Водство и организациско однесување (изборен) (1*15*0,03=0,45) Електронски бизнис (изборен) (1*15*0,03=0,45) Започнување нов претприемнички потфат (изборен) (1*15*0,03=0,45) Корпоративно претприемништво (изборен) (1*15*0,03=0,45) Креативност, иновативност и претприемништво (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Логистика точно на време (изборен) (1*15*0,03=0,45) Менаџерски договори (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Менаџмент на промени (изборен) (1*15*0,03=0,45) Оперативен менаџмент (изборен) (1*15*0,03=0,45) Претприемнички менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Претприемништво и мали бизниси (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Семејни бизниси (изборен) (1*15*0,03=0,45) Синџири на снабдување и продажба (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Теорија на организација (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Управување со ресурсите во логистиката (изборен) (1*15*0,03=0,45) Управување со ризици (изборен) (1*15*0,03=0,45) Финансирање на МСП (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Зелена економија (изборен) (1*15*0,03=0,45) Логистика базирана на ИТ (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Маркетинг-менаџмент (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Осигурување, транспорт и шпедиција (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Бизнисот и јавниот сектор (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Глобална економија (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Логистика на меѓународен бизнис (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Меѓународен маркетинг (задолжителен) (2*15*0,03=0,9) Меѓународни пазари на трудот (изборен) (1*15*0,03=0,45) Менаџмент на иновации (задолжителен) (2*15*0,03=0,9)	20,7
2.	**Настава во школи и работилници**	**4,5**
	Фокус-група во рамки на проектот „Мапирање на човечкиот капитал и идентификување на потенцијалот на младите лица од ранлива категорија во Република Северна Македонија“.	1,5

	Учесник на интернационална работилница: Inclusive Ecosystems for Sustainable Futures: Diversity in Circular Economy and Economic Development University of Skövde, Шведска	1
	Учесник на работилница: Вештачка и деловна интелегенција и академското истражување -практични аспекти- Економски институт – Скопје, 2.10.2024 година	1
	International Summer School – Course in Econometrics 7-13 August 2024, Ohrid.	1
3.	**Консултации со студенти**	**1,23**
	Консултации со студенти во академската 2025/2026 година на Економски институт – Скопје (97*0,002)	0,194
	Консултации со студенти во академската 2024/2025 година на Економски институт – Скопје (10*0,002)	0,02
	Консултации со студенти во академската 2024/2025 година на Факултетот на информатички науки и компјутерско инженерство (290*0,002)	0,58
	Консултации со студенти во академската 2023/2024 година на Економски институт – Скопје (6*0,002)	0,012
	Консултации со студенти во академската 2023/2024 година на Факултетот на информатички науки и компјутерско инженерство (209*0,002)	0,418
	Консултции со студенти во академската 2022/2023 година на Економски институт – Скопје (1*0,002)	0,002
4.	**Интерна скрипта од предавања**	**8**
	Интерна скрипта од предавања по предметот Зпочнување нов претприемнички потфат за втор циклус на студии (4+1 и 3+2). Подготвена од проф. д-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, доц. д-р Милена Бошкоска Клисароски и ас. м-р Теа Јосимовска. Одлука бр. 02-1277/2	4
	Интерна скрипта од предавања по предметот Зпочнување нов претприемнички потфат (втор дел) за втор циклус на студии (4+1 и 3+2). Подготвена од проф. д-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, доц. д-р Милена Бошкоска Клисароски и ас. м-р Теа Јосимовска. Одлука бр. 02-135/2	4
	Вкупно	**67,73**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национални научни проекти**	**15**
	„Интелигентна логистика: дигиталната револуција и нејзините финансиски предизвици во РСМ“, Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, 2025 – 2026	3

	„Мапирање на човечкиот капитал и идентификување на потенцијалот на младите лица од ранлива категорија во Република Северна Македонија". Одобрен на Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научноистражувачки проекти на државните универзитети – факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.	3
	„Креативна отскочна даска (Creative Launchpad): Од уметнички концепт до одржлив бизнис модел“, 2026 година.	3
	„Транзиција кон циркуларна економија во Република Северна Македонија – можности и предизвици“, Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, 2024 – 2025	3
	„Дигиталната трансформација од перспектива на човечките ресурси“, Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, 2023 – 2024	3
2.	**Монографија**	**16**
	„Влијанието на дигитализацијата врз претприемништвото во земјите од Европската унија и во Република Северна Македонија“ Економски институт – Скопје, 2026 година	8
	Очекувања за цените во услужниот сектор – можности и предизвици за менаџерите и претприемачите во Република Северна Македонија Економски институт – Скопје, 2022 година	8
3.	**Дел од монографија**	**4**
	Дигитална трансформација и човечките ресурси Глава 6: Дигиталната трансформација и човечките ресурси: Позитивни искуства од други земји	4
4.	**Дел од монографија објавен во странство**	**3,6**
	European Economies After COVID-19: Challenges and Implications fot the Macroeconomic Policy, Published: Belgrade 2023 „The Impact of the COVID-19 Pandemic on Entrepreneurship in the European Union“	3,6
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	**37**

	Digitalization as a Driver of Job-Creating Entrepreneurship: Evidence from the European Union Countries, Tea Josimovska, Zoran Janevski, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 28 No. 1/2026. Special Issue: Selected Papers from the International Scientific Conference "Sustainable Development for a Sustainable Future", pages 134-148.	4,5
	Circular Economy and Sustainable Growth - Evidence from North Macedonia, Elizabeta Djambaska, Aleksandra Lozanoska, Tea Josimovska, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 27 No. 3/2025, pages 6-19.	4
	The Role of Accounting Information Systems in Supporting Circular Economy Goals: A Case Study of Waste Collection and Cost Management in the Republic of North Macedonia, Neda Petroska-Angelovska, Milena Boshkoska Klisaroski, Tea Josimovska, Natasha Bogdanovska, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 27 No. 3/2025, pages 106-118.	3
	Passion and Opportunity as Key Approaches to Business Creation, Tea Josimovska, Hristina Nelovska, Katerina Hadzi Naumova-Mihajlovska, Milena Boshkoska Klisaroski, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 27 No. 1-2/2025, pages 62-80.	3
	Government policies for green economy development in SME's, Katerina Hadzi Naumova-Mihajlovska, Milena Boshkoska Klisaroski, Tea Josimovska, Economic Development, Journal of Institute of Economics - Skopje, Year. 26 no. 1/2024, pages 46-57.	4
	Entrepreneurial Challenges for Women in the European Union Countries, Tea Josimovska, Katerina Hadzi Naumova-Mihajlovska, Milena Boshkoska Klisaroski, Economic Development, Journal of Institute of Economics - Skopje, Year. 26 no. 1/2024, pages 89-101.	4
	The "Glass Ceiling" Phenomenon and Women Managers: Republic of North Macedonia and other Regions in Europe, Tea Josimovska, Katerina Hadzi Naumova-Mihajlovska, Zoran Janevski, Agim Rushiti, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 25 No. 3/2023, pages 100-115.	3
	Role and Structure of the Functional Analysis for the Public Administration Education in the Republic of North Macedonia, Milena Boshkoska Klisaroski, Shiret Elezi, Tea Josimovska, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 25 No. 1-2/2023, pages 133-146.	4
	Determinants of Price Expectations of Managers and Entrepreneurs in the Services Sector in the Republic of North Macedonia, Zoran Janevski, Tea Josimovska, Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year. 24 No. 2/2022. Special issue, Papers presented at the Scientific conference: Contemporary challenges of economic growth and	4,5

	sustainability of businesses, for the 70th Anniversary of the Institute of economics-Skopje, pages 6-18.	
	Digital Entrepreneurship through Social Media for Start-up Businesses in the Republic of North Macedonia, Tea Josimovska, Ana Josimovska, Fani Mateska Perovska, Martin Kiselicki, Journal of Sustainable Development, Issue 27 (2021), pp. 64-74.	3
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	**11**
	Technical Infrastructure and Tools for Gamification in Education. Martin Kiselicki, Kalina Trenevska Blagoeva, Marina Mijoska Belshoska, Tea Josimovska (2023). KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 60.1, pages 61–68.	3
	The Gamification Pyramid: a Conceptual Framework for Adult Learning and Organizational Readiness. Dimitar Jovevski, Marina Mijoska, Tea Josimovska. KNOWLEDGE – International Journal, Vol. 72.1, pages 15-21.	4
	Overcoming Employee Barriers in Digital Transformation: a Path to Organizational Success, Milena Boshkoska Klisaroski, Neda Petroska-Angelovska, Tea Josimovska. KNOWLEDGE – International Journal, Vol. 67.6, pages 953-959	4
7.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**4**
	Digital Transformation and HR: Challenges and Opportunities for Companies in North Macedonia, Milena Boshkoska Klisaroski, Katerina Hadzi Naumova-Mihajlovska, Tea Josimovska. 10TH International Scientific-Business Conference. Leadership, Innovation, Management and Economics: Integrated Politics of Research – SELECTED PAPERS.	4
8.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа**	**3,6**
	Martin Kiselicki, Tea Josimovska, (2024), Freemium како модел на приход: Студија на случај, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 59 С. 1-264, 2024, стр. 89-104.	1,8
	Martin Kiselicki, Tea Josimovska, (2023), Кориснички динамики, механики и техники за спроведување на успешна гејмификација во мали и средни претпријатија, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 58 С. 1-208, 2023, стр. 91-109.	1,8
9.	**Рецензија на научен/стручен труд**	**0,2**

	Рецензент на труд на 6th International Scientific Conference – Economic and Business Trends Shaping the Future.	0,2
10.	**Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет**	**3**
	Invitation for a speaker and mentor in joint module „International Leadership“ at Magdeburg-Stendal University of Applied Sciences, Germany	3
11.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	**6,5**
	12th International Scientific Conference – Knowledge Based Sustainable Development „Education and Digital Skills: Evidence from Vulnerable Youth in North Macedonia. June 10-12, 2026 Florence, Italy (усна презентација)	1
	6th International Scientific Conference – Economic and Business Trends Shaping the Future, „Triggers of Strategic Transition through Sensemaking in Nascent Entrepreneurship“, Tea Josimovska, Daniel Nauck, Vladimir Trajkovik, Faculty of Economics – Skopje, 13-14 November 2025 (усна презентација)	1
	International Scientific Conference – Sustainable Development for Sustainable Future, „Digitalization as a Driver of Job-Creating Entrepreneurship: Evidence from the European Union Countries“, Tea Josimovska, Zoran Janevski, Institute of Economics – Skopje, 9-10 October 2025 (усна презентација)	1
	International Scientific Conference – Sustainable Development for Sustainable Future, „The Role of Women Managers in Reducing CO2 Emissions in EU Member Countries“, Zoran Janevski, Biljana Angelova, Milena Boshkoska Klisaroski, Tea Josimovska, Institute of Economics – Skopje, 9-10 October 2025 (постер-презентација)	0,5
	16th International Conference on Modern Research in Management, Economics and Accounting, „Determinants of Innovation Activity in Southeast European Countries“, Tea Josimovska, Martin Kiselicki. 14th – 16th Beril, Germany 2024 (virtual)	1
	14 International Scientific Conference – European Economies After Covid-19: Challenges and Implications for the Macroeconomic Policy, Institute of Economic Sciences Belgrade, 2022, (Tea Josimovska, Zoran Janevski, Martin Kiselicki, Bojan Petrushevski), „The Impact of the COVID-19 Pandemic on Entrepreneurship in the European Union Countries”, Belgrade, 27 -28 October 2022 Serbia (усна презентација)	1
	International Scientific Conference – Contemporary Challenges of Economic Growth and Sustainability of Businesses, Zoran Janevski, Tea Josimovska, „Determinants of Price Expectations of Managers and Entrepreneurs in the Services Sector in the Republic of	1

	North Macedonia“, Institute of Economics – Skopje (Online), 01.06.2022 (усна презентација)	
12.	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	**7**
	„Triggers of Strategic Transition through Sensemaking in Nascent Entrepreneurship“, Tea Josimovska, Daniel Nauck, Vladimir Trajkovik. 6th International Scientific Conference – Economic and Business Trends Shaping the Future, Conference Proceedings. Faculty of Economics – Skopje, p. 321-324, 2025	1
	Digitalization as a Driver of Job-Creating Entrepreneurship: Evidence from the European Union Countries, Tea Josimovska, Zoran Janevski, Book of Abstracts, International Scientific Conference – Sustainable Development for Sustainable Future Institute of Economics – Skopje, p. 51-53, 2025	1
	Zoran Janevski, Biljana Angelova, Milena Boshkoska Klisaroski, Tea Josimovska, Book of Abstracts, International Scientific Conference – Sustainable Development for Sustainable Future, Institute of Economics – Skopje, p. 85-87, 2025	1
	Monitoring and Evaluation Tools Embedded in the Smart Specialisation Strategy of the Republic of North Macedonia. Sasho Josimovski, Lidija Pulevska Ivanovska, Zoran Janevski, Tea Josimovska. ISBN: 978-615-6756-08-4 COST CA20112. October 2024	1
	16th International Conference on Modern Research in Management, Economics and Accounting, Conference Proceedings „Determinants of Innovation Activity in Southeast European Countries“, Tea Josimovska, Martin Kiselicki. 14th – 16th March Berlin, Germany 2024	1
	The Impact of the Covid-19 Pandemic on Entrepreneurship in the European Union, Tea Josimovska, Zoran Janevski, Martin Kiselicki, Bojan Petrushevski, Book of Abstracts, 14 International Scientific Conference – European Economies After Covid-19: Challenges and Implications for the Macroeconomic Policy Institute of Economic Sciences, Belgrade, Serbia, p. 24-26, 2022	1
	Determinants of Price Expectations of Managers and Entrepreneurs in the Services Sector in the Republic of North Macedonia, Zoran Janevski, Tea Josimovska, Book of Abstracts, International Scientific Conference – Contemporary Challenges of Economic Growth and Sustainability of Businesses, Institute of Economics – Skopje, p. 117-118, 2022	1
	Вкупно	**110,9**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Координатор во подготовка на елаборат**	**3**
	Координатор во подготовка на Елаборат за нова студиска програма, Финансиски менаџмент (4+1 и 3+2). Одлука бр. 02-695/1 од 4.7.2024 година	1
	Подготовка на Елаборат за реакредитација на студиска програма Дел од Работна група за реакредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки. Одлука бр. 02-531/1 од 2.5.2025 година	1
	Подготовка на Елаборат за реакредитација на студиска програма Дел од Работна група за реакредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки. Одлука бр. 02-530/1 од 2.5.2025 година	1
2.	**Учество во промотивни активности на Институтот**	**5**
	Вршење активности поврзани со посредување и ажурирање на податоците кои се објавуваат на официјалната веб-страница на Економски институт – Скопје (Одлука бр. 02-860/1).	0,5
	Лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (Одлука бр. 02-1631/1).	0,5
	Член на Одборот за евиденција и соработка со дипломирани студенти на Институтот (алумни) (Одлука бр. 02-926/1)	0,5
	Член на координативно тело за електронска евиденција на значајни настани, активности и процеси (Одлука бр. 02-509/1)	0,5
	Вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалната мрежа Facebook за учебната 2024/2025 година (Решение бр. 02-1074/1)	0,5
	Вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалната мрежа Instagram за учебната 2024/2025 година (Решение бр. 02-1074/2)	0,5
	Вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалната мрежа LinkedIn за учебната 2024/2025 година (Решение бр. 02-1074/3)	0,5
	Вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалната мрежа Facebook за учебната 2025 (Решение бр. 02-285/1)	0,5
	Вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалната мрежа Instagram за учебната 2025 (Решение бр. 02-285/2)	0,5
	Вршење активности поврзани со промовирање на Институтот на социјалната мрежа Facebook за учебната 2025 (Решение бр. 02-285/3)	0,5
Дејности од поширок интерес		
1.	**Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир**	**1**

	Уредник на Книга на апстракти од меѓународна научна конференција: Sustainable Development for Sustainable Future, Institute of economics - Skopje, 2025	1
2.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**6**
	Член на организациски одбор за организирање на Меѓународна летна школа (Одлука бр. 02-1141/1, 2026 година)	1
	Член на комисија за организирање на Меѓународна летна школа по econometrija (Одлука бр. 02-1173/1, 2025 година)	1
	Член на организациски одбор на Меѓународна научна годишна конференција со Институтот за економски науки во Белград и со Економскиот институт од Загреб (Одлука бр. 02-536/2, 2026 година)	1
	Член на организациски одбор за подготовка и реализација на Меѓународен научен собир (Одлука бр. 02-1307/1)	1
	Член на организациски одбор за подготовка и реализација на Меѓународен научен собир (Одлука бр. 02-115/1, 2026 година)	1
	Член на организациски одбор за организирање на Меѓународна летна школа од страна на Економски институт – Скопје, 2024 година (Одлука бр. 02-1306/1)	1
3.	**Студиски престој во странство**	**0,5**
	Студиски престој во странство во траење од една недела, почнувајќи од 7.10.2024 година, на Институтот за економски науки во Белград, Србија.	0,5
4.	**Член на факултетска (институтска) комисија**	**5**
	Член на Комисија за вршење на јавна набавка на услуги од авторска агенција (Одлука бр. 02-90/1)	0,5
	Член на Комисија за вршење на јавна набавка на услуги од авторска агенција (Одлука бр. 02-189/1, 2026 година)	0,5
	Член на Комисија за попис на благајна за 2025 година (Одлука бр. 02-1574/1)	0,5
	Член на Комисија за попис на благајна за 2024 година. (Одлука бр. 02-1231/1)	0,5
	Член на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар за 2024 година (Одула бр. 02-1233/1)	0,5
	Член на Комисија за поништување архивски материјали со истечен рок (Одлука бр. 02-356/1)	0,5
	Претседател на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар за 2023 година (Одлука бр. 02-1335/1)	0,5
	Претседател на Комисија за попис на благајна за 2023 година (Одлука бр. 02-1336/1)	0,5
	Дел од Работна група за унапредување на списанието „Economic Development“ на Економски институт – Скопје (Одлука бр.02-1347/1)	0,5
	Член на Комисија за вршење на јавна набавка на услуги од авторска агенција (Одлука бр.02-322/1)	0,5
5.	**Координатор на студиска програма**	**1**

	Координатор/секретар на студиските програми: Агробизнис, Финансиски менаџмент, Меѓународна економија, Меѓународен менаџмент, Претприемништво, Логистика на бизнисот, Бизнис-менаџмент и Менаџерска економија (Одлука бр. 02-101/1 од 31.1.2023)	1
	Вкупно	**21,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**67,73**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**110,9**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**21,5**
Вкупно	**200,13**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Биљана Ангелова, член, с.р.
Проф. д-р Ирина Пиперкова, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДРУГО (ИНСТИТУЦИОНАЛНА И РЕГУЛАТОРНА ЕКОНОМИЈА) НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 10.7.2026 година, за избор на едно лице во соработничко звање – асистент во научно подрачје општествени науки, научно поле: економија и бизнис, научна област: друго (институционална и регулаторна економија), и врз основа на Одлуката бр. 02-1025/4 од 17.8.2026 година донесена на 121. седница на Научниот совет, одржана на 17.8.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Елизабета Џамбаска, редовен професор, проф. д-р Искра Станчева-Гигов, редовен професор и проф. д-р Александар Стојков, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на едно лице во соработничко звање – асистент во научно подрачје општествени науки, научно поле: економија и бизнис, научна област: друго (институционална и регулаторна економија), се пријави едно лице, кандидатката м-р Христина Балканов.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

Кандидатката м-р Христина Балканов е родена на 16 септември 1999 година во Скопје, тогашна Република Македонија. Средното образование го завршила во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“ – Скопје, на природно-математичкото подрачје, комбинација Б (ПМБ) со континуиран одличен успех. Во 2018 година го започнала своето високо образование на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што во јули 2021 година ги завршила додипломските студии и се стекнала со звањето дипломиран правник. Во текот на студирањето остварила континуирано висок академски успех, а за постигнатите резултати во текот на студирањето е добитник на стипендии од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија во академските 2019/2020 и 2020/2021 година. Дополнително, кандидатката е наградена за постигнат највисок просечен успех 9,96 во учебната 2020/2021 година од страна на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

По завршувањето на првиот циклус студии, кандидатката го продолжила образованието на втор циклус студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Студиите ги завршила во април 2023 година со просечен успех 10,00 и се стекнала со звањето магистер по правни науки од областа на деловното право. Магистерскиот труд го изработила и го одбранила на тема „Правно-економска анализа на предизвиците на електронската трговија како современ бизнис модел”. Паралелно со вториот циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, во октомври 2021 година кандидатката се запишала и на магистерски студии по меѓународно деловно право (International Business Law) на Универзитетот во Есекс, Велика Британија, кои ги завршила во јули 2024 година. Во рамките на овие студии го изработила магистерскиот труд на тема: „China's Evolving Role in International Law through the Lens of Chinese Communism, Legal System, and Geopolitical Initiatives” („Еволутивната улога на Кина во меѓународното право низ призмата на кинескиот комунизам, правниот систем и геополитичките иницијативи”).

Во ноември 2023 година, кандидатката се запишала на докторски академски студии на Правниот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија, каде што својата научноистражувачка работа ја развива во областа на економската анализа на правото, микроекономијата и макроекономијата. Докторската дисертација е насловена „Улога Европске централне банке, Међународног монетарног фонда и међународне финансијске архитектуре у одржавању финансијске стабилности у Северној Македонији, Србији и Црној Гори”. („Улогата на Европската централна банка, Меѓународниот монетарен фонд и меѓународната финансиска архитектура во одржувањето на финансиската стабилност во Северна Македонија, Србија и Црна Гора”). Докторското истражување е насочено кон институционалните и регулаторните аспекти на финансиската стабилност и ги поврзува економската анализа на институциите, централното банкарство, финансиската стабилност, меѓународните финансиски институции и механизмите на национално, европско и глобално економско управување.

Во рамките на дополнително стручно усовршување, на 30 јуни 2024 година, кандидатката го положила правосудниот испит пред Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Професионалното искуство на кандидатката се развива паралелно со нејзиното формално образование. Во периодот од октомври 2021 до октомври 2023 година е ангажирана како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на предмет од областа на деловното право. Преку учеството во наставниот процес стекнува искуство во академска работа со студенти, подготовка и систематизација на наставни содржини од областа на деловното право.

Од април 2023 до април 2024 година, работела како приправник во Адвокатската и патентна канцеларија „Борис Ношпал”. Преку овој работен ангажман стекнува практични знаења за примената и толкувањето на прописите, регулаторната усогласеност, договорните деловни односи, заштитата на правата и интересите на деловните субјекти и функционирањето на институциите надлежни за нивно спроведување.

Од декември 2024 до јули 2025 година, кандидатката е работно ангажирана како советник во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија, во областа на јавната и економската дипломатија. Ангажманот во рамките на државна институција ѝ овозможува непосредно да се запознае со процесите на креирање и спроведување јавни политики, институционалната координација и механизмите преку кои државата ги остварува своите економски интереси во меѓународното окружување.

Од јули 2025 година, кандидатката е раководител на правниот сектор во ИНО-МЕДИКС ДОО Скопје, каде што нејзината професионална дејност опфаќа прашања од областа на регулаторната усогласеност на деловното работење.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

М-р Христина Балканов дава активен придонес во научноистражувачката дејност преку објавување повеќе научни трудови и учество на научни конференции и академски собири.

• *Објавени научни трудови*

1. Hristina Balkanov: “Financial Stability as a Structural Condition for Property Rights and Judicial Protection: Insights from the Jurisprudence of the European Court of Human Rights” („Финансиската стабилност како структурен услов за имотните права и судската заштита: согледувања од судската практика на Европскиот суд за човекови права”), *Facta Universitatis, Series: Law and Politics*, Vol. 24, No. 2 (2026), pp. 153–161.

Трудот ја анализира финансиската стабилност од перспектива на нејзината поврзаност со ефективното остварување на имотните права и судската заштита, преку анализа на практиката на Европскиот суд за човекови права. Истражувањето поаѓа од поширокото разбирање на финансиската стабилност како состојба која не се исцрпува во стабилноста на финансиските институции и пазари, туку има непосредни последици врз правната положба на поединците и можноста за ефективно остварување на нивните права. Во трудот се разгледува судската практика во предмети поврзани со економски и финансиски кризи и мерките преземени од државите како одговор на таквите околности, со посебно внимание на односот помеѓу јавниот интерес за зачувување на економската и финансиската стабилност и заштитата на индивидуалните права. На тој начин, истражувањето ја поставува финансиската стабилност во поширока институционална рамка и ја поврзува со прашањата на јавната интервенција, институционалната одговорност и судската контрола.

2. Христина Балканов: „Дискрецијата на Европската централна банка во банкарската супервизија и границите на судската контрола” „Правен дијалог”, бр. 33, Институт за човекови права, Скопје, 2026, стр. 27–33.

Трудот ја истражува дискрецијата на Европската централна банка при вршењето на нејзините супервизорски надлежности и границите на судската контрола врз одлуките донесени во рамките на банкарската супервизија. Анализата е поставена во контекст на институционалните промени што произлегуваат од воспоставувањето на Единствениот супервизорски механизам и проширувањето на функциите на Европската централна банка надвор од нејзината традиционална монетарна улога. Фокусот на истражувањето е на односот помеѓу потребата од стручна и оперативна автономија на супервизорските органи и барањето за ефективна правна и судска контрола на нивното постапување. Обработувајќи го ова прашање, трудот, всушност, ги поврзува централното банкарство, финансиската супервизија и институционалната одговорност и ги разгледува границите на дискреционото одлучување во современата архитектура на финансиска регулација.

3. Христина Балканов: „Bail-in у оквиру Директиве о опоравку и реструктурирању банака (BRRD): механизам и утицај на финансијску стабилност” („Bail-in во рамките на Директивата за закрепнување и реструктуирање на банките (BRRD): механизам и влијание врз финансиската стабилност”), *Европско законодавство*, год. XXIV, бр. 92 (2025), стр. 149–167.

Трудот го анализира *„bail-in“* механизмот (механизамот на санација со сопствени средства) во рамките на европскиот систем за закрепнување и санација на банки и неговото влијание врз финансиската стабилност. Во фокусот на истражувањето е промената на пристапот кон управувањето со банкарските кризи, од модел заснован врз употреба на јавни средства кон систем во кој загубите првенствено ги сносат акционерите и доверителите на институцијата што се наоѓа во тешкотии. Анализирани се функцијата и начинот на примена на *bail-in* како инструмент на резолуција, неговата положба во системот воспоставен со *BRRD* и неговата улога во ограничувањето на моралниот хазард и заштитата на јавните финансии. Истовремено, трудот го разгледува механизмот од аспект на неговите потенцијални последици врз довербата во финансискиот систем и системскиот ризик, со што санацијата на поединечните банки се поставува во контекст на институционалните механизми за зачувување на финансиската стабилност.

4. Hristina Balkanov: “Media Literacy in E-Commerce and the Relationship with the Artificial Intelligence” („Медиумската писменост во електронската трговија и нејзината поврзаност со вештачката интелигенција”), *KAIROS: Media and Communications Review*, Vol. 2, No. 2 (2023), pp. 77–93

Трудот ја разгледува поврзаноста помеѓу развојот на електронската трговија, медиумската писменост и примена на вештачката интелигенција во дигиталното

окружување. Истражувањето се фокусира на промените што технологијата ги создава во комуникацијата меѓу деловните субјекти и потрошувачите, пристапот до информации и донесувањето одлуки во електронската трговија. Фокусот е насочен кон улогата на медиумската писменост во услови во кои дигиталните платформи и алатките засновани на вештачка интелигенција сè повеќе влијаат врз начинот на кој информациите се создаваат, обработуваат и користат во пазарните односи. Трудот со тоа ги отвора и прашања за приспособувањето на институционалните механизми кон развојот на новите технологии и дигитализацијата на економските активности.

5. Hristina Balkanov: “Employment and Dynamics of the Labor Market” („Вработувањето и динамиката на пазарот на труд”), *Student's Social Science Journal*, Vol. 16, No. 16 (2023), pp. 3–30.

Трудот е посветен на вработувањето и динамиката на пазарот на работна сила, при што во истражувањето се разгледуваат движењата на пазарот на работна сила и факторите кои влијаат врз вработеноста, со цел да се согледа поврзаноста помеѓу економските услови, функционирањето на пазарот и положбата на работната сила. Прашањето на вработувањето се анализира во економски и институционален контекст, при што пазарот на работна сила се согледува како систем, чие функционирање зависи не само од понудата и побарувачката на труд, туку и од институционалната и политичката рамка во која се одвиваат економските активности.

- ***Учество на научни конференции, научни собири и програми за академско усовршување***

Покрај објавените научни трудови, кандидатката Балканов континуирано учествува на научни конференции, научни и стручни собири, меѓународни академски програми, летни и зимски школи, специјализирани курсеви, обуки и други форми на академско усовршување. Активностите опфаќаат различни тематски подрачја и ја надополнуваат нејзината формална едукација со знаења и искуства стекнати во домашна и меѓународна академска средина.

1. 36th Annual Conference of the International Trade and Finance Association (ITFA), Poznań, Poland, 2026.

Кандидатката учествувала на 36-тата Годишна конференција на International Trade and Finance Association, каде што презентирала научен труд на тема: „The impact of artificial intelligence (AI) on financial stability with a focus on the Western Balkans region“ („Влијанието на вештачката интелигенција (ВИ) врз финансиската стабилност со фокус на регионот на Западен Балкан“). За презентираниот научен придонес е добитник на признанието „Young Scholar“.

2. Intensive Course “Consumer and Market Law in the European Circular Economy”, University of Udine, Italy, 2026.

Кандидатката учествувала на специјализиран интензивен курс посветен на потрошувачкото и пазарното право во европската циркуларна економија. Програмата е насочена кон продлабочување на знаењата за современите европски пазарни политики, регулаторните механизми и приспособувањето на пазарното уредување кон моделите на циркуларна и одржлива економија.

3. Change the World Model United Nations, Singapore, Diplomatici, мај 2026 година.

Кандидатката учествувала на меѓународната програма Change the World Model United Nations во Сингапур, преку која се стекнува со практично искуство во мултилатерално преговарање, застапување позиции, дипломатска комуникација и функционирање на меѓународните институции.

4. Change the World Model United Nations, New York, Diplomatici, април 2026 година.

Преку учеството на Change the World Model United Nations во Њујорк, кандидатката ги развивала практичните знаења за мултилатералното одлучување, меѓународното преговарање и институционалните механизми на меѓународната соработка.

5. TFAS Prague 2023, The Fund for American Studies, Prague, Czech Republic, јули 2023 година.

Кандидатката учествувала на меѓународната академска програма „TFAS Prague“, 2023, насочена кон надградување на знаењата за економските и политичките институции, пазарната економија, јавните политики и меѓународните односи во интердисциплинарна и меѓународна академска средина.

• Други научноистражувачки и академски активности

Покрај објавените научни трудови, учеството на научни конференции, научни собири и програми за академско усовршување, кандидатката својата научноистражувачка дејност ја развива и преку изработка и одбрана на истражувачки трудови во рамките на докторските студии, како и преку презентација на резултатите од сопствените истражувања.

1. Христина Балканов: “Европски систем финансијске супервизије” („Европски систем на финансиска супервизија“), истражувачки труд изработен и одбранет во рамките на докторските академски студии на Правниот факултет при Универзитетот во Белград, 2024.

Истражувањето е посветено на Европскиот систем на финансиски супервизори и на институционалната архитектура воспоставена за надзор и зачувување на стабилноста на финансискиот систем на Европската Унија. Во рамките на трудот се разгледуваат институционалните механизми на финансиската супервизија и поделбата на надлежностите помеѓу релевантните европски институции.

2. Христина Балканов: „Правни и монетарни оквир инфлације у Северној Македонији и Србији” „Правна и монетарна рамка на инфлацијата во Северна Македонија и Србија”, предавање пред студенти, 2025.

Во рамките на предавањето, кандидатката ги презентира резултатите од своето истражување на регулаторната и монетарната рамка за справување со инфлацијата во Северна Македонија и Србија. Преку компаративен пристап се разгледуваат поставеноста и улогата на централните банки, инструментите на монетарната политика и механизмите преку кои се остварува целта на ценовна стабилност.

3. Христина Балканов: „Еволуција улоге Међународног монетарног фонда у одржавању глобалне финансијске стабилности: изазови, прилагођавање и утицај на националну економију” „Еволуција на улогата на Меѓународниот монетарен фонд во одржувањето на глобалната финансиска стабилност: предизвици, приспособување и влијание врз националната економија”, истражувачки труд изработен и одбранет во рамките на докторските академски студии на Правниот факултет при Универзитетот во Белград, 2025.

Истражувањето ја анализира еволуцијата на улогата на Меѓународниот монетарен фонд во одржувањето на глобалната финансиска стабилност, со фокус на трансформацијата на неговите функции и инструменти како одговор на промените во меѓународниот финансиски систем.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Христина Трајан Балканов
Институција: Економски институт – Скопје
Научна област: друго (институционална и регулаторна економија)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	Да
2	Стекнат назив-магистер од соодветната област Назив на научната област: Деловно право	Да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,96. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	Да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 10.7.2026 година	Да

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на деталниот увид во приложената документација и анализата на севкупната научноистражувачка и стручна активност на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека м-р Христина Балканов ги поседува потребните квалитети и во целост ги исполнува условите утврдени со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 154/2019, бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), како и Правилникот за критериумите за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Кандидатката покажува исклучителна академска извонредност со постигнат просечен успех од 9,96 на првиот циклус и 10,00 на вториот циклус студии, а воедно е запишана на докторски академски студии со истражувачки фокус директно насочен кон институционалните и регулаторните аспекти на финансиската стабилност, централното банкарство и економското управување. Кандидатката е автор на повеќе научни и стручни трудови, објавени во меѓународни научни списанија и научни публикации. Трудовите се одликуваат со висок степен на познавање на предметот на истражувањето и содржат конкретен придонес кон научната теорија и практика во полето на институционалната и регулаторната економија.

Комисијата посебно нагласува дека стекнатото високо образование и научниот степен магистер по правни науки од областа на деловното право, како и објавените трудови и меѓународни усовршувања во областа на економската анализа на правото, микроекономијата и макроекономијата, претставуваат комплементарна, сродна и директна стручна основа за продлабочени истражувања и наставно-научна дејност во областа на институционалната и регулаторната економија.

Поаѓајќи од горенаведеното, Рецензентската комисија му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да го усвои овој извештај и да донесе одлука за избор на м-р Христина Балканов во соработничко звање – асистент во научната област друго (институционална и регулаторна економија).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Џамбаска, с.р.
Проф. д-р Искра Станчева-Гигов, с.р.
Проф. д-р Александар Стојков, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕТНИЧКИОТ НАСПРОТИ НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ КАЈ АЛБАНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЏЕЛАЛ НЕЗИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на **1.7.2026 година**, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **м-р Џелал Незири** со наслов: „Етничкиот наспроти националниот идентитет кај Албанците во Република Северна Македонија“, во состав: проф. д-р Лидија Христова, претседател на Комисијата, проф. д-р Емилија Симоска, ментор, проф. д-р Мирјана Малеска, проф. д-р Петар Атанасов и проф. д-р Анета Цекиќ.

Комисијата, во наведениот состав, ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот содржи 238 страници компјутерски обработен текст и прилог со библиографија од научни трудови, статии, книги, меѓународни акти и интернет-извори.

Трудот е структуриран во осум глави, вклучувајќи вовед, заклучни согледувања и препораки.

Во **воведот** на трудот, авторот се осврнува на елаборација на истражуваниот проблем и актуелноста на истражувањето на дефинираниот предмет. Тој поаѓа од претпоставката дека и покрај тоа што градењето на модерните држави денес подразбира зајакнување на чувството на припадност кон нив, сепак етничката идентификација останува силна, како своевидна „секуларна религија“. Ова особено се однесува на мултиетничките општества или новосоздадените држави, каде што етничкиот идентитет често е посилен и го подрива националниот идентитет, при што создава дополнителни поделби и нејасен однос на граѓанинот со сопствената држава.

Според кандидатот, актуелноста на овој проблем е несомнена. Северна Македонија претставува интересен и специфичен контекст во овие рамки, особено кога станува збор за Албанците. Тоа е мотивот заради што тој се одлучил за анализа на односот меѓу националниот и етничкиот идентитет, како два различни слоја на идентификација, и влијанието на овој однос врз внатрешната кохезија на државата.

Предмет и цел на трудот

Конкретно, предметот на трудот е дефиниран како утврдување на идентитетот кој преовладува кај етничките Албанци во Република Северна Македонија и причините за таа состојба.

Кандидатот посебно се задржува на факторите кои влијаат врз јакнењето на етничкиот идентитет, како што се: популистичките политики на одредени партии на етничките Албанци, создавање на страв од државата и нејзините институции, емотивна поврзаност со Албанија, состојбите со инклузивноста, надворешните влијанија од муслиманските држави, како и разочараноста на популацијата од корупцијата и лошото владеење на раководните структури.

Основна цел на ова истражување е да го отслика степенот на прифатеност на националниот идентитет кај етничките Албанци во Република Северна Македонија и можните импликации на таа идентификација со останатите општествени движења.

Методологија и хипотетска рамка

Генералната хипотеза во трудот е дека кај етничките Албанци во Северна Македонија доминира етничкиот наспроти националниот идентитет.

Зависната варијабла, односно степенот на идентификација со националниот идентитет е операционализирана преку индикатори како: идентификација со државните симболи (знаме, химна, грб), однос кон државните празници, перцепција за Уставот и институциите, поддршка на државни тимови и претставници и чувство на припадност кон државата.

Независни варијабли се: пол, возраст, образование, место на живеење (урбано/рурално), региони и професија.

Кандидатот користи неколку методи:

- електронска анкета со стратифициран примерок и анкетен прашалник со 25 прашања
- фокус-групи (2 фокус-групи со по 8 учесници)
- полуструктурирани интервјуа со експерти (5 интервјуа)
- тематска анализа на квалитативни податоци
- анализа на наративи и дискурси
- компаративна анализа со други држави
- анализа на претходни истражувања за етничкиот и националниот идентитет во Северна Македонија.

Во апликацијата на истражувањето се запазени сите етички принципи како: анонимност на учесниците, доверливост на податоците, согласност и користење на податоците исклучиво за научни цели.

Во главата под наслов „Теоретска рамка“, кандидатот се задржува на бројни научни теории кои ги дефинираат поимите етнички и национален идентитет.

По дефинирањето на предметот, методологијата и теоретската рамка, авторот ги посветува следните 4 глави на теоретска анализа и компарација со различни држави, како мултиетнички, така и моноетнички. (Анализирани се неколку модели: Британија, Швајцарија, Тајван, Хонг Конг и Јужна Кореа, кои на специфичен начин го градат односот помеѓу етничкиот и националниот идентитет.) Посебно е обработено влијанието на глобализацијата и новите идентитети, влијанието на европските идентитети и меѓународните правила. Кандидатот прави анализа на одразот на овие идентитети во специфичните мултиетнички општества во регионот.

Шестата, седмата и осмата глава се посветени на приказ на добиените емпириски податоци, поточно: анкетата, интервјуата и фокус-групите. Кандидатот детално ги анализира добиените одговори, користејќи различни вкрстувања. Резултатите се прикажани и дескриптивно и графички, а направено е и поврзување меѓу податоците добиени од сите три методи.

Заклучоци

Општиот заклучок на кандидатот, добиен по сеопфатната теоретска и емпириска анализа во оваа докторска дисертација, е дека Република Северна Македонија сè уште функционира како општество со паралелни етнички идентитети, во кое граѓанскиот модел постои повеќе на нормативно отколку на општествено и емоционално ниво. Според него, етничките Албанци не ја отфрлаат државата, но нивната идентификација со неа е условена од перцепцијата на еднаквоста и инклузивноста, заради што етничкиот идентитет останува доминантен.

Конкретните закличоци се:

- Етничкиот идентитет се темели врз јазикот, културата, историското паметење, симболите и колективната припадност.
- Националниот идентитет кај етничките Албанци постои, но, главно, како административна, правна и политичка припадност кон државата.
- Државниот идентитет е условен од перцепцијата за институционална еднаквост, правична застапеност, функционални институции и симболичка инклузија.

- Охридскиот рамковен договор значајно ја подобрил положбата на Албанците, но не создал целосно заеднички политички идентитет.
- Политичките партии често ги користат етничките теми како инструмент за мобилизација, со што ги продлабочуваат поделбите.
- Медиумите придонесуваат за создавање паралелни јавни сфери и различни етнички интерпретации на истите политички настани.
- Државните симболи и празници кај дел од Албанците не создаваат доволно силна емоционална идентификација.
- Економската сигурност, квалитетот на живот и функционалните институции се важни предуслови за јакнење на државната припадност.
- Европската интеграција може да биде интегративен фактор, но само ако е придружена со реални внатрешни реформи.
- Политичката нација е можна само како инклузивен, граѓански и неасимилаторски концепт.
- Уставниот патриотизам може да биде применлив модел, но само ако Уставот се доживува како реален гарант на еднаквоста.

Препораки

На крајот од трудот, кандидатот дава и повеќе препораки за јакнење на националниот идентитет. Според него, најнапред државата треба да изгради долгорочна стратегија за развој на инклузивен политички идентитет, кој нема да се темели врз асимилација или потиснување на етничките идентитети, туку врз нивно признавање и интегрирање во заедничкиот политички простор. Исто така, неопходно е доследно спроведување на принципот на еднаквост пред институциите. За битни фактори се наведени и: образовниот систем, кој треба да е главен носител на интеркултурната интеграција, медиумите, департизација на јавната администрација и доследна примена на мерит-системот, како и почитувањето на европските стандарди во однос на човековите права. Овие процеси би требало да бидат проследени со соодветно милје на општествено помирување. Конечно, кандидатот препорачува различните идентитети да се третираат како трајна и легитимна карактеристика на општеството на Северна Македонија.

Предмет на истражување

Предмет на оваа докторска дисертација е истражување на идентитетот кој преовладува кај етничките Албанци во Република Северна Македонија и причините за таа состојба.

Таканаречената „лојалност кон државата“, наспроти чувствата за припадност кон сопствената етничка заедница, се еден од основните фактори кои влијаат врз стабилноста и кохезијата на општеството. Од тие причини, мерењето на овој сооднос и навлегувањето во причините за таквите перцепции, се предмет од особена актуелност и научен интерес.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Постојат неколку анализи кои укажуваат дека лојалноста на етничките Албанци кон нивната држава Република Северна Македонија е особено зајакната по потпишувањето и спроведувањето на Рамковниот договор, постигнат во Охрид и потпишан во Скопје во 2001. Ова повисоко ниво на лојалност е резултат на одредбите на овој договор, кој, меѓу другото, придонесе кон праведно застапување на етничките Албанци во државните и јавните институции, гарантирање на нивните колективни права кои се однесуваат на официјална употреба на јазикот и симболите, како и гарантирање на правата за образование на албански јазик во сите нивоа на образовниот процес.

Сепак, идентификацијата со етникумот останува посилна во однос на таа со нацијата, и за тоа постојат неколку причини:

1. Погрешните или популистичките политички идеи на одредени партии на етничките Албанци, кои се имитација за одбивноста кон комунизмот како систем, која се случуваше за време на поранешна Југославија.
2. Создавањето страв од државата и нејзините институции, како и емотивна поврзаност претежно со Албанија, заради политички цели.
3. Отсуството на поголема инклузивност на нацијата кон етничките Албанци, како помала етничка заедница.
4. Надворешните интерференции од страна на земјите од Блискиот Исток и Турција во однос зацврстување на верскиот идентитет на сметка на националниот и етничкиот.
5. Отсуството на содржински дебати за поимите и постојаната инструментализација на идентитетите за политички или геополитички цели.
6. Нивото на корупција и лошото владеење на раководните структури на државата, кои придонесуваат кон намалување на степенот на идентификација со неа, а следствено на тоа, и на лојалноста кон државата.

Сите овие елементи придонесуваат кон таа идентитетска конфузија, која произведува конфликти или отсуство на кохезивна нација во споменатите држави.

Краток опис на применетите методи

Поаѓајќи од генералната хипотеза дека кај етничките Албанци доминира етничкиот наспроти националниот идентитет, зависната варијабла во истражувањето е: „Степенот на идентификација со националниот идентитет“. Оваа варијабла е операционализирана преку индикатори како: идентификација со државните симболи (знаме, химна, грб), однос кон државните празници, перцепција за Уставот и институциите, поддршка на државни тимови и претставници и чувство на припадност кон државата.

Со цел да се обезбеди сеопфатна и научно валидна анализа на степенот на идентификација помеѓу етничкиот и националниот идентитет кај етничките Албанци во Република Северна Македонија, во изготвување на оваа докторска дисертација е користен комбиниран истражувачки пристап, кој подразбира квантитативни и квалитативни методи.

Квантитативната метода опфаќа електронска анкета на стратифициран примерок на испитаници. Од квалитативните методи се користени фокус-групи, полуструктурирани експертски интервјуа, дискурзивна анализа, анализа на содржина, како и компаративна анализа.

Електронската анкета е дистрибуирана низ социјални мрежи, со таргет на соодветни плански региони на Република Северна Македонија, т.е. низ регионите каде што живее значителен број на етнички Албанци или, пак, се мнозинство, и тоа: Полошкиот, Скопскиот, Југозападниот и Североисточниот Регион. Повратни одговори се добиени од 471 испитаник. Примерокот беше структуриран како стратифициран, со цел да обезбеди репрезентативност според регионална припадност, возраст, пол и степен на образование.

Квалитативни методи:

1. Организирани се две фокус-групи со по 8 учесници, избрани врз основа на различни социодемографски карактеристики. Целта е да се овозможи интерактивна дискусија и подлабоко разбирање на ставовите и перцепциите на испитаниците. Фокус-групите се користат за проверка на наодите од анкетата, анализа на перцепциите, идентификување на дискурси и аргументи.
2. Полуструктурирани интервјуа, при што се спроведени интервјуа со 5 експерти од областа на меѓуетничките односи. Интервјуата се полуструктурирани, со што се постигнува рамнотежа помеѓу однапред дефинирани прашања и флексибилност за продлабочување на одговорите. Интервјуата се базираат на 10 тематски целини, кои овозможуваат дополнителни потпрашања и детална анализа, и се поврзани со: улогата на политиката, историските фактори, институционалните

влијанија и идентитетската перцепција. Оваа метода овозможува подлабинска интерпретација на квантитативните резултати.

Краток опис на резултатите од истражувањето

- Основната хипотеза е потврдена: Кај етничките Албанци во Република Северна Македонија доминира етничкиот идентитет во однос на националниот, односно државниот идентитет.
- Етничкиот идентитет се темели врз јазикот, културата, историското паметење, симболите и колективната припадност.
- Националниот идентитет кај етничките Албанци постои, но, главно, како административна, правна и политичка припадност кон државата.
- Државниот идентитет е условен од перцепцијата за институционална еднаквост, правична застапеност, функционални институции и симболичка инклузија.
- Охридскиот рамковен договор значајно ја подобрил положбата на Албанците, но не создал целосно заеднички политички идентитет.
- Политичките партии често ги користат етничките теми како инструмент за мобилизација, со што ги продлабочуваат поделбите.
- Медиумите придонесуваат за создавање паралелни јавни сфери и различни етнички интерпретации на истите политички настани.
- Државните симболи и празници кај дел од Албанците не создаваат доволно силна емоционална идентификација.
- Економската сигурност, квалитетот на живот и функционалните институции се важни предуслови за јакнење на државната припадност.
- Европската интеграција може да биде интегративен фактор, но само ако е придружена со реални внатрешни реформи.
- Политичката нација е можна само како инклузивен, граѓански и неасимилаторски концепт.
- Уставниот патриотизам може да биде применлив модел, но само ако Уставот се доживува како реален гарант на еднаквоста.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Џелал Незири, со наслов: ЕТНИЧКИОТ НАСПРОТИ НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ КАЈ АЛБАНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, претставува истражување од областа на политичките науки. Темата што се обработува има исклучителна актуелност, а кандидатот со своето истражување дал своевиден придонес во научните анализи на овој проблем.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Наслов на трудот: Democratization as a Roadmap for Building the state and National Identity, автор-и: „Џелал Незири“, објавен: International Journal of Social Sciences VISIONS, Јуни 2025, бр. 45
2. Наслов на трудот: National and Ethnic Identity as a Source of Interstate Disputes: The case of Issues with Greece and Bulgaria автор-и: „Џелал Незири“, објавен: International Journal of Social Sciences VISIONS, Јуни 2025, бр. 45

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Целал Незири изработил труд кој третира актуелна и кај нас недоволно научно истражена тема. Неговиот широк теоретски пристап и солидни научни компарации покажуваат дека тој има солидно познавање на истражуваниот проблем. Употребената методологија е соодветна на предметот, а податоците се јасно прикажани и анализирани. Значителен придонес имаат и неговите практични препораки, темелени врз основа на добиените истражувачки резултати.

Врз основа на изнесеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Целал Незири** со наслов: **Етничкиот наспроти националниот идентитет кај Албанците во Република Северна Македонија.**

Скопје, 20.8.2026 год.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Лидија Христова, претседател, с.р.
Проф. д-р Емилија Симоска, ментор, с.р.
Проф. д-р Мирјана Малеска, член, с.р.
Проф. д-р Петар Атанасов, член, с.р.
Проф. д-р Анета Цекиќ, член, с.р.